**Самоевалуација на СЕТУ на ГС „Михајло Пупин“ Скопје**

**Подрачје 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ**

**Индикатори за квалитет:**

**1.1 Реализација на наставните планови и програми**
**1.2. Квалитет на  наставните планови и програми**
**1.3. Воннаставни активности**

| **Собирање на податоци***Кои податоци се собрани: Кои методи се користени.*<br>**(и) Обработка на документи** | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| **Наставни планови** | Во СЕТУ на Град Скопје ,,Михајло Пупин’’ се реализира воспитно-образовна дејност од електротехничката струка за редовни ученици преку три образовни профили со четиригодишно траење на образованието (електротехничар за електроника и телекомуникации; електротехничар за комјутерска техника и автоматика и електротехничар енергетичар) и два образовни профили со тригодишно траење на образованието (електричар електромонтер на електроенергетски мрежи и електромеханичар), но за жал учениците пројавуваат интерес само за едниот образовен профил со тригодишно траење на образованието - електричар електромонтер на електроенергетски мрежи.<br>За вонредни ученици се реализираат консултативни средби и испитни сесии за образовни профили со: двегодишно, тригодишно, четиригодишно траење на образованието и специјалистичко образование ( V-ти степен).<br><br>Центарот за стручно образование и обука во соработка со Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации на Министерството за образование и наука, во 2016 година изготви Концепција за модернизација на техничкото образование (средно стручно образование и обука со четиригодишно траење) во Република Северна Македонија. Оваа Концепција за модернизација на техничкото образование предвидува воведување стратешки промени во техничкото образование, негово модернизирање кое треба да вклучи флексибилно и транспарентно ниво на образование засновано на принципите на доживотното учење, кое треба да одговара на индивидуалните потреби и потребите на пазарот на трудот на национално и локално ниво. Вака конципирано, техничкото образование треба да го поддржи општествено-економскиот развој на Република Северна Македонија, нудејќи им на сите запишани ученици, односно на сите поединци можност да стекнат знаења, вештини и компетенции неопходни за вршење работа, односно да се здобијат со квалификации потребни на пазарот на трудот, но и за продолжување на образованието. Тоа треба да го направи техничкото образование доволно отворено и флексибилно за да ги задоволува различните образовни потреби.<br>За таа цел изработени се посебни наставни планови и соодветни модуларизирани наставни програми, кои се базирани на знаења, вештини и компетенции кои учениците можат да ги стекнат низ еден интердисциплинарен пристап, нудат поголем предизвик од традиционалните пристапи, но и поголема флексибилност во дизајнирањето програми за учење кои се прилагодени на потребите на учениците.<br><br>Конкретно, нашето училиште беше едно од двете средни стручни училишта од електротехничка струка во државата, кои беа пилот училишта во процесот на моденизација на средното стручно образование.<br>Реформираните наставни планови и програми најпрво се имплеменираа во образовниот профил (квалификација) Електритехничар за компјутерска техника и авотматика од учебната 2017/2018 година. Додека во останатите два образовани профили (квалификации) со четиригодишно траење на образованието Електротехничар за електроника и телекомуникации и Електротехничар енергетичар, реформираните модуларни наставни планови и програми се имплеметираа од учебната 2019/2020 година. |

| | |
|---|---|
| | Реформираните наставни планови и програми се изготвени од БРО (Бирото за развој на образованието) и ЦСОО (Центар за стручно образование и обука) и одобрени од МОН (Министерство за образование и наука). Истите се достапни на веб страната – *www.csoo.edu.mk*.<br>Во наставните планови за квалификациите со четиригодишно траење на образованието, застапени се програмски подрачја и наставни предмети по години на изучување, неделен и годишен фонд на часови поделени како заеднички општообразовен модул, општо-образовен модул значаен за одреден сектор, стручно образование во рамки на кое има задолжителни модули и изборни модули, практично образование (Учење преку работа кај работодавач и феријална практика и содржини програмирани од училиштето).<br>Во реформираните наставни планови за квалификациите со тригодишно траење на образованието: Електричар електромонтер на електроенергетски мрежи и Електромеханичар, застапени се програмски подрачја и наставни предмети по години на изучување, неделен и годишен фонд на часови поделени како: општо образование, стручно образование и практична обука. |
| **Наставни програми** | Наставата во образовните профили со четиригодишно траење на образованието се реализира според наставните програми за реформирано средно образование.<br>Реформираните модуларни наставни планови за образовниот профил (квалификација) Електритехничар за компјутерска техника и автоматика почнаа да се имплементираат од учебната 2017/2018 година, а за останатите два образовани профили (квалификации) со четиригодишно траење на образованието: Електротехничар за електроника и телекомуникации и Електротехничар енергетичар, се имплеметираа од учебната 2019/2020 година.<br><br>Наставата за образовниот профил електричар електромонтер на електроенергетски мрежи со тригодишно траење на образованието се изведува по реформирани наставни програми од учебната 2017/18 година. |
| **Годишни и тематски планирања на наставниците** | Во учебната 2022/2023 год. во училиштето 59 наставници држеле теоретска настава, практична настава и лабараториски вежби.<br>Сите ја планирале наставата, преку годишни, тематски и планирања на наставен час. До педагошко-психолоската служба доставиле планирања вкупно 58 предметни наставници, а **<u>1 не доставил</u>**.<br>- <u>Годишните глобални, тематски и дневни планирања</u> беа доставувани во електронска форма.<br>Кај поголем дел од наставниците предадените планирања се целосни, односно содржат (глобално годишно планирање, тематски планирања за секоја тема и планирање на наставен час од секоја тема), додека помал дел наставниците предале делумни планирања (без планирања за наставен час, тестови, писмени и контролни работи – 5 наставници).<br>- <u>Планирања на слободните часови на училиштето</u> реализирале и изработиле пет наставници.<br>- <u>Планирања за класен час</u> од вкупно 34, доставиле 33 класни раководители.<br>- <u>План за работа на класната заедница</u> не изработил ниеден класен раководител.<br>- <u>Интегрирани МИО содржини</u> (меѓуетничка интеграција во образованието) има во планирањата на вкупно 36 предметни наставници.<br>- <u>Интегрирани ЕКО содржини</u> (екологија) има во планирањата на вкупно 45 предметни наставници.<br>- <u>Годишно планирање за реализација на дополнителна и додатна настава</u> доставиле 52 наставници.<br>- <u>Програма за работа со деца со посебни образовни потреби</u> доставиле сите предметни наставници кои имаат ученик за кој е изработен Индивидуален образовен план.<br>- <u>Планирања за воннаставни активности и натпревари</u> не доставил ниеден наставник.<br>- <u>Критеруими за оценување</u> доставиле 41 предметен наставник. |

| | |
|---|---|
| | - План за соработка со родители не доставил ниеден наставник.<br><br>Годишни и тематски планирања за работа изготвиле педагогот, психологот и библиотекарот на училиштето.<br><br>Во учебната 2023/2024 год. во училиштето 62 наставници држеле теоретска настава, практична настава и лабараториски вежби.<br><br>Сите ја планирале наставата, преку годишни, тематски и планирања на наставен час. До педагошко-психолоската служба доставиле планирања вкупно 59 предметни наставници, а **9 не доставиле.**<br>- Годишните глобални, тематски и дневни планирања беа доставувани во електронска форма.<br>Кај поголем дел од наставниците предадените планирања се целосни, односно содржат (глобално годишно планирање, тематски планирања за секоја тема и планирање на наставен час од секоја тема), додека помал дел наставниците предале делумни планирања (без планирања за наставен час - 12 наставници).<br>- Планирања на слободните часови на училиштето реализирале и изработиле четири наставници.<br>- Планирања за класен час од вкупно 34, доставиле 26 класни раководители.<br>- План за работа на класната заедница не изработил ниеден класен раководител.<br>- Интегрирани МИО содржини (меѓуетничка интеграција во образованието) има во планирањата на вкупно 39предметни наставници.<br>- Интегрирани ЕКО содржини (екологија) има во планирањата на вкупно 48 предметни наставници.<br>- Годишно планирање за реализација на дополнителна и додатна настава доставиле 45 наставници.<br>Програма за работа со деца со посебни образовни потреби доставиле сите предметни наставници кои имаат ученик за кој е изработен Индивидуален образовен план.<br>- Планирања за воннаставни активности и натпревари не доставил ниеден наставници.<br>- Критеруими за оценување доставиле 34 предметни наставници.<br>План за соработка со родители не доставил ниеден наставник.<br><br>Годишни и тематски планирања за работа изготвиле педагогот, психологот и библиотекарот на училиштето. |
| **Годишна програма за работа на училиштето** | Во Годишната програма за работа на училиштето за учебна 2022/2023 и 2023/2024 година се содржани следните поглавја:<br>• Вовед;<br>• Појдовни основи за изработка на Годишната програма;<br>• Видови образование;<br>• Материјално-технички услови за работа;<br>• Кадровски услови за работа;<br>• Организација на воспитно-образовната работа на училиштето;<br>• План и програма на стручните, раководните, управните и советодавните органи на училиштето;<br>• Програма на управните органи;<br>• План и програма на Училишната заедница;<br>• План за работа на раководителите на паралелка;<br>• Планови и програми на наставниците;<br>• Програма за вонаставни активности; |

| | |
|---|---|
| | • Годишна програма за стручните активи;<br>• Посебни планови и програми на воспитно-образовна работа;<br>• Проект ЕКО училиште;<br>• Соработка со локална средина;<br>• Следење и евалуација на Годишната програма и<br>• Прилози (наставни планови по образовни профили, кодекси на однесување, куќен ред).<br>Развојни цели на училиштето во Годишните програми за работа на училиштето во последните две учебни години се:<br>учебна 2022/2023 година<br>**1.** Започнување на постапка за отварање на нов профил Мултимедија<br>**2.** Обезбедување на заштеда на електрична енергија<br>**3.** Осовременување и дигитализација на ученички портфолија<br>**4.** Екологија<br>учебна 2023/2024 година<br>1. Отворање на нов профил Мултимедија<br>2. Осовременување на инвентарот и опремата во лабораториите<br>3. Подобрување на редовноста на учениците на додатна и дополнителна настава.<br>4. Екологија |
| **Годишна програма за работа на педагогот во училиштето** | Согласно професионалните компетенции и стандарди на работа на училишниот педагог, оваа година како и претходната учебна година, со оглед на ситуацијата со пандемијата Ковид 19, приоритет во нашето работење ќе биде по претходно дадени препораки од надлежни институции да им се помогне на наставниците и учениците во совладување на новите принципи на реализација на наставата како и грижа за менталното здравје во специфични услови на работење, односно услови на пандемија.<br>Работата на училишниот педагог се темели на работа, соработка, поддршка и помош на сите чинители во воспитно-образовниот процес–учениците, наставниците, родителите/старателите.<br>Оваа учебна 2021/2022 година, во зависност од епидемиолошката состојба, препораките од Комисијата за заразни болести и одлуките на Владата, како и препораките Министерството за образование и наука ќе опфатиме модели на работа со физичко присуство и/или со работа од далечина, тековно одредувајќи ги формите и методите на работа.<br>Опфатот на работа на училишниот педагог во нашето училиште ќе се реализира преку следниве подрачја:<br>1. Работа со ученици<br>2. Работа со наставници<br>3. Работа со родители<br>4. Соработка со заедницата<br>5. Професионален развој и професиолна соработка на педагогот<br>6. Аналитичко- истражувачка работа на педагогот<br>7. Училишна структура и организација |
| **Програма за работа на активите** | Во програмата за работа на активиите се наведуваат активности за:<br>• Спроведување на самоевалуацијата на училиштето;<br>• Реализација на редовна, дополнителна и додатна настава; |

| | |
|---|---|
| | • Следење на успехот и поведението на учениците;<br>• Меѓусебна соработка и соработка меѓу активите;<br>• Реализација на воннаставни активности;<br>• Подготовка и реализација на интерните испити за Државна матура и Завршен испит;<br>• Надминување на проблемите при релизација на планираните активности;<br>• Користење на компјутерска технологија во наставата;<br>• Состојба со наставни средства и помагала. |
| **Годишна програма за работа на секциите** | Последните две учебни години 2022/2023 и 2023/2024 година, до стручната служба беше доставена Годишна програма за работа на секцијата по англиски јазик. Одговорен професор Моника Талеска. |
| **Годишен план за работа на Училишната заедница** | Училишната заедница е еден од најважните органи во организацијата и работата на училиштето.<br>За остварување на потребите на учениците и за реализирање на нивните права и должности, тие се организираат во училишни заедници на ниво на паралелка и притоа се избира претседател, замени и член, а потоа и на ниво на училиште каде што членуваат претседателите на Училишните заедници на класовите. Оваа заедница со оформува на почетокот на учебната година. Во изработка на програмата за работата на Училишната заедница помага помошник-директор или стручните соработници во училиштето, а се усвојува од членовите на Училишната заедница на почетокот на учебната година.<br>Програмата содржи цели за разгледување на успехот, редовноста и поведението на учениците, реализацијата на воннаставни активности како и активности кои се однесуваат учениците од завршните години. Покрај целите во планот за работа поставени се и неколку задачи со кои се утврдуваат потешкотиите со кои се соочуваат учениците во наставата, причините кои влијаат на редовноста, формирање на матурски одбор, избор на фото студио за изработка на матурско табло, локација за одржување на матурската вечер, анализа на резултатите од спроведувањето на Државната матура и Завршен испит. |
| **Изјава за извршен избор на изборни наставни предмети** | Во текот на втора година на образованието, ученикот се информира за можниот избор на изборен предмет за трета, а во текот на трета година има можност за избор на наставен предмет кој ќе го изучува во четврта година. Ученикот го врши изборот според сопствените интереси и потреби.<br>Информација за изборни наставни предмети за трета и четврта година, родителите добиваат на родителска средба во второто полугодие од учебната година. Изјава за извршен избор на изборни наставни предмети добива секој ученик во која има листа на предмети согласно образовниот профил кои може да ги избере. На изјавата се потпишуваат и ученикот и родителот. |
| **Правилник за Државна матура / Завршен испит** | По завршувањето на четвртата година учениците полагаат Државна матура или Завршен испит согласно утврдената структура и начин во Концепцијата за Државна матура и Завршен испит во јавното средно образование, од 2015 год. |
| **Испитни програми за интерните испити за Државна матура и Завршен испит** | Испитните програми за Државна матура и за Завршен испит се достапни на веб страната **http://www.matura.gov.mk**. На страницата се достапни листи на изборни наставни предмети (според струки и образовни профили), пријава за Државна матура (екстерни предмети), Концепцијата за Државна матура и Завршен испит во јавното средно образование, од 2015 год како и правилник за спроведување на Државната матура/Завршниот испит. Пријавата за интерните предмети од Државна матура и Завршен испит ги изработува училиштето и ги содржи сите потребни компоненти како и пријавата за екстерните испити од Државната матура. |

| | |
|---|---|
| **Изјава за извршен избор на тема за проектна задача за државна матура и завршен испит** | Во текот на второто полугодие во трета година на образованието, учениците пополнуваат изјава за извршен избор на тема и ментор за проектна задача за Државна матура и Завршен испит како и избор за Државна матура или Завршен испит.<br>За полагање на Државна матура и Завршен испит во јунскиот испитен рок, учениците се пријавуваат со поднесување на пријава најдоцна до 31 декември во тековната учебна година.<br>За полагање на Државна матура и Завршен испит во августовскиот испитен рок, учениците се пријавуваат со поднесување на пријава во рок од два дена по објавувањето на конечните резултати од јунскиот испитен рок. |
| **Испитни програми за премин од средно стручно образование со тригодишно во четиригодишно траење** | Редовните ученици со завршено средно стручно образование со тригодишно траење, имаат можност редовно да го продолжат своето образование во четврта година. За премин од средно стручно образование со тригодишно во четиригодишно траење, учениците полагаат испитни програми по пет предмети и се здобиваат со потврда за положени дополнителни испити. Испитните програми за општообразовните предметите се превземаат од веб страницата на БРО на линкот: http://bro.gov.mk/index.php?q=mk/ispitni-programi.<br>На почетокот на учебната година, во зависност од образовниот профил, во нашето училиште се издаваат два вида на решенија: за електричар-електромонтер на електроенергетски мрежи и за електромеханичар, за премин во образовниот профил електротехничар енергетичар. Рокот за полагање на петте испитни програми се две испитни сесии, односно до крајот на првото полугодие. Потоа, на ученикот му се издава потврда за положени дополнителни испити.<br>Во учебната 2022/2023 год. ваквата можност ја искористиле 18 ученици, додека пак во учебната 2023/2024 год. **6** ученици. |
| **Евиденција на реализирани воннаставни активности** | **<u>Во учебната 2022/2023 година, се реализираа следните воннаставни активности</u>:**<br><br>**Септември**<br>- 16 - 18.09.2022 Дојран, Основна обука за спроведување програма за водење ученичка компанија, во организација на Џуниор Ачивмент, учесници Сенад Сејфиќ и Ања Манчевска<br>- Во насока на унапредување на менталното здравје, во период од 12 до 14.09.2022 година во хотел Гарденија – Велес, педагогот Ленче Спасовска посети обука за ментор за “Ментално здравје и психосоцијална поддршка на ученици”.<br><br>**Октомври**<br>- Од 10.-14.10.2023 година, проф. Поликсена Митева и Дијана Трајкоска и 4 ученици (Андреј Диневски, Елена Неделковска, Дијана Бошковска и Давид Костовски) беа на размена на знаење и искуства во ЕТС “Михајло Пупин” Нови Сад.<br>- Учество на Дабар натпревар со ученици од прва и трета година.<br>- 05.10.2022 Центар за младински активизам КРИК, „Open up your options“ – настан од проект „Претприемај се“, презентација на училиштето со ученици од III година пред основни училишта од општина Кисела Вода. Анѓелка Андрески, Сенад Сејфиќ, Ања Манчевска, Ангела Магдеска и Стефана Христовска со група ученици.<br>- 25.10.2022, Учество на предавање/обука, организирана и спроведена од Фондацијата “Никола Кљусев“ со поддршка од Град Скопје на проект – НЕ за насилството. Обуките/предавањата се спроведени од Др. Никола Кљусев, невропсихијатар и др. Весна Дамчевска Илиевска, експерт за лидерство, ненасилна комуникација и справување со конфликти.Работилницата е оддржана во просториите на Фондацијата – Никола Кљусев. Присуствувале:<br>Зорица Никовска – психолог и Наташа Божиновска – помошник директор. |

| | |
|---|---|
| | - 31.10 – 04.11.2022 еднонеделната посета на ученици и професори од Турција во рамките на проект од Ерасмус +. Споделивме ново искуство на учениците и покажавме како денес функционира нашето училиште. Проектот го координираа: Сандра Ивановска и Наташа Божиновска.<br><br>**Ноември**<br>- 08,09.11.2022 Учество на Макинова / Еконова со Ангела Исовска III-6, Михаела Петровска III-5 и Јован Дејановски II-2, наградени за проектот SoilBin - Паметен компостер,од БЕРИН – Друштво за заштита на интелектуална сопственост, Анѓелка Андрески.<br>- 14-15.11.2022 Ученици од 8 средни училишта имаат задача да креираат иновативен бизнис план и да одговорат на дадената задача. Предизвикот е поставен!Учесници:Фидан Маџоски 3-2, Никола Јованчевски 3-2, Андреј Тодоров 3-5, Никола Атанасоски 3-5 и Драган Бошков 3-5. Ментор Наташа Божиновска.<br>- 21-25.11.2022 Учество на Дабар – натпревар по информатика со вкупно 80 ученици. Менторирав 80 ученици на натпреварот од втора и трета година, по класови ( II-2 - 9, II-3 - 16, II-4 -20, II-5 - 11, III-5 - 6 и III-6 - 18 ученици или вкупно 80).<br>- 26.11.2022 Со поддршка на Град Скопје во СЕТУГС „Михајло Пупин“ Скопје се одржа меѓународниот турнир во гол бал за лица со оштетен вид, во организација на Спортското здружение на слепи и слабовидни ФЕНИКС од Скопје.<br>- 30.11.2022, Учество на Симпозиум, организиран од Комората на психолози на РМ.Тема: Психолошки тестови во Р. Македонија – правила, стандарди и искуства, Симпозиумот е оддржан со цел да ја покрене свесноста за важноста на правилната употреба на психолошките тестови и нивна стандардизација.<br>- Во периодот од 30 ноември до 2 декември 2022, факултетот за електротехника и информациски технологии во соработка со Лабораторијата за производство ФЕИТ-ФабЛаб и студентскиот огранок на IEEE по трет пат го организираа натпреварот во роботика, вештачка интелигенција и електроника ROBOMAC Junior,. На натпреварот учествуваа ученици од СЕТУ Михајло Пупин“. Крумислав Божиновски се натпреваруваше во категорија 1 за АВТОНОМНА МОБИЛНА РОБОТИКА, под менторство на Стефана Христовска, а Тимотеј Ристески се натпреваруваше во категорија 2 за ПАМЕТНА ЕЛЕКТРОНИКА ЗА АВТОНОМНИ ВОЗИЛА и освои прво место, под менторство на Наташа Божиновска.<br>- Натпревар во организација на ФЕИТ - ФАБЛАБ и Логинг Електроникс - „Развојни Микропроцесорски Системи“ во рамките на нивниот партнерски проект „Технологија за Тебе“. Презентиран проект „Синхронизирана работа на роботски раце“ - ПРВА НАГРАДА за презентација. Ученици кои изработија и презентираа: Мартин Милчевски, Лука Дамјанов, Теодор Крстевски IV-4 и Андреј Гочков IV-3. Присуство и помош на екипа на натпреварот Филип Кузмановски IV-1, под менторство на Јасминка Димовска.<br><br>- Учество на проектот “Низ здравствени леќи: со едукација до превенција и здрави животни навики“ кофинансиран од Град Скопје, учество зема професорот Владимир Спасовски со по пет ученици од КТА паралелките од прва и втора година.<br><br>**Декември**<br>- Декорирање на училиштето низ годината по повод празници како Ноќ на вештерките, Божиќ и Нова година, Св. Валентин и Велигден од страна на ученици и проф. Моника Талеска.<br><br>**Јануари** |

| | |
|---|---|
| | - Работилница за STEM образование, родова еднаквост и зелени иновации во стручното образование и обука Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ), Машинскиот факултет, Универзитет Св.Кирил и Методиј во Скопје, Националниот центар за развој на иновации и претприемачко учење (НЦРИПУ) на 27.01.2023 во просториите на Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ), присутни: Наташа Божиновска, Сандра Ивановска, Андријана Ангеловска, Ања Манчевска и Силвија Николовска.<br>- Обуката за раководење со проектен циклус (Project Management) од 30 до 31 јануари 2023 година во Скопје организирана од Џуниор Ачивмент Македонија, присутни: Ања Манчевска и Стефана Христовска.<br><br>**Февруари**<br>- Учество на Обука за виртуелни лаборатории, одржана на Факултетот за електротехника и информациски технологии на 01.02.2023. Присутни професори: Наташа Божиновска, Ангела Магдеска, Поликсена Митева и Сандра Ивановска.<br>- Организација на училишен натпревар по англиски јазик, за учениците од прва и втора година, февруари 2023 година од страна на проф. Моника Талеска.<br>- Учество во проект - „Target zero. Creating Responsible Enterprice“, од 16-22.02.2023 година во Шпанија од страна на професорите: Андигони Миленковска, Гордана Дамјановска, Софија Темкова, Владимир Спасовски и Јелена Стојановиќ Јосифовска.<br>- Посета со група ученици на Американското катче на презентација на безконтактен фудбал, Куманово Скелетонс на 23.02.2023 година од страна на проф. Моника Талеска.<br>- Посета на ФЕИТ со група од 10 матуранти, предводени од проф. Дијана Трајковска.<br>- 28.02.2023 Училишен натпревар по Програмирање – Мендо, под менторство на проф. Анѓелка Андрески. Присутни учесници: Филип Величковски I-6, Матеј Матевски II-2, Андреј Алчев II-4, Дарио Филиповски II-4, Борјан Младеновски II-5, Атанас Николовски II-5, Бојан Цуклев II-5, Михаела Сталеска II-5, Никола Ристовски II-5, Александар Гапковски III-5, Давид Костовски III-6, Филип Поповски III-3, Андреј Даневски III-3, Томи Златковски III-3, Давид Дамевски III-3, Ангел Стојмановски IV-3, Мартин Милчевски IV-4.<br><br>**Март**<br>- Обука за спроведување на Програмата за ученичка компанија - Втора фаза која се одржа 1-3 март 2023 година во Охрид организирана од Џуниор Ачивмент Македонија, присутни: Ања Манчевска и Стефана Христовска.<br>- Учество на предавање на енергетска ефикасност на 06.03.2023 во музејот на Матка со ученици од I и II година. Присутни професори: Наташа Божиновска, Марија Барутовска, Ања Манчевска, Кристина Цицоска, Сандра Ивановска, Андријана Ангеловска и Ана Марија Петковска Соколова.<br>- 11.03.2023 Регионален натпревар по Програмирање – Мендо, ментор Анѓелка Андрески на следните ученици:<br>1. Филип Поповски III-3 - освоено III место на регионален натпревар<br>2. Филип Величковски I-6 - освоено III место на регионален натпревар |

| | |
|---|---|
| | 3. Дарио Филиповски II-4 - освоено III место на регионален натпревар.<br>- 13.03-19.03.2023 Учество напроф. Анѓелка Андрески, Сандра Ивановска и Ана Марија Петковска Соколова на тренинг курс од Еразмус+ проект – Boost your skills to help the neets, во Каламата, Грција, со цел да се подобрат вештините и компетенциите за креирање специфични активности за младите кои се невработени, за да им се помогне да се вклопат на пазарот на трудот и да бидат поуспешни при наоѓање работа, со промовирање на претприемништво и инклузија.<br>- СЕТУ “Михајло Пупин” во соработка со ЕВН Македонија беше домаќин на работилница (обука за наставници од електротехничка струка - Енергетика) од повеќе градови на Р.С.Македонија, на 17.03.2023 година.<br>- Учество на општински натпревар по англиски јазик на ЕЛТАМ натпревар на 18.03.2023 во Американ Колеџ со ученици од прва и втора година, под менторство на проф. Моника Талеска - Филип Величковски I-6, Никола Стојмановиќ I-5 и Константин Дојчиноски II-5, ученик од втора година. Освоени места:<br>- Ученикот Никола Стојмановиќ освои второ место<br>- Константин Дојчиноски трето место.<br><br>- СЕТУ Михајло Пупин на 24.03.2023 беше домаќин на регионален натпревар по Електро, Машинска и Сообраќајна струка. Нашите ученици земаа две први места и ќе одат на државен натпревар.<br>- Регионален натпревар од електротехничка струка 24.03.2023 , Анѓелка Андрески ментор на ученик Давид Костовски III-6 – освоено 1 место.<br>- На 25.03.2023 на Државниот натпревар по Програмирање кој се одржа на ФИНКИ, во организација на Здружение на информатичари на Р.С.Македонија, освоени места под менторство на проф.Анѓелка Андрески:<br>- Филип Величковски I-6 III место,<br>- Дарио Филиповски II-4 III место<br>- Филип Поповски III-3 III место.<br>Покана за учество на МАК олимпијада за Филип Поповски.<br><br>**Април**<br>- Презентација на училиштето во основни училишта за упис на ученици во прва година.<br>- Учество на ученици менторирани од страна на проф. Моника Талеска на регионален натпревар по англиски во СУГС “Никола Карев” на 08.04.2023 година. Освоени места:<br>- Никола Стојмановиќ прво место,<br>- Константин Дојчиноски трето место.<br>- Подготовка за натпревари (19.04.2023) - Јавно говорење и Интервју за работа - Јасин Османи IV-4, под меторство на Јасминка Димовска.<br>- 24.04.2023 Посета на час на проф. Анѓелка Андрески од ученици од Босна и Херцеговина.<br>- 26.04.2023 Посета на час на проф. Анѓелка Андрески на професори од училиште од Турција.<br>- Одржана еднодневна екскурзија на 27.04.2023.во Крушево со ученици од I, II и IV година. |

| | |
|---|---|
| | - Подготовка за натпревари (28.04.2023) - Јавно говорење, Интервју за работа и Филм - Јасин Османи, Пепита Тодорова IV-4, под меторство на Јасминка Димовска.<br>- Организирање на Регионален натпревар по електротехника за 2023 година од страна на професорите: Софија Темкова, Слободанка Димковска, Дијана Трајкоска и Наташа Божиновска.<br>- Учество на проф. Анѓелка Андрески на снимање за телевизија Телма – иновација со ученик Драган Матов IV-5.<br>- Учество на проф. Анѓелка Андрески на снимање за Босанска емисија на МТВ, ангажирани ученици со вежби:<br>Јована Алексовска II-2, Дејан Николовски II-2, Антониј Трајков II-3, Андреј Алчев II-4, Кристијан Крстевски II-4, Зорица Геровска II-5, Мартина Ризова II-5, Михаела Сталеска II-5, Александра Николова II-5, Тодор Марков II-5, Влатко Димитровски II-5, Борјан Младеновски II-5, Матеј Јовановски II-5, Марио Савевски II-5, Ердал Кантуров II-5, Леонид Антовски II-5, Атанас Николовски II-5.<br><br>**Мај**<br>- 03-05.05.2023 Учество на проф. Анѓелка Андрески на активност за обука и соработка на Европска конференција за предизвиците на училиштата во услови на климатски промени и дигитализација „Schools go green and digital and Erasmus+ supports teaching excellence!” – Училиштата стануваат зелени и дигитални и Еразмус+ ја подржува квалитетната настава, која се одржа во Бон, Германија, по селектирана апликација од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност.<br>- Одржани Денови на електротехника<br>- Настап на училишен хор и училишен бенд под менторство на проф. Јосипа Стефановска<br>- Членови во комисијата за прегледување на тестови натпреварот во рамките на манифестацијата: Марија Барутовска Цветановска, Ана Марија Петковска Соколова, Тања Маленко, Дијана Трајкоска, Маја Наумовска, Софија Темкова и Јелена Стојановиќ Јосифовска.<br>- Ангела Магдеска - престедател на комисија на судии за финалето на Денови на електротехника, одржано на 04.05.2023.<br>- Државен натпревар од електротехничка струка 04,05.05.2023, ментор проф. Анѓелка Андрески на Давид Костовски III-6 – освоено второ место на државниот натпревар.<br>- 04, 05.05.2023 ментор проф. Анѓелка Андрески на Драган Матов IV-5, освоено второ место со труд на Државниот натпревар од електротехничка струка.<br>- На 05.05.2023 година се одржа Образовно рандеву 2023 (МАССУМ):<br>- Пепита Тодорова ПРВО место категорија Филм (и понуда за работа), ментор Јасминка Димовска, Маја Наумовска;<br>- Јасин Османи ТРЕТО место категорија Интервју за работа на албански јазик, ментор Јасминка Димовска;<br>- тим-Мартин Милчевски, Даниела Јованова, Лука Дамјанов и Вероника Николова ТРЕТО место категорија Маркетинг план, ментори Јасминка Димовска, Софија Темкова.<br>- Учество на проф. Анѓелка Андрески со Web страна 04, 05.05.2023, ментор на следните ученици:<br>1. Давид Костовски III-6 |

| | |
|---|---|
| | 2.Илија Чрчев III-5<br>3. Дори Иванова III-5<br>4. Дијана Бошковска III-5<br><br>- Учество на МАССУМ со филм, проф. Анѓелка Андрески - ментор на следните ученици: Борјан Младеновски II-5, Матеј Јовановски II-5, Михаела Сталеска II-5.<br><br>- Учество на Државен натпревар 2023 електротехничка струка 04-05.05.2023<br>- Давид Костовски – ВТОРО место на државниот натпревар од електротехничка струка, образовен профил КТА, ментори Анѓелка Андрески, Јелена С.Јосифовска, Софија Темкова, Гордана Наумовска<br>- Драган Матов – ВТОРО место на државниот натпревар од електротехничка струка со труд, ментор Анѓелка Андрески.<br>- На 06.05.2023 година Отворен ден на училиштето, присутни беа ученици и поголемиот дел од наставниот и ненаставниот кадар.<br>- Учество на Национален натпревар на најдобри ученички компании – Џуниор Ачивмент Македонија во Струга од 10ти до 12ти мај 2023 година<br>- освоено прво место, со учениците: Фидан Маџоски (III-2), Георгина Алексовска (III-4), Андреј Тодоров (III-5), Никола Атанасоски (III-5) под менторство на проф.Ања Манчевска.<br>- освоено четврто место, со учениците Никола Банснолиев Бабаљ и Владимир Вешовски (IV-6) и Владимир Донев (IV-5) под менторство на проф.Стефана Христовска.<br>- Учество на 59-тиот Државен натпревар на млади истражувачи во Велес и освоено второ место на ученикот Драган Матов под менторсво на проф. Наташа Божиновска на 13.05.2023 година.<br>- Учество на Натпревар за најдобар бизнис концепт за зелени иновации, на 13.05.2023 година на Машински факултет Скопје, со учениците: Иван Арсеновски, Лука Алексовски, Сара Марковска и Вердан Милевски (II-8) под менторство на проф. Ања Манчевска.<br>- Учество на презентација на проф. Анѓелка Андрески и Поликсена Митева во ООУ „Блаже Конески“ на Ден на занатечиство со Давид Костовски III-6, Драган Бошков III-5, Дори Иванова III-5 и Михаела Петровска III-5.<br>- Реализирана завршна екскурзија со ученици од III година во релација Скопје – Прага – Дрезден - Виена – Скопје од 21.05.2023 до 26.05.2023.<br><br>**Јуни**<br>- Подготовка на група од 10 ученици за учество на MOS и ACA (сертифицирање за Microsoft и Adobe пакетите) под менторство на проф. Дијана Трајкоска.<br>- Проф. Анѓелка Андреска - ментор на Давид Костовски и Даниел Абаз од III-6 на MOS и ACA натпреварите.<br>- 30 јуни до 2 јули 2023 година - Тим за изработка на годишна програма за учебна 2023/2024. |

| | |
|---|---|
| | Активности на Тимот за безбедност во учебна 2022/23 година<br><br>Во насока на стручна помош, организирање работилници, индивидуални и групни советувања со ученици со цел зачувување и превенирање од врсничко насилство, во прилог Ви доставуваме извештај за сработеното од Тимот за безбедност за нашето училиште.<br>1. На ден 03.10.2022 година(понеделник), со почеток во 10:00 часот, во Големата сала на Советот на Град Скопје се одржа работна средба во врска со Проектот "За безбеден град". Состанокот се организира со цел да се утврдат насоките и активностите поврзани со Проектот "За безбеден град" за тековната учебна година. На состанокот беа присутни директори и претставници од стручните служби на средните училишта на Град Скопје, претставници од Одделението за превенција при СВР Скопје, претставници од Одделението за малолетничка деликвенција и невладини организации.<br>2. По одржаната средба во град Скопје се пристапи кон планирање на активности според дадените насоки. Изработка на Протокол за заштита и постапување со учениците во случаи на насилство, злоставување и занемарување, работни активности, теми за разговор, телефонски броеви за интервенции.<br>3. Согласно одржаната работна средба во врска со Проектот "За безбеден град" и дадените насоки од Раководителот на Сектор за образование на Град Скопје , одржавме работилница на 27.10.2022 година во 13.30 часот во нашето училиште СЕТУГС „Михајло Пупин“ Скопје со претставници од Одделението за превенција при СВР Скопје, претставници од Одделението за малолетничка деликвенција.<br> <br>4. Педагошко-психолошката служба користејќи ги сите расположливи алатки, постојано превзема активности со учениците, преку индивидуални разговори и разговори со класовите на тема булинг, врсничко насилство, проблеми со кои се соочуваме секојдневно. Пример на слика: Вибер група на Училишна заедница како информација за учениците, по што се пристапи кон групни разговори со учениците по класовите, со посебен акцент онаму каде е забележано такво однесување.<br>5. На 22.11. 2022год. присуство на Филозофски факултет со учество на средношколци на иницијалната обука за Унапредување на менталното здравје, на која беше презентирана и Канцеларијата за ментално здравје. Учениците беа информирани за постоењето на истата.<br>6. Учество со ученици на Трибината за "Ментално здравје", која се одржа на 06.12.2022год., од СЕТУГС "Михајло Пупин" Скопје во големата сала на Совет на град Скопје, со акцент на врсничкото насилство и како тоа влијае на менталното здравје кај младите. Преку непосредна комуникација со учениците во училиштето се разговара на истата тема. |

| | |
|---|---|
| | 7. Учество со ученици на Трибината за "Поттикнување на самодовербата и резилиентноста кај младите", која се одржа на 06.12.2022год., од СЕТУГС "Михајло Пупин" Скопје во големата сала на Совет на град Скопје, повторно со акцент на врсничкото насилство и справување со истото. Преку непосредна комуникација со учениците во училиштето се разговара на истата тема.<br>8. Присуство и учество на трибина на 20.04.2023 год. наменета за Менталното здравје на младите и социјалните медиуми на Филозофскиот факултет во Скопје. Дали постои врсничко насилство на социјалните медиуми и пронаоѓање решение за истото. Преку непосредна комуникација со учениците во училиштето се разговара на истата тема.<br>9. Присуство на јавна дебата со ученици и стручни соработници на Филозофски факултет на 22.05.2023 година на тема насилството кај децата, на која беше присутен и Министерот за образование и наука. Преку непосредна комуникација со учениците во училиштето се разговара на истата тема.<br>10. Превземени активности по немилиот настан во основно училиште во Р.Србија, преку непосредна комуникација со учениците во насока на поддршка и смирување на предизвиканите чувства.<br><br>**<u>Во учебна 2023/2024 година се реализирани следните вонаставни активности:</u>**<br><br>**Септември**<br><br>15-16.09.2023 година, настан во организација на Младинска асоцијација на средни стручни училишта на Македонија - МАССУМ во хотел Бисер, Струга. Ги опфати следните цели: заклучоци од Образовното Рандеву 2023 во Гостивар, план за одржување на Рандевуто во 2024 година, финансиски преглед на сметката на МАССУМ, предлози за проширување на активностите во проекти. Софија Темкова, учесник на Годишно собрание на МАССУМ во улога на училишен ментор.<br><br>22.09.2023 година, во хотел Солун, Скопје, се одржа обука за училишни координатори и заменици координатори на проектните активности во проектот „Зголемување на Атрактивноста, Инклузивноста и Релевантноста на СОО и ОВ". На обуката беа координатор Наташа Божиновска и заменик координатор Андигони Миленковска.<br><br>27.09.2023 година. Едукативна претстава за ученици од III и IVгодина на тема "Планирање на семејство, сексуално преносливи инфекции, ХПВ инфекција, користење презервативи". Педагошко-психолошка служба: Ленче Спасовска<br><br>28.09.2023 година. Едукативна презентација пред 85 ученици од I и II година на тема: "Управување и селектирање на отпад" – реализиран од ЈП Комунална хигиена - Скопје. Педагошко-психолошка служба: Ленче Спасовска.<br><br>26-29.09.2023 година, во посета на нашето училиште беа 4 ученици и 3 професори од ЕТШ „ Михајло Пупин"- Нови Сад. Во тој период учениците од Нови Сад присуствуваа на часовите и вежбите по стручните предмети: Објектно ориентирано програмирање, Компјутерски мрежи, Уредување на веб страници, Електроника, Системи на автоматско управување и Основи на програмирање. Беа на посета на Факултетот за електротехника и информациски технологии и се запознаа со културно - историските знаменитости на Град Скопје, Наставници: Поликсена Митева и Дијана Трајкоска. |

| | |
|---|---|
| | 29.09.2023 година. Реализација на проект “Млади амбасадори за заштита на животната средина”. Вклучени се 10 ученици од I и II година, кои ќе реализираат еколошки активности во наредниот период. Проектот е организиран од Здружението на граѓани Куќа на среќата. Педагошко-психолошка служба: Ленче Спасовска.<br><br>Активности во рамки на проектот “Млади амбасадори за заштита на животната средина”, со 10 ученици од I и II година, кои се вклучени во проектот преку еколошки активности (меѓу училишни натпревари со праќање хаштагови и фотографии со еколошка содржина). Проектот е организиран од Здружението на граѓани Куќа на среќата. Педагошко-психолошка служба: Ленче Спасовска<br><br>Реализација на предавања на тема “Ментално здравје” од страна на психологот Ана Б.Коколанска.<br><br>**Октомври**<br><br>На 01.11.2023 година се одржа презентација пред учениците од трета и четврта година од квалификација електротехничар енергетичар на производите на Кесслер со главен акцент на електричните мотори. Наставници: Поликсена Митева и Дијана Трајкоска.<br><br>На 02.11.2023 година во организација на здружението LEAD – Лидери за едукација, активизам и развој - Скопје се одржа он-лине обука за Користење на вештачката интелегенција (ChatGPT) во наставата. Наставници: Софија Темкова, Поликсена Митева и Дијана Трајкоска.<br><br>Учество на обука за Дидактички Материјали одржана на 14-15 ноември во хотел Парк во Скопје, а организирана од тимот на E4E @МК HELVETAS Swiss Intercooperation. Наставници: Поликсена Митева и Дијана Трајкоска.<br><br>16-17.10.2023 година во Хотелот Солун, се одржаа обуки за Директорите и заменик директорите во рамките компонентата 1.5 од проектот зголемување на атрактивноста, инклузивната и релевантноста на средните стручни училишта и образованието на возрасните. На обуката присуствуваше помошник директор Наташа Божиновска.<br><br>На патронатиот празник на ден 18.10.2023 учениците од I, II и III година беа вклучени во активност - концерт по повод патрониот празник на училиштето. Учениците настапија со следниот репертоар: Химна на Р.Македонија - хорски настап, Пијано настап на ученикот Никола Ристовски - III година, 3. “The man who sold the world” - Nirvana - акустичен настап на бенд во состав Константин Мицевски - I-4 (електрична гитара), Виктор Макаровски - I-6 ( акустична гитара), Никола Ристовски- III-5 (бас гитара) и Димитар Горгиев - II-6 ( пејач), 4. “Не сум твој тип” - Дупер - настап на ученикот Димитар Горгиев во придружба на женски хор, 5. “Скопје” - Леб и сол - хорски настап. Учениците беа под менторство на професорката по музичка култура Јосипа С.Наумовска.<br><br>Од 21.10 – 23.10.2023 година во Солун беше организирана обука - тим билдинг за вработените на следните теми: 1. Деловна етика и професионализмот и училишна етика и професионализмот и 2. Современи комуникациски технологии и сервиси. |

| | |
|---|---|
| | На 22.11.2023 година во просториите на фабриката Kessler Macedonia - Скопје се одржа еднодневна обука за „The Motorspindle Technology " - основи принципи на работа на моторот, градба на моторот (статор, ротор), технологија на изведба, SK и HSK, хидраулична единица, вградени сензори, склопување, дефекти на лагери и дијагностика. Наставници: Поликсена Митева и Дијана Трајкоска.<br><br>Обука и работилници за пристап воден од доживеана траума во рамки на програмата која ја спроведува Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје во соработка со Советот за превентива против малолетничка деликвенција – СППМД од Кавадарци на 05.10, 19 и 20.10.2023 год. Педагошко-психолошка служба: Фросина Спасевска Микулчиќ.<br><br>Работна средба на ден 24.10.2023 година, во 12:00 часот, во Големата Сала на Советот на Град Скопје, на која се дефинираат идните чекори за реализација на проектот „За безбеден град". Педагошко-психолошка служба: Фросина Спасевска Микулчиќ и Сенад Сејфиќ.<br><br>Од 25.10 – 29.10.2023 година реализирана е посета и размена на ученици и професори во двете средни училишта Техничка школа – Зеница, и Мешовитата школа во Зеница, во Босна и Херцеговина. Беше остварена средба со Министерката за Образование во Унско-Сански Кантон. Во рамките на посетата беше посетена и термоелектраната во Какањ, при што учениците и професорите се здобија со искуство и информации за работата на овој важен капацитет. Ученици: Дамјан Тргачевски, Петар Пашовски, Петар Стојчевски и Исмаил Мустафовски. Наставници: Слободанка Димковска, Сенад Сејфиќ, Наташа Божиновска и Димитар Ѓорѓиев.<br><br>Учество на презентација на национални наоди од меѓународна ХГБЦ студија – Однесувања поврзани со здравјето на децата на училишна возраст (11-15 ученици) во Р.С. Македонија. Настанот се одржа на 26.10.2023 год. на Филозофскиот факултет. Педагошко-психолошка служба: Ленче Спасовска.<br><br>30.10.2023 – Планинарење на Водно со ученици од прва година и од II-7, Наставник: Ангела Магдеска, Илија Ристовски<br><br>Реализација на предавања на тема "Ментално здравје" од страна на психологот Ана Б.Коколанска.<br><br>**Ноември**<br><br>На 7-ми ноември 2023 година во Хотел Арка - Скопје, се одржа Национален настан за вмрежување „Валидација на инструментите за обезбедување на квалитет во работата на КУПР (компонента 3.2.)". На проектот присуствуваше координаторот за УПР Наташа Божиновска.<br><br>На ден 07.11.2023 во специјализираната училница за изведба на практична настава се изврши презентација и снимање на постоечките дидактички материјали, обезбедени од компанијата ЕВН Македонија за потреби на стручното образование при СЕТУГС "Михајло Пупин". Учениците Огнен Николовски и Сара Марковска, како и предметниот наставник Слободанка Димковска дадоа и покажаа употреба и значение на дидактичките материјали употребени во пракичната настава. Материјалите беа презентирани во форма на пишан материјал, видео записи, |

| | |
|---|---|
| | таблети со овозможена едукативна платформа Канвас, опрема, алат и помошни алатки за изведба на практична настава стационирани во специјализираната училница и на училишниот полигон.<br><br>Како задолжителна наградба на проесионално знаење и вештини од областа на практичното знаење, на ден 10.11.2023 се изврши практична и теоретска обука на дел од кадарот во состав: Слободанка Димковска, Соња Дмитровиќ, Ангела Магдеска и Бранислав Остоиќ. Обуката ја држеше и изведуваше сертифициран обучувач од компанијата ЕВН Македонија Горан Делов. Обуката се реализираше во областа од нисконапонска електроенергетска мрежа и се одвиваше во специјалната работилница за практична работа и на училишниот полигон.<br><br>10-11.11.2023 година на манифестацијата „Макинова“ која се одржа во Берово, ученикот Фидан Маџовски од 4-2 освои парична награда од Берин како најмлад учесник на манифестацијата.<br><br>ПОДДРШКА НА NEET МЛАДИТЕ. Датум: 14.11.2023 година. Локација – СУГС Владо Тасевски. Работилници за учениците кои се заинтересирани за темата:<br><br>1.Едукативна работилница за развивање на комуникациски вештини, Ана Бибмилоска Коколанска,<br>2.Едукативна работилница за пишување лична биографија/CV, портфолио, Ленче Спасовска.<br><br>14.11.2023 год. Обука за дидактички материјали, која иницијатива е дел од проектот „Образование за вработување во Северна Македонија (E4E@mk), поддржан од Швајцарската агенција за развој и соработка. Проектот се спроведува во соработка со ХЕЛВЕТАС Северна Македонија, Македонскиот центар за граѓанско образование и Стопанската комора на Македонија, Педагошко-психолошка служба: Фросина Спасевска Микулчиќ.<br><br>13-17.11.2023 година. Учество на Дабар – натпревар по информатика, под менторство на наставник Анѓелка Андрески со ученици од II-3,4,5,6 и III-4,5 клас.<br><br>15.11.2023 Учество на ИТ МИТАП и Саем на претприемништво во организација на Град Скопје во СУГС „Владо Тасевски“ со 20 ученици од класовите I-4, I-6, I-7 и II-7, Наставници: Ангела Магдеска и Ања Илиеска. IT MeetUp – учество на работилници, панел дискусија и презентација на проекти со ученици: Филип Арсовски, Сердар Цветков, Дамјан Колов - II-4, Матеј Јовановски, Александра Николова, Борјан Младеновски, Тодор Марков и Влатко Димитровски – III-5, Мила Ѓорѓиева, Неда Ивановска, Андреј Бабунски, Томи Златковски, Матеј Спасевски, Филип Поповски, Андреј Даневски, Александар Новески – IV-3, Горјан Јанковски, Стефан Савиќ, Елена Неделковска IV-4, Марко Николовски, Јане Каевски, Давид Костовски IV-6, Дори Иванова, Дијана Бошкоска, Илија Чрчев, Никола Атанасовски, Андреј Тодоров, Михаела Петровска, Михаил Спасовски, Драган Бошков, Мартин Ацески, Ристе Буклишев, Стефан Андонов, Благој Арсов IV-5. Наставник: Анѓелка Андрески.<br><br>20-24.11.2023 Питешти, Романија, прва мобилност во рамки на Еразмус+ проектот Our Green Heritage Awareness со референтен број 2022–2–RO01–KA210-SCH-000099507, Анѓелка Андрески, со учениците Дарко Вуловски, Филип Арсовски II-4 и Викторија Којчиновиќ и Живкица Гицева II-6 и директорот на училиштето Димитар Ѓорѓиев. Проектот е во соработка со училишта од Шпанија и Турција и координатор училиште од Романија. |

| | |
|---|---|
| | 22.11.2023 до 24.11.2023 Софија Темкова учествуваше на „Тематска обука за провајдери на СОО со цел подигање на свеста за мобилностите во полето СОО и признавање на резултатите од учењето“. Настанот беше организиран од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност во Инекс-Олгица, Охрид. Опфаќаше повеќе цели: Градење капацитети на училишта за програмата Еразмус+, интерактивни работилници и унапредување на вештини.<br><br>23.11.2023 година, предавање на тема: „Превенција и сузбивање на зависности“, организирана од Фондацијата „Никола Кљусев“ од Скопје, предавач - Д-р Људмил Кљусев, невропсихијатар, специјалист за детска и адолесцентна психијатрија. На предавањето присуствуваа наставник Гордана Наумовска и психолог Ана Б. Коколанска.<br><br>Во рамките на проектот "Обезбедување на квалитет на работата на КУПР" ОеАД Австрија, во период од 23-24 Ноември 2023 година во Хотел Кратис, Кратово, се одржа Национален настан за вмрежување "Ефективни механизми за обезбедување на квалитет на работата на КУПР: Инструменти за комуникации, мониторинг и евалуација - компонента 3.2". На работилницата присуствуваше координаторот за УПР Наташа Божиновска.<br><br>27.11.2023 год. Обука: Препознавање и првична поддршка на деца жртви на родово-базирано или семејно насилство, организирана од Националната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство. Педагошко-психолошка служба: Ленче Спасовска, Фросина Спасевска Микулчиќ и Ана Бимбилоска Коколанска.<br><br>28.11.2023 година во Кавадарци. Обука „Промоција на културата за обезбедување квалитет и Европската рамка за обезбедување на квалитет во стручното образование и обука – EQAVET“ како дел од Активност 4.2 Обезбедување на програми за обука за обезбедување на квалитет (QA) и избраните индикатори од Европската рамка за обезбедување на квалитет во стручното образование и обука (EQAVET), во проектот „Зголемување на атрактивноста, инклузивноста и релевантноста на СОО и образованието на возрасни“. Присуствуваа директорот Димитар Ѓорѓиев и секретар Марија Јакимовска.<br><br>Реализација на предавања на тема “Ментално здравје” од страна на психологот Ана Б.Коколанска.<br><br>**Декември**<br><br>Учество на обука за стручни соработници на тема: Препознавање и првична поддршка на деца жртви на родово-базирано или семејно насилство, организирана од Националната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство, 04 и 11.12.2023 год.<br><br>Учество на работилница на тема „Тинејџерските врски и нивните „Црвени знамиња“- организирано од Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство.<br><br>**Февруари**<br><br>Соработка со Одделение за превенција при МВР и полициска станица Гази Баба за информирање на учениците на тема: Превенција против насилство, носење ладно оружје и/или недозволени психотропни супстанции, како и насоки за безбедност при учество во сообраќајот. |

| | |
|---|---|
| | Учество во проект “Практикувај Демократија”, преку организирање и реализација на дискусија и анализа на демократски вредности во средното образование во рамки на наставниот предмет Граѓанско образование со фокус групи од ученици од I и II година. Проектот е реализиран од Фондација за демократија на Вестминстер и Британската амбасада во Скопје.<br><br>**Март**<br><br>21.03.2024 година, по повод ден на пролетта, Град Скопје во соработка со ЈП Паркови и зеленило организираше акција за пошумување на парк шумата Гази Баба на која присуствуваа 25 ученика од четврта година со наставниците: Поликсена Митева, Моника Талеска и Јосипа С. Наумовска.<br><br>21.03.2024 година, по повод ден на среќата, Град Скопје постави штандови за секое училиште на плоштадот Македонија. За уредување на штандот учениците изработија пригодни честитки со пораки за среќа со кои ги радуваа поминувачите на плоштадот. Штандот го уредија 15 ученици од прва и втора година со помош на помошник директор Наташа Божиновска и библиотекар Зоран Мицковски.<br><br>На 29.03.2024 година се одржаа Регионалните натпревари за РЕГИОН - 1, во СУГС „8-ми Септември“ - Скопје, на кои учествуваа ученикот Матеј Јовановски од 3-5 со менторот Анѓелка Андрески и ученикот Бењамин Бабачиќ од 3-1 со менторот Наташа Божиновска.<br><br>Учество ученици (Дори Иванова и Георгина Алексовска) на работилница за презентација на наодите од пилот фазата на системот за следење на кариерите на матурантите од средните стручни училишта и обучените возрасни лица во РСМ., организирано од EU for Youth во соработка со Министерството за образование и наука.<br><br>Реализирано предавање на тема: “Раната детекција спасува живот” по повод одбележување недела на борба против рак, во соработка со Црвен крст на РСМ – Општинска организација Гази Баба – Скопје. |
| **Додатна и дополнителна настава** | Во учебната 2022/2023 година, согласно Законот за средното образование се организираше и спроведуваше дополнителна и додатна настава. Водејќи се од досегашното искуство за организирање и реализирање дополнителна настава, која е поддржана и од родителите, и оваа година се реализираше плански со точно утврдени термини дефинирани од страна на предметните наставници.<br>Со распоредот за одржување на дополнителната и додатната настава, училиштето ги информираше учениците преку класните раководители, предметните наставници и стручната служба. Педагошко-психолошката служба во рамки на своите работни задачи реализираше посета на часови, два пати во текот на учебната година, односно по еднаш во секое полугодите. Покрај следење на редовната настава, исто така акцент беше ставен и на реализација на додатна и дополнителна настава. Во однос на реализација на овој вид настава, беше укажано дека треба редовно да се реализира и евидентира во Дневниците за работа на паралелка. |

| | |
|---|---|
| | Консултациите и другите форми на помош за подготвување на учениците за полагање на поправните испити и испити на година се организираа во планираните рокови според Календарот за работа на јавните средни училишта како и пред секоја сесија за вонредните испити во предвидените рокови. |

| **Собирање на податоци*Кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)*** | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| **Реализација на училишни секции** | **Ленче Спасовска – педагог во училиштето и Моника Талеска- одговорен наставник за секција по англиски јазик** | Во последните две учебни години во училиштето реализирани се активности само во рамки на секцијата по англиски јазик.<br><br>**Секција по англиски јазик – одговорен наставник Моника Талеска**<br><br>За постоењето и работата на секцијата по англиски јазик, одговорниот наставник лично ги информира учениците.<br>Во класовите од прва и втора година интересот е секогаш поголем, иако и учениците од трета и четврта година во помал број пројавуваат желба за учество во секцијата.<br>Секоја година се изработува годишен план за работа, а во планирањето се земени во предвид желбите и интересите на учениците.<br>Основните цели и задачи на секцијата по англиски јазик се пред се’, проширување на знаењата од областа на англискиот јазик и култура, но и поттикнување на креативноста како и мотивирање на учениците на сопствено изразување.<br>Во учебните 2022/2023 и 2023/2024 година, учениците најинтезивно работеа на одбележување на празници значајни за англискита култура со сопствени идејни решенија и оплеменување на училниците со нагледни средства, со цел разубавување на просторот во кабинетите по англиски јазик, ходниците и холовите во училиштето. |
| Реализација на содржини во рамки на Програмата за содржини програмирани од училиштето | **Ленче Спасовска– педагог во училиштето** | **Интервју со наставниците Васка Анѓелковска Савеска и Јосипа Наумовска (Сунчица)**<br>Во учебната 2022/2023 година реализирани се содржини во рамки на слободни часови на училиштето од областа „Мир, толеранција и заштита“ во паралелки од прва и втора година од страна на наставник Драган Илиевски година. Програмата е реализирана според однапред подготвена наставна програма одобрена од БРО. Сите ученици ја реализираат проектната активност со изработка на проекти со различни теми. Согласно новите реформирани наставни програми, реализирани се содржини во рамки на Програмата за **содржини програмирани од училиштето.** Наставните програми за содржини програмирани од училиштето се одобрени од ЦСОО (Центар за стручно образование и обука). Ваков вид содржини реализираа следните наставници: Моника Талеска – Светско наследство во прва година и наставниците Васка Анѓелковска Савеска и Даниела Сапаловска Николоска – Подготовка за вработување и работа во трета година.<br>Во учебната 2023/2024 година согласно новите реформирани наставни програми, реализирани се содржини во рамки на Програмата за **содржини програмирани од училиштето.** Наставните програми за содржини програмирани од училиштето се одобрени од ЦСОО (Центар за |

| | | |
|---|---|---|
| | | стручно образование и обука). Ваков вид содржини реализираа следните наставници: Јосипа Стефановска Наумовска и Сунчица Поповска – Светско наследство во прва година и наставниците Ивана Јосифовска и Даниела Сапаловска Николоска – Подготовка за вработување и работа во трета година. |
| **WEB страна на училиштето** | | Во учебната 2022/2023 година одговорен професор за одржување и ажурирање на WEB страната на училиштето беше Анѓелка Андрески. Веб страната е изработена во соработка со учениците и се ажурира редовно, во зависност од настаните, манифестациите и активностите кои се поврзани со нашето училиште.<br>Во учебната 2023/2024 година одговорен наставник за креирање, одржување и ажурирање на WEB страната на училиштето беше професорот Миланчо Иванов. |
| **Прашалници за ученици** | **Изготвен од страна на педагошката служба. Спроведување на анкетата и анализа на прашалникот изврши Ленче Спасовска** | За анализа на наставните планови и програми анкетирани беа 60 ученици.<br>1. Според направената анализа за наставните планови и програми, 60 % од учениците сметаат дека е значајно наставните содржини да се во согласност со нивните очекувања и интереси, а 76% од анкетираните ученици сметаат дека тоа делумно е присутно во наставата .<br>2. Во однос на прашањето за совладување на наставните содржини за време на часовите, 73% од учениците одговориле дека тоа е многу значајно, а 22% дека е значајно. Во пракса 57% сметаат дека не е делумно присутно, а 38% од анкетираните ученици сметаат дека е присутно во целост.<br>3. Во врска со редовното посетување дополнителна настава, 41% од анкетираните ученици се изјасниле дека не е значајно, а 40% дека е значајно. Во пракса 66% одговориле дека не присуствуваат на дополнителна настава, а 28% дека делумно реализираат дополнителна настава.<br>4. 41% од анкетираните ученици сметаат дека е значајно, а 37% дека е многу значајно влијанието од реализацијата на дополнителна настава во совладување на наставните содржини. Во однос на тоа колку посетата на ваков вид настава им влијае во полесно совладување на наставните содржини, 35% од учениците одговориле дека не им влијае, о, 35 % одговориле дека делумно влијае.<br>5. Во врска со редовното посетување додатна настава, 40% од анкетираните ученици се изјасниле дека е незначајно, а 48% дека е значајно. Во пракса 69% одговориле дека не присуствуваат на додатна настава, а 26% дека делумно присуствуваат на додатна настава.<br>6. Во однос на тврдењето дека реализацијата на додатна настава е интересна и овозможува проширување на знаењата, 57% од учениците одговориле дека е значајно, а 24% дека не е значајно. 38% сметаат дека во пракса тоа е делумно застапено, а 45 % дека не е присутно<br>7. 39% од анкетираните ученици сметаат дека е многу значајно да бидат запознаени со вонанаставните активности кои ги организира училиштето, а 47 % дека е значајно. 50% од учениците се делумно запознаени со вонаставните активности, а 21% не се запознаени со вонаставните активности кои се организираат во училиштето.<br>8. На прашањето дали вонаставните активности одговараат на интересите од учениците, 43% одговориле е значајно, а 35% дека е многу значајно. 59% одговориле дека делумно е присутно горенаведеното тврдење, а 19% дека не е присутно. |

9. 45% од учениците сметаат дека не е е значајно да се учествува во училишна секција, а 29% дека е делумно значајно. Анкетираните ученици одговориле дека 78% не учествуваат во секции, а 12% дека делумно учествуваат во секција.
10. Активното учество во изборот и планирањето на работата на воннаставните активности според мислењето од учениците е дека е значајно на што одговориле 29%, а 43% одговориле дека е незначајно. Во однос на тоа дали учествуваат во планирање на овој вид активности, 74% од акнетираните ученици одговориле дека не учествуваат, а 19% дека делумно учествуваат.
11. Наставниците го развиваат мојот натпреварувачки дух и ме охрабруваат да учествувам на натпревари - на ова тврдење 41% одговориле дека е значајно, а 35% одговориле дека е многу значајно. Во однос на тоа колку наставниците ги поттикнуваат да учествуваат на натпревари, 53% од учениците одговориле дека не е присутно, а 40% од учениците сметаат дека делумно ги поттикнуваат за учество на натпревари.
12. На прашањето дали се запознаени со содржината на наставните програми за изборни предмети, 69% одговориле дека тоа е многу значајно, а 19% дека е значајно. 47% одговориле дека делумно се запознаени, а 41% дека во целост се запознаени со содржината на изборните предмети.
13. Во однос на тврдењето запознаен/а сум со проектите кои се реализираат со ученици во и надвор од училиштето, 41% одговориле дека е значајно, а 40% дека е многу значајно. 52% одговориле дека е делумно присутно ова тврдење во пракса, а 32% дека е присутно.

Анализа на прашања од отворен тип од Анкетата за ученици:

**<u>Електротехничар за Компјутерска техника и автоматика – анкетирани 60 ученици</u>**

Учениците ги навеле следните наставни предмети од образовен профил Електротехничар за компјутерска техника и автоматика, чии содржини се неразбирливи или тешко совладливи:

- Процесно управување
- Објектно ориентирано програмирање
- Математика
- Веб програмирање

Според учениците од образовен профил Електротехничар за компјутерска техника и автоматика наставни предмети кои треба да имаат повеќе часови за вежбање и совладување на содржините се:

- Уредување на веб страни
- Математика
- Објектно ориентирано програмирање

Најинтересни наставни предмети за учениците од образовен профил Електротехничар за компјутерска техника и авотматика се:

- Спорт
- Системи на автоматско управување

| | | |
|---|---|---|
| | | • Веб програмирање<br>Во однос на прашањето каков вид секции недостасуваат во училиштето, најголем дел од учениците одговориле:<br>Спорт, шах, компјутерска/програмерска секција, екологија.<br><br>На последното прашање во однос на начинот на кој се одлучуваат за изучување на изборен предмет, најголем дел одговориле согласно наставната програма. |
| **Прашалници за родители** | **Изготвен од страна на педагошката служба. Спроведување на анкетата и анализа на прашалникот изврши Ленче Спасовска** | Во рамките на ова подрачје изработен е прашалник на кој одговорија 40 родители<br>1. Од анкетираните најголем дел од родителите односно 63% се изјасниле дека нивната информираност за наставните планови и програми од образовниот профил на нивното дете е многу значајно и тоа е присутно во целост кај 45% од анкетираните.<br>2. За 75% од родителите значајно е ученикот успешно да ги совлада наставните содржини, а најголем дел од испитаниците односно 50% одговориле дека ученикот делумно, а 48% во целост ги совладува наставните содржини.<br>3. За 70% од родителите многу е значајно наставните програми и содржини да се во согласност со очекувањата и интересите на ученикот, а за 55% сметаат дека во пракса е делумно застапено.<br>4. Начинот и квалитетот на реализацијата на наставните планови и програми се многу значајни за 60% од анкетираните родители, а 49% делумно се задоволни од начинот и квалитетот на реализацијата на наставните планови и програми во училиштето.<br>5. Најголем процент од родителите 53% одговориле дека е многу значајно да бидат информиарни за реализирањето на дополнотелна односно додатна настава по сите наставни предмети и дека истото е присутно во целост потврдиле 38% од испитаниците.<br>6. 88% од родителите истакнале дека е делумно или целосно значајно учениците да посетуваат дополнителна/додатна настава. Најголем дел од анкетираните 45% одговориле дека учениците воопшто не посетуваат дополнителна/додатна настава.<br>7. За 95% од анкетираните информираноста за секциите во училиштето е делумно и многу значајно, а 70% делумно или воопшто не се информирани за учеството на учениците во секциите.<br>8. За 55% од родителите сметаат дека е знајчајно воннаставните активности да ги задоволуваат потребите и интересите на учениците, а 58% сметаат дека тие се присутни делумно во училиштето.<br>9. Според анкатираните родители 53% сметаат дека многу значајно е учениците да учествуваат во воннаставни активности, за 40% тоа воопшто не е присутно, за 33% делумно е учеството на учениците во воннаставните активности.<br>10. За постигањата на учениците во воннаставните активности 88% одговориле дека тоа е многу значајно или значајно. 38% од родителите одговориле дека воопшто не се информирани, а 25% дека се делумно информирани.<br>11. Правото на избор на изборните наставни предмети за 80% е многу значајно, додека 58% од родителите сметаат дека тоа право во целост се почитува во училиштето.<br><br>Анализа на прашања од отворен тип од Анкетата за наставници: |

1. Наведете ги главните недостатоци кои сметате дека се присутни во наставните програми? Родителите ги дале следните одговори:
   - недостаток за стручна литература;
   - нема недостаток во наставните програми, има недостаток во наставниот кадар;
   - повеќе практична настава во училиште,
   - повеќе Практична настава;
   - начинот на предавање,
   - учениците имаат потешкотии да ги разберат содржините.
2. На прашањето на кој начин би можеле да се интегрираат особеностите на локалната средина со наставните програми, одговориле само двајца родители:

   - Да се посетуваат фирми кои се од областа на струката на самото училиште;
   - Учениците да бидат повеќе вклучени при креирање на локални младински политики;
   - Бизнис секторот да има поголема доверба во младите, да ги слуша нивните идеи.

3. На прашањето дали е нарушена родовата и етничката рамноправност во наставните планови програми, 65% од родителите се изјасниле дека не е нарушена родовата и етничката рамноправност во наставните планови и програми, ниеден родител не дал одговор дека е нарушена родовата и етничка рамноправност, а останатите анкетирани родители не дале одговор на ова прашање.

4. На прашањето кај кои наставни предмети е потребно измена на наставната програма, нејзино проширување, прилагодување кон возраста, потребите на пазарот на трудот и сл. 48% од родителите не дале одговор, а останатите одговориле стручните предмети, поголемо ангажирање на наставниот кадар и повеќе практична работа и вежби по стручните предмети.

   - Математика
   - Физика
   - Програмирање
   - Електротехника
   - Микрокомпјутери и нивно програмирање
   - Објектно ориентирано програмирање.

   Прилагодување и проширување на стручните предмети, од страна на професорите поголема ангажираност, бидејќи се потребни на пазараот на труд, како и практичната настава.

5. Во поглед на реализацијата на активности преку училишни секци 43% од родителите не одговориле, 11 % одговориле не знам или дека не се запознаени дека во училиштето функционираат училишни секции, а според 29% потребни се секции по:

| | | |
|---|---|---|
| | | - Програмирање<br>- Практична настава<br>- Шаховска секција<br>- Драмска секција<br>- Секција по електроника |
| | **Изготвен од страна на педагошката служба. Спроведување на анкетата и анализа на прашалникот изврши Ленче Спасовска** | За анализа во врска со наставните планови и програми анкетирани се 25 наставници<br><br>1. Според направената анализа за наставните планови и програми, наставниците сметаат дека е многу значајно со 75%, наставата да се реализира согласно наставните програми одредени од МОН (ЦСОО и БРО) на РСМ. 90% од анкетираните наставници во целост ја реализираат наставата според наставните програми на МОН, а 10% делумно.<br>2. 74% од анкетираните наставници сметаат дека е многу значајно наставните содржини да се прилагодуваат на нивото на знаење на учениците, 75% тоа го прават во целост, а 15% делумно<br>3. Многу значајно за анкетираните наставници е наставните програми и содржини да ги исполнат очекувањата и интересите на учениците, дури за 74% од нив. Во пракса ова е потполно присутно според 60% од анкетираните наставници, делумно според 35%, а за 5% од анкетираните, воопшто не е присутно.<br>4. За 80% од анкетираните наставници многу значајно е користењето на ИКТ во наставниот процес. 90% од анкетираните наставници користат секогаш ИКТ, а 10% делумно<br>5. 75% од анкетираните наставници сметаат дека е многу значајно користењето на разновидни техники за реализација на наставата, а 25% дека е значајно. 70% од анкетираните наставници во целост користат разновидни техники за реализација на наставата, кај 30% ова е делумно присутно.<br>6. Земањето во предвид на разликите на учениците во напредокот, знаењето и можностите за совладување на наставните содржини, е многу значајно за 75% од анкетираните наставници, а значајно е за останатите 15% од анкетираните. Во пракса ова го реализираат во целост 74%, а делумно 26% од анкетираните наставници.<br>7. 75% од анкетираните наставници се изјасниле дека е многу значајно да располагаат со наставни средства и помагала кои им овозможуваат на учениците полесно совладување на наставните содржини. 65% од наставниците сметаат дека во потполност располагаат со наставни средства и помагала кои им се потребни, а 35% располагаат со дел од потребните наставни средства и помагала.<br>8. За 90% од анкетираните наставници е многу значајно поврзувањето на наставните содржини со нивна практична примена и потребите на пазарот на трудот, во пракса 70% во целост го реализират ова поврзување, а 30% делумно.<br>9. Многу значајно е редовното и успешно реализирање на дополнителна настава за 45% од анкетираните наставници, за 50% е значајно, а за 5% ова е незначајно. 45% од |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставниците кои се анкетирани редовно реализираат дополнителна настава, 50% делумно, а 5% не реализираат дополнителна настава.<br>10. Редовното и успешно реализирање на додатната настава е многу значајно за 45% од анкетираните наставници, а во пракса 48% редовно реализираат, а 45% делумно реализираат додатна настава.<br>11. 85% од анкетираните наставници сметаат дека е многу значајно применувањето на изготвени критериуми за оценување. Оценувањето во целост го вршат врз основа на изготвени критериуми за оценување 85% од наставниците кои се анкетирани, а 15% делумно користат изготвени критериуми за оценување на учениците.<br><br>Анализа на прашања од отворен тип од Анкетата за наставници:<br><br>1. Дали во одреден образовен профил и година програмата ја реализирате во помал обем и зошто?<br>На ова прашање 60% одговориле дека целосно ја реализираат наставната програма, а 40% дека ја реализираат програмата во помал обем заради следните причини:<br>- Наставните програми во образовните профили си тригодишно траење на образованието не се прилагодени на способностите и интересот на учениците;<br>- Незаинтересираност на учениците и отсуство на интеракција за време на наставата;<br>- Капацитетот и слабите предзнаења на учениците.<br>2. Наведете по кој наставен предмет е потребно измена на наставната програма, нејзино проширување/скратување, прилагодување кон возраста и сл.<br><br>На второто прашање одговориле 40% од наставниците и тоа 5% сметаат дека наставните програми се нови, реформирани и нема потреба од измени.<br>55% одговориле дека има потреба од измена и тоа:<br>- По наставен предмет математика проширување на наставната програма, особено има ваква потреба во трета и четврта година во паралелките од образовен профил Електротехничар за компјутерска техника и автоматика;<br>- Англиски јазик да се зголеми фондот на часовите, бидејќи овој наставен предмет е содржан во рамки на Државна матура,<br>- Мултимедија и Веб програмирање - да се прошири наставната програма.<br>3. На третото прашање, 80% од анкетираните наставници навеле дека во наставните планови и програми не е нарушена родовата и етичката рамноправност, а 20% не знаат дали е нарушена родовата и етичката рамноправност.<br>4. На прашањето дали наставниците практикуваат интегрирање на наставните содржини во рамки на еден предмет или меѓупредметна интеграција, 65% одговориле дека интегрираат, 20% дека не интергтираат и 15% одговориле не знам. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 5. На прашањето за интегрирање на особеностите на локалната средина со наставните програми одговориле 30% од анкетираните наставници. Нивните предлози по ова прашање се:<br>- Соработка со компании за изведување практични вежби на учениците;<br>- Изработка на ученички проекти кои би биле од корист за општеството.<br>6. Петтото прашање се однесува на начинот на кој им е овозможено на учениците да учествуваат во планирањето и изборот на содржини кои се реализираат во рамки на вонннаставните активности. На ова прашање одговориле 45% од наставниците, изнесувајќи ги следните одговори:<br>- на состаноци на Училишна заедница;<br>- не им е овозможено.<br>7. На прашањето дали и какви активности за мултикултурализам планираат и интегрираат во наставата одговориле 45% од наставниците и тоа 66% дека реализираат, а 34% не реализираат ваков вид на содржини. Тие што одговориле дека реализираат ги дале следните одговори:<br>- Одбележување празници;<br>- Посета на настани,<br>- Изработка на веб страни.<br>8. На прашањето дали и какви активности на тема екологија планираат и интегрираат во наставата одговориле 70% од наставниците и тоа 85% дека реализираат, а 15% не реализираат ваков вид на содржини. Тие што одговориле дека реализираат ги дале следните одговори:<br>- Ден на планета Земја;<br>- Енергетска ефикасност;<br>- Рациклирање на отпаден материјал;<br>- Обновливи извори на енергија,<br>- Проекти за заштита на животна средина. |

| Резултати: *Овде треба накратко да ги образложите клучните јаки страни и слабости* |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br>**1.** Наставниците ја реализираат наставата согласно наставните планови и програми изготвени од БРО и ЦСОО и одобрени од МОН.<br>**2.** Има просторни услови и ресурси за поквалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес.<br>**3.** Учениците самостојно, по своја желба ги бираат изборните предмети, во второто полугодие од втора година на образованието. |
| **Слабости**<br>**1.** Многу мал број од наставниците (5%) имаат предадено целосни годишни планирања за тековната учебна година. (планирање на класен час, план за работа на класна заедница, план за реализација на дополнителната и додатната настава, план за работа со деца со посебни образовни потреби, планирања за воннаставни активности и натпревари, план за соработка со родители..)<br>**2.** Не се планираат и не се реализираат активности во рамки на секциите и други воннаставни активности во училиштето.<br>**3.** Учениците и родителите не се задоволни од реализацијата на наставата, особено практичниот дел од наставата.<br>**4.** Недостаток на стручна литература.<br>**5.** Секоја година се менуваат различни наставни предмети кај стручниот наставен кадар. |

| **Анализа на резултатите:** ***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје*** |
|---|
| Во СЕТУ на Град Скопје ,,Михајло Пупин'' се реализира воспитно-образовна дејност на полето на електротехничката струка за редовни ученици преку три образовни профили со четиригодишно траење на образованието и два образовни профили со тригодишно траење на образованието, како и за вонредни ученици за четири завршни степени на образование со двегодишно, тригодишно, четиригодишно траење на образованието, специјалистичко образование, како и обуки за стручно оспособување на кадри.<br>Наставниците ја реализираат наставата согласно наставните планови и програми изготвени од БРО и ЦСОО  и одобрени од МОН.<br>Секоја година се изработува Годишната програма за работа на училиштето во која се вклучени и програмите за работа на директорот, помошникот-директор, педагог, психолог, библиотекар, активите на наставниците и училишната заедница.<br>Секциите во училиштето работат според однапред изготвени програми, но за жал последниве две години не се реализираат активности во рамки на секциите. Единствено секцијата по Англиски јазик има реализирано неколку активности со заинтересирани ученици.<br>Во текот на втора година на образованието, ученикот се информира за можниот избор на изборен предмет за трета, а трета година има можност да бира изборен предмет за четврта година. Ученикот го врши изборот според сопствените интереси и потреби.<br>Во текот на второто полугодие во трета година на образованието, учениците пополнуваат изјава за извршен избор на тема и ментор за проектна задача за државна матура и завршен испит како и избор за Државна матура или Завршен испит.<br>Редовните ученици со завршено средно стручно образование со тригодишно траење, имаат можност редовно да го продолжат своето образование во четврта година.<br>Последните две учебни години опаднатa е мотивацијата и кај наставниците и кај учениците за учество во воннаставни активности и секции.<br>Дополнителната и додатната настава се планираат, според годишен распоред, или во термини усогласени од учениците и наставникот.<br>Согласно исказите во анкетите за наставници и ученици мал е процентот на заинтерсираност за планирање и реализирање на дополнителна и додатна настава за ученици кои имаат потешкотии со совладување на наставниот материјал, односно ученици кои напредуваат со постигнувања.<br>WEB страната на училиштето се ажурира редовно во зависност од настаните, манифестациите и активностите кои се поврзани со нашето училиште. |
| **Идни активности:** ***Приоритетни подподрачја кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето:***<br>• Потребата од подигнување на квалитетот на реализација на наставата преку:<br>- Креирање план за професионален развој на наставниците и стручните соработници;<br>- Организирање обуки на наставниците со цел подигање на квалитетот на реализација на наставниот процес (планирање на наставата, користење интерактивни методи, форми, техники на наставна работа, користење дигитални алатки во наставата, меѓупредметна интеграција на наставни содржини, и сл. – посебно ставајќи акцент на нововработените наставници во училиштето;<br>- Користење на расположливите просторни и технички ресурси и наставни средства за поквалитетно реализирање на наставата;<br>- Поттикнување на мотивацијата и љубопитноста кај учениците за постигање повисоки резултати и учество на натпревари.<br>• Да се зголеми интересот и учеството на учениците за креирање и  реализирање воннаставни активности и училишни секции согласно нивните интереси и потреби.<br>• Да зголеми мотивираноста кај наставниот кадар и учениците за реализација на дополнителна и додатна настава, со цел подобрување на успехот и постигањата на учениците. |

**Самоевалуација на СЕТУ на ГС „Михајло Пупин“ Скопје**

**Подрачје 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ**

| Реден број | Индикатори за квалитет: | Теми |
|---|---|---|
| 2.1 | **Постигања на учениците** | ♣ Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност по наставни предмети и по квалификациони периоди<br>♣ Подобрување на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност<br>♣ Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби<br>♣ Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната/додатната настава<br>♣ Следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование |
| 2.2 | **Задржување/осипување на учениците** | ♣ Опфат на учениците<br>♣ Редовност во наставата<br>♣ Осипување на учениците<br>♣ Премин на учениците од едно во друго училиште |
| 2.3 | **Повторување на учениците** | ♣ Ученици што не ја завршуваат годината |

<table>
<tr><td colspan="2">Собирање на податоци Кои податоци се собрани: Кои методи се користени.<br>(и) Обработка на документи</td></tr>
<tr><td>Наведете ги сите документи кои се прегледани.</td><td>Кои информации се собрани?</td></tr>
<tr><td>2.1 Постигања на учениците<br><br>♣ Годишна програма за работа на училиштето<br>♣ Записници од Совет на паралелки<br>♣ Извештај од реализирана посета на часови<br>♣ Дневници за работа на паралелка<br>♣ Записници од Наставнички совет<br>♣ Записници од совет на родители</td><td>Во однос на следењето на постигнувањата на учениците по наставни предмети и класификациони периоди, училиштето континуирано ги следи постигнувањата на учениците. Континуирано се прави анализа на наставниот процес, преку активна соработка на стручните активи, стручната служба, училишниот одбор и Директорот на училиштето. Во училиштето се посветува внимание на постигањата на учениците и дефинирање на насоките за подобрување на истите. По етничка припадност училиштето не прави посебни статистики. Што се однесува според половата структура, во однос на успехот, девојчињата покажуваат подобар успех во однос на момчињата..<br>Во текот на учебната година континуирано се следи напредокот и постигнувањата на учениците, нивната редовност и поведение. Се прави анализа на успехот и по предметите по кои учениците постигнуваат послаби резултати се организира дополнителна настава. На Советите на паралелки се следи редовноста и успехот на учениците, се утврдуваат полугодишните и годишните оценки на учениците.Истите се организираат редовно најмалку четири пати во текот на учебната година (по првото тримесечие, по првото полугодие, по третото тримесечие и на крајот на учебната година), по поправните испити во јуни и август, по потреба за изрекување педагошки мерки и др. На Советите на паралелки присуствуваат предметните наставници кои се изјаснуваат за реализација на предвидената наставна програма и образложуваат дали сите ученици се оценети. Потоа раководителите на паралелки го презентираат успехот на учениците во класот, при што се потенцира по кои предмети учениците покажуваат најслаб успех, а по кои најдобар. Се издвојуваат учениците со повеќе слаби оцени и изостаноци, и се даваат предлози до Наставничкиот совет за пофалба на учениците: со одличен успех и примерно поведение, талентирани за струката и оние кои активно учествуваат во воннаставните активности.<br>Посебно внимание се посветува на учениците со 3 и повеќе слаби оцени за кои се дава предлог да посетуваат дополнителна настава, а воедно нивните родители се повикуваат на советување во училиштето. На овие совети се предлагаат и/или изрекуваат педагошки мерки на учениците со голем број неоправдани изостаноци како и на ученици кои не го почитуваат кодексот на училиштето.<br>Психолошко-педагошката служба активно се вклучува во дискусија за однесувањето на учениците и дава свое мислење дали на учениците треба да им се изречат одредени педагошки мерки доколку истото е побарано од страна на предметните професори или раководителите на паралелки.<br>Дополнително стручната служба изготвува сумарен извештај за успехот, поведението и редовноста на</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| ♣ **Записници од стручни активи**<br>♣ **Податоци и анализи: Педагошко-Психолошка служба**<br>♣ **Записници од советување на родители и ученици**<br>♣ **Записници за работа со ученици и родители во педагошко-психолошката служба**<br>♣ **Извештај за работа на училиштето**<br>♣ **Записници од Училишен одбор**<br>♣ **Записници од испитните одбори за завршен испит за III-година**<br>♣ **Записници од училишна матурска** | учениците кој се презентира пред Наставничкиот совет каде истиот се предлага за усвојување. Се идентификуваат учениците со потешкотии во учењето и со нив стручната служба обавува советодавни разговори, ги упатува на ефикасни техники на учење и градење на работни навики. Преку работата на Советот на родители, родителските средби и на одделенските часови, родителите и учениците се запознаваат со постоењето на стручна служба во училиштето и за видот на помошта која можат да ја добијат како советодавна работа со учениците при изборот за учество во слободни активности, дополнителна, додатната и факултативната настава, советодавна работа со учениците кои покажуваат асоцијално однесување, нередовност и слаб успех, советодавна работа со родителите чии деца побрзо напредуваат, или пак имаат проблеми во учењето, редовноста и дисциплината, учество во организација на активности преку стручни предавања и сл.<br>За состојбата со учениците со евентуални емоционални потешкотии кои се манифестираат преку намалување на успехот и поведението, нередовност во наставата, проблеми во социјализацијата и сл., покрај класните раководители е информирана и стручната служба која работи тимски за отстранување на евентуалните проблеми на учениците. Со овие ученици се работи индивидуално или во група, а се вклучуваат и родителите. Стручната служба располага со датотека која редовно се ажурира со податоци за идентификација, следење и поддршка на учениците со потешкотии во учењето, надарени ученици или ученици со посебни образовни потреби за кои се изработува индивидуален образовен план.<br>Во насока за подобрување на успехот и поведението на учениците педагошко-психолошката служба согласно Законот за средно образование и Програмата за Советување на родители во текот на учебната 2022/23, како и во 23/24 год., после одржаните Совети на паралелка и Наставничките совети на кои се соопштува успехот и поведението на учениците, реализира советување на родителите од оние ученици кои имаат повеќе од три слаби оцени и голем број на изостаноци и оправдани и неоправдани.<br>Покрај генералниот успех и редовност на учениците, на Советите на паралелки се дискутира за однесувањето на учениците за време на часовите, се укажува на тековни проблеми кои се јавуваат во класовите и се предлагаат начини како да се надминат состојбите. Записниците од Советот на паралелката уредно ги води Библиотекарот во училиштето и ги чува во архива.<br>Исто така се идентификуваат и надарените ученици на кои преку додатната настава им се овозможува да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата и да учествуваат на натпревари. Активно е и развивање на квалитетна соработка и тимска работа преку учество и реализација на разни заеднички проекти во училиштето и со други институции и организации, соработка со училишта од истата струка од други држави. Учениците се вклучени во активности и проекти, учествуваат на натпревари и постигнуваат одлични резултати, со освоени голем број на први места на општински, регионални и државни натпревари, на МАССУМ, Црвен Крст, Џуниор Ачивмент и др.<br>Основно средство за евиденција на успехот и редовноста на учениците е преку дневниците на паралелка, односно Е-дневник. Истиот според насоки дадени од МОН, се печати на месечно ниво.<br>Во дневникот на паралелката Училиштето води евиденција за напредокот на учениците во совладувањето на новите знаења (преку континуирано оценување – формативно и сумативно), присутност (редовно евидентирање на присутноста), нивното поведение (непосредно набљудување) и евиденција на изречени воспитни мерки. Од увидот |

| | |
|---|---|
| **комисија** | во дневниците на паралелка е констатирано дека учениците се оценети со најмалку 2 усмени оцени во секое полугодие, како и оцени од писмените проверки по оние предмети каде се предвидени писмени работи, но и по другите предмети каде има потреба, по што се заклучуваат полугодишни и годишни оцени. Учениците кои немаат посетувано настава по одреден предмет повеке од 1/3 од вкупниот фонд на часови остануваат неоценети и се упатуваат на испит на година. Ваквата евиденција им е достапна на сите наставници, родители и ученици.<br>Родителите редовно најмалку 4 пати годишно се известуваат за напредокот на учениците на родителски средби или на индивидуални средби и сето тоа уредно се запишува во дневникот. Напредокот на учениците се бележи и во евидентни листови за секое тримесечие, по одржани Совети на паралелка за кои секој класен раководител пишува Записник од состанокот во дневникот. Во дневникот се водат и Записници од додатна и дополнителна настава според потребите на учениците. Сите податоци се достапни и секој родител/старател може да ги погледне преку својата е-маил адреса во електронскиот дневник, а добива одредени податоци и преку СМС порака или преку евидентни листови за успехот подготвени од страна на училиштето, односно класниот раководител.<br>Наставничките совети се одржуваат редовно во текот на учебната година и за истите уредно се водат записници архивирани во архивата на училиштето. На состаноците на Наставничкиот Совет редовно се разгледува и утврдува успехот, редовноста и постигањата на учениците.<br>Училишниот одбор во склоп на својата активност се запознава со постигнувањата на учениците во рамки на наставата, пред се преку извештаите од постигнатиот успех на учениците за првото тримесечие, полугодишниот успех и поведение на учениците, од постигнатиот успех од второто тримесечие, од крајот на учебната година, како и од годишниот извештај за работа на училиштето и тој како клучен орган во раководењето со училиштето, воспоставува и реализира цели и приоритети за подобрување на училиштето.<br>Советот на родители ги разгледува прашањата поврзани со функционирањето и работата на училиштето, успехот, поведението и редовноста на учениците. На состаноциите се дискутира и за проблеми кои се јавуваат во класовите, се идентификуваат причинителите на истите и се дава предлог мерки за решавање на конфликтните ситуации.<br>Успехот на учениците е меѓу редовните теми на дневен ред на состаноците на стручните активи. На овие состаноци се разгледуваат условите за реализација на наставните програми и се предлагаат мерки за подобрување на постигањата на учениците. Наставниците разменуваат мислење за планирањата во рамките на стручните активи и програми за работа на истите. Во училиштето има четири стручни активи: актив по стручни предмети по електроника и телекомуникации и компјутерска техника и автоматика, активот по стручни предмети по енергетика, актив по природни науки и актив по општообразовни предмети. Редовно се одржуваат состаноци на кои се носат одлуки и се превземаат конкретни мерки за реализација на целите од Годишната програма за работа научилиштето во насока на подобрување на целокупната работа на училиштето.<br>Учениците од тригодишно образование по завршување на III-година полагаат Завршен испит кој опфаќа писмена работа по Македонски јазик и литература и практичен дел за профилите со нереформирани програми, и тест по македонски јазик и литература и практична задача за профилите со реформирани програми. Непосредно пред полагањето на предвидените испити се одржуваат состаноци на Испитен одбор и училишна комисија во јуни и август |

| | |
|---|---|
| | на кои се врши избор на тема за писмениот дел од испитот по Македонски јазик и литература и се утврдува бројот на пријавени кандидати. По добивање на конечните резултати од испитните комисии се утврдува бројот на ученици кои положиле завршен испит во јунскиот или августовскиот испитен рок.<br>Учениците кои завршиле IV година полагаат испити кои се дел од државната матура или завршен испит. Истите се полагаат во два испитни рока: јунски и августовски.<br>Државната матура се полага според посебни испитни програми за соодветни наставни предмети кои се вклучени во листата за Државна матура. Државната матура опфаќа задолжителен дел, изборен дел и проектна задача.<br>Училишната матурска комисија навреме ги информира учениците, наставниците и родителите за начинот и периодот на пријавување на испитите, термини за полагање како и за самиот тек на реализација на полагањето на испитите.<br>Во училиштето на огласна табла стојат истакнати делови од Правилници за начинот на изведување и полагање на испитите од Државната матура и Завршниот испит. Училишната матурска комисија, УМК на секој одржан состанок изготвува записници во кои ажурно се следи состојбата при полагање на соодветните испити. Записниците содржат податоци за:Резултатите од полагањето во јунскиот и августовскиот испитен рок за: екстерни испити, интерни стручни предмети, интерни испити од завршен испит.<br>Од страна на педагошко-психлошката служба, Директорот на училиштето и помошниците директори се реализираше посета на часови односно секој наставник е посетен најмалку 2 пати во текот на годината. Впечатокот од реализираната посета на часовите, е дека реализацијата на наставата е на задоволително ниво.<br>Сите часови почнуваа точно на време, дневните подготовки беа доставени на време до ППС, интеракцијата наставник-ученици повеќе или помалку (во зависност од типот на часот и структурата на учениците) беше застапена на сите наставни часови, подготвеноста на наставниците да ја пренесат наставната содржина преку употреба на соодветни наставни методи, техники, форми и средства при реализација на овој тип настава (кај некои наставници наставните методи, техники, форми, средства не соодветствуваа со оние од дневната подготовка), најголем дел од наставниците за време на часот и на крај од часот бараат повратна информација од учениците дали го разбрале наставниот материјал, повратна информација од наставниците за зададени и изработени/неизработени задолженија до учениците.<br>Главна забелешка од посетата на часови се однесува на интеракцијата наставник-ученик, односно јазикот, говорот на телото на наставниците, особено кај помладите и ново вработените колеги, педагошката документација (подготовки: нема дефинирано цели на наставната единица, често поистоветување на термините модуларна единица и наставна единица или содржина, непознавање наставни техники, поистоветување на наставни методи и техники, наставните форми не соодветствуваат на часот, наставни средства и помагала кои не се адаптирани и не соодветствуваат на овој тип на настава на далечина (пр. табла, креда, проектор и сл). Како и ориентацијата во просторот на училиштето, располагањето со ресурси, каде сето тоа укажува дека треба да се обезбеди поголема поддршка од раководните органи на училиштето, каде истите ќе бидат запознаени со работата, дејноста на училиштето, би имале обуки во врска со педагошката документација, односот со учениците, менталното здравје на учениците, особено кај оние наставници кои се вработуваат за прв пат во училиште.<br>Училиштето доследно ја следи и спроведува политиката за следење на хоризонтално и вертикално движење на |

| | |
|---|---|
| | учениците. При тоа им овозможува на учениците премин од едно во друго подрачје и продолжување на образование на повисоко ниво доколку за истото постои интерес и барање.<br>Во училиштето не се прави негативна дискриминација кај учениците во однос на било кој облик на определување и учениците се вклучуваат во активности, наставни и вонnаставни во мешани групи според нивниот интерес. Во училиштето се планираат, но не се реализираат наставни и воннаставни активности со партнер училиште со друг наставен јазик.<br>Улогата на училиштето во врска со подобрување на постигањата на учениците е од клучна важност. Истото се прави со стручен наставен кадар и соработници, модернизирање на наставниот процес преку примена на современи наставни облици, техники и средства за работа како и примена на информациско-комуникациски технологии во наставата. Со современ пристап во планирањето со користење на нови методи условени од општествено-економските услови и современиот начин на работење и живеење. Во училиштето е забрането секакво политичко организирање и дејствување. |

| **Собирање на податоци** ***Кои податоци се собрани: Кои методи се користени.***<br>**(и) Обработка на документи** | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| **2.2 Задржување/ осипување на учениците**<br>♣ **Програма за работа на училиштето**<br>♣ **Извештаи за работа на училиштето**<br>♣ **Увид во педагошка евиденција и документација**<br>♣ **Записници од средби со родители и сл.**<br>♣ **Записници од стручната служба**<br>♣ **Извештаи од спроведени советувања и** | Училиштето ги следи насоките за упис на ученици соодветно дадени од надлежните институции. Исто така обезбедува услови за запишување на сите ученици, вклучувајќи и услови за запишување на ученици со посебни образовни потреби. Има изградена политика за запишување и презема различни активности за остварување на подобри резултати при запишувањето ученици (кампањи, презентации во основните училишта, соработка со надлежните институции, локалната заедница, граѓански организации). Секоја година се одржува Отворен ден наменет за учениците од основно образование на кој ги запознава со структурата и специфичностите во својата работа, како и презентација на училиштето по основните училишта на територија на град Скопје и останатите градови во државата каде нема средно училиште од оваа струка. Податоците редовно се ажурираат за испишани и запишани ученици. Сите ученици имаат подеднакви можности да конкурираат за упис во училиштето во прва година или со молба и барање за упис во втора, трета и четврта година на почетокот или во текот на учебната година. Се следат учениците кои се испишуваат со обезбеден доказ и документ за упис на ученикот во друго средно училиште. Редовно се соработува со основните училишта во информирање за проодност на учениците, односно запишани ученици во прва година.<br><br>Училиштето систематски и континуирано ја следи редовноста на учениците. Раководителите на паралелките предаваат писмен извештај за изостаноците и поведението на учениците кои потоа од страна на стручните соработници табеларно се анализираат и споредуваат. Комплетниот извештај се анализира и на Советите на паралелка и Наставнички совет при што се предлагаат мерки и се донесуваат предлози за активноста за намалување на отсуствата и подобрување на редовноста на наставата. Со оглед на фактот што изостаноците претставуваат еден од поголемите проблеми со кои училиштето се справува, се водат индивидуални и групни разговори со учениците кои имаат повеке изостаноци од страна на раководителите на паралелките и стручната служба. Родителите навремено се информираат за бројот на оправдани и неоправдани отсуства, се разговара со нив и во ситуации предвидени со законот за средно образование и Правилникот за начинот на изрекување на педагошките мерки во јавните средни училишта се изрекуваат соодветни педагошки мерки во присуство на ученикот, родителот, раководителот на паралелката, предметен наставник и стручен соработник. |

| | |
|---|---|
| **посетеност на истите**<br>♣ **Записници за изрекување на педагошки мерки**<br>♣ **Записници од родителски средби**<br>♣ **Записници од приемни денови**<br>♣ **Извештаи за отпишани и запишани ученици во текот на учебната година** | Училиштето го следи осипувањето на учениците, делумно ги анализира причините. Осипувањето е ниско, и е зачестено на почетокот на учебната година во прва година кога некои од новозапишаните ученици се премислуваат во однос на избраното училиште за понатамошно образование, а во голем број паралелки составот останува ист во текот на сите четири учебни години.<br><br>Училиштето ја почитува постапката за премин од едно во друго училиште. При преминот во друго училиште ги доставува значајните информации за образовниот развој на ученикот, при премин на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема во предвид при понатамошната образовна работа со ученикот. |

**Собирање на податоци** ***Кои податоци се собрани: Кои методи се користени.***
**(и) Обработка на документи**

| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
|---|---|
| **2.3 Повторување на учениците**<br>♣ **Интерни училишни акти**<br>♣ **Анализа на успехот на учениците** | Помал е бројот на ученици кои ја повторуваат годината и училиштето превзема мерки за напредок на учениците и ги запознава родителите со активностите кои ги презема. Во училиштето се прават напори за надминување на појавата за повторување на годината од страна на учениците преку заедничка соработка со наставниот кадар во училиштето. Во училиштето се почитуваат законски и статутарни правила и процедури при повторување на учениците. Им се овозможува поднесување на примедби и жалби во одреден рок до Наставнички совет, кој ја разгледува, прифаќа или одбива истата.<br><br>Во училиштето последните две учебни години има ученици кои се упатени на испит на годината или на поправен испит, од кои некои и ја повторуваа годината, и тоа во учебната 2022/23 год. 5 ученици, а во 2023/24 само 2 ученика. |

| | |
|---|---|
| ♣ **Увид во педагошката евиденција и документација**<br>♣ **Разговор со ученици, родители и стручната служба.**<br>♣ **Записници од наставнички совет на училиштето** | Училиштето превзема активности за следење на учениците, како дополнителната настава во текот на годината, работа на педагошката служба со учениците кои имаат потешкотии во учењето. Се организираат и работилници кои се одржуваат од страна на психологот, а секако придонесуваат и задолжителните подготовки пред поправните испити во јунскиот и августовскиот испитен рок. Училиштето постојано ги следи учениците со послаб успех и презема мерки за подобрување на успехот, но незаинтересираност на одредени ученици, а и родителите, придонесува за повторување на годината. |

| **Собирање на податоци** ***Кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)*** | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| **Интервју со ученици** | **Фросина Спасевска Микулчиќ** | Учениците по прашањето во однос на наставниот процес се изјаснија дека во наставата се користат разновидни форми и методи со цел да се постигнат предвидените цели во наставата. Дали се користат различни материјали (учебници, збирки, интернет) во наставата за мотивирање на учениците да учат и да се побуди интерес кон темите што се изучуваат, тие се согласуваат дека со тоа што училиштето досега располага е во ред, но би можеле сите наставници еднакво да се потрудат да користат што повеќе извори на информации.<br>Учениците сметаат дека поголем број од наставниците се однесуваат кон учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање, но има и дел кои се однесуваат незаинтересирано и важно им е само да се предаде наставниот материјал и не вложуваат дополнителен труд.<br>Во однос на прашањето, дали наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат, сметаат дека најголем број од наставниците ги охрабруваат, а многу малку од учениците се изјаснија негативно.<br>Учениците се задоволни од тоа дека учениците и наставниците заеднички работат на различни проекти во и надвор од училиштето, но би можело да бидат вклучени поголем број на ученици и на сите да им се даде шанса да го покажат своето знаење, дури и оние со послаб успех кои во некои области имаат знаење. Сметаат дека училиштето навремено ги идентификува сите пречки и превзема активности за нивно отстранување.<br>Во однос на прашањето, дали знаењата стекнати во текот на часот им овозможуваат да одговорат на барањата на наставниците (домашни работи, усни одговори, писмени работи, истражувања и проекти), поголем дел од учениците дадоа потврден одговор, а мал дел одговорија дека знаењата делумно им овозможуваат да одговорат на барањата на наставниците.<br>Учениците сметаат дека наставниците при оценувањето им посочуваат како да да ја подобрат својата работа и успех. Исто така учениците беа и самокритични, посочувајќи дека стекнатите знаења и нивната примена зависи и од вниманието и дисциплината на часот, почитта кон наставниците, интересот на учениците, активноста, дополнителен труд. |

| | | |
|---|---|---|
| **Интервју со наставници** | **Фросина Спасевска Микулчиќ** | Голем дел од наставниците за да го привлечат вниманието на учениците, за постигнување на подобри резултати, ги прилагодуваат своите предавања според структурата на класовите, го модернизираат наставниот процес преку примена на современи наставни облици, техники и средства за работа како и примена на информациско-комуникациски технологии во наставата.<br>За да се подобрат постигнувањата и знаењата на сите ученици, сметаат дека треба учениците да ги вклучуваат во дополнителна настава, воннаставни активности, секции, разни натпревари, да се вложуваат во поинтересен пристап преку креативна работа, во соработка со стручната служба да се работи на подобрување на успехот и редовноста на учениците. интерактивни методи, дебати, квизови, дискусии, работа во групи, парови, користат е-учење, работа на проекти, истражувања, го почитуваат мислењето на ученикот и сл.<br>За зголемување на мотивацијата кај учениците за постигнување на повисоки резултати наставниците велат дека организираат: интерактивни методи, дебати, квизови, дискусии, работа во групи, парови, користат е-учење, работа на проекти, истражувања, го почитуваат мислењето на ученикот и сл. Исто така и учениците со подобар успех треба да бидат вклучени во додатна настава и активности да се подготвуваат за натпревари. |
| **Интервју со родители** | **Фросина Спасевска Микулчиќ** | Најголем број од испитаниците сметаат дека знаењата кои ги стекнуваат учениците им помагаат при снаоѓање во сегашни, идни и професионални ситуациии, во осамостојувањето и иницијативноста. Исто така, дел од испитаниците сметаат дека училишните знаења им се доволни на учениците да можат да се вклучат во работен однос за којшто се образуваат, и сметаат дека овие знаења им се делумно доволни на учениците да одговорат на барањата на професорот.<br>Поделено е мислењето дека учениците ги прошируваат интересите при вклучување во воннаставни активности. Дел од испитаниците сметаат дека додатната настава го збогатува знаењето на учениците. Најголем број од испитаниците тврдат дека нивното дете ги почитува правилата за однесување во училиштето и при работата на часот и дека нивното дете учествува во животот на училиштето и локалната заедница.<br>Во разговорите со родителите се покажува дека најнапред родителите се консултираат со раководителите на паралелките за успехот на учениците, а потоа и со предметните наставници. Голем дел се обраќаат и во педагошката служба. Родителите се задоволни од работата на училиштето, дел се задоволни од успехот кој го постигнуваат учениците, дел сметаат дека учениците можат да постигнат и повеќе, доколку се вложат повеќе и наставниците и учениците.<br>Сметаат дека наставниците треба да најдат начини како да го привлечат вниманието на учениците. Да се истакнуваат јавно учениците кои имаат значајни постигнувања на видно место во училиштето, да бидат на некој начин наградени од училиштето, со што би се мотивирале и останатите ученици активно да се вклучат во наставата и активностите. |
| **Интервју со Стручна служба** | **Фросина Спасевска Микулчиќ** | Педагошко-психолошката служба има активна соработка со учениците и родителите како и со предметните наставници во поглед на успехот на учениците. Учениците и родителите често се обраќаат до службата за да побараат совет како да поправат одредена оцена.<br>Од друга страна психолошко- педагошката служба води евиденција за успехот на учениците, особено за учениците со повеке слаби оцени кои се повикуваат на разговор и се мотивираат за подобрување на успехот. Со родителите на овие ученици се одржуваат состаноци на кои се разговара за причините и се предложуваат начини за подобрување на успехот и поведението на учениците. Се одржуваат и групни советувања со родителите на учениците со повеќе слаби оценки и изостаноци, со цел истите да го подобрат успехот и редовноста на наставата. |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Интервју со Директор** | **Фросина Спасевска Микулчиќ** | Согласно разговор со Директорот на училиштето, успехот на учениците се следи преку редовни состаноци на Советите на паралелка, Наставнички Совет,Советот на родители, Активите и Ученичката заедница, на кои се дискутира за постигнувањата на учениците. На состаноците, се изнесуваат мислења за подобрување на успехот и редовноста на учениците, од кои понатаму произлегуваат конкретни мерки кои се превземаат во таа насока. | | | | | | |
| **Прашалник за ученици** | **Фросина Спасевска Микулчиќ** | **За анализа извршена е анкета со 50ученици и добиени се следните резултати изразени во проценти (%):** | | | | | | |
| | | **Прашања** | **Незначајно** | **Значајно** | **Многу значајно** | **Неточно** | **Делумно точно** | **Точно** |
| | | 1. Знаењата стекнати во училиштето ми овозможуваат подобро да се снаоѓам во сегашниот и идниот приватен и професионален развој. | 0 | 21 | 79 | 0 | 25 | 75 |
| | | 2. Знаењата стекнати во училиштето ми помагаат во снаоѓање во нови и непознати ситуации. | 3 | 17 | 80 | 16 | 26 | 58 |
| | | 3. Способен/на сум да ги поврзувам знаењата кои сум ги стекнал/а по еден предмет со знаењата кои сум ги стекнал/а по другите наставни предмети. | 0 | 22 | 78 | 0 | 24 | 76 |
| | | 4. Знаењата стекнати во училиштето ми овозможуваат да можам (без додатни часови) да одговорам на барањата на писмените работи, контролните задачи и усмените проверувања. | 0 | 43 | 57 | 14 | 34 | 52 |
| | | 5. Успехот што го постигнувам (оценките) се резултат од големиот поттик и помош што ги добивам од моите наставници. | 0 | 22 | 78 | 29 | 31 | 40 |
| | | 6. Запознат сум со воннаставните активности кои ги организира училиштето. | 0 | 31 | 69 | 19 | 29 | 52 |
| | | 7. Воннаставните активности одговараат на моите интереси. | 2 | 31 | 67 | 11 | 41 | 58 |
| | | 8. Воннаставните активности се одржуваат во точно одредено време кое не се поклопува со часовите од Редовнатанастава. | 0 | 30 | 70 | 0 | 45 | 55 |
| | | 9. Информиран сум за воннаставните активностикои се организираат надвор од училиштето. | 0 | 31 | 69 | 0 | 62 | 38 |
| | | 10. Свесен/на сум за тоа колку се корисни секциите во училиштето. | 0 | 22 | 78 | 0 | 36 | 64 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 11. Доброволно (без притисок на наставниците) се одлучувам за учество во некоја секција. | 0 | 15 | 85 | 0 | 20 | 80 |
| | | 12. Часовите по додатна настава ми се интересни и привлечни. | 14 | 21 | 65 | 10 | 29 | 61 |
| | | 13. Часовите по додатна настава ми помагаат да ги збогатам и усовршам своите знаења. | 12 | 23 | 65 | 11 | 29 | 60 |
| | | 14. Наставниците ме охрабруваат да учествувам во натпревари. | 0 | 47 | 53 | 13 | 20 | 67 |
| | | 15. Наставниците ми помагаат да се подготвам за натпревари. | 0 | 11 | 89 | 2 | 18 | 80 |
| | | 16. Го почитувам Кодексот на однесување во училиштето. | 0 | 7 | 93 | 0 | 10 | 90 |
| | | 17. Ги почитувам мислењата на другите. | 0 | 1 | 99 | 0 | 8 | 92 |
| | | 18. Ги задоволувам своите потреби без да ги загрозам потребите на другите. | 0 | 13 | 87 | 0 | 14 | 86 |
| | | 19. Ги анализирам сопствените и туѓите идеи, предлози и решенија кога работам во пар или во група. | 0 | 17 | 83 | 0 | 13 | 87 |
| | | 20. Ја почитувам и негувам културата и традицијата на својот народ и на другите народи и држави. | 0 | 10 | 90 | 0 | 13 | 87 |
| | | 21. Со своите постапки придонесувам за зачувување на природата и животната средина. | 0 | 5 | 95 | 0 | 13 | 87 |
| **Прашалник за наставници** | **Фросина Спасевска Микулчиќ** | **За анализа извршена е анкета со 15 наставници и добиени се следните резултати изразени во проценти (%):** | | | | | | |
| | | **Прашања** | **Незначајно** | **Значајно** | **Многу значајно** | **Неточно** | **Делумно е точно** | **Точно** |
| | | 1. Знаењата стекнати на моите часови им овозможува на учениците подобро да се снаоѓаат со сегашниот и идниот приватен и професионален живот. | 0 | 28 | 72 | 0 | 35 | 65 |
| | | 2. Знаењата стекнати во училиштето им помагаат на учениците да се снаоѓаат во нови и непознати ситуации. | 0 | 22 | 78 | 0 | 23 | 77 |
| | | 3. Знаењата стекнати во училиштето им помагаат на учениците во нивното осамостојување и иницијативност. | 0 | 30 | 70 | 0 | 29 | 71 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 4. Моите ученици се оспособени да ги поврзуваат знаењата кои ги стекнале по еден предмет со знаењата кои ги стекнале по другите наставни предмети. | 0 | 21 | 79 | 0 | 45 | 55 |
| | | 5. Знаењата стекнати во училиштето им овозможуваат на учениците да можат (без додатни часови) да одговараат на барањата на писмените работи, контролните задачи и усмените проверувања. | 0 | 36 | 64 | 0 | 28 | 72 |
| | | 6. Успехот на учениците (оценките) се резултат на мојата работа и залагање. | 6 | 30 | 64 | 13 | 29 | 58 |
| | | 7. Ги советувам учениците да се приклучат во некоја од воннаставните активности кои ги организира училиштето. | 4 | 24 | 72 | 8 | 8 | 84 |
| | | 8. Употребувам разни методи и форми на работа | 6 | 26 | 68 | 0 | 13 | 87 |
| | | 9. Континуирано ги набљудувам и вреднувам напредувањата на моите ученици. | 9 | 6 | 85 | 9 | 6 | 85 |
| | | 10. Користам бројни наставни сретства со чија помош би го привлеков вниманието на учениците и би ја зголемил мотивираноста. | 19 | 26 | 55 | 24 | 12 | 64 |
| | | 11. Одбирам примери и задачи кои се по интересни за учениците. | 0 | 14 | 86 | 0 | 9 | 91 |
| | | 12. Ги охрабрувам учениците да поставуваат прашања. | 0 | 15 | 85 | 0 | 7 | 93 |
| | | 13. Давам додатни објаснувања на барање на учениците. | 0 | 8 | 92 | 0 | 4 | 96 |
| | | 14. Ги поттикнувам учениците на самостојно стекнување на додатни знаења и вештини. | 0 | 8 | 92 | 0 | 20 | 80 |
| | | 15. Ги упатувам учениците да користат додатна литература неопходна за самостојно стекнување на дополнителни знаења и вештини. | 0 | 20 | 80 | 0 | 16 | 84 |
| | | 16. Ги пофалувам и наградувам учениците кои самостојно стекнуваат дополнителни знаења и вештини. | 0 | 4 | 96 | 0 | 16 | 84 |
| | | 17. Ги поттикнувам учениците на мисловна активност. | 0 | 6 | 94 | 0 | 4 | 96 |
| | | 18. Учениците ги учам да го почитуваат дугото мислење | 8 | 4 | 88 | 0 | 12 | 88 |
| | | 19. Ги поттикнувам учениците да ги задоволуваат своите потреби без да ги загрозат потребите на другите. | 4 | 4 | 92 | 0 | 12 | 88 |
| | | 20. Ги поттикнувам учениците да го развиваат своето критичко мислење. | 0 | 8 | 92 | 0 | 8 | 92 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 21. Учениците ги упатувам на правилата за правилно однесување во група или пар. | 0 | 12 | 88 | 0 | 12 | 88 |
| | | 22. Ги учам учениците да ја почитуваат и негуваат традицијата и културата на својот народ и на другите народи и држави. | 0 | 28 | 72 | 0 | 28 | 72 |
| | | 23. Ги упатувам учениците како да ги запознаат сопствените способности и сопственостите на другите. | 0 | 8 | 92 | 0 | 20 | 80 |
| | | 24. Ги поттикннувам учениците на солидарност на грижа едни за други а посебно во случаеви кога се работи за етнички, расни и верски предрасуди. | 0 | 3 | 97 | 0 | 3 | 97 |
| | | 25. На учениците им укажувам колку е значајно да се чува и заштитува природата и животната средина. | 0 | 0 | 100 | 0 | 8 | 92 |
| | | 26. На учениците им укажувам колку е значајно да се одржува личната хигиена и сопственото здравје. | 0 | 5 | 95 | 0 | 10 | 90 |
| | | 27. Ги поттикнувам учениците на активно учество во случувањата во училиштето и локалната заедница. | 0 | 11 | 89 | 0 | 12 | 88 |

| **Прашалник за родители** | **Фросина Спасевска Микулчиќ** | **За анализа извршена е анкета со 20 родители и добиени се следните резултати изразени во (%):** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Прашања** | **Незначајно** | **Значајно** | **Многу значајно** | **Неточно** | **Делумно е точно** | **Точно** |
| | | 1. Знаењата стекнати во училиштето му овозможуваат на моето дете подобро да се снаоѓа во сегашниот и идниот приватен и професионален живот. | 0 | 14 | 86 | 10 | 19 | 71 |
| | | 2. Знаењата стекнати во училиштето на моето дете му помагаат да се снаооѓа во нови и непознати ситуации. | 0 | 13 | 87 | 8 | 22 | 70 |
| | | 3. Учениците имаат способност да ги поврзат знаењата кои ги стекнале по еден наставен предмет со знаењата кои ги секнале по другите наставни предмети. | 0 | 27 | 73 | 0 | 43 | 57 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 4. Знаењата стекнати во училиштето му овозможуваат на моето дете да може (без додатни часови) да одговори на барањата на писмените работи, контролните задачи и усмените проверувања. | 2 | 28 | 70 | 0 | 42 | 58 |
| | | 5. Успехот што го постигнува моето дете е резултат на големиот поттик и помош што ги добива од наставниците. | 5 | 15 | 80 | 13 | 20 | 67 |
| | | 6. Запознат/а сум со воннаставните активности кои ги оранизира училиштето. | 0 | 16 | 84 | 16 | 24 | 60 |
| | | 7. Воннаставните активности одговараат на интересите на моето дете. | 0 | 13 | 87 | 15 | 27 | 58 |
| | | 8. Информиран сум за воннаставните активности кои се организираат надвор од училиштето (проекти од областа на струката, спортски натпревари, културни, училишни манифестации и сл.). | 0 | 12 | 88 | 16 | 26 | 58 |
| | | 9. Учениците доброволно (без притисок од наставиците) се одлучуваат за учество во некоја секција. | 0 | 6 | 94 | 4 | 26 | 70 |
| | | 10. Часовите по додатна настава му помагаат на моето дете да ги збогати и усоврши своите знаења. | 0 | 20 | 80 | 0 | 29 | 71 |
| | | 11. Советите кои ги упатувам до моето дете се да ја почитуваат и негуваат културата и традицијата на својот народ и на другите народи и држави. | 0 | 0 | 100 | 0 | 0 | 100 |
| | | 12. Учениците со своите постапки придонесуваат за зачувување на природата и животната средина. | 0 | 7 | 93 | 0 | 18 | 82 |

**Резултати:** ***Овде треба накратко да ги образложите клучните јаки страни и слабости***

**Клучни јаки страни:**

1. Континуирано следење на постигнувањата на учениците и преземање активности за нивно подобрување.
2. Изработка на извештаи за сите квалификациони периоди и водење на уредна педагошка евиденција.
3. Соработка меѓу учениците, наставниците, родителите и стручните служби.
4. Навремено известување на родителите за напредокот на учениците, но и за нередовноста и поведението.
5. Редовно и навремено советување на родители и ученици со намален успех и нередовност во наставата.
6. Односите помеѓу наставникот и учениците и наставникот и родителите се коректни и на професионално ниво.
7. Учества на учениците на натпревари и постигнување на високи резултати на натпревари, саеми, фестивали, конкурси.
8. Модернизирање на наставниот процес преку примена на современи наставни облици, техники и средства за работа како и примена на информациско-комуникациски технологии во наставата, современ пристап во планирањето со користење на нови методи условени од општествено-економските услови и современиот начин на работење и живеење.
9. Успешна соработка меѓу училиштето и фирмите,што им овозможуваат на учениците дел од наставата да реализираат во фирми и да се стекнат со квалитетни, практично применливи знаења и вештини-дуално образование.

**Слабости:**

1. Учениците не се сите доволно вклучени во вонраставни активности и соработки со други училишта, факултети и нови проекти,
2. Работата на час и индивидуалната работа дома, не се доволни за да можат да одговорат на барањата на писмените работи, контролните задачи и усните проверувања.
3. Наставниците не сите користат повеќе извори на информации.
4. Недостасуваат обуки за наставници во врска со менталното здравје на учениците и ученици со посебни образовни потреби.
5. Недоволна активност кај учениците.
6. Намалена редовност во наставата.
7. Недоволна мотивираност кај учениците за подобрување на квалитетот на знаењата и подобрување на целокупниот успех.
8. Недоволна присутност на родителите во животот и работата на училиштето.

| **Анализа на резултатите:** ***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје*** |
|---|
| Од направениот увид во гореспоменатите документи: *Годишна програма за работа на училиштето, Записници од Совет на паралелки, Извештај од реализирана посета на часови, Дневници за работа на паралелка, Записници од Наставнички совет, Записници од совет на родители, Записници од стручни активи, Податоци и анализи: Педагошко-Психолошка служба, Записници од советување на родители и ученици, Записници за работа со ученици и родители во педагошко-психолошката служба, Извештај за работа на училиштето, Записници од Училишен одбор, Записници од испитните одбори за завршен испит за III- година, Записници од училишна матурска комисија, Програма за работа на училиштето, Извештаи за работа на училиштето, Увид во педагошка евиденција и документација, Записници од средби со родители и сл., Записници од стручната служба, Извештаи од спроведени советувања и посетеност на истите, Записници за изрекување на педагошки мерки, Записници од родителски средби, Записници од приемни денови, Извештаи за отпишани и запишани ученици во текот на учебната година, Интерни училишни акти, Анализа на успехот на учениците, Увид во педагошката евиденција и документација, Разговор со ученици, родители и стручната служба., Записници од наставнички совет на училиштето*, може да се заклучи дека состаноците редовно се одржуваат и документацијата се изготвува, се следи успехот и постигањата на учениците и се разгледуваат предлог мерки за нивно подобрување. По завршувањето на првото и второто тримесечие, полугодието и крајот на наставната година се изготвуваат статистички извештаи за постигнатиот успех и поведение на секој ученик посебно, по наставни предмети, по образовни профили и по години. На тој начин е обезбеден целосен преглед од постигнувањата на учениците и дадена е можност за нивна анализа доколку за тоа има потреба. Стручната служба во соработка со родителите, класните раководители и наставниот кадар активно се вклучува во советодавна работа со учениците кои покажуваат асоцијално однесување, нередовност и слаб успех, советодавна работа со родителите чии деца побрзо напредуваат, или пак имаат проблеми во учењето, редовноста и дисциплината. Бројот на запишани ученици бележи значителен пораст. Успехот на ниво на училиште е на задоволително ниво. Од спроведената анкета може да се заклучи дека за да се подобри квалитетот на училишните знаења кои потоа учениците би ги искористиле во различни животни, професионални и идни ситуации потребна е поголема ангажираност од страна на наставниците, но највеќе од страна на учениците и родителите. |

**Идни активности:** ***Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето***

1. **Да се организираат воннаставни активности што ќе одговараат на интересот на учениците и ќе бидат достапни за сите ученици, со цел да се вклучат и оние со послаб успех, со што би се подобрил и успехот и редовноста, а и мотивираноста на учениците.**
2. **Да се подобри редовноста на редовната и дополнителната настава.**
3. **Да се користат почесто различни извори на информации, нагледни средства и лабораториите во училиштето со цел учениците да стекнат поквалитетни знаења и вештини што лесно ќе ги применуваат во приватниот и професионалниот живот.**
4. **Организирање на различни обуки на наставниците за нивно стручно усовршување, менталното здравје на учениците, како и обуки за работа со ученици со посебни потреби.**
5. **Да се превземат активности со кои би се зголемила мотивираноста и активноста на учениците за подобрување на квалитетот на знаењата и подобрување на целокупниот успех.**
6. **Да се вклучат поактивно родителите во животот и работата на училиштето.**

**Самоевалуација на СЕТУ на ГС „Михајло Пупин“ Скопје**

**Подрачје 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА**

**Индикатори за квалитет:**

- **3.1 Планирања на наставниците**
- **3.2. Наставен процес**
- **3.3. Искуства на учениците од учењето**
- **3.4 Задоволување на потребите на учениците**
- **3.5 Оценувањето, како дел од наставата**
- **3.6 Известување за напредокот на учениците**

**Собирање на податоци:** ***Кои податоци се собрани; Кои методи се користени.***
**(и) Обработка на документи**

| Наведете ги сите документи кои се прегледани. | Кои информации се собрани? |
|---|---|
| **Годишни планирања** | Училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата и планирањата на наставниците. Поддршката која училиштето им ја дава на наставниците за поефикасно планирање на часовите се спроведува преку следните активности:<br><br>-обезбедување на наставни планови и програми од Бирото за развој на образованието<br>-соработка со педагошко-психолошката служба<br>-посета на часови од страна на директор,педагог,психолог<br>-учество на наставниците на обуки и семинари<br>-компјутери<br>-кабинети за работа<br>Индивидуалните планирања што наставниците ги изработуваат за реализација на наставните планови и програми се: годишен глобален план, планирање на модуларна единица и оперативен план за наставен час, план за додатна и дополнителна настава.<br>Во училиштето сите наставници изготвуваат годишни и планирања на модуларни единици според работниот календар, кои на почетокот од секоја учебна година ги доставуваат до педагошко – психолошката служба во електронска форма. Во планирањата јасно се определени составните елементи: планирани цели, очекувани исходи, методи и техники на работа.<br>Планирањата се следат од педагошко-психолошката служба на почетокот на учебната година и во текот на годината при посетите на часови на наставниците.<br>Во учебната 2022/2023 год. во училиштето 59 наставници држеле теоретска настава, практична настава и лабораториски вежби.<br>Сите ја планирале наставата, преку годишни планирања, планирања на модуларни единици и на наставни часови. До педагошко-психолошката служба доставиле планирања вкупно 58 предметни наставници, а **1 не доставил**.<br>- Годишните глобални, планирањата на модуларни единици и дневните планирања беа доставувани во електронска форма.<br>Кај поголем дел од наставниците предадените планирања се целосни, односно содржат глобално годишно планирање, планирања за секоја модуларна единица и планирање на наставен час од секоја тема, додека помал дел наставниците предале делумни планирања (без планирања за наставен час, тестови, писмени и контролни работи – **5 наставници**).<br>- Планирања на слободните часови на училиштето реализирале и изработиле 5 наставници.<br>- Планирања за класен час од вкупно 34, доставиле 33 класни раководители.<br>- План за работа на класната заедница не изработил ниту еден класен раководител. |

| | |
|---|---|
| | - <u>Интегрирани МИО содржини</u> (меѓуетничка интеграција во образованието) има во планирањата на вкупно 36 предметни наставници.<br>- <u>Интегрирани ЕКО содржини</u> (екологија) има во планирањата на вкупно 45 предметни наставници.<br>- <u>Годишно планирање за реализација на дополнителна и додатна настава</u> доставиле 52 наставници.<br>- <u>Програма за работа со ученици со посебни образовни потреби</u> доставиле сите предметни наставници кои имаат ученик за кој е изработен Индивидуален образовен план.<br>- <u>Планирања за воннаставни активности и натпревари</u> не доставил ниту еден наставник.<br>- <u>Критеруими за оценување</u> доставиле 41 предметен наставник.<br>- <u>План за соработка со родители</u> не доставил ниту еден наставник.<br><br>Годишни и тематски планирања за работа изготвиле педагогот, психологот и библиотекарот на училиштето.<br><br>Во учебната 2023/2024 год. во училиштето 62 наставници држеле теоретска настава, практична настава и лабораториски вежби.<br>Сите ја планирале наставата, преку годишни планирања, планирања на модуларни единици и на наставни часови. До педагошко-психолошката служба доставиле планирања вкупно 53 предметни наставници, а **9 не доставиле.**<br>- <u>Годишните глобални, планирањата за модуларни единици и дневните планирања</u> беа доставувани во електронска форма.<br>Кај поголем дел од наставниците предадените планирања се целосни, односно содржат глобално годишно планирање, планирање за секоја модуларна единица и планирање на наставен час од секоја модуларна единица. Помал дел од наставниците предале делумни планирања (без планирања за наставен час - 12 наставници).<br>- <u>Планирања на слободните часови на училиштето</u> реализирале и изработиле 4 наставници.<br>- <u>Планирања за класен час</u> од вкупно 34, доставиле 26 класни раководители.<br>- <u>План за работа на класната заедница</u> не изработил ниту еден класен раководител.<br>- <u>Интегрирани МИО содржини</u> (меѓуетничка интеграција во образованието) има во планирањата на вкупно 39 предметни наставници.<br>- <u>Интегрирани ЕКО содржини</u> (екологија) има во планирањата на вкупно 48 предметни наставници.<br>- <u>Годишно планирање за реализација на дополнителна и додатна настава</u> доставиле 45 наставници.<br><u>Програма за работа со ученици со посебни образовни потреби</u> доставиле сите предметни наставници кои имаат ученик за кој е изработен Индивидуален образовен план.<br>- <u>Планирања за воннаставни активности и натпревари</u> не доставил ниту еден наставник.<br>- <u>Критеруими за оценување</u> доставиле 34 предметни наставници.<br><u>План за соработка со родители не</u> доставил ниту еден наставник.<br><br>Годишни и тематски планирања за работа изготвиле педагогот, психологот и библиотекарот на училиштето. |

| | |
|---|---|
| **Планирања на модуларни единици** | Во училиштето, наставниците имаат изготвено планирања на модуларни единици според работниот календар, кои на почетокот на учебната година заедно со годишните планирања ги доставуваат до стручната служба во електронска форма. Планирањата на наставниците ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на темата. Во зависност од наставниот материјал и типот на часот учењето е помалку или повеќе активно и динамично. Наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка, мотивирање, разбирање без оглед на пол, социјално потекло и национална етничка и религиозна припадност и независно од нивните квалитети, интереси, умеења, знаења и вештини.<br>Од прегледаните тематски планирања може да се заклучи дека во нив е вметната примената на ИКТ, во законски предвидената рамка. Наставниците користат различни извори и приоди на учење и не се ограничуваат исклучиво на одобрените учебници, туку користат и дополнителна литература и извори од интернет, а насоки за користење на интернет наставниците им даваат и на учениците.<br>Во наставните предмети поголем дел од наставниците интегрираат и содржини од програмата “Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем”. Избраните еко – содржини т.е. точки на акција од еко-стандардите се во голем број и се доста добро поврзани со предметите и содржините кои одговараат на возраста на учениците и овозможуваат соодветно поврзување на предметите, истражување, анализирање, изнаоѓање на решенија со комбинирање на идеи и сл. Сето ова допринесува преку нив да се развие еколошката свест кај учениците.<br>39 наставници интегрираат содржини во рамки на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието. |
| **Дневни планирања** | Дневни подготовки наставниците доставуваат во електронска форма (по еден час од секоја модуларна единица) и во нив ја обработуваат содржината којашто ќе ја предаваат. Формуларот кој се користи за изработка на дневната подготовка содржи податоци за: наставниот предмет, предметниот наставник, модуларната единица со датум на реализација, тип на часот, цели кои треба да се постигнат на часот, како и планираните активности на наставникот и на ученикот, планираните наставни методи (техники) и форми на наставна работа, наставни средства и помагала, примена на ИКТ во наставата, интегрирање со сродни предмети/содржини, користена литература, согледување на наставникот од реализацијта на наставниот час, текот на часот кој е поделен во три фази (вовед; главен дел и завршен дел).<br>Од дневните планирања може да се заклучи дека наставниците во своите планирања користат разновидни наставни методи (техники) и форми на работа кои се соодветни на потребите на учениците, како и стратегии и техники на учење и поучување. Исто така користат добро испланирани форми за да работат со учениците: индивидуално, во парови – тандем, во групи или со цела паралелка – фронтално. На овој начин се развиваат индивидуалните вештини за учење на секој ученик, како и вештините за соработка и комуникација притоа користејќи ги наставните методи: разговор; прикажување; аналитичко размислување; практична работа; демонстративна; графичко прикажување; компјутерска симулација; лабораториско-експериментални; текст методи; методи за активно учество на учениците во наставата (листа на аналитичко оценување; самооценување; дебатирање; играње улоги; интервју; развивање на критичко размислување со помош на водич за очекување на реакција; ученички прашања за целисходно учење во наставата...)<br>Со помош на современите методи за активно учество на учениците во наставата кај нив се развиваат индивидуалните вештини, како и вештините за соработка и комуникација, решавање на проблеми и одлучување, самооценување, развивање на критичко размислување, истражување и лидерство, како и да сфатат како можат активно и независно да учат. |

| | |
|---|---|
| **Планирања за дополнителна и додатна настава** | Педагошко – психолошката служба по предлог од класните раководители и согласно изборот на ученикот изготвува списоци на ученици кои треба да посетуваат додатна и дополнителна настава по соодветните наставни предмети најмногу по два предмети месечно по кои покажуваат незадоволителни резултати, или по два предмети за додатна настава за ученици кои сакаат да ги прошируваат своите знаења, и кои се подготвуваат за регионални и државни натпревари.<br>За да се реализира дополнителна и додатна настава секој наставник треба да има изработено годишно планирање во кое го наведува наставниот предмет, целите на дополнителната и додатната настава, методите на наставата, нагледните средства и материјали, потребната литература и наставните теми и содржини со одредено време за нивна реализација.<br>Дополнителната настава се однесува за ученици на кои им е потребна помош при совладување на содржините од наставните планови и кои не можат да ги усвојат за време на редовната настава, додека пак додатната настава се однесува на талентирани и надарени ученици кои имаат солидно познавање и покажуваат забележителен интерес кон предметот, како и оние ученици кои се подготвуваат за учество на натпревари.<br>Во однос на реализација на часови за дополнителна и додатна настава за учебната 2022/2023 и 2023/2024 година, може да се заклучи дека поголем дел од наставниците доставуваат планирање. |
| **Дневници за работа на паралелките** | Во дневниците за работа на паралелките запишана е листата на предмети кои се изучуваат во паралелката, име и презиме на наставниците кои го предаваат предметот, неделен фонд на часови и период на реализација на наставата, евидентирани се податоци на учениците (име, презиме) со адреси на живеење, податоци за родител/старател и преглед на изостаноци на месечно ниво. Исто така запишани се и распоредите на часови на паралелката.<br>За секој одржан час запишана е наставната содржина и редниот број на часот на македонски јазик со кирилско писмо, а часовите по англиски јазик се запишани на англиски јазик.<br>На првиот класен час, класниот раководител ги запознава учениците со наставниот план за учебната година што следи, предметните наставници, и распоредот на часови на паралелката, а во прва година ги запознава и со кодексот на однесување во училиштето.<br>На крајот на првото полугодие се пополнува извештај за планирани и реализирани часови во паралелката.<br>Во учебните 2022/2023 и 2023/2024 година реализацијата на часовите и наставните предмети е 100%.<br>Во дневниците за работа на паралелките се водат записници од одржаните Совети на паралелките (кои се одржуваат еднаш месечно редовно, и вонредно доколку постои потреба од истото) во кои е евидентиран дневниот ред на состанокот, реализација на наставната програма согласно годишните планирања по предмети, анализа на успехот на учениците по ученик и по предмети, анализа на редовноста, педагошки мерки и сл.<br>Во дневниците на паралелките се евидентираат најмалку 5 родителски средби, по една на почетокот на учебната година, по првото тромесечие, по првото полугодие, по второто тромесечие и на крајот од наставната година.<br>По завршувањето на родителските средби со класните раководители, родителите може и лично да ги исконтактираат и сите предметни наставници кои предаваат во паралелката со цел подобро да се информираат за постигањата на учениците.<br>Во училиштето се одржува дополнителна и додатна настава, согласно законот за средно образование, во текот на целата наставна година, според неделниот распоред за одржување на часовите објавен на огласна табла во наставничката канцеларија. Одржаните часови се евидентираат на предвиденото место во дневниците за работа на паралелката. |

| | |
|---|---|
| | Во текот на наставната година во дневниците се евидентираат и слободните часови на училиштето по наставни содржини и присутни ученици во чии рамки учениците реализираат Проектни активности, како и слободните ученички активности.<br>Во рамките на здравствената заштита и во 2022/2023 и во 2023/2024 учебна година реализирани се систематски прегледи за учениците од прва година, вакцинации за учениците од четврта година, предавања за превенција од болести на зависности – дрога, алкохол, пушење од Здравствен дом Јане Сандански и предавање за сексуално преносливи инфекции и СИДА од Центарот за јавно здравје.<br>Во учебната 2022/2023 година ЦКРСМ – ОО Гази Баба - Скопје спроведе едукативно предавање на тема "Превенција од зависности"во рамки на одбележување на Месец на зависности.<br>Во учебната 2023/2024 се одржаа и следните активности: Едукативна претстава за ученици од III и IV година на тема "Планирање на семејство, сексуално преносливи инфекции, ХПВ инфекција, користење презервативи" во организација на МАГО; предавање од МВР и Клиника за пластична хирургија: „Петарди не-безбедност пред се!"; предавања на тема: "Раната детекција спасува живот" по повод одбележување недела на борба против рак, во соработка со Црвен крст на РСМ – Општинска организација Гази Баба – Скопје.<br>Секој предметен наставник задолжително ги внесува оценките и реализираните часови (број и содржина), додека пак класниот раководител ги внесува изостаноците и ги регулира сите останати податоци за класот. Предметните наставници секојдневно ги внесуваат потребните податоци, како изостаноци, содржина на часови, состаноци, забелешки и слично. Електронскиот дневник според дадените насоки од БРО и МОН секој месец се печати, се заверува и се чува во архива кај секретарот на училиштето. |
| **Записници од одржани состаноци од Совет на паралелка** | На Советите на паралелки се следи успехот на учениците по секој наставен предмет одделно. Наставникот на Советот го образложува постигањето на учениците и доколку има поголем број на негативни оценки (3 и повеќе слаби оценки) или повеќе од 100 изостаноци ги образложува причините за тоа на крајот од првото полугодие, и родителите на тие ученици се упатуваат на советување во педагошко – психолошката служба.<br>Записниците од Совет на паралелка се водат во посебна тетратка од страна на стручниот соработник – библиотекарот на учлилиштето, како и во дневникот за работа на секоја паралелка (пишан и електронски). Во нив се забележува присуството на предметните наставници, степенот на реализација на наставната програма и бројот на неоценети ученици, како и причината за истото од страна на секој предметен наставник поединечно.<br>Забележана е и редовноста на учениците (по ученик, клас и година), педагошките мерки за нередовно посетување на наставата кое е неоправдано, но и за облиците на некоректно и недозволено однесување на учениците согласно кодексот на училиштето. Исто така се запишуват и пофалбите на учениците кои покажуваат солидни резултати во однос на успехот, освоени награди во наставни и вонаставни активности и натпревари. Во записниците запишани се и предлог мерките за подобрување на успехот и редовноста на учениците (додатна и дополнителна настава). Исто така, покрај редовните Совети на паралелка кои се одржуваат секој месец, се свикуваат и вонредни Совети на паралелка доколку се јави потреба од истото. |
| **Записници од состаноци на Совет на родители** | Советот на родители го сочинуваат родители од сите паралелки од I, II, III и IV година, а се избира од страна на родителите за време на родителските средби на паралелките на ниво на училиште.<br>Состаноците на Советот на родители ги врши директорот на училиштето во соработка со педагошката служба и истите се водат според однапред подготвен дневен ред за работа.<br>Записник води стручниот соработник кој е присутен на состанокот.<br>Главните активности на советот на родители се насочени кон подобрување на квалитетот и работата во воспитно – образовниот процес на учениците, подобрување на условите за работа во наставниот процес, |

| | |
|---|---|
| | подобрување на дисциплината за време на часовите, подобрување на односот наставник – ученик и сл. Советот на родители врши и избор на член на Училишен одбор како и Претседател на советот на родители на ниво на училиште.<br>Секој родител како претставник на одреден клас ги изнесува и проблемите со кои учениците се среќаваат во класот, и ги изнесува предлог мерките за подобрување на состојбата во класовите. Заеднички се разгледуваат проблемите и се превземаат мерки за нивно надминување. Исто така изнесуваат предлози за подобрување на наставата и успехот, условите за работа, безбедноста, подобрување на мотивацијата за учење кое води до подобрување на успехот и сл.<br>Советот на родители дискутира и за предложени еднодневни и повеќедневни екскурзии на учениците. |
| **Критериуми за оценување на учениците** | Од страна на предметните професори по стручните предмети од нашето училиште изработени се интерни критериуми за оценување на постигањата на учениците, бидејќи од Бирото за развој на образованието постојат кртитериуми само за одредени општообразовни предмети.<br>Во учебната 2022/2023 година од вкупно 59 наставници кои реализирале настава, не предале критериуми за оценување 18 наставници, а 41 предметни наставници имаат доставено критериуми до стручната служба во училиштето.<br>Во учебната 2023/2024 година од вкупно 62 наставници кои реализирале настава, не предале критериуми за оценување 28 наставници, а 34 предметен наставник има доставено критериуми до стручната служба во училиштето.<br>Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на училиштето. Наставниците ги информираат учениците и родителите за начинот на работа и критериумите за оценување на почетокот од учебната година. Оценувањето е континуирано, јавно и оценката е образложена на секој ученик со факти и сугестии како ученикот да го подобри својот успех. Наставниците се стремат кон усогласување на критериумите за оценувањето со знаењата на учениците, почитувајќи ги критериумите и стандардите за оценување на веб страната на БРО.<br>Наставниците користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците, со цел тие да го постигнат својот максимум:<br>усни одговори, наставни ливчиња, чек листи, стандардизирани тестови и писмени работи (со повеќе тежински нивоа), домашни работи, изработка на проекти, квизови, практични вежби, активност и ангажираност во текот на часот.<br>Напредокот на учениците го следи и педагошко-психолошката служба, која информациите ги добива од советите на паралелка, класните раководители, и превзема активности во врска за подобрување на успехот, редовноста и однесувањето на учениците. |
| **Записници од Наставнички совет** | Наставничкиот совет го усвојува и утврдува успехот на учениците на првото и второто тромесечие, полугодието, крајот на наставната година, по поправните испити во јуни и август. По предлог на Советите на паралелките пофалени се учениците со одличен успех, учениците кои се талентирани, пофалени се и учениците кои земале учество во вонннаставните активности, но исто така се изрекуваат и педагошки мерки за ученици со поголем број на неоправдани изостаноци или недолично однесување за време на наставата или во училишниот објект.<br>Во училиштето има и процедури со кои се овозможува право на поднесување на приговори до наставнички совет, доколку тие ученици или нивните родители се незадоволни. На крајот на наставната година се избира најдобар клас според успех, редовност и поведение од завршните години, за изминатите три години и првото полугодие од четврта година. |

| | |
|---|---|
| | Покрај тоа, Наставничкиот совет изрекува пофалби за поединечни и тимски успеси на учениците и тоа: прогласување на ученик на генерација, пофалници за ученици за постигнат одличен успех и примерно поведение, ученици кои го претставиле училиштето на различни натпревари надвор од училиштето, како и талентирани ученици од електротехничка струка. |
| **Распоред на часови** | На почетокот на наставната го по предмети и дина двајца наставници го изработуваат распоредот на часови според кој се изведува редовната настава. При изработката на распоредот земени се во предвид фондот на часови на наставниците, смената во која работат (I и II година во една, а III и IV година во друга смена), наставници кои држат настава во други училишта и бројот на наставни предмети. Во текот на годината се прават промени на наставници и паралелки, а тоа повлекува и изменување на распоредот.<br>Распоредот е истакнат на видно место во наставничката канцеларија.<br>Освен распоредот за редовна настава, истакнат е и распоред на часови за додатна и дополнителна настава, кој се изработува според предлозите за термини за нивно одржување од страна на секој предметен наставник, на ист принцип како и распоредот за редовна настава. Во овој распоред се истакнати и термини за прием и средби со родители за секој предметен наставник. |
| **Протокол за следење на наставниот процес** | Педагошко – психолошката служба врз основа на изработен инструмент за следење на наставата ја планира и реализира посетата на часови, при што ја следи работата на наставниците и начинот на водење на часот, се со цел за подобрување на наставниот процес. Во учебната 2022/2023 година секој наставник е посетен еднаш во текот на полугодието, односно два пати во текот на наставната година од страна на педагогот, психологот, помошник директор или директорот на училиштето<br>Во учебната 2023/2024 година кај секој наставник е реализирана посета на час два пати во текот на наставната година од страна на педагогот, психологот, помошник директорот или директорот на училиштето. |

| **Собирање на податоци** ***Кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)*** | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| ➢ **Прашалник за ученици** | **Јелена Стојановиќ-Јосифовска**<br>**Софија Темкова** | Од прашалникот се добиени следниве информации:<br>На учениците им е многу значајно наставниците го користат расположливиот простор, опрема и услови за работа во училиштето и притоа да користат различни форми и методи за работа, но сметаат дека тоа делумно се применува. Наставниците не доволно ја прилагодуваат динамиката на работа на часот со можностите на учениците и не го резимираат обработеното градиво. Истотака учениците сметаат дека наставниците не доволно ги охрабруваат да ги изнесуваат своите мислења, не ги поттикнуваат учениците заеднички да доаѓаат до решенија на поставените задачи и да поставуваат прашања и да дискутираат и не ги упатуваат на истражувачка работа. Наставниците ги поттикнуваат учениците да учат по пат на откривање и решавање на проблеми, но не ги поттикнуваат учениците да си поставуваат долгорочни и краткорочни цели и да развиваат одговорност за сопствено напредување и постигнување резултати. Само половина од наставниците навремено ги информираат учениците за постигнатиот успех. |
| ➢ **Прашалник за наставници** | **Софија Темкова**<br>**Јелена Стојановиќ-Јосифовска** | Од прашалникот се добиени следниве информации:<br>Наставниците сметаат дека е точно и многу значајно дека со нивните планирања предвидуваат различни форми на работа, кои се во функција на поефикасно стекнување на знаења и развој на способности и вештини кај учениците. Многу значајно и точно дека во плановите на работа опфаќаат различни места на изведување на наставата кои се во функција на остварување на целите и задачите. Сметаат дека е многу значајно и делумно точно дека писмените проверки временски се усогласени со проверките по другите предмети, прават краткорочни корекции на нивните планови, кога некои од планираните задачи од оправдани причини не се оствариле. Значајно е и точно дека со нивните планови на работа ги постигнуваат пропишаните цели и задачи, нивните подготовки за реализација на часот имаат јасна структура, за подготовка на час користат интернет и други извори, кога се подготвуваат за час ги имаат во предвид разликите помеѓу учениците во напредувањето, знаењето и искуството, подготвуваат задачи за работа на час од различна тежина, пред обработка на ново градиво, проверуваат колку учениците го совладале претходното, ги почитуваат дидактичко – методските упатства кои се предвидени во наставната програма, го користат расположливиот простор, опрема и услови за работа во училиштето согласно поставените цели и задачи при реализација на наставата. Изработуваат наставни средства кои ги користат на час.Со учениците кои поспоро напредуваат реализираат дополнителна настава, со учениците кои побрзо напредуваат реализираат додатна настава, оценувањето го извршуваат според пропишаните правила за оценување на учениците, со помош на оценување го проверуваат степенот на усвоени знаења и ниво на разбирање, со помош на оценување ја проверуваат способноста на примена на стекнатите знаења и способности, при |

| | | |
|---|---|---|
| | | оценување ја имаат во предвид активноста на ученикот, им помагаат на учениците кои имаат тешкотии во совладувањето на програмата, проверката на постигнувањето на учениците ја остваруваат во сите фази на наставниот процес, ја почитуваат и остваруваат утврдената процедура за известување на напредувањата на учениците во училиштето.<br>Редовно комуницираат со родителите на учениците и навремено ги информираат за работата, успехот и однесувањето на учениците. |

## Самоевалуација на СЕТУ на ГС „Михајло Пупин“ Скопје Подрачје 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

**Собирање на податоци:** ***Кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)***

| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Прашалник за ученици** | **Јелена Стојановиќ-Јосифовска<br>Софија Темкова** | **За анализа извршена е анкета со 20 ученици и добиени се следните резултати изразени во %:** | | | | | | |
| | | **Тврдење/Исказ** | **Незначајно** | **Значајно** | **Многу значајно** | **Неточно** | **Делумно е точно** | **Точно** |
| | | 1) На часовите наставниците го остваруваат она што го планирале за обработка. | 0 | 25 | 70 | 0 | 45 | 55 |
| | | 2) Го користат расположливиот простор, опрема и услови за работа во училиштето согласно поставените цели и задачи при реализација на наставата. | 0 | 25 | 70 | 20 | 40 | 40 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 3) Применуваат различни форми и методи на работа во зависност од содржините и целите на часот, поттикнувајќи љубопитност и интересирање. | 10 | 15 | 65 | 10 | 55 | 35 |
| | | 4) Динамиката на работа на часот ја прилагодуваат со можностите на учениците. | 5 | 35 | 55 | 15 | 50 | 35 |
| | | 5) На крајот на часот го резимираат обработеното градиво. | 0 | 60 | 35 | 30 | 50 | 20 |
| | | 6) Наставниците јасно и правилно се изразуваат за време на часовите. | 5 | 30 | 65 | 10 | 35 | 55 |
| | | 7) Наставникот проверува дали учениците ги разбрале дадените прашања и упатства. | 5 | 20 | 70 | 15 | 45 | 40 |
| | | 8) Ги охрабрува учениците да ги изнесуваат своите мислења. | 10 | 15 | 70 | 30 | 40 | 30 |
| | | 9) Имаме доволно време за размислување после поставено прашање. | 10 | 25 | 60 | 15 | 65 | 20 |
| | | 10) Наставниците на секој ученик му се обраќаат со уважување. | 10 | 40 | 45 | 15 | 45 | 40 |
| | | 11) Поттикнуваат солидарност и одговорност во групната работа. | 5 | 35 | 55 | 20 | 30 | 50 |
| | | 12) Наставниците ги поттикнуваат учениците заеднички да доаѓаат до решенија на поставените задачи. | 5 | 25 | 70 | 20 | 45 | 35 |
| | | 13) Ги поттикнуваат учениците самостојно да ги решаваат задачите. | 10 | 35 | 50 | 10 | 50 | 40 |
| | | 14) Ги упатуваат учениците на истражувачка работа. | 5 | 50 | 40 | 25 | 55 | 20 |
| | | 15) Ги поттикнуваат учениците да поставуваат прашања и да дискутираат. | 5 | 10 | 80 | 25 | 30 | 45 |
| | | 16) Им посветуваат поголемо внимание на учениците кои поспоро напредуваат. | 20 | 20 | 55 | 35 | 35 | 30 |
| | | 17) При учење на нови содржини ги поттикнуваат учениците да ги користат знаењата и вештините кои ги стекнале во други области. | 0 | 30 | 70 | 15 | 40 | 45 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 18) Ги поттикнуваат учениците, она што го научиле да го користат во секојдневниот живот. | 5 | 10 | 80 | 25 | 30 | 45 |
| | | 19) Им препорачуваат на учениците да користат дополнителни информации (весници, стручни книги, интернет). | 15 | 45 | 35 | 30 | 25 | 45 |
| | | 20) Ги запознаваат учениците со начинот на користење на опремата во училиштето. | 10 | 30 | 55 | 10 | 40 | 50 |
| | | 21)Наставниците не учат како да го разликуваме важното од неважното | 5 | 35 | 55 | 25 | 45 | 30 |
| | | 22) Не поттикнуваат да учиме по пат на откривање и решавање на проблеми. | 5 | 15 | 75 | 15 | 25 | 60 |
| | | 23) Применуваат различни форми, методи на работа на час, бидејќи не сите ученици имаат исти стилови на учење, способности и интересирања. | 20 | 25 | 50 | 25 | 60 | 15 |
| | | 24) Проверуваат дали знаеме и умееме да го примениме она што сме го научиле. | 0 | 35 | 60 | 15 | 40 | 45 |
| | | 25) Кај учениците развиваат одговорност за сопствено напредување и постигнување резултати. | 10 | 45 | 40 | 25 | 40 | 35 |
| | | 26) Ги поттикнуваат учениците да си поставуваат долгорочни и краткорочни цели. | 10 | 40 | 50 | 35 | 45 | 20 |
| | | 27) При вреднување на знаењето не прашуваат и важно им е нашето мислење. | 10 | 20 | 65 | 20 | 35 | 45 |
| | | 28) Ги поттикнуваат учениците објективно да го проценуваат своето знаење. | 5 | 35 | 55 | 20 | 35 | 45 |
| | | 29) Навремено не информираат за постигнатиот успех. | 0 | 25 | 65 | 5 | 40 | 55 |

<table>
<tr><td colspan="9">Собирање на податоци: Кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)</td></tr>
<tr><td>Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци</td><td>Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации</td><td colspan="7">Кои информации се собрани?</td></tr>
<tr><td rowspan="7">Прашалник за наставници</td><td rowspan="7">Софија Темкова<br>Јелена Стојановиќ-Јосифовска</td><td colspan="7">За анализа извршена е анкета со 20 наставници и добиени се следните резултати изразени во %:</td></tr>
<tr><td>Тврдење/исказ</td><td>Незначајно</td><td>Значајно</td><td>Многу значајно</td><td>Неточно</td><td>Делумно е точно</td><td>Точно</td></tr>
<tr><td>1) Со моите планови предвидувам различни форми на работа, кои се во функција на поефикасно стекнување на знаења и развој на способности и вештини кај учениците.</td><td>5</td><td>20</td><td>75</td><td>5</td><td>15</td><td>80</td></tr>
<tr><td>2) Со моите планови предвидувам различни методи на работа, кои се во функција на поефикасно стекнување на знаења и развој на способности и вештини кај улениците</td><td>5</td><td>20</td><td>75</td><td>5</td><td>10</td><td>85</td></tr>
<tr><td>3) Во моите планови на работа опфаќам различни места на изведување на наставата кои се во функција на остварување на целите и задачите.</td><td>10</td><td>10</td><td>80</td><td>15</td><td>40</td><td>45</td></tr>
<tr><td>4) Писмените проверки временски се усогласени со проверките по другите предмети.</td><td>15</td><td>25</td><td>60</td><td>5</td><td>45</td><td>50</td></tr>
<tr><td>5) Правам краткорочни корекции на моите планови, кога некои од планираните задачи од оправдани причини не се оствариле.</td><td>5</td><td>40</td><td>55</td><td>5</td><td>35</td><td>60</td></tr>
</table>

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 6) Остварувам соработка со колегите при планирање на наставата. | 0 | 25 | 75 | 15 | 15 | 70 |
| | | 7) Со моите планови на работа ги постигнувам пропишаните цели и задачи. | 5 | 20 | 75 | 5 | 15 | 80 |
| | | 8) Моите подготовки за реализација на часот имаат јасна структура. | 5 | 25 | 70 | 5 | 25 | 70 |
| | | 9) За подготовка на час користам интернет и други извори. | 10 | 10 | 80 | 5 | 15 | 80 |
| | | 10) Кога се подготвувам за час ги имам во предвид разликите помеѓу учениците во напредувањето, знаењето и искуството. | 5 | 5 | 90 | 0 | 10 | 90 |
| | | 11) Подготвувам задачи за работа на час од различна тежина. | 5 | 15 | 80 | 10 | 10 | 80 |
| | | 12) Пред обработка на ново градиво проверувам колку учениците го совладале претходното. | 5 | 25 | 70 | 5 | 25 | 70 |
| | | 13) Ги почитувам дидактичко – методските упатства кои се предвидени во наставната програма. | 5 | 20 | 75 | 5 | 20 | 75 |
| | | 14) Го користам расположливиот простор, опрема и услова за работа во училиштето согласно поставените цели и задачи при реализација на наставата. | 5 | 5 | 90 | 10 | 5 | 85 |
| | | 15) Изработувам наставни средства кои ги користам на час. | 10 | 15 | 75 | 10 | 15 | 75 |
| | | 16) Со учениците кои поспоро напредуваат реализирам дополнителна настава. | 5 | 30 | 65 | 5 | 20 | 75 |
| | | 17) Со учениците кои побрзо напредуваат реализирам додатна настава. | 0 | 30 | 70 | 5 | 20 | 75 |
| | | 18) Оценувањето го извршувам според пропишаните правила за оценување на учениците. | 5 | 15 | 75 | 0 | 25 | 75 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 19) Со помош на оценување го проверувам степенот на усвоени знаења и ниво на разбирање. | 5 | 20 | 75 | 5 | 10 | 85 |
| | | 20) Со помош на оценување ја проверувам способноста на примена на стекнатите знаења и способности. | 5 | 10 | 85 | 5 | 20 | 75 |
| | | 21) При оценување ја имам во предвид активноста на ученикот. | 5 | 15 | 80 | 5 | 10 | 85 |
| | | 22) Им помагам на учениците кои имаат тешкотии во совладувањето на програмата. | 5 | 20 | 75 | 5 | 15 | 80 |
| | | 23) Проверката на постигнувањето на учениците ја остварувам во сите фази на наставниот процес. | 5 | 10 | 85 | 0 | 15 | 85 |
| | | 24) Родителите навремено ги информирам за работата, успехот и однесувањето на учениците. | 5 | 20 | 75 | 10 | 15 | 75 |
| | | 25) Редовно комуницирам со родителите на учениците. | 5 | 25 | 70 | 5 | 25 | 70 |
| | | 26) Ја почитувам и остварувам утврдената процедура за известување за напредувањата на учениците во училиштето. | 5 | 10 | 85 | 5 | 15 | 80 |

## Самоевалуација на СЕТУ на ГС „Михајло Пупин“ Скопје Подрачје 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

**Резултати:** ***Овде треба накратко да ги образложите клучните јаки страни и слабости***

**Клучни јаки страни:**

1. За реализирање на наставата наставниците користат разновидни и современи наставни методи и форми на работа кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење.
2. Практична примена на стекнатите знаења на учениците.
3. Континуирана соработка со родителите и навремено и редовно информирање за напредокот на учениците.
4. Редовно се одржуваат состаноци на стручните активи во училиштето, совети на паралелки, совети на родители, родителски средби, советување на родители.
5. Наставниците редовно и ажурно ја водат педагошката документација.

**Слабости:**

1. Наставниците недоволно го резимираат обработеното градиво.
2. Наставниците недоволно ги охрабруваат учениците да ги изнесуваат своите мислења.
3. Наставниците недоволно ги поттикнуваат учениците да си поставуваат краткорочни и долгорочни цели.
4. Промените на предметни наставници и распоред на часови во текот на наставната година влијаат врз континуитетот на наставата и учењето.
5. Потреба од континуирана обука на наставниот кадар по стручни предмети.

## Самоевалуација на СЕТУ на ГС „МихајлоПупин“Скопје Подрачје 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

**Анализа на резултатите:** ***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје***

Настава е организиран воспитно-образовен процес кој се одвива плански и организирано под водство на наставник и во присуство на ученици. Наставната работа е насочена кон севкупниот развиток на учениците и има три основни задачи: материјална задача - усвојување на знаења; функционална задача - создавање и развој на способности (психофизички развој); воспитна задача - усвојување на морални правила, норми на однесување и сл. Наставата се планира и организира согласно Наставниот план и програма за средно образование и континуирано се следи и вреднува нејзината реализација. Вид на настава, согласно наставниот план, која се организира и остварува во училиштето:

-Задолжителна настава;
-Изборна настава;
-Дополнителна настава;
-Додатна настава;
-Слободни ученички активности.

| |
|---|
| Училиштето врши воспитно образовна дејност од електротехничка струка во три образовни профили со четиригодишно траење и два образовни профили со тригодишно траење за редовните ученици.<br>Според наставниот план наставниците во училиштето изведуваат настава согласно реформираните наставните планови и програми одредени од МОН.<br>На почетокот на секоја учебна година наставниците подготвуваат планирања кои се имплементираат во процесот на наставата. Годишните планирања наставниците ги изработуваат на почетокот од учебната година и ги доставуваат во педагошко – психолошката служба во електронска форма. Планирањата на наставниците ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на темата на часот. Во зависност од наставниот материјал и типот на часот учењето е помалку или повеќе активно и динамично. Наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка, мотивирање, разбирање без оглед на пол, социјално потекло и национална, етничка и религиозна припадност и независно од нивните квалитети, интереси, умеења, знаења и вештини. Во наставата, наставниците користат разновидни наставни методи, наставни техники и форми за работа кои се соодветни на потребите на учениците, како и стратегии и техники на учење и поучување.<br>Исто така користат и добро испланирани форми за работа со учениците: индивидуални, во парови – тандем, во групи или со цела паралелка – фронтално, со користење на постоечките нагледни средства и помагала, а по стручните наставни предмети се изведуваат и практични и истражувачки активности. На овој начин се развиваат индивидуалните вештини за учење на секој ученик и се стимулираат за повисоки постигања, како и вештините за соработка и комуникација. Целосната подготовка и реализација на наставните содржини континуирано ја следи директорот на училиштето преку посета на часови заедно со стручните соработници во училиштето.<br>Во училиштето постои мотивираност кај учениците од прва и втора година за учество во натпревари и вонннаставни активности, но таа е помала кај учениците од повисоките класови. Наставниците преку формативно оценување редовно ги следат учениците и ги почитуваат сандардите и критериумите за оценување на постигањата на учениците. Во училиштето е изготвен, прифатен и се почитува од страна на наставниците, родителите и учениците етичкиот кодекс на однесување на учениците за време на наставата и надвор од наставата.<br>Образовните потреби на учениците редовно се идентификуваат и следат преку усното одговарање, контролните задачи, практичните вежби и писмените работи.<br>Согласно потребите и способностите на учениците редовно се организира дополнителна и додатна настава, како и слободни ученички активности. Напредокот на учениците се евидентира бројчано (со оценки од 1 до 5), и на родителите им се достапни на увид во електронскиот дневник, кој редовно и уредно го водат сите наставници, при што се почитуваат индивидуалните разлики и способности на учениците. |
| **Идни активности:** ***Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето***<br><br>**1. Обуки за наставниците по стручните предмети**<br>**2. Воведување на нововработениот наставен кадар во процесите и курикулумите на стручното образование**<br>**3. Да се подобри мотивацијата на учениците за дополнителна и додатна настава и вонннаставни активности** |

| |
|---|
| **Самоевалуација на СЕТУ на ГС „Михајло Пупин“ Скопје**<br><br>**Подрачје 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ** |
| **Индикатори за квалитет:**<br><br>**4.1 Севкупна грижа за учениците**<br><br>**4.2. Здравје**<br><br>**4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците**<br><br>**4.4 Следење на напредокот** |

<table>
<tr><td colspan="2">Собирање на податоци Кои податоци се собрани; Кои методи се користени.<br><br>(и) Обработка на документи</td></tr>
<tr><td>Наведете ги сите документи кои се прегледани.</td><td>Кои информации се собрани?</td></tr>
<tr><td>Годишна програма за работа на СЕТУ на град Скопје „Михајло Пупин“ – Скопје за учебната 2022/2023година и 2023/2024 година</td><td>Дејностите за унапредување и подобрување на ментално и физичко здравје на учениците, како и континуираното следење на нивните емоционални, физички и социјални потреби, независно од половата и етничката припадност, се еден од основните начела на нашето училиште. Во таа насока, за обезбедување на заштитата и благосостојбата на учениците во наставно-образовниот процес се преземаат следните активности:<br><br>• Од страна на вработените се води исклучителна грижа за безбедноста на учениците за време на нивниот престој во училиштето. Безбедноста на учениците е прашање кое е на врвот од приоритетите на раководниот тим и на сите вработени во училиштето и искуството покажува дека истата е подобрена, односно за време при патување на учениците од и до училиште, како и за време на престојот во училиштето, нема посериозни  инциденти<br><br>• Позитивна работна атмосфера<br><br>• Секој наставник соодветно на своите индивидуални креативни можности и способности е максимално ангажиран за попријатна атмосфера на своите часови.<br><br>• Постигната е пријатна, безбедна и уредна училишна средина, со обезбедено дежурство во двете смени на наставата од страна на дежурни наставници и ученици<br><br>• Активностите за постигнување подобри резултати се реализираат преку училишната заедница на училиштето и тоа преку давање мислења и предлози за изрекување педагошки мерки, пофалби и награди, како и критики и забелешки во сите сегменти од воспитно-образовниот процес. Активностите подразбираат организирање и реализација на општествено-корисна работа, културно-забавен и рекреативен живот на учениците, како и поширока едукација преку организирање работилници и предавања за борба против наркоманијата, сексуално преносливите болести, хигиена на менталното и физичкото здравје на учениците<br><br>• Соработката со семејството - Стручните соработници од нашето училиште, во соработка со педагошко-психолошката служба од основното училиште, низ презентации, печатен материјал и дискусии ги запознаваат родителите и учениците со можностите што ги нуди нашето училиште, воннаставните активности, постигнатите</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | успеси и резултати на натпревари, успесите на наши завршени ученици и друго. Во секое време вакви информации се достапни и на училишната веб – страна.<br>• Воучилиштето е идентификувана потребата за згрижување на ученици со посебни образовни потреби во овој период.<br>• Секојдневно се врши работа со ученици за зголемување на мотивација за редовно и активно следење на наставата<br>• Во училиштето се подготвуваат и реализираат предавања, трибини и други облици од областа на педагошка, социјална, развојна психологија и ментална хигиена на учениците<br>• Училиштето изготви Правилник за индетификација и работа со талентирани и надарени ученици, со цел мотивација и развој на надареноста и талентираноста на ваквите ученици и нивно понатамошно насочување и професионален развој<br>• Секоја година се организираат систематски прегледи и ревакцинација на учениците<br>• Се запознаваат учениците со потребата за планирање на семејството и воспоставување на хумани односи меѓу половите, како и за унапредување на менталното здравје<br>• Училиштето располага со лифт за да овозможи лесен пристап на лицата со телесен инвалидитет до сите простории во училиштето, како и посебни патеки за пристап во училишната зграда.<br>• Во училиштето постои надзор со помош на камери поставени на влезовите на училиштето и останатите важни точки. Видео надзорот се врши соодветно предвидената законска регулатива (Закон за заштита на лични податоци). На иницијатива на Град Скопје е ангажирана и агенција за обезбедувањесо двајца членови кои се присутни во училиштето во две смени.<br>• Проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието со активностите кои ги вклучува на класните часови и во други форми овозможува подигнување на свесноста на учениците за мултиетничкото општество во кое живееме. |
| **Годишен извештај за работа** | Во училиштето постои систем за заштита на просториите и инвентарот и безбедноста на учениците и е изготвен Правилник кој ги регулира правата и обврските на сите субјекти:<br>• во работни денови се спроведуваат дежурства на наставници;<br>• постои дежурна служба од техничкиот персонал во деновите на викендот;<br>• ноќната смена ја спроведува ноќен чувар на училиштето; |

| | |
|---|---|
| | • воведено е обезбедување од агенција за обезбедување;<br><br>• доколку учениците работат лабораториски или компјутерски вежби, како и практични вежби, тие се изведуваат во присуство на предметен наставник кој ги информира учениците за тоа како треба да се однесуваат во лабораторија, работилница, библиотека, спортска сала, училница, со компјутери и останатите простории во училиштето. Однесувањето е регулирано и со Кодекс за однесување на субјекти во училиштето.<br><br>• На учениците секоја учебна година им се овозможува осигурување во осигурителни компании, одлуката за избор а осигурителната компанија и нивото на премија ја носи Советот на родители.<br><br>Училиштето е вклучено во повеќе проекти, обуки, работилници, кампањи и предавања, кои дадоа свој придонес во креирањето и реализирањето на целите и задачите:<br><br>• Учество на обука за спроведување програма за водење ученичка компанија, во организација на Јуниор Ачивмент, учесници наставниците Сенад Сејфиќ и Ања Манчевска, септември 2022 година во Дојран<br><br>• Во Центар за младински активизам КРИК, „Open up your options“ – презентација на училиштето на настан од проект „Претприемај се“, со ученици од III година пред основни училишта од општина Кисела Вода, октомври 2022 година.Претставници наставниците Анѓелка Андрески, Сенад Сејфиќ, Ања Манчевска, Ангела Магдеска и Стефана Христовска со група ученици.<br><br>• Учество на предавање/обука, организирана и спроведена од Фондацијата “ Никола Кљусев “ со поддршка од Град Скопје на проект – НЕ за насилството. Обуките/предавањата се спроведени од Др. Никола Кљусев, невропсихијатар и Др. Весна Дамчевска Илиевска, експерт за лидерство, ненасилна комуникација и справување со конфликти. Работилницата е оддржана во просториите на Фондацијата – Никола Кљусев. Присуствувале:Зорица Никовска – психолог и Наташа Божиновска – помошник директор.<br><br>• Во период од 10.10.2022-14.10.2022 година, ученици од образовниот профил Компјутерска техника и автоматика трета наставна година и наставници од нашето училиштето беа на размена на искуства, знаења и учење во Нови Сад, Р.Србија. Во рамки на оваа посета, учениците посетуваа часови по предметите Оперативни системи, веб програмирање и електрични мерења во Средното електротехничко училиште Михало Пупин во Нови Сад. Воедно учениците и одговорните наставници имаа посета на Електеротехничкиот факултет во Нови Сад и фабриката “Continental”. Одговорни наставници Поликсена Мкитева и Дијана Трајковска.<br><br>• Учество на училишниот хор на Патронен празник и денови на електротехника 2022 година, ментор – наставник Јосипа Наумовска |

| | |
|---|---|
| | • 31.10 – 04.11.2022 еднонеделната посета на ученици и професори од Турција во рамките на проект од Ерасмус +. Споделивме ново искуство на учениците и покажавме како денес функционира нашето училиште. Проектот го координираа: Сандра Ивановска и Наташа Божиновска.<br><br>• Учество на Макинова / Еконова, ноември 2022 година, со учениците Ангела Исовска III-6, Михаела Петровска III-5 и Јован Дејановски II-2, наградени за проектот “SoilBin” - Паметен компостер, од БЕРИН – Друштво за заштита на интелектуална сопственост, со наставник Анѓелка Андрески.<br><br>• Учество во Предизвик на иновативен бизнис план за Средни училишта, 14-15.11.2022 Ученици од 8 средни училишта имаат задача да креираат иновативен бизнис план и да одговорат на дадената задача. Учесници: Фидан Маџоски 3-2, Никола Јованчевски 3-2, Андреј Тодоров 3-5, Никола Атанасоски 3-5 и Драган Бошков 3-5. Ментор Наташа Божиновска.<br><br>• Учество на Дабар 2022 година – натпревар по информатика со вкупно 80 ученици од втора и трета година , ментор Наташа Божиновска.<br><br>• Со поддршка на Град Скопје во СЕТУГС „МИХАЈЛО ПУПИН“ Скопје во ноември 2022 година, се одржа меѓународниот турнир во гол бал за лица со оштетен вид, во организација на Спортското здружение на слепи и слабовидни ФЕНИКС од Скопје.<br>• Учество на Симпозиум, ноември 2022 година, организиран од Комората на психолози на РМ. Тема: Психолошки тестови во Република Македонија – правила, стандарди и искуства, Симпозиумот е оддржан со цел да ја покрене свесноста за важноста на правилната употреба на психолошките тестови и нивна стандардизација.<br><br>• Во периодот од 30 ноември 2022 година до 2 декември 2022 година, факултетот за електротехника и информациски технологии во соработка со Лабораторијата за производство ФЕИТ-ФабЛаб и студентскиот огранок на IEEE по трет пат го организираа натпреварот во роботика, вештачка интелигенција и електроника ROBOMAC Junior,. На натпреварот учествуваа ученици од СЕТУГС „МИХАЈЛО ПУПИН“. Крумислав Божиновски се натпреваруваше во категорија 1 за АВТОНОМНА МОБИЛНА РОБОТИКА, под менторство на наставникот Стефана Христовска, а Тимотеј Ристески се натпреваруваше во категорија 2 за ПАМЕТНА ЕЛЕКТРОНИКА ЗА АВТОНОМНИ ВОЗИЛА и освои прво место, под менторство на натставникот Наташа Божиновска.<br>• Учество на Државен натпревар за учениците од електротехничка, машинска и сообраќајна струка, каде што учествуваа 21 стручно училиште, организатор ОЕМУЦ „Свети Наум Охридски“, мај 2023 година. НаставнициАндријана Мирчевска и Слободанка Димковска. Освоени второ место - Давид Костовски, образовен профил КТА, ментори Анѓелка Андрески, Јелена С.Јосифовска, Софија Темкова, Гордана Наумовска и Драган Матов – ВТОРО место на државниот натпревар од електротехничка струка со труд, ментор Анѓелка Андрески. |

| | |
|---|---|
| | • Учество на натпревар во роботика, вештачка интелигенција и електроника ROBOMAC Junior на Факултетот за електротехника и информациски технологии во соработка со Лабораторијата за производство ФЕИТ-ФабЛаб и студентскиот огранок на IEEE, во периодот од 30 ноември до 2 декември 2022. На натпреварот учествуваа ученици од СЕТУ МИХАЈЛО ПУПИН под менторство на Стефана Христовска и Наташа Божиновска. Крумислав Божиновски се натпреваруваше во категорија 1 за АВТОНОМНА МОБИЛНА РОБОТИКА, а Тимотеј Ристески се натпреваруваше во категорија 2 за ПАМЕТНА ЕЛЕКТРОНИКА ЗА АВТОНОМНИ ВОЗИЛА и освои прво место.<br><br>• Училиштето на 24.03.2023 беше домаќин на регионален натпревар по Електро, Машинска и Сообраќајна струка. Нашите ученици земаа две први места и ќе одат на државен натпревар.<br><br>• Учество на Државниот натпревар по Програмирање, ФИНКИ, март 2023 година, во организација на Здружение на информатичари на Р.С.Македонија. Филип Величковски I-6 III место, Дарио Филиповски II-4 III место и Филип Поповски III-3 III место. Ментор – Анѓелка Андрески.<br><br>• Учество во Образовно рандеву 2023 година (МАССУМ), мај 2023 година. Пепита Тодорова Прво место категорија Филм (и понуда за работа), ментор Јасминка Димовска, Маја Наумовска. Јасин Османи Трето место категорија Интервју за работа на албански јазик, ментор Јасминка Димовска. Тим-Мартин Милчевски, Даниела Јованова, Лука Дамјанов и Вероника Николова ТРЕТО место категорија Маркетинг план, ментори Јасминка Димовска, Софија Темкова<br><br>• Учество на Националниот натпревар за најдобри ученички компании организиран од Џуниор Ачивмент Македонија, мај 2023 година во хотел Дрим, Струга. На натпреварот учествуваа 25 тима од цела Македонија(финале) од преку 100 пријавени од цела Македонија , а нашето училиште зема учество со 2 ученички компании. Ученичката компанија “Cortex” освои четврто место, ментор Стефана Христовска. Додека пак ученичката компанија “InoVax” го освои Првото место и ќе учествува на Европскиот натпревар кој ќе се одржи во јули, во Истанбул, Турција. Првонаградениот тим е во состав: Фидан Маџоски, Никола Атанасоски, Андреј Тодоров и Георгина Алексовска, наставник ментор: Ања Манчевска.<br><br>• На 59-тиот Државен натпревар на млади истражувачи во Велес, ученикот Драган Матов освои второ место. МенторНаташа Божиновска.<br><br>• Настан во организација на Младинска асоцијација на средни стручни училишта на Македонија - МАССУМ во хотел Бисер, Струга, септември 2023 година. Ги опфати следните цели: заклучоци од Образовното Рандеву 2023 во Гостивар, план за одржување на Рандевуто во 2024 година, финансиски преглед на сметката на МАССУМ, предлози за проширување на активностите во проекти. Софија Темкова, учесник на Годишно собрание на МАССУМ во улога на училишен ментор. |

| | |
|---|---|
| | • Обука за училишни координатори и заменици координатори на проектните активности во проектот „Зголемување на Атрактивноста, Инклузивноста и Релевантноста на СОО и ОВ“, Скопје, септември 2023 година. На обуката беа координатор Наташа Божиновска и заменик координатор Андигони Миленковска.<br><br>• Едукативна претстава за ученици од III и IVгодина на тема “Планирање на семејство, сексуално преносливи инфекции, ХПВ инфекција, користење презервативи”. Септември 2023 година. Педагошко-психолошка служба: присутен педагог Ленче Спасовска.<br><br>• Едукативна презентација пред 85 ученици од I и II година на тема: “Управување и селектирање на отпад” – реализиран од ЈП Комунална хигиена – Скопје, септември 2023 година. Педагошко-психолошка служба: присутен педагог Ленче Спасовска.<br><br>• Во период од 26-29.09.2023 година, во посета на нашето училиште беа 4 ученици и 3 професори од ЕТШ „ Михајло Пупин“- Нови Сад. Во тој период учениците од Нови Сад присуствуваа на часовите и вежбите по стручните предмети: Објектно ориентирано програмирање, Компјутерски мрежи, Уредување на веб страници, Електроника, Системи на автоматско управување и Основи на програмирање. Беа на посета на Факултетот за електротехникаи информациски технологии и се запознаа со културно - историските знаменитости на Град Скопје. Наставници: Поликсена Митева и Дијана Трајкоска.<br><br>• Реализација на проект “Млади амбасадори за заштита на животната средина”, септември 2023 година. Вклучени се 10 ученици од I и II година, кои ќе реализираат еколошки активности во наредниот период. Проектот е организиран од Здружението на граѓани Куќа на среќата. Педагошко-психолошка служба: педагог Ленче Спасовска.<br><br>• Активности во рамки на проектот “Млади амбасадори за заштита на животната средина”, со 10 ученици од I и II година, кои се вклучени во проектот преку еколошки активности (меѓу училишни натпревари со праќањехаштагови и фотографии со еколошка содржина). Проектот е организиран од Здружението на граѓани “Куќа на среќата”. Педагошко-психолошка служба: педагог Ленче Спасовска.<br><br>• Ррезентација пред учениците од трета и четврта година од квалификација електротехничар енергетичар на производите на Кесслер со главен акцент на електричните мотори, ноенври 2023 година. Наставници: Поликсена Митева и Дијана Трајкоска.<br><br>• Учество на работилница “Validation workshop of TNA results about identified training needs of VET teachers”, организатор Национална агенција за европски образовни програми и мобилност. Наставник Софија Темкова |

| | |
|---|---|
| | • На 02.11.2023 година во организација на здружението LEAD – Лидери за едукација, активизам и развој - Скопје се одржа он-лине обука за Користење на вештачката интелегенција (ChatGPT) во наставата. Наставници: Софија Темкова, Поликсена Митева и Дијана Трајкоска.<br><br>• Учество на обука за Дидактички Материјали одржана во период од 14.11.2023-15.11.2023 година во хотел Парк во Скопје, а организирана од тимот на Е4Е @МК HELVETAS Swiss Intercooperation. Наставници: Поликсена Митева, Дијана Трајкоска и Слободанка Димковска.<br><br>• Учество на ЕДУЛАБ вебинар Тренинг за сајбер безбедност за едукатори, организатор SmartUp. Наставник Софија Темкова.<br><br>• Обуки за Директорите и заменик директорите во рамките компонентата 1.5 од проектот зголемување на атрактивноста, инклузивната и релевантноста на средните стручни училишта и образованието на возрасните, октомври 2023 година. На обуката присуствуваше помошник директор Наташа Божиновска.<br><br>• На патронатиот празник на ден 18.10.2023 учениците од I, II и III година беа вклучени во активност - концерт по повод патрониот празник на училиштето. Учениците настапија со следниот репертоар: Химна на Р.Македонија - хорски настап, Пијано настап на ученикот Никола Ристовски - III година, “The man who sold the world” - Nirvana - акустичен настап на бенд во состав Константин Мицевски - I-4 (електрична гитара), Виктор Макаровски - I-6 ( акустична гитара), Никола Ристовски- III-5 (бас гитара) и Димитар Горгиев - II-6 ( пејач), “Не сум твој тип” - Дупер - настап на ученикот Димитар Горгиев во придружба на женски хор, “Скопје” - Леб и сол - хорски настап. Учениците беа под менторство на наставникот по музичка култура Јосипа С.Наумовска.<br><br>• Во период од 21.10.2023 – 23.10.2023 година во Солун беше организирана обука - тим билдинг за вработените на следните теми: Деловна етика и професионализмот и училишна етика и професионализмот и Современи комуникациски технологии и сервиси.<br><br>• Обука и работилници за пристап воден од доживеана траума во рамки на програмата која ја спроведува Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје во соработка со Советот за превентива против малолетничка деликвенција – СППМД од Кавадарци, октомври 2023 година. Педагошко-психолошка служба: педагог Фросина Спасевска Микулчиќ.<br><br>• Работна средба на ден 24.10.2023 година, во 12:00 часот, во Советот на Град Скопје, на која се дефинираат идните чекори за реализација на проектот „За безбеден град”. Педагошко-психолошка служба: педагог Фросина Спасевска Микулчиќ и помошник директор Сенад Сејфиќ. |

| | |
|---|---|
| | • Во период од 25.10.2023 – 29.10.2023 година реализирана е посета и размена на ученици и професори во двете средни училишта “Техничка школа” – Зеница, и “Мешовита школа”-Зеница, во Р. Босна и Херцеговина. Беше остварена средба со Министерката за Образование во Унско-Сански Кантон. Во рамките на посетата беше посетена и термоелектраната во Какањ, при што учениците и професорите се здобија со искуство и информации за работата на овој важен капацитет. Ученици: Дамјан Тргачевски, Петар Пашовски, Петар Стојчевски и Исмаил Мустафовски. Наставници: Слободанка Димковска, Сенад Сејфиќ, Наташа Божиновска и Димитар Ѓорѓиев.<br><br>• Учество на презентација на национални наоди од меѓународна ХГБЦ студија – Однесувања поврзани со здравјето на децата на училишна возраст (11-15 ученици) во Р.С. Македонија. Настанот се одржа на 26.10.2023 година на Филозофскиот факултет. Педагошко-психолошка служба: педагог Ленче Спасовска.<br><br>• Обука за „The Motorspindle Technology “ - основи принципи на работа на моторот, градба на моторот (статор, ротор), технологија на изведба, SK и HSK, хидраулична единица, вградени сензори, склопување, дефекти на лагери и дијагностика.во просториите на фабриката “Kessler Macedonia”-Скопје, ноември 2023 година. Наставници: Поликсена Митева и Дијана Трајкоска.<br><br>• Присуство на Национален настан за вмрежување „Валидација на инструментите за обезбедување на квалитет во работата на КУПР (компонента 3.2.)“, ноември 2023 година. На проектот присуствуваше координаторот за Учење преку работа кај работодавач – помошник директор Наташа Божиновска.<br><br>• Медиумска презентација во специјализираната училница за изведба на практична настава на постоечките дидактички материјали, обезбедени од компанијата ЕВН Македонија за потреби на стручното образование при СЕТУГС ”Михајло Пупин”, ноември 2023 година. Учениците Огнен Николовски и Сара Марковска, како и предметниот наставник Слободанка Димковска дадоа и покажаа употреба и значение на дидактичките материјали употребени во пракичната настава. Материјалите беа презентирани во форма на пишан материјал, видео записи, таблети со овозможена едукативна платформа “Канвас”, опрема, алат и помошни алатки за изведба на практична настава стационирани во специјализираната училница и на училишниот полигон.<br><br>• Обука за изведба и одржување на нисконапонска електроенергетска мрежа, во рамки на задолжителна наградба на проесионално знаење и вештини од областа на практичната настава, ноември 2023 година. Наставници : Слободанка Димковска, Соња Дмитровиќ, Ангела Магдеска и Бранислав Остоиќ. Обуката ја држеше и изведуваше сертифициран обучувач од компанијата ЕВН Македонија Горан Делов и се одвиваше во специјалната работилница за практична работа и на училишниот полигон.<br><br>• Манифестацијата „Макинова“ ,Берово, ноември 2023 година, ученикот Фидан Маџовски од 4-2 клас освои парична награда од Берин како најмлад учесник на манифестацијата. |

| | |
|---|---|
| | • Учество во работилници за ученици “ПОДДРШКА НА NEET МЛАДИТЕ”, ноември 2023 година. Локација – СУГС Владо Тасевски. Работилници за учениците кои се заинтересирани за темите:1.Едукативна работилница за развивање на комуникациски вештини, психолог Ана Бибмилоска Коколанска; 2.Едукативна работилница за пишување лична биографија/CV, портфолио, педагог Ленче Спасовска.<br><br>• Присуство на обука за дидактички материјали, која иницијатива е дел од проектот „Образование за вработување во Северна Македонија (E4E@mk), поддржан од Швајцарската агенција за развој и соработка. Проектот се спроведува во соработка со ХЕЛВЕТАС Северна Македонија, Македонскиот центар за граѓанско образование и Стопанската комора на Македонија,ноември 2023 година. Педагошко-психолошка служба: педагог Фросина Спасевска Микулчиќ.<br><br>• Во период 13.11.2023-17.11.2023 година учество на Дабар – натпревар по информатика, под менторство на наставник Анѓелка Андрески со ученици од II-3,4,5,6 и III-4,5 клас.<br><br>• Учество на “IT MeetUp” и Саем на претприемништво во организација на Град Скопје во СУГС „Владо Тасевски“ со 20 ученици од прва и втора година, ноември 2023 година. Наставници: Ангела Магдеска и Ања Илиеска. “IT MeetUp” – учество на работилници, панел дискусија и презентација на проекти со ученици од втора, трета и четврта година. Наставник: Анѓелка Андрески.<br><br>• Во период од 20.11.2023-24.11.2023 во Питешти, Романија, се одржа прва мобилност во рамки на Еразмус+ проектот Our Green Heritage Awareness со референтен број 2022–2–RO01–KA210-SCH-000099507, Наставник Анѓелка Андрески, со учениците Дарко Вуловски, Филип Арсовски II-4 и Викторија Којчиновиќ и Живкица Гицева II-6 и директорот на училиштето Димитар Ѓорѓиев. Проектот е во соработка со училишта од Шпанија и Турција и координатор училиште од Романија.<br><br>• Учество во „Тематска обука за провајдери на СОО со цел подигање на свеста за мобилностите во полето СОО и признавање на резултатите од учењето“, ноември 2023 година. Настанот беше организиран од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност во Инекс-Олгица, Охрид. Опфаќаше повеќе цели: Градење капацитети на училишта за програмата Еразмус+, интерактивни работилници и унапредување на вештини. Наставник Софија Темкова<br><br>• Предавање на тема: „Превенција и сузбивање на зависности“, организирана од Фондацијата „Никола Кљусев“ од Скопје, предавач - Д-р Људмил Кљусев, невропсихијатар, специјалист за детска и адолесцентна психијатрија, ноември 2023 година. На предавањето присуствуваа наставник Гордана Наумовска и психолог Ана Б. Коколанска.<br><br>• Во рамките на проектот "Обезбедување на квалитет на работата на КУПР" ОеАД Австрија, во период од 23.11.2023-24.11.2023 година во Хотел Кратис, Кратово, се одржа Национален настан за вмрежување "Ефективни механизми |

| | |
|---|---|
| | за обезбедување на квалитет на работата на КУПР: Инструменти за комуникации, мониторинг и евалуација - компонента 3.2". На работилницата присуствуваше координаторот за учење преку работа кај работодавач Наташа Божиновска<br><br>• Присуство на обука за Препознавање и првична поддршка на деца жртви на родово-базирано или семејно насилство, организирана од Националната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство, ноември 2023 година. Педагошко-психолошка служба: Ленче Спасовска, Фросина Спасевска Микулчиќ и Ана Бимбилоска Коколанска.<br><br>• Учество на обука „Промоција на културата за обезбедување квалитет и Европската рамка за обезбедување на квалитет во стручното образование и обука – EQAVET“ како дел од Активност 4.2 Обезбедување на програми за обука за обезбедување на квалитет (QA) и избраните индикатори од Европската рамка за обезбедување на квалитет во стручното образование и обука (EQAVET), во проектот „Зголемување на атрактивноста, инклузивноста и релевантноста на СОО и образованието на возрасни“ ноември 2023 година. Присуствуваа директорот Димитар Ѓорѓиев и секретар Марија Јакимовска.<br><br>• 27-30.11.2023 година. Учество на проф. Андигони Миленковска и проф. Гордана Дамјаноска на проектот AQUA координиран од SI Canarias и хостиран од GAMA KPS. Еко проект за заштита на животна средина, чист воздух и здрава вода.<br><br>• На ден 03.12.2023 година, на Меѓународниот ден на лица со попречености, училиштето беше домаќин на спортскиот настан на Здружението за спорт и рекреација на инвалиди Гази Баба.<br><br>• Присуство на обука "Менторство на наставници по Практично образование" во рамките на проектот "Обезбедување на квалитет на работата на КУПР" ОеАД Австрија, декември 2023 година, координатор за учење преку работа кај работодавач Наташа Божиновска.<br><br>• На ден 07.03.2024 се одржа презентација и претставување на електрични возила од страна на компанијата “Volkswagen”. На презентацијата земаа учество ученици од четврта година, профил Електротехничар-енергетичар, а а во рамки на наставната програма по предметот електрични возила.<br><br>• Учество на петтиот матемтаички државен електронски натпревар “ПиДен”, март 2024 година, со ученичката Ива Бошевска која го освои првото место.<br><br>• Во период од 22.04.2024-25.04.2024 се одржа манифестацијата RoboMac Junior 2024, во склоп на Факултетот за електротехника и информациски технологии. Тимот од ученици и ментори-наставници земаа учество и беа наградени во: Категорија Паметна електроника за автономни возила, прво место и златен медал за ученикот Матеј |

| | |
|---|---|
| | Стојчески, второ место и сребрен медал за ученикот Филип Поповски. Категорија Автономна мобилна роботика, прво место и златен медал за ученикот Давид Дамески. Наставници-ментори Јасминка Димовска и Наташа Божиновска<br><br>• Учество во натпреварот за иновативни еко-решенија UpShiftAir, април 2024 година. Тимот @Eco - Smell od нашето училиште, во состав со учениците Георгина Алексовска, Дори Иванова, Дијана Бошковска, Маријан Багевски, Филип Величковски и Андреј Тодоровски, под менторство на професорката Ангела Магдеска, се закити со прво место и награда.<br><br>• Учество на 44 општински натпревар во Прва помош-Црвен крст Гази Баба, април 2024 година. Училиштето учествуваше со тим од ученици: Сара Марковска, Борјана Коларова, Михаела Петроска, Александар Цветковски, Никола Пецевски и Борјан Ивановски кои го освоија првото местово конкуренција на средни училишта и продолжуваат на регионален натпревар.<br><br>• Учество на Државниот натпревар по физиказа средните училишта, април 2024. Ученичката Ива Бошевска освои прво место и златен медал. Ментор-наставник Миланчо Иванов.<br><br>• Учество на Државен натпревар за учениците од електротехничка, машинска и сообраќајна струка, каде што учествуваа 21 стручно училиште, организатор ЗЕМСУ и СОУ Богданци, мај 2024 година. Наставник Софија Темкова<br><br>• Во период од 09.05.2024-12.05.2024, тим на училиштето составен од учениците од трета година Електромонтер на електроенергетски мрежи Сара Марковска, Љупчо Богојев и Петар Стојчевски, заедно со менторот Слободанка Димковска и Сенад Сејфиќ земаа учество во Фестивал на работата на средни стручни технички училишта на територија на Р. Босна и Херцеговина во организација на Мешовитото средно училиште Завидовиќи. Тимот зема активно учество во натпревариувачкиот и изложбениот дел од фестивалот заедно со 66 средни технички училишта од Босна и Херцеговина.<br><br>• На 12.05.2024 година се одржа регионалниот натпревар по Прва помош во организација на Црвен крст на Македонија. Училиштето учествуваше со тим-ученици: Борјана Коларова, Михаела Петроска, Александар Цветковски, Никола Пецевски и Борјан Ивановски кои го го освоија второто место и воедно обезбедија учество на државниот натпревар (кој ќе се одржи во септември).<br><br>• Учество на настан “Технологија за тебе” – развојни микропцоесорски системи, организација на ФЕИТ-ФАБЛАБ и Логин, мај 2024 година. Наставници Софија Темкова, Наташа Божиновска, Јелена Стојановиќ-Јосифовска и Јасминка Димовска и ученици од четврта година. |

| | |
|---|---|
| | • Учество на Образовно рандеву 2024-МАССУМ, мај 2024, Радовиш. Училиштето учествуваше и се натпреварување во седум категории:Постер-ученици Борјан Ивановски и Андреј Тодоровски, ментор Сашка Андреевска-прво место; Кариерно портфолио- ученик Давид Костовски, ментор Поликсена Митева-трето место; Фотографија-ученик Петар оАнастасоски, ментор Анѓелка Андрески-трето место; Веб страна-ученик Борјан Ивановски, ментор Анѓелка Андрески-трето место; Пинг-понг-ученик Андреј Тодев, ментор Марко Арсовски-трето место.<br>• Од 27.05.2024-30.05.2024 година, училиштето беше домаќин на партнер училиштата ЕТШ ЗЕМУН – Земун(Белград ) и ЕТШ Михајло Пупин - Нови Сад во меѓународна соработка. Ученици и наставници од овие училишта земаа учество во наставата во нашето училиште, посета на културни споменици, музеи и размена на искуства.<br>• На промоција на средни училишта, како и на саем за средни училишта на Град Скопје, учествуваа училишните бендови под менторство на наставникот Јосипа Наумовска. |
| **Записници од Наставнички совет** | Како начини за мотивација и поттикнување на учениците Наставничкиот совет ги пофалува и наградува со пофалница од училиштето учениците кои постигнуваат примерно поведение и одличен успех или вклученост во вонваставни активности. Посебните одликувања се спроведуваат со цел продлабочување на љубовта на учениците кон знаењето и учењето, да се востановат нивните навики на трудољубивост и совесно извршување на задачите, како и продлабочување на желбата за најдобар успех кај останатите ученици<br><br>Вонваставните активности на учениците се можност за продлабочување на воспитната компонента во рамките на воспитно-образовниот процес. Создадена е училишна клима која подразбира учество на сите организирани општински, републички манифестации, натпревари, како и спортски случувања. |
| **Записници од совети на паралелка** | Класните раководители, врз основа на индивидуалната евиденција на учениците, редовно подготвуваат извештаи за совети на паралелка по квартали, односно тромесечје, на полугодиеи крај на наставната и учебна година. Изготвените извештаи по паралелки се доставуваат на стручната служба и раководниот кадар и се целосно достапни на увид. Врз основа на вака подготвените извештаи по класови, односно по година се прави статистика која подоцна се користи за споредба на успехот и поведението од минатите години. Овие резултати од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес.<br><br>Во училиштето е воспоставена практика на одржување совети на паралелка секој месец, што овозможува подобро следење на постигањата, успехот и редовноста на учениците. |

| | |
|---|---|
| **Дневници за работа на паралелките** | Следењето на напредокот на учениците е евидентирано во е-дневникот.<br><br>Родителите редовно најмалку 5 пати годишно се известуваат за напредокот на учениците на родителски средби или на индивидуални средби – на приемниот ден на предметниот професор, а и во други термини во зависност од потребите.<br><br>Успехот на учениците се бележи и во евидентни листови за секое тромесечие, како и во електронскиот дневник од кој податоците се достапни и се добиваат и на е-маил адресата на родител/старател, или преку СМС порака.<br><br>На крај на годината учениците добиваат свидетелство за постигнатиот успех.<br><br>Класните раководители на крајот на секое тримесечие и полугодие поднесуваат извештај за постигањата на паралелката. Со тие податоци учениците редовно се запознаваат на класните часови, а родителите на родителски средби.<br><br>За учениците кои покажуваат послаби резултати по одделни наставни предмети, во училиштето се спроведува дополнителна настава. Се изведува според претходно истакнати термини од страна на предметните наставници. Консултации и други форми на помош за подготвување на учениците за полагање на поправните испити се организира во планираните рокови со календарот на работа на јавните училишта, како и пред секоја сесија за вонредните испити и во термини кои ги имаат планирано наставниците.<br><br>За успешно полагање на државната матура и завршните испити во училиштето се организира подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците за Македонски јазик и литература, странски јазик и математика, како и по стручните предмети. Дополнителната настава се изведува на две нивоа:<br><br>• Континуирано – по предметите по кои учениците покажуваат послаби резултати;<br>• Пред писмени работи, при согледување на предметниот наставник за потешкотиите во совладување на некои тематски целини, по барање на учениците.<br><br>Додатна настава се организира се со цел учениците да ги продлабочат знаењата од одредени области за кои учениците ќе покажат интерес, а по претходно изготвена програма која ќе се проширува по иницијатива на учениците. На поголемиот дел од учениците ваквиот начин на настава им помага да постигнат солидни резултати на различните натпревари во знаење.<br><br>За подобра грижа на учениците во училиштето се предвидени и се реализираат низа активности, како што се: систематски прегледи за учениците од прва година, предавања, соработка и презентации на теми од областа на здравјето и здравствените проблеми и заштита. За учениците од завршните години предвидени се и се реализираат вакцинации (тетанус). Два пати годишно се организира крводарителска акција, при што традиционално се вклучени |

| | |
|---|---|
| | голем број ученици од трета и четврта година, која се реализира во просториите на нашето училиште, во организација на Црвен Крст – општинска организација Гази Баба.<br><br>Учениците како и вработените во голем број се вклучија во акцијата за дарување крв со што ја изразуваат својата хуманост и желба за дарување на крв на оние луѓе на кои им е најпотребна. |
| **Статут на училиштето** | Согласно статутот на училиштето на ученикот-ученичката им се изрекува соодветно поведение:<br><br>• Примерно поведение – до 10 неоправдани изостаноци;<br>• Добро поведение – од 11 до 15 неоправдани изостаноци;<br>• Незадоволително поведение – од 16 до 25 неоправдани изостаноци;<br><br>Статутот предвидува педагошки мерки во случај на несоодветно однесување на учениците. За сите изречени педагошки мерки, писмени опомени, се известуваат родителите и се водат советодавни разговори во педагошко-психолошката служба, со класниот раководител и ученикот/ученичката. |
| **Кодекс во училиштето** | Во кодексот се дефинирани: основни норми и начела, односот на учениците кон училиштето, семејството и пошироката околина, облиците на однесување кои се недозволени, односно кое однесување треба да се стимулира и кои се должностите на учениците. Кодексот на училиштето помага за справување за насилничко и неадекватно однесување за кое следипедагошка писмена опомена или законска казна, се со цел превенција од насилство, несоодветно однесување во училишните простории и училишниот двор.Се забранува секаков вид на насилство од страна на возрасните и учениците.<br><br>Жртвите, родителите на жртвите или/и сведоците на насилство се запознаени за своите права и процедурата за жалби, а во случај на поплака училиштето реагира навремено и непристрасно.<br><br>Училиштето има политика на забрана на пушење, конзумирање на алкохол и наркотични супстанци, што е опфатена со овој Кодекс на однесување, како и со Статутот на училиштето. |
| **Програми за работа во секции** | Во училиштето функционираат следните училишни секции:<br><br>• Техничка секција која нуди практични знаења, програмирање PLC и одржување компјутерски мрежи, дијагностицирање и решавање на дефекти на компјутерски системи преку која учениците ќе стекнат применливи знаења, способности и вештини.<br>• Секцијата по физика е организирана со цел да се продлабочат знаењата по наставниот предмет, да се мотивираат и подготват учениците за учество на општински, регионални и државни натпревари. |

| | |
|---|---|
| | • Секцијата по англиски јазик - им овозможува на учениците да ја развиваат нивната љубопитност и креативност и интересот кај нив за изучување на англискиот јазик и свеста на учениците за неговото влијание во современиот начин на живеење. Преку наставните примери и истражувања учениците работат, креираат и на тој начин полесно и побрзо доаѓаат до стекнување на корисни и трајни знаења.<br>• Спортска секција –спортот е многу добар начин да го направиме нашето тело поздраво и подготвено за справување со секојдневните животни проблеми. Затоа членовите на спортската секција редовно се занимаваат со спортски активности преку кои го тренираат своето тело и воедно се подготвуваат за учества во спортски натпревари<br>• Музичка секцијана која учениците се запознаваат и учат да свират со различни инструменти кои пред се се нивни интерес, но и одговараат на нивните способности и можности: пијано, ударни инструменти, гитара и бас гитара со кои пред се го развиваат нивниот ритам, аудитивната перцепција, а со тоа овозможуваат поткрепен развој на личноста на ученикот. На секцијата учениците ги развиваат и нивните гласовни можности и интонирање преку соло пеење и пеење во хор.<br>• Во ликовна секција се негуваат интелектуалниот и креативен капацитет на учениците, се поттикнува креативноста, се мотивира критичко размислување и социјална комуникација на секој ученик, преку класичните уметнички медиуми, преку јасно дефинирана работна програма, нетрадиционална (современа) претстава и организација на часовите. |
| **Договори за реализација на практична настава, учење преку работа и феријална пракса на ученици кај работодавачи** | Феријална пракса изведуваат учениците од прва до трета година од образовни профили со четиригодишно траење на образованието и ученици од прва и втора година од образовен профил со тригодишно траење на образованието. Времетрањето на феријалната пракса за нереформирано образовение е 5 работни дена за учениците од прва година, 10 работни дена за ученици од втора година и 15 работни дена за учениците од трета година. А пак за учениците кои следат настава по реформирано образование и се дел од дуални паралелки, феријалната пракса се одвива во времетраење од: 10 дена во прва година, 15 дена во втора година и 20 дена во трета година. За учениците со тригодишно времетраење на образованието, феријалната пракса се реализира во времетраење од 20 работни дена во прва и втора година.<br>Практичната обука која се изведува преку учење кај работодавач се изведува во тек на учебната година и тоа во профилите електротехничар-енергетичар во втора, трета и четврта година, а во профилите електротехничар за компјутерска техника и автоматика и електротехничар за електроника и  телекомуникации во трета и четврта година од четиригодишното образование.<br>Практичната обука за ученици со тригодишно траење на образованието се одвива во компаниите со време траење од 10 работни дена за ученици од прва година, 20 работни дена за ученици од втора година и 30 работни дена за ученици од трета година. |

| | |
|---|---|
| | Во периодот додека ја следат и реализираат практичната настава, феријалната пракса и учење преку работодавач, учениците заедно со лицата одговорни за нивната работа изработуваат дневник за работа, се потпишува договор за изведување пракса, и се носи потврда за извршена пракса, неопходна за упис во наредната учебна година. Компанијата каде истата ќе се изведува, ја одбираат учениците заедно со своите родители, а доколку немаат избор и идеја каде би ја обавувале, училиштето им одредува фирма со која соработува. |
| **Ученици-корисници на програма за поддршка на млади и нивни семејства** | Како дел од пакетот на антикризни мерки на Владата на Р.С. Македонија, насочен кон младите, ранливите категории на граѓани и приватниот сектор, во училиштето се спроведува програмата за поддршка млади и нивните семејства, во услови на зголемени трошоци за живот и продолжени ефекти од енергетската криза.Програмата е насочена кон семејства со ниски месечни примања. Во училиштето услови за исполнување на програмата имаат 263 ученика кои се јавуваат како корсници на оваа мерка во период од декември 2023 година до мај 2024 година. |
| **Записници за работа со ученици и родители во педагошко-психолошката служба** | Педагошко-психолошката служба е служба за поддршка и има советодавна улога секогаш кога е потребно.Таа ги следи емоционалните, физичките и социјалните потреби на учениците. Учениците се обраќаат за помош, совет или поддршка за своите проблеми или потреби.<br><br>Службата преку разговор, советување, емпатија, поддршка, помага во решавањето на проблемот или задоволувањето на потребата или ги упатуваат до надлежните институции. Педагошко-психолошката служба во нашето училиште, се грижи и е постојано отворена за соработка и помош како на наставниците, така и на родителите и учениците. Службата се вклучува и помага како при проблем што зафаќа цел клас или група на ученици, така и индивидуално со секој ученик кој самоиницијативно се обраќа и бара помош, или по препорака на професор.<br><br>Исто така во рамки на службата покрај индивидуалните се реализираат и групни советувања на родители, според законските одредби. Доколку се забележи некаква појава, веднаш интервенираат најнапред класните раководители или самите ученици, педагошко-психолошката служба која ги вклучува родителите и заеднички се работи на надминување на негативните состојби, како и зајакнување на довербата. Доколку има потреба се комуницира со надлежните институции како Центар за социјална работа или МВР.<br><br>Во изборот на нивното понатамошно образование училиштето им помага на учениците, така што ги информира за мрежата на високо-образовни институции и условите за упис на истите, им овозможува директна средба со претставници на овие институции кои вршат презентација на своите програми. Како новитет од оваа учебна 2023/24 година за учениците од трета година сеорганизира тестирање (батерија за професионална ориентација) која ќе им овозможи на учениците да се самооспознаат во процесот на кариерно ориентирање. |

| | |
|---|---|
| **Записници од советување на родители на ученици** | Согласно законот за средно образование, родителите на учениците кои имаат или намален успех во учењето или нередовно посетуваат настава и несоодветно се однесуваат во училиштето, се повикуваат на советување со цел да се укаже на помош. На советувањето се врши едуцирање на родителите за начините на кои може да се подобрат вештините за воспитување на децата, да се унапредат односите во семејството за да можат да се справат со тешкотиите и предизвиците. Психолошко-педагошката служба во учебната 2022-2023 година одржала 254 советувања, а во 2023-2024 година 139 советувања. За советувањето родителите се повикани со уредно подготвени писма, според дадениот правилник. Повикани се во групи во однапред закажан термин, а за оние кои не можат да дојдат во закажанио термин, дополнително се повикуваат во друг термин.<br><br>Учењето и совладувањето на вештините за фокусирање, организирање и сработување на работата до крај ќе им помогне на учениците да се успешни во учењето, постигнувањето на добри резултати, па оттаму и  во сè друго што прават во понатамошниот живот. Учениците кои се во IV - та година се веќе возрасни индивидуи кои брзо ќе станат дел од пазарот на трудот, па од нив ќе се бараат многу потешки и посложени задачи, одговорности и обврски. Затоа е многу важно водењето и насочувањето од родителите при справување со потешкотии со кои се соочуваат во периодот на средното образование, односно родителското водство во градење вештини за управување и организирањесо времето.<br><br>Родителите можат да им помогнат на учениците полесно да се организираат и да создадат распоред кој ќе им помогне да ги знаат претстојните обврски и рокови, со цел соодветно планирање на своето време. Исто така, треба да се направат приоритетни дневни списоци за активности, а условите во кои ученикот учи дома да бидат соодветни за да може да се концентрира и процесот на учење да тече повеќе часа: тивка и добро осветлена просторија,уреден работен простор и сл. Кога станува збор за процес на учење и завршување на домашна работа, мултитаскингот е губење време, односно ученикот треба да се посвети на секоја задача индивидуално. |
| **Евидентни листови** | Секој класен раководител води одделна педагошка евиденција преку т.н евидентни листови за секој ученик/ученичка одделно по квартали. Вака уредната евиденција е достапна за секој родител, а воедно и прегледна и укажува за напредокот на ученикот/ученичката од почетокот па се до крајот на учебната година.<br><br>Податоците се внесуваат во електронска форма во системот на училиштето. Покрај печатењето на овие евидентни листови, податоците се користат и за статистичка анализа на успехот на ниво на паралелка, година и училиште. Исто така се користат и за изработка на главни книги, свидетелства и дипломи. Евиденцијата за редовноста и поведението на учениците, им е достапна на сите наставници во училиштето и тоа:<br><br>• На предметните наставници, на секој наставнички колегиум кога на дневен ред е успехот и поведението на учениците, во секој класификационен период;<br><br>• Класниот раководител редовно ги информира учениците на класните часови; |

| | |
|---|---|
| | • Класниот раководител ги информира родителите за успехот и поведението на учениците како на родителските средби, така и индивидуално, на часовите за прием на родители, како и по електронски пат, преку смс пораки и електронски дневник;<br>• На педагошко-психолошката служба кога се појавува некој проблем со изостаноците или однесувањето на учениците;<br>• Директорот на училиштето на средбите на Советот на родители, ги информира родителите за постигнатите резултати и предлага мерки за подобрување на истите, врз основа на постојните податоци. |
| **Интерен акт-план** | Во случај на елементарни непогоди, изработен е Интерен акт-план и план за евакуација. Исто така има обучени тимови од наставници за против прва помош, пожарна заштита и спроведување на евакуација. Во училишето има истакнато транспарентно план за евакуација на секој спрат од училиштето. |
| **Пожарен куќен ред** | Согласно член 79 од Законот за заштита и спасување, за заштита од пожари на деловни и индустриски објектиучилиштето има изготвено „Пожарен куќен ред“. Пожарниот куќен ред се состои од: Опасности од пожари во деловните и индустристките објекти, мерки за заштита од пожари во деловните и индустриските објекти и упатство за постапка во случај на пожар. |
| **Правилник за заштита од пожар** | Со цел регулирање на организацијата за заштита од пожар, утврдување и спроведување на мерките за заштита од пожар, постапката во случај на пожар како и правата и должностите на вработените во училиштето во спроведување на мерките за заштита од пожар и експлозија сеизготвува „Правилник за заштита од пожари“.<br><br>Вработените се едуцирани за користење противпожарни апарати, како и заштита од пожар. Во училиштето има противпожарни апарати кои се исправни и редовно се сервисираат од овластени фирми.„Правилник за заштита од пожари“е заверен и документиран кај секретарот на училиштето. |
| **Записници од надлежни органи за контрола на хигиената и здравјето на децата** | Хигиената во училиштето се одржува на највисоко ниво во сите работни простории во текот на целата учебна година во две смени, влезови, холови, ходници, библиотека, тоалети и фискултурни сали.<br><br>Тоалетите за наставниците и за учениците се чисти и дезинфицирани во секое време.Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат тоалетите и да ја оддржуваат личната хигиена. Скалите и ходниците се чистат најмалку два пати во смена, подот и мебелот во училниците се чистат пред почеток на секоја смена, останатиот училишен простор еднаш во текот на денот, а прозорците, вратите и другиот инвентар најмалку по два пати во секое полугодие.<br><br>Во училиштето се врши редовна дезинфекција, дератизација и дезинсекција.<br><br>Дворот на училиштето е чист, сите земјени површини редовно се одржуваат и се озеленети. Одржувањето на дворот е организирано и од страна на ученците, кои се грижат за негово уредување во состав на вонnаставни активности. Во |

| | |
|---|---|
| | секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци (корпи за селектирање на отпадот). Во текот на учебната година се реализираат еколошки и работни акции за чистење на училишниот двор, садење цвеќиња, собирање пластични шишиња и друг отпад што може да се рециклира. |

| Собирање на податоци *Кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)* | | |
|---|---|---|
| Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | Кои информации се собрани? |
| **Интервју со психологот**<br><br>**Ана Б. Коколанска** | **Слободанка Димковска** | Тимот за професионална ориентација во нашето училиште има значајна улога во поддржувањето на учениците во процесот на идентификување на нивните професионални интереси и потреби како во областа на електротехниката, така и во сите други професионални области. Во таа насока, со цел учениците да се самозапознаат – како прв чекор во планирањето на кариера и да добијат можност да ги откријат нивните интереси, вредности, вештини, лични карактеристики и јаки страни, во рамки на програмата за Планирање на кариера, учениците од трета учебна година имаат можност да учествуваат на тестирање преку користење на Батерија на инструменти за професионална ориентација (БИПО). Со помош и поддршка од Секторот за образование на Град Скопје, оваа активност од доброволна премина во задолжителна, со што им се овозможи на сите ученици за учествуваат во активности поврзани со задавање на батеријата иструменти, како и соопштување на резултатите и реализирање на индивидуални средби.<br><br>Исто така, тимот ги поддржува учениците во нивните заложби и постигнувања при реализирањето на наставните содржини по наставниот предмет Учење преку работа кај работодавач, каде секој ученик ја реализира наставата во фирма од соодветниот профил кој го изучува, со што му се дава можност и прилика да ги покаже своите интереси и афинитети.<br><br>На учениците од завршните години им беше зададена анкета за нивните идни професионални определби. За оние ученици кои беа сигурни и јасни во својот избор и професионални афинитети (работа или студии) обезбедени се организирани посети во фирмите со кои сакаат да стапат во работен однос, најчесто организирани од професорите кои го предаваат наставниот предмет Учење |

| | | |
|---|---|---|
| | | преку работа кај работодавач, односно посета на соодветните факултети кога има отворен ден за средношколци и присуство на презентации организирани од различни факултети во просториите на нашето училиште.<br><br>На оние ученици кои не се сигурни во својот понатамошен професионален развој, им се задава БИПО, а потоа на индивидуални советувања се разговара за резултатите и се дава почетна насока за стекнување увид во интересите и вредностите на учениците. |
| **Интервју со Помошник директор за ПРАКТИЧНА НАСТАВА**<br><br>**Наташа Божиновска** | **Слободанка Димковска** | Со новиот концепт на дуално образование, во рамки на проектот „Учи паметно, работи стручно“, кој го имплементира Министерството за образование и наука, средношколците запишани во стручните паралелки имаат можност многу повеќе да учат преку реална пракса и практично комплетно подготвени да настапат во реалниот сектор на пазарот на труд. Со воведувањето на дуалното образование ќе има многу поголем бенефит и за самите ученици, бидејќи ќе изведуваат пракса во компанијата каде може да стекнат повеќе вештини, повеќе знаења и теоретскиот дел што се изучува во училиштето, да го применат во практични цели.<br><br>Во текот на наставната година директорот на училиштето и наставникот координатор контактираат со работодавците со кои училиштето има склучено меморандум за соработка или со нови работодавци. Наставникот координатор изготвува предлог-листа на работодавци и ги утврдува видот на занимањата и бројот на работни места на ниво на компанија. Секоја година наставникот координатор ја ажурира листата на работодавци. Во текот на годината, доколку се појавуваат нови компании со желба за соработка со училиштето, координаторот презема активности за подготовка и за склучувањемеморандум за соработка меѓу училиштето и компанијата која изразува интерес за соработка. Пред реализацијата на практичната обука сите ученици во прва година посетуваат обука за безбедност и здравје при работа во траење од 12 дена, како и интезивна едукација на учениците за заштита од струен удар, превентива и постапки.<br><br>При изведба на практичната настава, учениците користат алат предвиден за работа под напон со висок степен на изолација. При работа на терен учениците носат заштитна работна облека. |

| | | |
|---|---|---|
| **Увид во просторните капацитети на училиштето, интервју со помошник директор Сенад Сејфиќ** | **Слободанка Димковска** | Водени од мотото на училиштето, примената на новите стандарди за раководниот тим на училиштето значеше дополнителни залагања кои дадоа резултати и обезбедија солидни материјално тенички услови за реализирање на наставата во согласност со норматитивите и потребите на учениците. Една од главните цели беше преку доопремување и целосна реконструкција на некои кабинети да се подобри воспитно-образовниот процес, односно да се создадат и обучат кадри кои ќе бидат препознаени на пазарот на трудот.<br><br>Во таа насока, се изработени ЕКО училница и ЕКО летниковец во училишниот двор каде учениците можат комплетно и без пречки да изведуваат летна настава.Училиштето опреми и еден кабинет по практична настава со мерни маси и нагледен материјал со што учениците се стекнаа со посовремени услови за изведба на овој вид настава. Кабинетите по информатика се опремија со нови компјутери за изведба на настава и вежби на профилот Електротехничар за компјутерска техника и автоматика. За потреби на наставниот предмет Спорт и спортски активности, комплетно е реновирана фискултурната сала и тоа во делот на подот, прозорите и комплетната вентилација.<br><br>Училиштето го подигна нивото на усвојување на автоматизирани процеси со опремување на кабинет по електроника со КНХ табла-стандард за автоматизација на домови и згради.<br><br>Во соработка со компаните "Wabtec" и агенцијата за електронски комуникации АЕК, кабинетите по телекомуникации и електроника и компјутерска техника и автоматика комплетно се опремија со најсовремена техничка дигитална опрема за заштита и чување на податоци.<br><br>Во училиштето чисти и одржувани се канцелариите, училници, лаборатории, кабинети, работилници, спортски сали и соблекувални. Варосани, неоштетени и просторно соодветни училници (врати, прозорци и училишен инвертар), лаборатории, спортски сали, соблекувални, ходници, подни површини.<br><br>Инфраструктурата (мебелот, скалите, влезот, дворот, училниците, подовите, електричната инсталација) во училиштето се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност за учениците и наставниот кадар. Покривот на училиштето е во добра состојба, неоштетен и не прокиснува, фасадата од предната страна е нова и обновена, а прозорите се нови пластицифирани и термоизолациони со кои се влијае на заштедата на топлинската енергија во зимската сезона. |
| **`Прашалник за ученици** | **Марија Барутовска Цветановска** | **За анализа извршена е анкета со 80 ученици и добиени се следните резултати изразени во %:** |

| | | Прашање | Незначајно | Значајно | Многу значајно | Неточно | Делумно е точно | Точно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1. Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно | 4 | 18 | 50 | 10 | 29 | 41 |
| | | 2. Знам каде да се обратам во случај да е загрозена мојата безбедност во училиштето. | 2 | 20 | 51 | 7 | 9 | 7 |
| | | 3. Училиштето брзо и ефикасно реагира на сите ситуации кои ја загрозуваат нашата сигурност и безбедност во училиштето. | 3 | 18 | 51 | 20 | 19 | 33 |
| | | 4. Знам каде да се обратам во случај да имам емоционални здравствени или социјални проблеми/потреби. | 8 | 23 | 42 | 14 | 22 | 36 |
| | | 5. Наставникот е секогаш подготвен да ги сослуша моите проблеми кои немаат директна врска со училиштето. | 12 | 31 | 29 | 27 | 26 | 20 |
| | | 6. Наставникот е секогаш подготвен за разговор со моите родители. | 13 | 26 | 34 | 6 | 25 | 42 |
| | | 7. Во училиштето не учат како да учиме (не упатуваат на разни техники на учење). | 5 | 20 | 47 | 20 | 23 | 30 |
| | | 8. Поуспешните и помалку успешните ученици добиваат различни задачи. | 7 | 30 | 36 | 22 | 19 | 31 |
| | | 9. Наставниците не организираат така што поуспешните ученици им помагаат на оние кои поспоро напредуваат. | 9 | 26 | 37 | 22 | 21 | 31 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 10. Наставниците им помагаат на учениците кои поспоро напредуваат на часовите на дополнителната настава. | 8 | 23 | 42 | 21 | 26 | 26 |
| | | 11. На талентираните ученици им се овозможени посебни форми на работа надвор од редовната настава(на часовите по додатна настава, секции, истражувачка работа и сл.) | 14 | 26 | 33 | 26 | 19 | 28 |
| | | 12. Училиштето остварува соработка со училишта од странство каде се реализираат различни проекти за стручно усовршување на учениците. | 10 | 25 | 37 | 13 | 18 | 42 |
| | | 13. Учениците не се досадуваат на час. | 15 | 25 | 32 | 41 | 22 | 9 |
| | | 14. На часовите работам онолку брзо колку што сакам. | 11 | 23 | 38 | 17 | 24 | 31 |
| | | 15. Не учам само од учебникот, користам и други извори на информации(книги, весници, интернет). | 9 | 20 | 44 | 21 | 11 | 40 |
| | | 16. Знам да го следам и проценам сопственото напредување и остварените резултати. | 7 | 19 | 47 | 4 | 20 | 48 |
| | | 17. Во училиштето не учат да имаме доверба во сопственото знаење и способности. | 8 | 16 | 40 | 16 | 28 | 28 |
| | | 18. Во училиштето не учат да бидеме одговорни за сопствените постапки. | 8 | 21 | 43 | 14 | 26 | 32 |
| | | 19. Во училиштето не поттикнуваат да се грижиме за другите луѓе. | 8 | 24 | 41 | 26 | 25 | 21 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 20. Во училиштето не учат да се грижиме и да ја чуваме природата. | 11 | 21 | 40 | 23 | 23 | 26 |
| | | 21. Во училиштето се негува тимска работа. | 7 | 21 | 44 | 14 | 30 | 29 |
| | | 22.Во училиштето редовно се пофалуваат позитивните постапки и успехот на учениците. | 10 | 24 | 38 | 13 | 20 | 40 |
| | | 23. Вклучен/на сум во работата барем на една вонннаставна активност во училиштето. | 11 | 32 | 29 | 29 | 20 | 24 |
| | | 24. Со учество во некоја вонннаставна активност ги задоволувам своите интересирања и ги развивам своите таленти. | 13 | 28 | 31 | 25 | 25 | 23 |
| | | 25. Низ разговорите во училиштето се информираме како да го продолжиме образованието или да се вработиме. | 9 | 17 | 46 | 21 | 16 | 35 |
| | | 26. Наставниците не поттикнуваат да бараме дополнителни информации во врска со понатамошното образование. | 5 | 30 | 37 | 22 | 18 | 32 |
| | | 27. Во училиштето можам да добијам совет во врска со изборот на понатамошно школување. | 9 | 22 | 42 | 15 | 23 | 34 |
| | | 28. Наставниците ја истакнуваат потребата од перманентно(доживотно) учење. | 10 | 29 | 33 | 16 | 26 | 31 |
| | | 29. Наставниците ни помагаат да ги проценам своите способности, знаења и умеења кои ќе ми служат за понатамошно учење и вработување. | 7 | 23 | 43 | 22 | 23 | 29 |
| | | 30. Задоволен/на сум со квалитетот на информации и совети што ги добиваме во | 10 | 20 | 43 | 25 | 21 | 26 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | училиштето во врска со нашето понатамошно образование и вработување. | | | | | | |
| | | Учениците сметаат дека се заштитени и безбедни во училиштето, а во случаи кога е загрозена нивната безбедност, знаат каде да се обратат.Според нив, наставниците се подготвени за разговори соработка и ги поттикнуваат и развиваат интересите и афинитетите на учениците. Треба да се подобри интеракцијата и креативноста на часовите и да се работи на зголемување на доверба во сопственото знаење и способности на учениците, како и интересот за вонннаставни активности. | | | | | | |
| **Прашалник за наставници** | **Снежана Алексовска** | **За анализа извршена е анкета со 30 наставници и добиени се следните резултати изразени во %** | | | | | | |
| | | **Прашање** | **Незначајно** | **Значајно** | **Многу значајно** | **Неточно** | **Делумно е точно** | **Точно** |
| | | 1. Се чувствувам одговорен/а за сигурноста и безбедноста на учениците во училиштето. | 0 | 13 | 83 | 0 | 9 | 91 |
| | | 2. Обврските кои ги имам во врска со сигурноста и безбедноста на учениците во училиштето се јасни и прецизни | 0 | 22 | 74 | 0 | 22 | 78 |
| | | 3. Запознат/а сум со процедурите за заштита и безбедност на учениците. | 0 | 9 | 87 | 4 | 22 | 74 |
| | | 4. Училиштето брзо и ефикасно реагира на сите пропусти во врска со сигурноста и безбедноста на учениците во училиштето . | 0 | 9 | 87 | 4 | 13 | 87 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 5. Активно се вклучувам во превенција и детектирање на појава на пушење во училиштето. | 4 | 35 | 57 | 13 | 26 | 65 |
| | | 6. Постојат добро осмислени процедури за регулирање во случај на насилно однесување, злоупотреба на дрога и алкохол.. | 0 | 13 | 87 | 0 | 30 | 70 |
| | | 7. Ги поттикнувам учениците да се грижат за своето здравје | 0 | 26 | 70 | 0 | 17 | 83 |
| | | 8 Ако забележам дека некој ученик има емоционални, здравствени и социјални проблеми, знам каде да се обратам. | 0 | 17 | 83 | 0 | 9 | 91 |
| | | 9. Секогаш сум подготвен/а да ги сослушам учениците или родителите. | 0 | 22 | 57 | 4 | 9 | 78 |
| | | 10. Сум компетентен/на и подготвен/на да реагирам на едноставни емоцинални, здравствени и социјални проблеми/потреби на учениците. | 4 | 26 | 57 | 4 | 43 | 39 |
| | | 11. Свесен/на сум дека моето однесување е пример за учениците, родителите и колегите. | 0 | 4 | 78 | 4 | 4 | 83 |
| | | 12.Свесен/на сум дека училиштето е место каде мора да се негува позитивна социјална клима | 0 | 9 | 74 | 4 | 4 | 83 |
| | | 13. Сите во училиштето се поттикнуваат на толеранција, взаемно почитување, соработка, грижа за другите. | 0 | 9 | 70 | 4 | 30 | 57 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 14. Учениците ги поттикнувам да се грижат за другите луѓе | 0 | 13 | 70 | 4 | 9 | 78 |
| | | 15.Кај учениците ја развивам способноста за тимска работа. | 0 | 13 | 70 | 4 | 17 | 70 |
| | | 16. Кај учениците ја развивам одговорноста за нивните постапки | 0 | 9 | 70 | 4 | 0 | 87 |
| | | 17. Кај учениците ја развивам одговорноста за учење. | 0 | 26 | 52 | 4 | 9 | 78 |
| | | 18. Редовно ги пофалувам и признавам позитивните постапки и успех на учениците. | 0 | 22 | 57 | 4 | 0 | 87 |
| | | 19. Ги поттикнувам учениците да ги откриваат и развиваат нивните таленти учествувајќи во понудените воннаставни активности. | 0 | 26 | 52 | 4 | 22 | 65 |
| | | 20. На учениците им ја истакнувам потребата од перманентно(доживотно) учење. | 0 | 30 | 52 | 4 | 9 | 78 |
| | | 21. Им помагам на учениците да ги проценат своите способности, знаења и умеења кои ќе им послужат за понатамошно учење и вработување. | 0 | 13 | 65 | 4 | 4 | 83 |
| | | Наставниците сметаат дека учениците се сигурни и безбедни во училиштето, училиштето е место кадешто се поттикнува взаемно почитување, толеранција, соработка и грижа за другите. Наставниците сметаат дека во училиштето се оддржува мотивираност на младата генерација кон својата околина, семејство и пријатели. Тие се секогаш отворени за соработка, ги поттикнуваат и развиваат специфичните и општите способности кај учениците, го негуваат чувството на толеранција и припадност, ги наградуваат и пофалуваат позитивните постапки, постигнувањата и успесите на учениците | | | | | | |

| Прашалник за родители | Соња Дмитровиќ | За анализа извршена е анкета со 18 родители и добиени се следните резултати изразени во %: | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Прашање** | **Незначајно** | **Значајно** | **Многу значајно** | **Неточно** | **Делумно е точно** | **Точно** |
| | | 1.Запознат/а сум со процедурите за заштита и безбедност на учениците во училиштето. | 0 | 11 | 89 | 0 | 11 | 89 |
| | | 2. Училиштето брзо и ефикасно реагира во случај на нарушување на сигурноста и безбедноста на учениците во училиштето. | 0 | 11 | 89 | 0 | 11 | 89 |
| | | 3. Во училиштето се поттикнува и негува чувство на толеранција, взаемно почитување, соработка, грижа за другите. | 0 | 44 | 56 | 0 | 50 | 50 |
| | | 4. Свесен/на сум дека училиштето е место каде мора да се негува позитивна социјална клима. | 6 | 22 | 72 | 0 | 28 | 72 |
| | | 5. Информиран/а сум за воннаставните активности кои се реализираат во училиштето. | 6 | 50 | 44 | 17 | 33 | 50 |
| | | 6. Информиран/а сум за меѓународните училишни проекти кои се реализираат со други училишта, а со цел стручно усовршување на учениците. | 6 | 44 | 50 | 6 | 33 | 61 |
| | | 7. Училиштето ми помага да го насочам професионалниот развој на моето дете. | 6 | 17 | 77 | 0 | 11 | 89 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 8. Во училиштето можат да се добијат јасни информации, корисни за продолжување на образованието на моето дете. | 11 | 22 | 67 | 0 | 11 | 89 |
| | | 9. Училиштето им помага на учениците во одлуките за понатамошното образование и вработување. | 11 | 11 | 78 | 0 | 11 | 89 |
| | | 10. Како родител задоволен/на сум од информациите што ги нуди училиштето за понатамошната професионална ориентација на моето дете. | 11 | 17 | 72 | 0 | 6 | 94 |
| | | Родителите сметаат дека нивните деца се безбедни и сигурни во училиштето и доколку им е потребна помош знаат каде да се обратат.Училиштето и наставниците одговорно и професионално ја вршат својата функција, се грижат за учениците, нивната безбедност, правилно ги насочуваат и го поттикнуваат нивниот личен и професионален развој. | | | | | | |

| **Резултати:** ***Овде треба накратко да ги образложите клучните јаки страни и слабости*** |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br>1. Училиштето се грижи за добросостојбата на своите ученици и персонал.<br>2. Хигиената е на високо ниво, во училишната зграда и во училишниот двор.<br>3. Училиштето претставува сигурна и безбедна средина за работа.<br>4. Воспоставен систем за заштита на просториите и инвентарот и безбедноста на учениците.<br>5. Опремени кабинети со современи надгледни средства за подигнување на квалитетот на наставата.<br>6. Редовна следење на успехот и постигнувањата на учениците.<br>7. Педагошката служба во училиштето е секогаш достапна и отворена за соработка со учениците и нивните родители;<br>8. Училиштето води уредна евиденција и навремено ги информира родителите за успехот, редовноста и поведението на учениците.<br>9. Постојано опремување и оддржување на кабинети и лабаратории за изведување на настава.<br>10. Активна “web” страна каде континуирано се известува за новостите и случувањата и достигнувањата во училиштето |
| **Слабости:**<br>1. Интересот за посетување на додатна и дополнителна настава е многу мал. Интерес за вонннаставни активности треба да се зголеми.<br>2. Училишните секции да го прошират интересот за учество во сите наставни години.<br>**3.** Соработка со компании за изведување на учење преку работа кај работодавач и идно вработување да се прошири на повисоко ниво за поголема инволвираност на учениците во професионалниот домен. |

| **Анализа на резултатите:** ***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје*** |
|---|
| Нашето училиште во секојдневната работ аспроведува активности и ефективни форми кои се во насока на обезбедување на благосостојба, грижа, безбедност и заштита на сите ученици, без разлика на полиетничка припадност.<br><br>Еден од врвните приоритети и заложби на раководниот тим и училишниот колектив е безбедноста на учениците во и надвор од училиштето. Училишниот простор е безбеден за изведување на настава, со пропишани активности и мерки за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор. Во текот на наставата организирани се дежурства од професори и ученици во ходниците и училишниот двор. Во соработка со Градот Скопје се овозможува и физичко обезбедување кое соработува со надлежните институции. Превенцијата од насилство е на високо ниво и во таа насока училиштето активно соработува со СВР Скопје - Одделение за малолетничка деликвенција, Центарот за социјални работи и сл. Како резултат на соработката и синхронизираното дејствување на сите субјекти во градот Скопје, одговорни за безбедноста на учениците, значително се намалени инцидентите од аспект на сигурноста и безбедноста на учениците. Кај учениците и родителите е присутно чувството на безбедност и сигурност во училиштето.<br><br>Работата на психолошко-педагошката служба во училиштето е од големо значење и потребно е поорганизирано информирање на сите ученици и родители за работата на истата. За ученици кои покажуваат одредени социјално емоционални проблеми при прилагодување во средината, како и ученици кои пројавуваат девијации во однесувањето, се организира психолошко – педагошка помош, средби со родителите и сл.<br><br>Во училиштето успешно се реализира здравствена заштита и превенција од заразни болести на учениците, во соработка со здравствени организации, Црвен Крст, Министерство за здравство и невладини организации. Во тој контекст се вршат систематски прегледи, вакцинација и едукативна превенција од заразни болести. За заштита од пушење, алкохол и дрога, училиштето врши интезивна едукација на учениците преку пишан материјал кој се дели на класните часови, како и предавања во училиштето во соработка со Владини и невладини организации, министерство за здравство и сл. Во училиштето има екипа од обучени ученици за пружање на прва помош кои учествуваат на натпревари во прва помош и се многу успешни, на регионален и државен план.<br><br>Училиштето континуирано го следи напредокот на учениците и тоа: редовноста, поведението, изрекување на педагошки мерки и постигањата на успехот на учениците. Техничките и материјалните услови за работа во училиштето се на завидно ниво. За учениците кои побавно напредуваат се организира дополнителна настава, но посетеноста треба да се подобри. Работата со надарените ученици е изразена преку додатната настава и воннаставните активности. Тие навремено се подготвуваат за разните видови натпревари по одделни наставни предмети, меѓутоаодзивот на заинтересирани ученици не е на завидно ниво и истата треба да се зголеми. Преку успешни соработки со други училишта, од земјата и надвор од неа, се постигнува исклучително постигање на размена на искуства и знаења.<br><br>Хигиената во училиштето е на високо ниво. Тоалетите и кабинетите во училиштето се опремени со средства за лична хигиена-течен сапун. Редовно се врши чистење и дезинфицирање на тоалетите и по повеќепати дневно. Ходниците и скалите се чистат најмалку трипати дневно, подот и мебелот во училниците се чистат најмалку пред почетокот на секоја смена, а останатиот простор барем еднаш во текот на денот. |

| |
|---|
| Прозорците, вратите и другиот инвентар се чистат најмалку по два пати во текот на полугодието. Зелените површини околу училиштето редовно се одржуваат и чистат од отпадоци. Во училиштето се поставени неколку канти за селектирање на отпад.<br><br>Тимот за професионална ориентација во нашето училиште има значајна улога во поддржувањето на учениците во процесот на идентификување на нивните професионални интереси и потреби како во областа на електротехниката, така и во сите други професионални области. Во таа насока, со цел учениците да се самозапознаат и да ги откријат нивните интереси, вредности, вештини, лични карактеристики и јаки страни, во рамки на програмата за Планирање на кариера, учениците од трета учебна година имаат можност да учествуваат на тестирање преку користење БИПО. Со помош и поддршка од Секторот за образование на Град Скопје, оваа активност од доброволна премина во задолжителна, со што им се овозможи на сите ученици за учествуваат во активности поврзани со задавање на батеријата иструменти, како и соопштување на резултатите и реализирање на индивидуални средби. |
| **Идни активности:** ***Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето***<br><br>**1.** Развивање на систем на поддршка, вклученост во разни активности и наградувањекај учениците, во функција на севкупен нивен развој<br>**2.** Да се зголеми доверба во сопственото знаење и способности на учениците во меѓусебна комуникација, како и комуницирање и советување од страна на професорите.<br>**3.** Да се поттикне мотивацијата на учениците за посета на редовната и додатната настава, како и на воннаставни активности.<br>**4.** Индетификација и мотивирање на талентирани и надарени ученици, развој на нивните особености во професионална насока во тек на посетување на училиштето.<br>**5.** Да се формираат нови секции и веќе постоечките да работат поактивно, поинтезивно и подинамично.<br>**6.** Тимот за професионална ориентација да работи поактивно и поорганизирано на повеќе полиња со помасовно вклучување како на ученици и професори, така и на стопанските субјекти.<br>**7.** Организирање обуки за наставниот кадар со цел да се зголеми квалитетот на наставата со посебен акцент на струката и практичната настава. |

| |
|---|
| **Самоевалуација на СЕТУ на ГС „Михајло Пупин“ Скопје**<br><br>**Подрачје 5. УЧИЛИШНА КЛИМА** |
| **Индикатори за квалитет:**<br><br>**5.1 Училишна клима и односи во училиштето**<br><br>**5.2 Промовирање на постигањата**<br><br>**5.3 Еднаквост и правичност**<br><br>**5.4 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и со деловната заедница** |

| **Собирање на податоци** ***Кои податоци се собрани: Кои методи се користени.***<br>**(и) Обработка на документи** | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи коисе прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| **Годишна програма за работа на училиштето** | Работата воучилиштето се одвива според Годишна програма за работа, која е одобрена од основачот, Град Скопје и усвоена од Наставничкиот Совет и Училишниот одбор.<br>Појдовната основа за изработка на Годишната програма за работа на училиштето е креирањето на позитивна училишна клима и зајакнувањето на воспитно образовната функција на училиштето низ сите облици на наставни и воннаставни активности со континуирана соработка со општетствената средина.<br>Посебно внимание се посветува на воспитниот процес, развивање на убаво однесување, солидарноста, толеранцијата и соработката помеѓу сите субјекти.<br>Основната цел на програмата е да се обезбеди заедничко делување во сите облици на работа во училиштето – наставата, слободните ученички активности, општествено-корисната работа, организации на ученици и се останото што придонесува за реализација на општата цел на образованието односно, унапредување на интелектуалниот, емоционалниот, социјалниот, моралниот и физичкиот развој на секој ученик, во склад со неговата возраст, развојни потреби и интереси.<br>Изјава за визија: Да станеме моќно Електротехничко училиште во Република Северна Македонија, познато и признато во регионот и во Европа со висококвалитетно образование преку:<br>• Усовршените форми за работа со учениците;<br>• Перманентно следење, развивање и надградување на постојните и учество во изработка на нови наставни планови и програми;<br>• Соработка со работните и образовните институции;<br>• Средина со здрава клима;<br>• Средина со актуелна училишна култура;<br>• Организација со широк спектар на вонинституционални форми на работа;<br>• Преквалификации, доквалификации и усовршување на кадри;<br>• Образовни и производни активности;<br>• Обука на кадри;<br>• Меѓународна соработка со исти и слични организации;<br>• Работа на проекти;<br>• Размена на искуства. |

| | |
|---|---|
| **Извештај за работата на училиштето во 2022/2023 – 2023/2024година** | Во однос на соработка со оппштествената заедница реализирани се активности во форма на проекти, обуки, посети на стопански субјекти, склучување на договори за соработка, предавања за учениците од областа на безбедност, спречување на насилство, здравствена едукација, учество на манифестации, крводарителски акции, активности од Црвен крст, посета на ФЕИТ, организирање на манифестации во училиштето, организирање на отворен ден на училиштето,учество на натпревари од разни области, активности во рамки на екологија и енергетска ефикасност и друго.<br>Во учебна 2022/2023 – 2023/2024, се изведуваа размена на ученици во соработка со партнерските училишта (Земун, Ниш, Нови Сад, Босна), посета на Португалија преку програмата Еразмус+, посета на ученици и професори од Турција, проект во Каламата, Грција. |
| **Програма за развој на училиштето** | Во рамките на стратешките цели од програмата за развој на училиштето 2022/2023 – 2023/2024година, приоритети се:<br><br>Изјава за визија:Да станеме моќно Електротехничко училиште во Република Северна Македонија, познато и признато во<br>регионот и во Европа со висококвалитетно образование преку:<br>• Усовршените форми за работа со учениците;<br>• Перманентно следење, развивање и надградување на постојните и учество во изработка на нови наставни планови и програми;<br>• Соработка со работните и образовните институции;<br>• Средина со здрава клима;<br>• Средина со актуелна училишна култура;<br>• Организација со широк спектар на вонинституционални форми на работа;<br>• Преквалификации, доквалификации и усовршување на кадри;<br>• Образовни и производни активности;<br>• Обука на кадри;<br>• Меѓународна соработка со исти и слични организации;<br>• Работа на проекти;<br>• Размена на искуства.<br>За приодот 2022 – 2026 година, Разојниот тим, врз основа на наведените документи, ги дефинира следниве стратешки цели:<br>1. Осовременување на реализацијата на наставата;<br>2. Следење на пазарот на трудот со воведување на нови образовни профили;<br>3. Зголемување на енергетската ефикасност. |

| | |
|---|---|
| **Кодекс на однесување** | Во училиштето е изработен нов кодекс на однесување на наставниците и на учениците.<br>Кодексот на однесување дава јасна слика за положбата и улогата на наставниците и учениците како субјекти во воспитно образовниот процес, во училиштето и во општеството. Кодексот поттикнува однесување на субјектите за создавање на безбедна и сигурна училишна средина, без насилство и други видови на психичко и физичко малтретирање, креира позитивна училишна клима заснована на меѓусебно почитување, соработка, непречено и квалитетно реализирање на наставниот процес, како и заштита на имотот и угледот на училиштето.<br>Во кодексот за наставниците се опфатени основните барања и начела што го определуваат професионално - етичкото однесување на наставниците. Тој ги содржи основните норми и начела на наставникот, наставникот и општеството,наставникот и струката, наставникот и ученикот, наставникот и родителот, меѓусебниот однос на наставниците,наставникот и училиштето и завршните одредби. Кодексот за учениците содржи основни норми и начела,права и одговорности на учениците,однесувања кои нема да се толерираат, одговорности на наставниците, родители и завршни одредби. |
| **Куќен ред на училиштето** | Куќниот ред на училиштето е истакнат на видно место, во холот на училиштето и истиот се почитува. За негово спроведување во училиштето се реализираат и дежурства на наставниците во двете смени од наставата. |
| **Видео надзор** | Во ходниците се инсталирани видео камери кои придонесуваат за безбедност на учениците и материјалните добра. Работењето на видео надзорот се релизира согласно со Законот за заштита на личните податоци. |
| **Меморандуми за соработка со други училишта** | Училиштето има потпишано Меморандум за соработка со следните училишта:<br>СЕТУ Михајло Пупин има склученоо меморандум за соработка со следните училишта од регионот:<br><br>- ЕТШ Михајло Пупин – Нови сад Република Србија<br>- Мешовита школа Младост – Зеница Босна И Херцеговина<br>- ЈУ техничка школа – Зеница Босна И Херцеговина<br>- Техничка школа Руѕер Бошкович – Винковци Р. Хрватска<br>- Школски Центар – Крањ Р. Словенија<br>За следење на современите достигнувања на техниката, училиштето ја интензивира соработка со стопански субјекти кои својата дејност ја реализираат во електротехничката област.Феријалната пракса и дел од часовите по практична настава се реализира во стопанските субјекти со кои соработува училиштето.<br>Училиштето има потпишано меморандуми за соработка и со следните компании од бизнис секторот:<br>ЕВН, АД Мепсо, Цементарница Усје АД Скопје, Арцелормитал, Макстил АД Скопје, Ван Хол, Виталија Никола ЛТД, Раде Кончар-ТЕП ДОЕЛ, Раде Кончар контактори и релеи ДОО Скопје и ДПТУ Глобал Секјурити ДООЕЛ и многу други. |
| **Протокол за заштита и постапување со учениците во случаи на насилство , злоупотреба и занемарување** | Генералната цел на овој протокол е подобрен квалитет на живот во училиштето. Нашите ученици, родители и вработените да се чувствуваат безбедно, сигурно и да се развиваат и реализираат себе си на начин што ги прави успешни и задоволни.<br>Протоколот дава насоки за воспоставување безбедност и постапување во случаи на насилство во согласност со Конвенцијата за правата на децата, Законот за основно образование, Законот за средно образование и Законот за просветна инспекција, како и подзаконските акти кои овозможуваат заштита на правата на детето.<br>Насоките имаат за цел создавање безбедна и здрава училишна средина ослободена од насилство која стимулативно делува на психо-социјалниот и емоционалниот развој на сите ученици. Протоколот предвидува мерки за превенција и интервенција во случаи на насилство. |

| | |
|---|---|
| **Програма за професионална ориентација** | Професионалната ориентација е наменета за учениците од основните и средните училишта, а обично опфаќа тестирања (тестови на способности, лични карактеристики, професионални интереси) и интервјуа кои имаат за цел да ги соберат потребните информации за ученикот (интереси, таленти, мотивации, вредности и сл.). Процесот вклучува и дел на психолошко советување кое подразбира сумирање на резултатите од проценката и надминување на потенцијалните препреки на ефикасноста во реализирањето на кариерниот план.<br><br>Носители на активностите во програмата се психологот во соработка со класните раководители и претседателите на активите. |
| **Програма за училишни екскурзии** | Врз основа на Годишната програма за работа на училиштето се изготвува програма за училишни екскурзии, според Правилникот за изведување на училишни екскурзии од средните училишта, донесен од страна на министерот за образование и наука.<br>Во учебна 2022/2023 и 2023/2024 година се планирани еднодневни и повеќедневни екскурзии и посети од воспитен, културен, забавен и стручен карактер со цел учениците да се запознаат со природните убавини на поблиската и пошироката заедница, со културно историските знаменитости на Република Македонија и земјите од Европа.<br>Реализирани се еднодневни екскурзии во Дојран и Крушево и повеќедневни Прага, Дрезден, Виена, Италија, Словенија. |
| **Програма за соработка со локалната средина** | Во програмата за соработка на локалната заедница, преку соработка со одредени институции планирани се посети на театарски претстави, музејски поставки, изложби ,спортски натпревари, санитарни прегледи, систематски прегледи, вакцинации, акции за дарување на крв и предавања за учениците за подигање на здравствената култура и безбедноста. Планирана е соработка со компании во кои учениците ќе реализираат практична настава, соработка со социјални служби, ученички домови, со основни, средни училишта и универзитети. |

| | |
|---|---|
| **ЕКО годишен план и програма за работа**<br>**ЕКО кодекс**<br>**Е- дневник** | Полиса: Рационално користење на електричната и топлинската енергија во училишната зграда.<br>Цел: Намалување на потрошувачката на електрична и топлинската енергија за 10% во споредба со претходната година.<br>Реализација на проектот ЕКО училиште е во насока на развивање и подигање на еколошка свест на сите субјекти во училиштето и подобрување на енергетската ефикасност во училиштето.<br>ЕКО кодексот и ЕКО програмските активности се имплементирани во воспитно- образовната работа со учениците. Во планот за реализација на ЕКО програмата активно се вклучени вработените во училиштето, учениците, родителите и членовите на локалната самоуправа.<br>Според програмата за работа, за утврдување на состојбата на училниците, училишниот простор и училишниот двор, задолжен е ЕКО одборот и ЕКО патролата. Планирани теми за учебна 2022/2023 и 2023/2024 се штедење на електричната енергија, екологијата, загадување и спречување, култирата итн.<br>- Проширување на знаењата во врска со отпадот во државата.<br>- Собирање и селектирање на отпадот.<br>- Чистење, уредување и озеленување на училишната околина.<br>- Изложби на изработки од ученици.<br>- Одбележување на поважни еко датуми.<br>- Предавања на тема: Потреба од заштита на нашата животна средина.<br>- Хуманитарни акции<br>- Замена на сите светилки со штедливи еветилки<br><br>Во годишниот план за работа наведени се планираните точки на акција за ЕКО стандардите. |
| **Записници од Училишен одбор** | Училишниот одбор ги разгледува и усвојува предлог програмите за работа на училиштето на почетокот на учебната година и предлог извештајот за работата на училиштето на крајот од учебната година<br>Училишниот одбор се запознава со проектите кои се реализираат во училиштето и носи одлуки за нивна реализација.<br>Училишниот одбор разгледува и одлучуа по барања на: вработени, ученици, родители, како и склучување на договори за соработка. Одлуките на Училишниот одбор се објавуваат на огласната табла во училиштето. |

| | |
|---|---|
| **Програма за меѓуетничка интеграција во образованието** | Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованиото (ПМИО) е имплементиран од страна на Биро за развој на образование (БРО), Центар за стручно образование и обука (ЦСОО), Државен просветен инспекторат (ДПИ) и Државен испитен центар во Република Македонија (ДИЦ).<br>Концептот на меѓуетничка интеграција во образованието вклучува промовирање на активностите за мултикултурно учење и заеднички активности помеѓу ученици од различни етнички заедници. Мултикултурното учење го промовира развивањето на вредностите кај учениците за заедничко живеење, почитување на разликите меѓу луѓето и традициите. Преку искуството на заедничките активности и интеракција, учениците учат да комуницираат и да соработуваат едни со други, да градат меѓусебна доверба и да ги намалуваат предрасудите за другите.<br>Целта на проектот за меѓуетничка интеграција во образованието преку активностите на учениците да ги продлабочат своите компетенции кои им се потребни за животот во интегрирано мултиетничко општество во духот на меѓусебно разбирање, мир, толеранција, почитување на „другите”, прифаќањето на разликите и правото на еднаквостите на сите.<br>Во последната учебна година не се реализирани активности со други училишта во рамки на овој проект.<br>Класните ракооводители и предметните наставници во класовите каде има ученици со различна етничка припадност, во текот на наставата реализираат содржини со кои придонесуваат за негување на мултикултурализмот. |
| **Записници од Совети на паралелка(е-дневник) и Наставнички совет** | Училиштето има остварено добра соработка со деловната заедница преку добро организирана феријална практика.<br>Во училиштето секоја година се организира манифестација „Денови на електротехника“ за учениците од основното образование, преку која се остварува соработка со сите основни училишта на територијата на град Скопје и истовремено се промовира училиштето и електротехничката струка.<br>Од увидот во записниците од Совети на паралелка и Наставнички совет се заклучува дека во континуитет се следи работата на учениците во наставните и воннаставните активности, а за постигнатите резултати учениците се пофалени.<br>Наставничкиот совет на крајот на наставната година,по предлог на Советот на годината, од учениците во четврта година, избира „Ученик на генерацијата“, како и „Ученик на образовен профил“ во сите четири образовни профили. Изборот на најдобрите ученици се врши по утврдени критериуми усвоени од Наставничкиот совет.<br>На крајот од наставната година, по предлог на Советите на паралелки, Наставничкиот совет ги пофалува учениците за одличен успех и примерно поведение, за воннаставни активности и за талентираност за струката.<br>На пофалените ученици им се доделуваат пофалници. |

| | |
|---|---|
| **Извештаи од соработка со родителите** | Училиштето има континуирана соработка со родителите.<br>Во текот на наставната година се реализираат средби со родителите, преку редовните, а по потреба се одржуваат и вонредни родителски средби, за што се водат писмени извештаи во дневниците на паралелката. На родителите им се овозможени индивидуални средби со класниот раководител, со предметните наставници или со педагошката служба и раководството на училиштето. На родителите им се достапни термините „приемен ден"за секој наставник, односно истите се поставени на видно место на огласна табла во училиштето.<br>Во соработката со родителите активно е вклучена педагошко – психолошката служба, преку советодавна работа и поддршка на родителите.<br>Во текот на наставната година од страна на педагошко-психолошката служба се реализираат советувања на родителите, согласно законските норми, за учениците кои покажуваат слаб успех, не се редовни на настава или имаат намалено поведение за недолично однесување.<br>Во текот на наставната 2022/2023 и 2023/2024 година, во класовите од прва до четврта година, се одржани од четири до шест родителски средби.<br>Според извештаите од состаноците , родителите се запознаваат со куќниот ред и кодексот на однесување во училиштето, распоредот на часови на училиштето, се избираат членови за совет на родители на паралелката, се известуваат родителите за Училишната компанија, Училишната заедница и Кариерен центар, за секциите во училиштето и за планираните проекти за тековната учебна година. Родителите потпишуваат и согласности за осигурување на учениците. На родителските средби е дискутирано и за планираните научни екскурзии за сите години и повеќедневната планирана екскурзија во Италија за учениците од трета година. Дискутирано е и за состанокот на училишниот тим за безбедност со одделот за превенција при полициска станица Гази Баба со читање на краток реферат за зголемување на свесноста на младите за користење на интернетот и можните начини на заштита од злоупотреба<br>Во периодот во кој наставата се реализираше од дома, класните раководители ги известувале учениците и родителите за постигнатиот успех електронски, преку електронски дневник, Viber, Messenger и електронска пошта |
| **Записници од Советот на родители** | Советот на родители, со свои предлози и одлуки учествува во подобрување на воспитно образовниот процес на учениците и помага во донесување на одлуки поврзани со интересите и активностите на учениците во наставните и воннаставните активности, како и во организирањето на екскурзии за учениците. |

| | |
|---|---|
| **Извештај од работата на Училишна заедница** | Конституирањето на ученичките тела претставува значаен сегмент во организацијата на работата на училиштето. Преку нив, на учениците им се даваат структурирани можности активно да ги истражуваат и дискутираат различните аспекти на училишниот живот што се релевантни за нив, да учат да зборуваат за проблемите што ги засегаат преку свое избрано тело и негови претставници, да соработуваат во различни контексти (во различен етнички и полов состав, или пак со ученици со различни погледи) и да откриваат различни аспекти на работите што се релевантни за нив, да ги анализираат за да можат потоа да работат на нивно подобрување.Во училиштето се конституираат два вида на ученички тела:<br>• класна заедница и<br>• Училишна заедница<br>Изборот и конституирањето на класните заедници се врши на почетокот на учебната година, на ниво на секоја паралелка во училиштето.<br>Класната заедница е формирана од тројца ученици од паралелката: претседател, заменик претседател и член. Претседателот на класот е најчесто и член на училишната заедница.<br>Училишната заедница е ученичко тело на ниво на училиште, односно истата се формира од членови- избрани претставници од секоја класна заедница во училиштето.<br>Раководството на училишната заедница се избира на демократски начин од нејзините членови.<br>Училишната заедница работи по одредена програма, со цел да се овозможи демократско учество на учениците во училишниот живот, но и по потреба, на барањето на паралелките со цел да се подобрат условите и квалитетот на образовнот процес или да се разрешат некои актуелни проблеми или потреби.<br>Својата работа и активности, училишната заедница ја остварува преку спроведување на претходно изготвена Програма за работа во која се наведени целите и задачите што треба да се постигнат, односно реализираат.<br>Цели на програмата:<br>-Целосна комуникација на учениците со претставниците на училиштето за унапредување на воспитно - образовниот процес;<br>-Училиштето да се запознае со проблемите кои се јавуваат во наставата и активностите за време на целокупното работење и престој на учениците во училиштето;<br>-Учениците да придонесат за развивање на позитивната работна клима, напредокот и афирмацијата на училиштето<br>На редовно одржаните состаноци се работи следново:<br>• Разгледување на постигнатиот успех, редовноста и поведението на учениците по првото тромесечие од учебната година, по првото полугодие од учебната година, по второто тромесечие од учебната година и на крај од учебната година;<br>• Организирање и реализација на вонноставни активности и екскурзии на учениците;<br>• Организирање на активностите кои се однесуваат на учениците од завршните години: формирање на матурски одбор, избор на фото студио за изработка на матурско табло и алманах, организирање прослава на матурската вечер, преземање активности за успешно спроведување на Државна матура и Завршен испит;<br>• Тековни, актуелни активности, случувања и потреби на учениците во текот на учебната година. |

| | |
|---|---|
| **Извештај од работата на активите** | Во извештаите од работата на активите, се забележува активно учество на сите членови во промоција на училиштето, преку презентации во основни училишта, учества во емисии, отворен ден на училиштето, презентации во нашето училиште пред деветтоодделенци, предавања за ученици од основни училишта и друго. Професорите ги вклучуваат учениците во вонnаставни активности и соработуваат со општествената средина преку учество во проекти, натпревари, посета на компании и слично.<br>Во учебната 2022/2023 и 2023/2024 година наставниците од сите активи ги реализираа следниве активности:<br>- Менторирање на учениците од IV година при изработка на проектните задачи за Државна матура и Завршен испит<br>- Избор на најдобар ученик по струка од завршните години во стручното образование во Република Македонија како и подготовка и учество на избраните ученици на натпреварот.<br>- Подготовка и спроведување на училишниот натпревар за избор на претставници за државните натпревари на електротехничките, машинските и сообраќајни училишни центри.<br>- Внесување на податоците на ниво на училиште и нивно одржување за сите сегменти од работата на училиштето-ученици, родители, наставници и останатиот кадар во училиштето во училиштето, во Информациониот систем за раководење со образованието (ESARU), со цел функционирање на електронскиот дневник (ангажиран наставник дипл.ел.инг. Наташа Божиновска).<br>- Учество во проектите кои се насочени кон остварување на следниве програмски цели на Градот Скопје во областа на образованието:<br> Креирање безбедни училишни средини<br> Подигање на свеста и грижата за животната средина<br>- Учество на МАССУМ со голем број на ученици |
| **Правилник за безбедност на учениците во училиштето** | Во училиштето постои Правилник за безбедност на учениците и вработените со кој точно се дефинирани тимови од вработените за акција во дадени ситуации. Училиштето организира и обуки за справување со кризни ситуации: пожар, земјотрес, за што постојат записници од одржани акции од страна на одговорниот наставник. Одржана е показна вежба за евакуација на учениците и сите вработени во случај на појава на пожар.<br>Училиштето е опремено со панични светла кои се во функција. Во рамките на училиштето е ангажирано и обезбедување во двете смени на наставата.<br>Учениците активно учествуваат во секцијата за „Црвен крст“во рамки на општински и национални натпревари. |

| | |
|---|---|
| **WEB страница на училиштето** | Информации за сите активности и случувања во училиштето редовно се истакнуваат на веб страната – https://mihajlopupin.edu.mk/<br><br>Веб страната е естетски уредена со изобилство на актуелни и корисни информаци за:<br>- постигањата на учениците на натпреварите;<br>- учество на учениците во проекти;<br>- реализацијата на наградните екскурзии;<br>- потпишувањето на меморандумите;<br>- информации поврзани со уписот на ученици во училиштето;<br>- комисии и термини за полагање на вонредни испити;<br>- видеа за училиштето„ Прошетка низ „МихајлоПупин“; „Инвестирај во својата иднина, запиши се во Пупин“;<br>- Информации за полагање на Завршен испит и Државна матура<br>- видеа во кои споделуваат искуства ученици кои средно образование завршиле во нашето училиште;<br>- Протоколи за упис на учениците во учебна 2022//2023 и 2023/2024<br>- И други актуелни настани поврзани со работата на училиштето. |

**Самоевалуација на СЕТУ „МихајлоПупин“Скопје Подрачје 5. УЧИЛИШНА КЛИМА**

| **Собирање на податоци Кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)** | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се<br>користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |

| | | |
|---|---|---|
| **Интервју со директорот на училиштето Димитар Ѓорѓиев** | **Марко Арсовски** | Вопоследните две години, особено внимание се посвети на квалитетна промоција на училиштето, што резултираше со зголемен број на запишани ученици. Училиштето беше промовирано медиумски, преку телевизиски емисии, реклами на различни радио станици, интернет портали и други социјални мрежи. Во училиштето беа формирани тимови од наставници и ученици кои преку презентација во основните училишта, ги запознаваа деветоodelенците со образовните профили, знаењата и вештините кои можат да ги стекнат, начинот на реализација на наставата и можностите за вработување во компаниите партнери на нашето училиште, како и со други придобивки и можности што ќе им бидат на располагање по завршување на средното образование. Презентации се изведуваа во сите општини на Град Скопје и пошироко во државата.Училишната клима почнува да се подобрува и веќе можеме да кажеме дека е на завидно ниво, за разлика од претходните години и останатите средни училишта. Кај вработените има видно расположение и поголем мотив за работа. Училиштето има стратегија за градење на позитивна училишна клима и справување со конфликтни ситуации помеѓу субјектите со училиштето (ученик-ученик, ученик-наставник, помеѓу вработените и останатите вклучени субјекти).Намалена е појавата на конфликти, речиси и да нема, а евентуалните се разрешуваат интерно и ефикасно.Соработката со образовните институции е на високо ниво од секој аспект. Училиштето има голема поддршка во промовирањето на стручното образование во државата. |
| **Интервју со професор и заменик директорСенад Сејфиќ за работата на техничката секција и реализирани вонnаставни активности** | **Марко Арсовски** | Во текот на учебната 2022/2023 и 2023/2024 година, извршени се активности во делот на одржување на компјутерската опрема во училиштето, дијагностика и отстранување грешки и дефекти, сервисирање на монитори, глувчиња, инсталирање на оперативен ситем, драјвери и апликативни програми, нова веб страна, направен попис на компјутерската опрема, склопување компјутерски конфигурации итн.<br>- Редовно се уредува и ажурира веб страната на училиштето https://mihajlopupin.edu.mk/<br>- Презентирање на училиштето во основните училишта со спремна презентација, флаери и постери кои ги изработуваат самите ученици<br>- Реализирани голем број вонnаставни активности, учество на натпревари<br>- Презентирање вежби на “Отворен ден на училиштето” пред гостите и деветоodelенци<br>- Гостување во повеќе емисии на телевизија (Сител, МТВ, Канал 5) за промоција на училиштето, од освоените награди на самите ученици итн.<br>- Меѓународни натпревари и државни натпревари (натпревар во Електро струката во Босна, МАССУМ, РОБОМАК Јуниор, Џуниор Ачивмент итн.)<br>- На крајот на наставната година се изработуваат пофалници за ученици за одличен успех и примерно поведение, за вонnаставни активности, како и за талентирани ученици. |

| | | |
|---|---|---|
| **Интервју со професор Илија Ристовски за реализација на воннаставни активности** | **Марко Арсовски** | Одржани се многу активности од воннаставен карактер, како:<br>- Учество на многубројни спортски натпревари (училишни лиги за кошарка, фудбал, ракомет), МАССУМ (кошарка 3 на 3, серва и пинг-понг, лига за голем фудбал)<br>- Екскурзии во и надвор од државата<br>- Посета на археолошки локалитет Стоби<br>- Средношколска манифестација Средноленд<br>- Посета на музејот Матка<br>- Прво место на Пи Ден по математика<br>- Размена на ученици и професори<br>- Еко акција со засадување на дрвца<br>- Посета на термоелектраната во Какањ - Босна |
| **Интервју со предметни професори по практична настава**<br>**Горан Младеновски**<br>**Бранислав Остојиќ**<br>**Антоние Оносимоски** | **Марко Арсовски** | Постои одлична соработката помеѓу субјектите во училиштето во рамки на организирање и реализирање на практичната настава . Сите субјекти во училиштето од кои е побарана помош (совет, алат, простор, потрошен материјал) излегуваат во пресрет и се вложуваат во квалитетното одржување на практичната настава.<br>За време на практичната настава во компаниите учениците можат практично да се запознаат и искусат она што работи компанијата. За време на практичната настава во училиштето во специјализирани работилници, учениците преку своите професори практично ја извршуваат наставата од обласа на машинството, електричните инсталации и сервис. Практичната настава се одвива и на новоиградениот полигон за практична настава во дворот на училиштето каде учениците можат практично да се обучат за работни активности во рамки на одржување на системот за пренос на електрична енергија. Полигонот е опремен со сите основни елементи кои ги содржи електричната мрежа. Нагледните средства овозможуваат квалитетна реализација на наставата и постигнување на наставните цели. На учениците им е овозможено стекнување на вештини и применливи знаења. Интересот на учениците и степенот на усвојување на знаењата во соработка со компаниите е значително поголем во однос на класичната настава. |

<table>
<tr><td rowspan="13">Прашалник за ученици подготвен од педагошката служба</td><td rowspan="13">Марко Арсовски</td><td colspan="7">Спроведена е анкета со 20 ученици и добиени се следните резултати изразени во %:</td></tr>
<tr><td>Прашање</td><td>Незначајно</td><td>Значајно</td><td>Многу значајно</td><td>Не е присутно</td><td>Делумно е присутно</td><td>Присутно во целост</td></tr>
<tr><td>1. Во училиштето не учат да бидеме одговорни за сопствените постапки.</td><td>0</td><td>0</td><td>20</td><td>0</td><td>0</td><td>20</td></tr>
<tr><td>2. Во училиштето не поттикнуваат да се грижиме за другите луѓе.</td><td>0</td><td>0</td><td>20</td><td>0</td><td>0</td><td>20</td></tr>
<tr><td>3. Во училиштето се негуваат соработничките односи.</td><td>0</td><td>0</td><td>20</td><td>0</td><td>0</td><td>20</td></tr>
<tr><td>4. Сакам да одам на училиште бидејќи таму добро се чувствувам.</td><td>0</td><td>0</td><td>20</td><td>3</td><td>7</td><td>10</td></tr>
<tr><td>5. Запознат сум со правилата на однесување и куќниот ред во училиштето.</td><td>0</td><td>0</td><td>20</td><td>0</td><td>2</td><td>18</td></tr>
<tr><td>6. Во училиштето не поттикнуваат на меѓусебна толеранција.</td><td>0</td><td>0</td><td>20</td><td>0</td><td>0</td><td>20</td></tr>
<tr><td>7. Во училиштето не поттикнуваат слободно да ги изразуваме своите ставови и мисли.</td><td>0</td><td>0</td><td>20</td><td>0</td><td>3</td><td>17</td></tr>
<tr><td>8. Во училиштето редовно се пофалуваат позитивните постапки и успехот на учениците.</td><td>0</td><td>0</td><td>20</td><td>0</td><td>2</td><td>18</td></tr>
<tr><td>9. Во училиштето се чувствувам безбедно.</td><td>0</td><td>0</td><td>20</td><td>0</td><td>3</td><td>17</td></tr>
<tr><td>10. Во училиштето не поттикнуваат да се грижиме за инвентарот и да го одржуваме училишниот простор.</td><td>0</td><td>0</td><td>20</td><td>0</td><td>0</td><td>20</td></tr>
<tr><td colspan="7">Во анкетирањето беа опфатени 20 ученици од сите образовни профили во училиштето.<br>Од анализата на одговорите на анкетираните може да се заклучи дека поголемиот број ученици сметаат дека наведените искази/тврдења се значајни или многу значајни и дека истите се целосно или делумно присутни во училиштето.<br>Исклучок е желбата да се оди на училиште, која за поголемиот дел од учениците е многу значајна (50%), за одреден дел од учениците е значајна (35%) и за неколкумина не е присутна (15%).<br>Кај мал број на ученици (10%) велат дека делумно е присутна безбедноста, делумно се запознаени со куќниот ред, правилата на однесување и изразувањето на своите ставови.</td></tr>
</table>

| Прашалник за ученици подготвен од педагошката служба | Марко Арсовски | Спроведена е анкета со 20 наставници и стручна служба и добиени се следните резултати изразени во %: | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Прашање | Незначајно | Значајно | Многу значајно | Не е присутно | Делумно е присутно | Присутно во целост |
| | | 1. Сите во училиштето се грижат за уредувањето и одржувањето на училишниот простор. | 0 | 2 | 18 | 0 | 0 | 20 |
| | | 2. Сите во училиштето се поттикнуваат на толеранција, взаемно почитување, соработка, грижа за другите ... | 0 | 0 | 20 | 0 | 0 | 20 |
| | | 3. Во училиштето се негува позитивна социјална клима, меѓусебна соработка, уважување. | 0 | 0 | 20 | 0 | 0 | 20 |
| | | 4. Меѓусебните односи се без предрасуди во поглед на социјалниот статус, вероисповед и национална припадност. | 0 | 0 | 20 | 0 | 0 | 20 |
| | | 5. Свесен сум дека моето однесување е пример за другите во училиштето. | 0 | 0 | 20 | 0 | 0 | 20 |
| | | 6. Кај учениците ја развивам одговорност за нивните постапки. | 0 | 0 | 20 | 0 | 0 | 20 |
| | | 7. Редовно ги пофалувам и признавам позитивните постапки и успех на учениците. | 0 | 0 | 20 | 0 | 0 | 20 |
| | | 8. Ги поттикнувам учениците да ги откриваат и развиваат нивните таленти учествувајќи во понудените воннаставни активности. | 0 | 0 | 20 | 0 | 0 | 20 |
| | | 9. Секоја година сум задолжен барем за една воннаставна активност. | 0 | 4 | 16 | 0 | 0 | 20 |
| | | 10. Со родителте остварувам непречена комуникација и соработка. | 0 | 0 | 20 | 0 | 0 | 20 |

| | | |
|---|---|---|
| | | Поголемиот број наставници, за наведените тврдења во прашалниот, сметаат дека се многу значајни. Според најголем дел од нив, во училиштето целосно се присутни скоро сите од наведените искази/тврдења. Дел од истите сметаат дека задолжувањето за барем по една воннаставна активност е значајно (20%), додека пак за уредувањето и одржувањето на училишниот простор само (10%).<br>Во однос на исказите/тврдењата и нивното присуство, сите се изјасните дека се присутни во целост (100%). |

| **Прашалник за ученици подготвен од педагошката служба** | **Марко Арсовски** | **Спроведена е анкета со 20 родители и добиени се следните резултати изразени во %:** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Прашање** | **Незначајно** | **Значајно** | **Многу значајно** | **Не е присутно** | **Делумно е присутно** | **Присутно во целост** |
| | | 1. Во училиштето се негува меѓусебна соработка и взаемно почитување. | 0 | 0 | 20 | 0 | 1 | 19 |
| | | 2. Запознат/а сум со куќниот ред на училиштето. | 0 | 0 | 20 | 0 | 0 | 20 |
| | | 3. Училиштето е отворено за соработка со родителите. | 0 | 0 | 20 | 0 | 0 | 20 |
| | | 4. Знам каде да се обратам во училиштето за различни информации. | 0 | 0 | 20 | 0 | 3 | 17 |
| | | 5. Училиштето бара мислење и подршка од родителите кога се во прашање воннаставните активности. | 0 | 0 | 20 | 0 | 1 | 19 |
| | | 6. Училиштето ги поттикнува учениците да ги откриваат и развиваат нивните таленти учествувајќи во понудени воннаставни активности. | 0 | 0 | 20 | 0 | 1 | 19 |
| | | 7. Информациите за работата и активностите во училиштето се правовремени и достапни. | 0 | 0 | 20 | 0 | 1 | 19 |
| | | 8. Информациите за работата и активностите во училиштето се јасни и прецизни. | 0 | 0 | 20 | 0 | 2 | 18 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 9. Во училиштето се негува позитивна социјална клима, меѓусебна соработка, уважување. | 0 | 0 | 20 | 0 | 1 | 19 |
| | | 10. Меѓусебните односи во училиштето се без предрасуди во поглед на социјалниот статус, вероисповед и национална припадност. | 0 | 0 | 20 | 0 | 2 | 18 |
| | | Најголем број родители смета дека во училиштето присутни во целост се сите искази/изјави и тоа во голем број. Може да увидиме мали отстапки (15%) во однос на тоа каде да се обратат во училиштето за информации, односно дека е присутно.<br>Помал број (10%) сметаат дека присутни се меѓусебните односи во училиштето без предрасуди од социјален статус, вероисповед и национална припадност, информациите за работа во училиштето дека се прецизни и јасни.<br>Апсолитно мнозинство има за тоа дека овие изјави/искази се многу значајни. | | | | | | |

| | **Спроведена е анкета со 20 родители и добиени се следните резултати изразени во %:** | Не е присутно | Присутно | Присутно во целост |
|---|---|---|---|---|
| 1. Изгледот на училницата е поттикнувачки за учење | Просторот во училницата е оптимален, а училишниот инвентар е финкционален. | 0 | 0 | 20 |
| | Распоредот за седење обезбедува комуникација помеѓу учениците и активно вкучување на сите. | 0 | 0 | 20 |
| | Има нагледни средства кои се изложени и се користат во секојдневната работа. | 0 | 0 | 20 |
| 2. Наставникот обезбедува пријатна атмосфера во училницата | Наставникот им се обраќа на учениците со уважување. | 0 | 0 | 20 |
| | Наставникот остварува непречена комуникација и рамноправно ги вклучива учениците во наставата. | 0 | 0 | 20 |
| | Реакциите на наставникот се добронамерни. | 0 | 0 | 20 |
| 3. Наставникот промовира меѓусебно почитување. | Наставникот ги охрабрува учениците внимателно да се слушаат едни со други. | 0 | 0 | 20 |
| | Наставникот интервенира при конфликти помеѓу учениците. | 0 | 0 | 20 |
| | Наставникот ги има во предвид разликите на учениците и инсистира на толеранција. | 0 | 0 | 20 |
| 4. Наставникот ја поттикнува самоувереноста кај децата | Наставникот посетува внимание на секој ученик. | 0 | 1 | 19 |
| | Наставникот ги поттикнува учениците да поставуваат прашања и критички да размислуваат. | 0 | 0 | 20 |
| | Наставникот им дава повратна информација за наученото и ги пофалува учениците. | 0 | 1 | 19 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5. Почитување на однесувањето и јазичното изразување на ученикот. | Наставникот внимателно ги слуша учениците кога зборуваат. | 0 | 0 | 20 |
| | Наставникот ги поттикнува учениците слободно да се изразуваат. | 0 | 0 | 20 |
| | Наставникот поттикнува негување на литературно изразување. | 0 | 0 | 20 |
| 6. Атмосферата за учење е охрабрувачка и поттикнувачка | Наставникот употребува интерактивни методи и техники на наставна работа. | 0 | 1 | 19 |
| | Наставникот користи ИКТ или други нагледни средства во наставата. | 0 | 0 | 20 |
| | Наставникот создава услови за примена на различни форми на наставна работа. | 0 | 1 | 19 |
| 7. Наставникот ја стимулира независноста кај учениците | Наставникот ги поттикнува учениците да работат самостојно. | 0 | 0 | 20 |
| | Наставникот ги охрабрува учениците сами да одлучат во изборот на задачите. | 0 | 1 | 19 |
| | Наставникот ги охрабрува учениците да го искажуваат своето мислење. | 0 | 1 | 19 |
| 8. Наставникот ги поттикнува учениците на соработка. | Наставникот нуди задачи во кои е можна соработка помеѓу учениците. | 0 | 0 | 20 |
| | На учениците им дава упатства за меѓусебна соработка. | 0 | 0 | 20 |
| | Наставникот ги охрабрува учениците да ја постигнат заедничката цел. | 0 | 0 | 20 |
| 9. Наставникот ја поттикнува индивидуалност кај учениците. | Наставникот обезбедува секој ученик да учествува во групната работа. | 0 | 0 | 20 |
| | Наставникот обезбедува секој ученик да учествува на часот. | 0 | 0 | 20 |
| | Наставникот го поттикнува секој ученик да го искаже своето мислење. | 0 | 0 | 20 |
| Мнозинството родители се изјаснија со присутно е во целост за сите изјави/искази, со мали отстапки (5%) кои се само присутни по одредени изјави/искази како охрабрување на учениците за искажување на своето мислење, учениците сами да одлучат за исборот на задачите, создавање на услови за примена на различни форми на наставната работа, употребува интерактивни методи и техники на наставна работа, повратна информација за наученото и ги пофалува учениците и посетување внимание на секој ученик. | | | | |

| **Резултати: Овде треба накратко да ги образложите клучните јаки страни и слабости** |
| --- |
| **Клучни јаки страни:**<br>1. Во училиштето се негуваат соработничките односи.<br>2. Во училиштето не поттикнуваат на меѓусебна толеранција.<br>3. Во училиштето не поттикнуваат слободно да ги изразуваме своите ставови и мисли.<br>4. Во училиштето не поттикнуваат да се грижиме за другите луѓе.<br>5. Во училиштето се негува позитивна социјална клима, меѓусебна соработка, уважување.<br>6. Меѓусебните односи се без предрасуди во поглед на социјалниот статус, вероисповед и национална припадност.<br>7. Во училиштето се развиваат талентите, вештините и меѓусебната соработка на учениците.<br>8. Воспоставен е  мотивирачки систем за пофалби и награди за учениците за постигањата во учењето и воннаставните активности.<br>9. Воспоставена е добра соработка со родителите.<br>10. Училиштето има развиена  соработка со основните училишта.<br>11. Проширена е соработката со стопанските субјекти.<br>12. Овозможено е реализирање на практична настава во компании и зголемени се можностите за вработување на учениците по завршување на образованието.<br>13. Соработка со сродни средни училишта во и надвор од Р. Македонија.<br>14. Одлична промоција на училиштето и зголемен број на запишани ученици.<br>15. Училиштето има креирано различни програми за работа со ученици , кои опфаќаат имплементирање на мултикултурализам,еднаквост и правичност помеѓу учениците, работа со ученици со посебни образовни потреби , поддршка и  професионална ориентација, организирање на училишни екскурзии, работа на училишна заедница, соработка со локална средина, развивање на еколошка култура,безбедност и заштита.<br>16. Училиштето е активен учесник  во бројни проекти, натпревари и манифестации од различни области |
| **Слабости:**<br>- Според горенаведените анкетни информации на учениците, родителите, наставниците и стручна служба можеме да заклучиме дека речиси и да нема слаби страни во училиштето. Можеби да се посвети повеќе внимание на:<br>1. Поретко е застапено пофалувањето на учениците од страна на предметните наставници.<br>2. Повеќе информираност на родителите за тоа каде да се обратат за дополнителни информации што ги интересираат.<br>3. Повеќе информираност на учениците и родителите за куќниот ред. |

| **Анализа на резултатите: Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје** |
|---|
| СЕТУГС„Михајло Пупин“ промовира квалитетен воспитно образовен процес заснован на еднаквост и правичност, без предрасуди во поглед на социјалниот статус, вероисповед, родова и етничката припадност на ученицците. Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците и има подеднаков третман на учениците со различни способности.<br>Училиштето има кодекс на однесување во кој се поставени принципите и правилата на однесувањето на сите структури во училиштето. Наставниците се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите со дежурство во училишната зграда и двор, како и за создавање на пријатна атмосфера за работа за време на наставата и воннаставните активности. Учениците имаат можност да го изразат сопственото мислење и ставови, притоа почитувајќи го мислењето на другите и не загрозувајќи ги основните човекови права. Во училиштето се поттикнува и мотивира соработка меѓу учениците, се негува интеркултурна комуникација и почитувањето на различностите.<br>Преку работата на училишната заедница , на сите ученици им е овозможено на демократски начин да учествуваат во училишниот живот.<br>Во училиштето се реализираат бројни воннаставни активности. Наставниците се посветени на откривање и развивање на талентите на учениците, како и кон нивно активно вклучување во воннаставните активности. Педагошко-психолошјата служба придонесува за унапредување на воспитно образовниот процес со советодавна-консултативна, аналитичко -истражувачка работа и поддршка на сите субјекти во училиштето.<br>Училиштето остварува солидна комуникација со родителите, преку индивидуални средби, родителски средби и Советот на родители, со што родителите се активно вклучени во животот и работата на училиштето. Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна и мотивирачка средина што поттикнува интерес за учење.<br>Наставниците и учениците се вклучени во промоција на училиштето, преку Веб,Фејсбук страна, преку презентации во основни училишта, организирање на предавања за ученици од основни училишта, учества во емисии, отворен ден на училиштето и друго.<br>Постои развиена соработка со општествената средина која се остварува преку реализирање на бројни заеднички проекти, обуки, посети на стопански субјекти, склучување на договори за соработка, предавања и работилници за учениците од обласа на безбедност, спречување на насилство, здравствена едукација, учество на манифестации, крводарителски акции, активности од Црвен крст, организирање на манифестации во училиштето, организирање на отворен ден на училиштето, учество на натпревари од разни области, активности во рамки на екологија и енергетска ефикасност, мултикултурализмот и друго. Училиштето реализира манифестации и натпревари од различни области, учествува на натпревари на училишно, општинско, градско, регионално, државно и меѓународно ниво.<br>Во училиштето секоја година се организира манифестација „Денови на електротехника“ за учениците од основното образование, преку која се остварува соработка со сите основни училишта на територијата на град Скопје и истовремено се промовира електротехничката струка.<br>Училиштето има солидна соработка со деловниот сектор и истата континуирано се проширува.<br>Склучени се повеќе меморандуми за соработка со компании кои се соодветни на електротехничката струка. Соработката се одвива преку реализирање на феријална пракса и практична настава на учениците во компаниите, обуки за наставниците и учениците, спонзорства на училиштето за одржување на манифестации, обезбедување нагледни средства, и друго. |
| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето** |
| 1. Подобрување на квалитетот и квантитето на наставата<br>2. Збогатување на културно-забавниот живот на учениците во училиштето<br>3. Вклучување на сите субјекти во училиштето во уредувањето и грижата за училиштето |

**Самоевалуација на СЕТУ на ГС „Михајло Пупин“ Скопје**

**Подрачје 6. РЕСУРСИ**

**Индикатори за квалитет:**

**6.1 Сместување и просторни капацитети**

**6.2. Наставни средства и материјали**

**6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар**

**6.4 Следење на развојните потреби**

**6.5 Финансиско работење во училиштето**

<table>
<tr><td colspan="2">Собирање на податоци Кои податоци се собрани; Кои методи се користени.<br>(и) Обработка на документи</td></tr>
<tr><td>Наведете ги сите документи кои се прегледани.</td><td>Кои информации се собрани?</td></tr>
<tr><td>Пописна документација за сместување и просторните капацитети<br>Годишна програма за работа на училиштето СЕТУГС„Михајло Пупин“ во учебната 2019/2020 година</td><td>Средното електротехничко училиште на Град Скопје „Михајло Пупин“- Скопје својата воспито-образовна дејност ја извршува во наменски објект од цврста градба, пуштен во употреба во 1970 година. Училишната зграда е со вкупна површина од 9.909 m<sup>2</sup>.<br>Училиштето располага со училници, кабинети и лаборатории, работилници за практична настава, заеднички простории, санитарни простории, спортски сали и спортски терени. За реализирање на теоретска и практична настава се наменети 42 простории:<br>- 17 училници<br>- 8 кабинети<br>(кабинет за програмирање, кабинет за информатика и компјутерска техника, кабинет по физика, кабинет за техничко комуницирање, кабинет за енергетски постројки, кабинет за интерактивна настава, кабинет за настава на далечина со можност за видео-конференциска врска и кабинет за настава по 3Д моделирање)<br>- 7 лаборатории<br>(лабораторија за автоматика и роботика, лабораторија за електротехника, лабораторија за енергетска ефикасност на објекти, лабораторија за интелигентни електрични инсталации, лабораторија за електрични мерења, две лаборатории по електроника )<br>- 8 кабинети/работилници за теоретска и практична настава/вежби по стручни предмети<br>- Просторија (работилица) за Реална компанија<br>- 2 фискултурни сали со помошни простории<br>- теретана<br>- 1 библиотека<br>- 1 читална<br>- 1 сала за состаноци (плава соба)<br>- 7 канцеларии<br>- 1 просторија за младинска организација МЕТА,<br>- 1 просторија за кариерен центар,<br>- 1 просторија за прием на родители<br>- помошни простории<br>- 8 ходници со скалила<br>- 20/2 санитарни јазли (2 тоалети за лица со посебни потреби)<br>- 4 подрумски простории<br>- 1 котларница<br>- 1 скривница<br>- 5 отворени спортски терени<br>- 1 летна училница во училишниот двор<br>- Паркинг простор</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | **Сите училници располагаат со LCD проектори, ролетни на прозорците, како и со клима уреди (училниците и други простории со јужна ориентација).**<br>За реализација на училиштето располага со 138 персонални компјутери и компјутерска опрема, 88 преносни компјутери за потребите на наставата и наставниот кадар, 3 скенери ,шест интерактивни/ паметни табли, 40 ЛЦД проектори, два - 3Д печатачи, дигитални камери, 120 таблети, 11 печатари, како и голем број на мерни инструменти и уреди, опрема за експериментирање од обласа на физиката, фотоволтаични системи наменети за реалиирање на наставни цели од енергетска ефикасност, модел na паметна куќа (smart house),современ алат и прибор за практична настава и лабораториски вежби, како и други нагледни средства и помагала.<br><br>Училиштето има две спортски сали, од кои едната е комплетно реконструирана по највисоки стандарди, соблекувални како и дополнителна опрема, опремена спортска теретана и дополнителни спортски реквизити за извршување на наставата.<br><br>**За остварување на општествена и педагошка дејност наменети се простории за наставници, директор, педагошко-психолошка служба, администрација, со вкупна површина од 249 *м*$^2$ .**<br>**За потребите на Училишната заедница и други училишни активности (обуки, презентации, натпревари и сл.) опремена е просторија со клупи, столици, табла, проектор, ТВ-апарат, платно и други потребни ресурси за непречено одвивање на активностите. Покрај Училишната заедница просторијата ја користат членовите на Клубот на Црвениот Крст, Еко-Тимовите, и други.**<br>Училиштето има обезбедено услови за пристап, движење и престој на лица со инвалидитет:  паркинг простор , пристапна рампа, лифт и два санитарни јазли.<br>Во училиштето е инсталиран видео надзор кој се користи со соодветно на пропишаната законска регулатива (Закон за заштита на лични податоци).<br><br>Обезбедувањето на училиштето во 2022/2023 го вршеа две лица, по едно во секоја смена, вработени во Агенција за обезбедување. Во второто полугодие од учебна 2023/2024 година немаше обезбедување во училиштето. За безбедноста на учениците се грижеа дежурни наставници распоредени по сите катови од училишната зграда и во училишниот двор.<br><br>**Училиштето има фотоволтаична централа, со вкупна инсталирана моќност од 12 kW (42 фотоволтаични модули со поединечна моќност од 280 W, инвертер со паметно броило, систем за следење на произведената енергија поставен во холот на училиштето, како и дополнителна опрема за монтирање и поврзување на елементите од централата). Фотоволтаичната централа е приклучена на електродистрибутивната  мрежа. Произведената електрична енергија од centалата ја користи училиштето за задоволување на дел од сопствените потреби. Во периодите кога има вишок на произведена енергија, истата се предава во електродистрибутивната мрежа.**<br><br>Дворната површина на училиштето изнесува 11.863 m$^2$ и е распределена од сите страни на училиштето. На дел од дворната површина изградени се спортски терени на отворено игралиште за кошарка, игралиште за мал фудбал, две игралишта за ракомет, игралиште за одбојка, полигон за реализација на практична настава за учениците од профилот со тригодишно траење.<br><br>**Сите спортски терени се доведени во функционална состојба – прописно означени и опремени со потребната инфра структура. Останатиот дел од училишниот двор е под зеленило.** |

| | |
|---|---|
| | Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава според Нормативот. Постојат пријатни просторни услови за одвивање на наставата, за работа на наставниот кадар и за организирање на воннаставни активности на учениците. Училиштето има доволен број на простории за реализација на наставата и големината на училниците соодветствува на бројот на ученици во паралелките.<br><br>Санитарни чворови има на секој спрат за учениците, тоалет за наставниците/ вработените на првиот кат.<br><br>Просториите во кои се реализира наставата се оптимално добри (пространи училници со ПВЦ прозорци со двојно застаклување, завеси, реновирани подови, интернет мрежа и клима уреди во дел од училниците) и истите ги задоволуваат условите за реализација на воспитно образовниот процес.<br><br>Практичната настава се изведува во работилници и лаборатории опремени со материјали (нагледни сретства и средства со кои работат учениците) од струката.<br><br>Опремени се лаборатории за реализација на настава по наставните предмети 3Д Моделирање, Уредување на веб страни и Бази на податоци (обезбедени се full hd камери, UPS, SSD DRIVE, HDD, резервни тастатури и мауси, UTP кабли, приклучоци и др.)<br><br>Следењето на кариерниот развој на вработените и стручни соработници е континуирано, односно за секој наставник и стручен соработник постои ажурирано професионално досие кое е во согласност со правилникот за водење на професионално досие.<br><br>Утврдувањето на потребите за стручно усовршување на вработените се врши со изготвување на Програма за професионален развој на наставниците, односно секој наставник доставува „ Личен план за професионален развој“.. |
| **Евиденција на** вработени за учебна 2023/2024 година<br><br>Извештај од распределба на часови за учебна 2023/2024 година<br><br>Досие на вработени | Податоци за бројот на вработени и нивна класификација според работно место,степенот на стручна подготовка, пол, национална припадност и видот на работен однос(на почетокот на учебната 2023/2024 година).<br><br>Сите вработени ги поседуваат потребните квалификации<br><br>Во учебна 2023/2024 година во училиштето се вработени вкупно 73 лица, а настава одржуваат уште 7 наставници кои се вработени во други училишта. Вкупно 80 лица (58 жени и 22 мажи).<br><br>Според национална припадност: македонци-72 , албанци-3, власи-1, бошњаци-2, роми-1, срби-1.<br><br>Според степенот на образование на вработените лица, 62 вработени се со високо образование (ВСС), 13 со средно образование (ССС) и 3 со ниска стручна спрема (НСС).<br>а) *Раководен кадар* - 3 лица ( 2 од женски и 1 машки пол)<br>Директор (магистер , работен стаж 18 год)<br>Помошници -2<br>- ВСС,4 години<br>- ВСС, 31 години<br>**б)** *Стручни соработници* **-** 4 лица (3 женски и 1 машки) |

| | |
|---|---|
| | Педагог - 2<br>- Магистер , 17 години<br>- ВСС, 11 години<br>Психолог 1 (ВСС, работен стаж 6 години)<br>Библиотекар -1 (ВСС,12 години)<br>в) *Наставен кадар* - 57 (заедно со наставниците од раководниот кадар)<br>Вкупно 57 наставници (40 жени и и 17 мажи)<br>- наставници вработени во училиштето - 50<br>- наставници од други матични училишта - 7<br>**г)** *Административно технички кадар* **-**19 лица (15 женски и 4 машки пол)<br>Секретар -1<br>Благајник -1<br>Домаќин - 1<br>Хаусмајстор -1<br>Чувар - 2<br>Хигиеничар-13<br>Бројната состојба на вработени во училиштето на крајот на учебната година, по основ пензионирање или заминување на ново рработно место, е намалена за тројца (домаќин,благајник и професор).<br>Во однос на степенот на стручна подготовка на наставниот кадар кои се вработени во училиштето: сите наставници се со висока стручна подготовка (VII/1 или 240 ЕКТС), од кои 6 имаат завршено постдипломски студии (магистерски) и 1 доктор на науки.<br>Еднаш неделно во училиштето е ангажиран сметководител, кој е вработен во друго училиште. |
| Извештај за број на ученици во училиштето и национална структура на учениците<br>Електронски дневник | Според извештајот за број на ученици во училиштето и податоците во електронскиот дневник од месец мај 2024 година, во учебна 2023/2024 година во училиштето настава следат вкупно 879 редовни ученици, од кои 220 ученици следат настава во прва година (212 машки и 8 женски), 257 во втора година(249 машки и 8 женски), 200 во трета(191 машки и 9 женски) и 202 во четврта година (191 машки и 11 женски).<br>Според полова застапеност на учениците во училиштето 843 се машки и 36 женски. Според национална припадност: македонци-790, албанци-15, турци-16, роми -10, бошњаци -35, срби-8, мак. муслимани – 5.<br>Во училиштето се образуваат вкупно 102 вонредни ученици (бројна состојба во мај 2024 година), Во последните две години запишани се 9 вонредни ученици. |
| **Програма за работа на библиотекарот на училиштето** | Материјално – техничката опременост на училишната библиотеката е солидна. |

| | |
|---|---|
| **Извештај за работа на училишната библиотека**<br><br>**за учебната 2023 / 2024 година**<br><br><br>**Записник**<br><br>**од реализиараниот попис на библиотечниот фонд**<br>**во СЕТУ ,,Михајло Пупин“ – Скопје 29.12.2023 год** | Просторот во кој е сместен целокупниот библиотечен материјал е поделен на 3 простории со вкупна површина од 230 m².<br><br>- Училишна читална со вкупна површина од 100 m² со капацитет за 100 ученици<br>- Библиотечен инвентар составен од 30 шкафови и 210 полици.<br>- Техничка опрема: компјутер, телевизор, ДВД со целосно озвучување, проектор, мобилна табла.<br>Целокупниот книжевен фонд е сместен во соодветни простории за чување, позајмување на книги.<br><br>Евиденцијата на книги и целокупниот книжен фонд за секоја набавена книга се внесува во книжна и електронска форма (програма за библиотекарско работење)<br><br>Класификација на книжниот фонд се заведува во книжна и во електронска форма.<br>- **Вкупниот фонд на книги** во училишната библиотека на СЕТУ „Михајло Пупин“-Скопје изнесува: **16,212, број на наслови 6,804** (според попис од 29.12.2023 година); односно:<br>- белетристика (домашна и странска) 11. 055,<br>- стручна електротехничка литература (домашна и странска) -550 наслови ,вкупно 1,360 книги<br>- книги, учебници, прирачници од општообразовни предмети-147 наслови, вкупно 504 книги<br>- книги од повеќе области (домашна и странска) 877 наслови, вкупно 1,723 книги<br>- Останато: енциклопедии, лексикони, прирачници,и други книги од различи области<br>Освен разновидната белетристика, во училишната библиотека има 9711 учебници наменети за средното стручно образование кои се дел од проектот на Министерствот за образование и наука„Бесплатни учебници“, наменети за учениците и вработените професори во училиштето.<br>Согласно извештајот за работа на училишната библиотека, во учебна 2020/2021 реализирани активности, во рамки на ова подрачје се:<br><br>- Навремена набавка на учебници во договор со МОН за потребите на учениците и училиштето<br>- Остварена е соработка со библиотеки од локалната заедница<br>- Успешно завршени обуки за правилно работење и употреба на библиотечниот фонд<br>- Извршена е надградба и адаптација на просторот во библиотеката<br>Учествувано е во изготвувањето и издавањето на промотивниот материјал како и во презентацијата на условите и можностите за учење во училиштето. |
| Годишна програма за работа на училиштето 2023/2024 | Во насока на унапредување на воспитно образовната работа во училиштето, од редот на наставниците и вработените во педагошко-психолошката служба, во 2023/2024 година донесени се одлуки за формирање се следните училишни тимови :<br><br>• Училишен приоритет-примена на задачи и активности кои поттикнуваат критичко мислење, анализа на решавање проблеми;<br>• Професионален развој на наставниците во училиштето;<br>• Одржување на капацитетот на библиотеката и оформување на медијатека;<br>• Медиумска покриеност и активности во училиштето;<br>• Еко тим;<br>• Подобрување на квалитетот на додатна и дополнителна настава; |

| | |
|---|---|
| | • Подобрување и продлабочување на соработката со родителите;<br>• Следење, анализа и поддршка на оценувањето;<br>• Училишен инклузивен тим;<br>• Професионална ориентација на учениците;<br>• Работа со надарени и талентирани ученици;<br>• Меѓуетничка интеграција;<br>• Превенција на насилно однесување во средните училишта во Р.С.Македонија;<br>• Антикорупциска едукација на учениците во средните училишта;<br>• Грижа и здравје на учениците;<br>• Тим за воннаставни активности;<br>• Увид во педагошка евиденција и документација;<br>• Администратори<br>Тимовите имаат изработено програми за работа и истите ги реализираат во текот на наставната година. |
| Извештаи од инспекциски надзори | **Увид во извештаите од реализирани инспекциски надзори во училиштето**<br>**Инспекциски надзор ДПИ – записник 03-991/2 од 22.09.2022**<br>Предмет: Инспекциски надзор врз основа на член 4 од Закон за санитарна и здравствена инспекција.<br>Наод на утврдена фактичка состојба: Извршени се здравствени преглед на вработените во септември 2021 година, извршена е ДДД на 30.08.2022 од страна на  “Примотекс” Скопје.<br>Закажани се здравствени прегледи за 26.09.2022 год.<br>Нема неправилности во работата на училиштето.<br>**Инспекциски надзор Државен санитарен и здравствен инспекторат – записник 03-391/1 од 28.04.2023**<br>По спроведениот редовен инспекциски надзор не се утврдени неправилности, односно здравствени прегледи на вработените се извршени, редовно се врши дезинфекција на површините во училиштето и има дезинфекциони средства. Не се наведени неправилности во работата на училиштето.<br>**Инспекциски надзор Државен архив на Република Северна Македонија 03-912/2 од 27.09.2023**<br>Предмет: Целокупно архивско работење на училиштето<br>По спроведениот редовен инспекциски надзор нема забелешки.<br>**Инспекциски надзор ДПИ – записник 03-1091/1 од 20.11.2023**<br>Предмет: Број на ученици во паралелките, запишани во прва година во учебна 2023/2024 година<br>По спроведениот редовен инспекциски надзор не се утврдени неправилности.<br>**Инспекциски надзор Државен инспекторт за труд – записник 03-1067/2 од 16.11.2023**<br>Предмет Преставка од вработен за исплата на надоместок за боледување<br>По спроведениот вонреден инспекциски надзор не се утврдени неправилности во работењето на субјектот на надзор. |

| | |
|---|---|
| | **Инспекциски надзор Сектор инспекторат на Град Скопје 03-1081/3 од 06.12.2023**<br>Предмет: Број на ученици запишани во прва година во учебна 2023/2024 год.<br>Од непосредниот увид во документацијата утврдено е дека вкупниот број на ученици што следат настава во прва година е 221, распоредени во 9 паралелки. На денот на надзорот утврдено е дека бројот на ученици е променет во однос на бројот на почетокот на учебната година, што се должи на фактот дека одреден број ученици ги имаат подигнато документите пред почетокот на учебната година или се испишале од училиштето на почетокот. За сите нив училиштето поседува уредна педагошка документација.Нема забелешки.<br>**Инспекциски надзор Сектор инспекторат на Град Скопје 03-154/1 од 09.02.2024**<br>Предмет: Исполнетост на условите за избор на наставници на определено работно време по објавен јавен оглас за настава на македонски јазик, за учебната 2023/2024 година.<br>По спроведениот надзор утврдено едека, согласно извештајот од комисијата за вработување во училиштето, за сите 19 објавени работни места се пријавил по еден кандидат, со исклучок на работното место наставник по музичка култура каде се пријавиле 2 кандидати. Нема забелешки по предметот за надзор.<br>**Инспекциски надзор ДПИ – записник 03-298/1 од 16.04.2024**<br>Наод на утврдена фактичка состојба: Чисти санитрни јазли, редовно се врши дезинфекција и се одржува хигиената, има средства за дезинфекција и течен сапун, извршени здравствено хигиенски прегледи на вработените од 11.09.2023 до 15.09.2023. Училиштето има 2 спортски сали и 1 теретана. Во склоп на салите има 2 тоалети и 1 тоалет за инвалиди. Редовно се одржуваат и чистат салите и двете соблекувални.<br>**Врз основа на извештаите од наведените инспекциски надзори, училиштето нема пропусти во работењето и не се утврдени повреди на законските и подзаконските акти, според утврдената состојба.** |
| Годишни програми на стручните активи за учебна 2022/2023<br>Извештај за работата на стручните активи 2022/2023 | **Годишна програма за работа на стручниот актив електроенергетика за учебната 2022/2023год.**<br>Наставата по сите наставни стручни предмети(теорија со лабараториски вежби и практична настава) ја изведуваат дипломирани електротехнички инженери VII- степен,освен техничка комуникација каде е вкучен и машински инжинер со VII-степен. Наставата ќе се изведува по предвидената програма и план според препораките на МОН во консултација со ЦССО. Нашиот актив како и останатите е спремен да ја изведува наставата со физичко присуство (целосно или делумно, зависно од препораките) по посебни протоколи за заштита во услови на пандемија ако постои.<br>Група наставници од нашиот актив ќе ја изведуваат наставата со користење на образовниот оперативен систем CANVAS во занимањето ,,Електричар-електромонтер на електроенергетски мрежи“ (наставниците и учениците ќе работата на таблети кои се донирани од ЕВН). Во останатите класови доколку има потреба од онлајн настава ќе се оди со Microsoft Teams.<br>За реализација на наставната програма се користат учебници од кои дел од нив се издадени од предметните професори кои работат во училиштето.За наставните предмети по кои нема учебници, самите наставници предходно изготвуваат материјал(во форма на скрипти и сл., најчесто во електронска форма ).<br>Лабораториските вежби кои се изведуваат по предметите електрични мерења , енергетска ефикасност, електрични инсталации и електрично осветлување и електротехника се реализираат во модерно опремени |

| | |
|---|---|
| | кабинети (кабинет за изведување на вежби со виртулни инструменти; лабораторија за обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност;кабинет со демонстрациони табли-за симулација на дефекти во електричната инсталација во куќа за живеење, на која се вршат мерења; посебен кабинет опремен со сите потребни инструменти за изведување на вежби од ел.мерења и дел од електротехника)<br><br>Практичната настава и дел од лабораториските вежби се изведуваат во 6 опремени работилници( 3 средно опремени и 3 целосно опремени).О свен кабинетите за изведба на практична настава училиштето располага и со полигон, кој се наоѓа во училишниот круг, изведен и изграден со средства на EVN, а се користи за обука на учениците од занимањето,,Електричар-електромонтер на електроенергетски мрежи“ во прва, втора и трета година. Кабинетот за електрични инсталации и осветлување е опремен со најсовремени елементи и помагала (модел на паметна куќа во која е инсталирана инсталација по KNX стандарди).Како посебно значајно унапредување на наставниот процес и практики е фотоволтаична централа која е во функција четврта година по ред.<br><br>Практичната настава за тригодишното и четиригодишното образование за учениците од I,II, III и IV година ќе се реализира не само во работилниците и лабораториите на училиштето, туку и во државни и приватни претпријатија со кои е потпишан меморандум за соработка: ЕВН, Раде Кончар – ТЕП, Макстил, Ван Хоол, Виталиа, Либерти, Усје, Мепсо, Раде Кончар – контактори и релеи, ЕЛЕМ и др.<br><br>Голем дел од наставните содржини по предметот ,,Учење преку работа кај работодавач” ќе ги реализираат во компаниите со кои имаме склучено Меморандум. Поврзувањето на училиштето со локалната самоуправа т.е општината, како и бизнис центрите ќе бара изведување на проекти за кои ќе бидат ангажирани поголемиот број на предметни професори. Ќе се изведат едукации на наставниот кадар, како надвор така и внатре во центарот се со цел за подобрување на квалитетот на наставата. Вклучени сме во проектите предвидени со програмата на активности на Град Скопје, Ерасмус + програмата како и RCF проектот и други проекти. Град Скопје во рамки на програмските активности на здруженија на граѓани и фондации, поддржува неколку проекти. Оваа учебна година ќе учествуваме на проектите кои се одобрени од градот за нашата струка.<br><br>Реализирани се следните активности:<br><br>• Спроведување на училишен натпревар (или одбирање на ученик ,,Електротехничар-енергетичар” од трета година, кој не претставуваше на регионалниот и на државниот натпревар.<br>• Учество и освоено прво место на државниот натпревар по Физика од ученичката Ива Бошеска од прва година.<br>• Подготвување и спроведување на манифестацијата “Денови на електротехниката 2023“ и “Денови на електротехниката 2024”.<br>• Подготовка, учество на натпревари и освоени награди за прво место во 2023 година, и трето и четврто место во 2024 година, на натпревар за Најдобри ученички компании, од претприемнички карактер.<br>• Учество и освоени два златни и еден сребрен медал на натпреварот Robomac Junior 2024.<br><br>Според анализираните извештаи од извршените состаноци за работа на стручните активи, може да се заклучи дека континуирано се анализира успехот на учениците по стручните предмети, се предлагаат мерки за подобрување на успехот, како мотивирање на учениците за активно учество на часовите и редовно посетување на дополнителна настава . Покрај тоа, се разговара и дискутира за потребните нагледни |

| | |
|---|---|
| | средства и материјали за квалитетно и современо реализирање на наставата по стручните предмети. Тимски се работи на подготовка на учениците за натпревари во текот на наставната година, но и за подготовка на тестовите, и подготвување на учениците за интерните испити во рамките на Државната матура и Завршниот испит. |
| Годишна програма за работа на училиштето<br><br>Извештај за работата на организаторите за настава | Во годишната програма за работа на училиштето, на директорот и на помошниците директори, наведени се програмски содржини кои опфаќаат активности кои се однесуваат на управување со ресурси:<br>- тековно одржување и инвестиции во училишната зграда и материјални средства<br>- организација за работа во лабораториите и работилниците<br>- организационо – техничко средување на училиштето, функционалност на кабинетите, фискултурната сала со спортски терени, библиотека и други функционални простории во училиштето<br>- организира, следи и унапредува колективното усовршување во училиштето и надвор од него<br>- следење и проценка на ефикасноста за примена на искуства стекнати на семинари и обуки на вработените<br>- осигурува услови за финансиско работење во склад со Законот<br>- разговори со наставници-почетници, именување на нивни ментор, воведување во работата и следење на нивната работа<br>- осигурува квалитет на работата низ континуирано следење на клучните области, на основа на Годишната програма за работа во склад со Законот и Статутот и Правилниците |
| Програма за работа на Училишниот одбор | Програмата за работа на училишниот одбор ги опфаќа следните активности:<br>- Разгледување и усвојување на Самоевалуацијата на училиштето за 2022-2024<br>- Разгледување и усвојување на Извештајот за работата на училиштето за учебната 2023/2024 година<br>- Разгледување и усвојување на Годишната програма за работата на училиштето за 2024/2025 учебна година<br>- Разгледување и усвојување на предлог годишен финансиски план за 2022/2023 година<br>- Разгледување и усвојување на развојната програма<br>- Донесување на одлука за формирање на комисии за попис на инвертарот и основните средства<br>- Разгледување и усвојување на финален финансиски план<br>- Усвојување на годишен план за јавни набавки<br>- Разгледување и усвојување на Извештајот од пописната комисија за извршениот попис<br>- Усвојување на Годишна сметка за сите сметки во училиштето. |
| Извештаи од Комисијата за вработување | Новите вработувања во училиштето се реализираат според законските одредби, кандидатите се пријавуваат на јавен оглас објавен во дневен печат. На почетокот на секоја нова учебна година, односно на 31.08. на крајот на претходната, се распишува оглас на кој конкурираат вработените кои се на определено работно време и на тој начин повторно се обновуваат нивните договори. Комисијата за вработување составени од три члена, вработени со училиштето, изготвува извештај за квалификациите на пријавените кандидати и го доставува до Директорот на училиштето. Одлука за вработување донесува Училишниот одбор. Во текот на последната учебна година биле вработени уште 3 лица кои ги задоволуваат потребите за наставен кадар по соодветните предмети. |

| | |
|---|---|
| Програма за работа на училиштето за 2022/2023 година<br><br>Извештај од работата на училиштето за учебна 2022/2023 година<br><br>Програма за работа на училиштето за 2023/2024 година | **Реализација на развојните цели на училиштето кои се во рамки на подрачјето „Управување со ресурси“**<br><br>Во годишната програма, за учебната 2022/2023 година , развојниот тим на училиштето ги утврди следниве развојни цели:<br><br>Цел 1: **Осовременување на реализација на наставата**<br><br>Цел 2: **Обезбедување систем за заштеда на електрична енергија**<br><br>Цел 3: **Формирање на заеднички тимови од училиште и стопанските субјекти**<br><br>Цел 4: **Екологија**<br><br>Во годишната програма, за учебната 2023/2024година, Развојниот тим на училиштето ги утврди следните развојни цели:<br><br>Цел 1: **Отворање на нов профил Мултимедија**<br><br>Цел 2: **Осовременување на инвентарот и опремата во лабораториите**<br><br>Цел 3: **Подобрување на редовноста на учениците на додатна и дополнителна настава**<br><br>Цел 4: **Екологија**<br><br>Врз основа на поставените цели, за нивно поуспешно остварување дефинирани се конкретни задачи, активности и носители на активности, со временски рамки за успешно завршување на сите планирани цели.<br><br>За да се одговори на потребите за реализирање на наставата според новите наставни планови и програми, во училиштето се обезбедени солидни материјално-технички услови во склад со „Цел 1“ од развојните цели на училиштето за учебна 2022/2023 година, односно „Цел 2“ за учебна 2023/2024 година.<br><br>За реализација на наставните програми се пристапи кон сериозна подготовка и обезбедување на квалитетни материјално-технички услови, кои овозможија непречено и квалитетно реализирање на содржините предвидени со наставните програми за сите ученици со три и четригодишно траење на образованието. Кабинетите во кои наставата се одвива на компјутери, во последните две учебни години, дополнително се опремени со нови 50 компјутери.<br><br>Во однос на материјално-техничките услови оваа учебна година, за секој наставник е обезбеден преносен компјутер, а во дел од училниците се поставени и преносни компјутери за наставниците. Во училишниот двор е поставен „летниковец“, како и летна училница. Дел од малата сала е прилагоден за теретана, со современи спортски реквизити за таа намена. Набавена е и KNX табла за потребите на наставата. Покрај класичниот интернет пристап во просториите во училиштето, обезбеден е и безжичен интернет.<br><br>Развојната Цел 2 (учебна 2022/2023 год.) „Обезбедување систем за заштеда на електрична енергија“,се остварува континуирано, преку задоволување на дел од потребите на училиштето од електрична енергија, од фотоволтаичната централа, преку користење на лед електрично осветлување, како и преку подигање на свеста на учениците и вработените за енергетска заштеда.<br><br>Во врска со развојната Цел 3 (учебна 2022/2023 год.):(Формирање на заеднички тимови од училиште и стопанските субјекти ) во рамки на училиштето, формирани се следните тимови :<br><br>**-**Тим за дуално образование<br><br>-Тим за феријална практика<br><br>-Тим за учење преку работа |

| | |
|---|---|
| | На овој начин, се отворија нови можности за реализирање на наставата по предметот „Учење преку пабота кај работодавач“, како и за реализирање на летна/феријална пракса. Во последните две учебни години интезивно се прошири соработката со компании во кои учениците посетуваат настава по предметите во кои тоа е предвидено, односно бројот на фирми/компании со кои училиштето потпиша мемпрандуми за соработка порасна на 188.<br><br>За остварување на Цел 4, континуирано се реализираат еколошки активности со што се развива еколошката свест и однесување на сите субјекти вклучени во образовниот процес. |
| Извештаи од реализирани обуки 2022/2023<br><br>Извештаи од воннаставни активности за учебна 2023/2023 и учебна 2023/2024 година | **Реализирани обуки на наставниците и вработените во ППС во учебна 2022/2023 година** (Извештај од работа на училиштето 2022/2023)<br>- 16 - 18.09.2022 Дојран, Основна обука за спроведување програма за водење ученичка компанија, во организација на Џуниор Ачивмент(2 учесници)<br>- Во насока на унапредување на менталното здравје, во период од 12 до 14.09.2022 година во хотел Гарденија – Велес, педагогот Ленче Спасовска посети обука за ментор за “Ментално здравје и психосоцијална поддршка на ученици”.<br>- 25.10.2022, Учество на предавање/обука, организирана и спроведена од Фондацијата “Никола Кљусев“ со поддршка од Град Скопје на проект – НЕ за насилството (2 учесници)<br>- Работилница за STEM образование, родова еднаквост и зелени иновации во стручното образование и обука Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ), Машинскиот факултет, Универзитет Св.Кирил и Методиј во Скопје, Националниот центар за развој на иновации и претприемачко учење (НЦРИПУ) на 27.01.2023 во просториите на Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ), (5 учесници)<br>- Обуката за раководење со проектен циклус (Project Management) од 30 до 31 јануари 2023 година во Скопје организирана од Џуниор Ачивмент Македонија(2 учесници)<br>- Обука за виртуелни лаборатории, одржана на Факултетот за електротехника и информациски технологии на 01.02.2023 (4 учесници)<br>- Учество во проект - „Target zero. Creating Responsible Enterprice“, од 16-22.02.2023 година во Шпанија<br>- Обука за спроведување на Програмата за ученичка компанија - Втора фаза која се одржа 1-3 март 2023 година во Охрид организирана од Џуниор Ачивмент Македонија(2 учесници)<br>- тренинг курс од Еразмус+ проект – Boost your skills to help the neets, во Каламата, Грција (2 учесници)<br>- Учество на проектот “Низ здравствени леќи: со едукација до превенција и здрави животни навики“ кофинансиран од Град Скопје (1 учесник)<br>- „Основна обука безбедност и здравје при работа “<br>- „Компјутерска безбедност“<br>- „Современи трансформаторски станици -Компактни“<br>- „Комуникација на вработените, учениците и родителите од училиштето“<br>- “Деловна етика и професионализмот и училишна етика и професионализмот во училиштето”<br>- “Современи комуникациски технологии и сервиси”<br>- “Обука за работа на нисконапонски мрежи во дистрибутивниот систем”<br>- “Современи педагошки пристапи за подобро стручно образование и образование на возрасни” |

| | |
|---|---|
| | - Присуство на поголемиот дел од наставниот кадар на работилница на тема „Современи концепции на средно образование – Новата улога на наставникот и новите стратегии за Наставниицитe имаат можност да проследат online обуки во организација на центарот за стручно образование и обука. Платформа е наменета за професионален развој на наставен и друг стручен кадар во стручното образование – ИНОВЕТ.<br>- На 02.11.2023 година во организација на здружението LEAD – Лидери за едукација, активизам и развој - Скопје се одржа он-лине обука за Користење на вештачката интелегенција (ChatGPT) во наставата (3 учесници).<br>- Учество на обука за Дидактички Материјали одржана на 14-15 ноември во хотел Парк во Скопје, а организирана од тимот на Е4Е @МК HELVETAS Swiss Intercooperation. Наставници: Поликсена Митева и Дијана Трајкоска.<br>- Од 21.10 – 23.10.2023 година во Солун беше организирана обука - тим билдинг за вработените на следните теми: 1. Деловна етика и професионализмот и училишна етика и професионализмот и 2. Современи комуникациски технологии и сервиси.<br>- На 22.11.2023 година во просториите на фабриката Kessler Macedonia - Скопје се одржа еднодневна обука за „The Motorspindle Technology “ - основи принципи на работа на моторот, градба на моторот (статор, ротор), технологија на изведба, SK и HSK, хидраулична единица, вградени сензори, склопување, дефекти на лагери и дијагностика. Наставници: Поликсена Митева и Дијана Трајкоска.<br>- Обука и работилници за пристап воден од доживеана траума во рамки на програмата која ја спроведува Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје во соработка со Советот за превентива против малолетничка деликвенција – СППМД од Кавадарци на 05.10, 19 и 20.10.2023 год. Педагошко-психолошка служба: Фросина Спасевска Микулчиќ.<br>- Учество на презентација на национални наоди од меѓународна ХГБЦ студија – Однесувања поврзани со здравјето на децата на училишна возраст (11-15 ученици) во Р.С. Македонија. Настанот се одржа на 26.10.2023 год.на Филозофскиот факултет. Педагошко-психолошка служба: Ленче Спасовска.<br>- 10.11.2023 се изврши практична и теоретска обука на дел од кадарот во состав: Слободанка Димковска, Соња Дмитровиќ, Ангела Магдеска и Бранислав Остоиќ. Обуката ја држеше и изведуваше сертифициран обучувач од компанијата ЕВН Македонија. Обуката се реализираше во областа од нисконапонска електроенергетска мрежа и се одвиваше во специјалната работилница за практична работа и на училишниот полигон.<br>- 27.11.2023 год. Обука: Препознавање и првична поддршка на деца жртви на родово-базирано или семејно насилство, организирана од Националната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство. Педагошко-психолошка служба<br>- 04 и 11.12.2023 год. Обука: Препознавање и првична поддршка на деца жртви на родово-базирано или семејно насилство, организирана од Националната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство. Педагошко-психолошка служба:<br>- 03-05.05.2023 Учество на проф. Анѓелка Андрески на активност за обука и соработка на Европска конференција за предизвиците на училиштата во услови на климатски промени и дигитализација „Schools go green and digital and Erasmus+ supports teaching excellence!<br>Наставниците учествувале и во повеќе проекти и други обуки. |

| | |
|---|---|
| Програма за менторирање<br><br>Дневници за менторство | Во учебна 2023/2024 година, во училиштето училиштето има шест приправници на кои им се назначени ментори од наставниците вработени во училиштето.<br><br>Документацијата за менторирање содржи изработени планови и програми за менторирање на приправниците.<br><br>Менторите водат дневници за менторство, во кои се заведени реализираните активности , дискутирани теми и консултации со менторираните, меѓусебните посети на часови, препораки и планирани идни активности. |
| Извештај за безбеднст на учениците | Во училиштето постои систем за заштита на просториите и инвентарот и безбедноста на учениците и е изготвен Правилник кој ги регулира правата и обврските на сите субјекти:<br><br>• секојдневно (во работните денови) има дежурни професори;<br>• во деновите на викендот постои дежурна служба од техничкиот персонал;<br>• ноќната смена ја покрива ноќен чувар на училиштето;<br>• воведено е обезбедување од агенција за обезбедување;<br>• доколку учениците работат лабораториски или компјутерски вежби, тие се изведуваат во присуство на предметен професор кој ги информира учениците за тоа како треба да се однесуваат во лабораторија, библиотека, спортска сала, училница, со компјутери и останатите простории во училиштето. Однесувањето е регулирано и со Кодекс за однесување на субјекти во училиштето.<br>• На учениците секоја учебна година им се овозможува осигурување во осигурителни компании, одлуката за избор а осигурителната компанија и нивото на премија ја носи Советот на родители. |
| Извештај од работата на ЕКО одбор<br><br>**Еко активности**<br><br>**Извештаи од работата на стручните активи**<br><br>Извештај од воннаставни активности | Средното електротехничко училиште на Град Скопје “Михајло Пупин” - Скопје во рамки на проектот “Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем”, три пати е прогласено за еколошко училиште, добивајќи награда Зелено знаме. Секоја учебна година во училиштето се реализираат еколошки акции и активности, со цел подигање на еколошката свест кај вработените и учениците.<br><br>**За подигање на еколошката свест на учениците , во текот на учебната 2022/2023 и 2023/2024** реализирани се следните ЕКО активности:<br><br>- Учество на настан ” Генералка викенд”;<br>- Формирање ученичка компанија - Eco – Smell;<br>- Садење дрвја во парк – Гази Баба<br>- Планинарење на Водно,<br>- Садење цвеќе во училишниот хол<br>- Садење дрвја во училишниот двор<br><br>На ден 01.12.2023 година во училиштето се реализираше акција за садење дрвја во училишниот двор. На акцијата учествуваа ученици од втора година кои на предвидени локации засадија повеќе садници дрвја - Индиски јоргованi.<br><br>**Учество на настан ” Генералка викенд”** |

| | |
|---|---|
| | Настанот беше организиран од Пакомак и Пивара-Скопје во соработка и поддршка од Минстерството за животна средина и просторно планирање и Градот Скопје. Целта беше чистење на училишните дворни површини, со цел подигање на еколошката свест кај учениците.<br><br>Од нашето училиште учествуваа 30 ученици, а за успешно учество во проектот, на училиштето му беше доделена Благодарница.<br><br>**Формирање ученичка компанија - Eco – Smell**<br><br>На почетокот од учебната 2023/2024 година, училиштето беше формирана ученичката компанија Eco – Smell во состав од 6 ученици: под менторство на професорката Ангела Магдеска.<br>Учениците започнаа направија производ направија производот SmelltoSeed. – освежувач за автомобил кој е еко – биоразрадлив, ќе има долготраен мирис, а нема да ја загадува животната средина. Овој иновативен **продукт- освежувач за воздух со природни мириси**, кој е **100% рециклиран** и кој што после неговото дејство, **може да се засади во почва,** а потоа да **никне растение** што ќе биде вклучено во самата фотосинтеза која помага во прочистување на воздухот<br><br>Во рамките на Програмата за социјално претприемништво за млади - UPSHIFT, подржана од УНИЦЕФ и Фондот за иновации и технолошки развој а имплементирана од ЛЕЕД ХАБ, земаа учество 5 ученици од прва, трета и четврта година под менторство на проф.Ангела Магдеска. Учениците учествуваа со проект на тема „***Производство на пресадувачки освежувачи за автомобили“***и освоија ***награда (***120 илјади денари), која тимовите ќе ја искористат за реализирање на своите идеи.<br><br>**Садење дрва во парк – Гази Баба**<br><br>По повод денот на пролетта 20-ти Март, група ученици и наставници од нашето училиште учествуваа во пошумување на парк-шумата Гази Баба со чемпреси.<br><br>**Реализација на еко предавање од ЈП Комунална хигиена**<br>На ден 28.09.2023 година, во нашето училиште се реализираше едукативно предавање од страна на одговорни лица од ЈП Комунална хигиена – Скопје. Предавањето беше на тема: “Правилно постапување со отпад, селекција и рециклирање”, а учествуваа 85 ученици од прва и втора година.<br>29.09.2023 **Реализација на проект “Млади амбасадори за заштита на животната средина”**<br>Во текот на месец септември, октомври и ноември во нашето училиште се реализираа активности во рамки на проектот: “Млади амбасадори за заштита на животната средина”, чија цел е подигнување на свеста и зголемување на знаењето за начинот на заштита на животната средина, рециклирање на отпадот, зголемување на волонтеризмот за реализација на разни активности од областа на екологијата.<br>На ден 30.10.2023 **Планинарење на Водно** (група ученици и наставници)<br>На 27.11.2023 година во училиштето се реализираше **акција за разубавување на училишните ходници** со садење цвеќе. На акцијата се засадија повеќе саксии цвеќе од видот Бугенвилија и зимски љубичици. |
| **Извештај од работата на педагошко-психолошката служба во училиштето за учебна 2022/2023 година** | Во извештајот од работата на **педагошко-психолошката служба во училиштето за** учебна 2022/2023 година ,педагогот и психологот, реализирани се многу активности во рамки на:<br><br>1. Работа со ученици и родител<br><br>2. Работа со наставници |

| | |
|---|---|
| **Извештаи од посета на часови на педагошко-психолошка служба** | 3. Соработка со заедницата<br><br>4. Професионален развој и професионална соработка<br><br>5. Аналитичко- истражувачка работа<br><br>6. Училишна структура и организација<br><br>7. Друго( издавање и архивирање потврди за редовни ученици,организација на настава во случај на отсуство на наставник,соработка и e-mail комуникација со повеќе организации и физички лица.)<br><br>**Извештај од реализирана посета на часови во СЕТУГС "Михајло Пупин" – Скопје.**<br><br>Во извештаите од реализирани посети на часови кај наставниците од страна на педагошко-психолошката служба и раководниот тим, кои се спроведуваат 2 пати во текот на учебната година, наведено е дека реализацијата на наставата е на задоволително ниво.<br><br>Позитивни забелешки од посетата кои се однесуваат на подрачјето ресурси се:<br><br>- интеракцијата наставник-ученици повеќе или помалку (во зависност од типот на часот и структурата на учениците) беше застапена на сите наставни часови,<br>- подготвеноста на наставниците да ја пренесат наставната содржина преку употреба на соодветни наставни методи, техники, форми и средства при реализација на овој тип настава,<br>- наставниците користат современи технички средства и помагала при реализирањето на наставните програми: смарт интерактивни табли, смарт телевизори, нови инструменти и уреди, со што се препознава потребата за промени и развој на квалитетно образование, следејќи ги светските и европските трендови за образование базирано на компетенции, на дигитализацијата.<br><br>Не се наведени негативни забелешки и сугестии од посетата што значајни за ова подрачје. |
| **ВЕБ СТРАНА** | **Финансово работење**<br><br>Постапките во врска со финансовото работење на училиштето се спроведуваат во согласност со законската регулатива.<br><br>На почетокот на годината во училиштето се изготвува финансов план за тековната година и план за јавни набавки, а на крајот на годината и завршна сметка.<br><br>На веб страната на училиштето достапни се информации за финансиското раководење, односно овозможен е увид во јавните набавки на училиштето.<br><br>**https://e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/Home.aspx#/home** |

| | |
|---|---|
| Јавни набавки за учебна 2022/2023 и 2023/2024<br><br>(податоците се превземени од електронскиот систем за јавни набавки и се јавно достапни на самиот систем) | Во последните две учебни години извршени се следните набавки:<br>- Набавка на канцелариски материјали<br>- Хотелски услуги,<br>- Услуги за развој на наставните планови и програми (образовни услуги),<br>- Градежно- занаетчиски работи,<br>- Услуги за објавување на оглас,<br>- Набавка на компјутери, компјутерска опрема и разновиден хардвер (резервни делови),<br>- Набавка на електротехнички материјали и елементи електронски материјали и електронски компоненти,<br>- Осигурување на имот,<br>- Набавка на нагледни наставни средства и помагала за потребите на наставата,<br>- Услуги за обезбедување на објекти –Ангажирање на агенција за обезбедување за унапредување на безбедноста и сигурноста во учиилштето за период оф февруари до декември/2023 година (не вклучувајќи ги месеците јули и август/2023 година),<br>- Систематски и санитарни прегледи за вработени,<br>- Спортска теретана комплет со опрема,<br>- Превоз на ученици и вработени за потребите на наставата во земјата и странство,<br>- Тековно одржување на зеленилото во дворот,<br>- Услуги за печатење копирање и издавање,<br>- Избор на компанија за снабдување на училиштето со електрична енергија,<br>- Поставување на систем за ПП-дојавувачи со централа,<br>- Набавка и монтажа на разглас во училиштето и аудио опрема |

| Собирање на податоци *Кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)* | | |
|---|---|---|
| Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | Кои информации се собрани? |
| **Интервју со Директорот на училиштето** | **Ања Манчевска Илиеска** | Вработените во училиштето се во согласност со законската регулатива, односно наставниот кадар од формално – правен аспект задоволува.<br><br>Во СЕТУ „ Михајло Пупин “ – Скопје во моментов има 71 вработен.<br><br>Генерална идеја на училиштето е креирање на услови за реализација на образовен процес кој нуди употребливи знаења, со кои учениците ќе бидат конкурентни на пазарот на трудот.<br><br>Во однос на промени и реконструкции, главниот влез и влезот за учениците, како и ходникот помеѓу двата влеза се обновени со нови плочки. Во читалната проментети се прозорите во ПВЦ прозори. Во текот на минатите две учебни години конструирани се летна училница за реализирање на настава во потоплите денови, како и летниковец во училишниот двор со соларни панели на кровот, преку кои се добива електрична енергија која се користи за осветлување на летниковецот и дополнително може да се користи за полнење на мобилните телефони. За потребите на наставата по повеќе стручни предмети, набавена е и KNX табла, која спаѓа во најсовремена опрема од овој тип, на која учениците можат практично да учат за време на лабораториските вежби.<br><br>Набавени се 60 лаптопи за сите вработени, добиени како донација од град Скопје, како и околу 25 лаптопи распоредени по кабинети кои се користат при реализација на наставата. Во текот на минатата учебна година набавени се 3 нови проектори, 26 компјутери, 1 мултифункционален печатач, 4 мали печатачи, 5 мемории, 10 хард дискови и 3 монитори. Во текот на оваа учебна година, набавени се 15 компјутери, 30 глувчиња, 5 свича и 7 монитори. Набавени се и нагледни средства за потребите на кабинетот по Физика, како и пинг понг маса и топки за потребите на наставата по Спорт и спортски активности.<br><br>За реализација на наставата во рамки на сите четири активи во училиштето, набавени се дополнителна опрема и материјали, односно надгледни средства за реализирање на наставата по сите наставни предмети, како и за предметите од електротехничката струка, компјутери и компјутерска опрема.<br><br>Активот по спорт и спортски активности е обновен со комплетна спортска теретана, како и дополнителна опрема и реквизити за извршување на наставата по спорт. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Со порастот на бројот на запишани ученици во нашето училиште, сите планови ги креираме за обезбедување на потребните материјално-технички ресурси што ќе ги задоволат интересите на учениците.<br><br>Во наредната година приоритет се лабораторија по енергетика, отворање на нов образовен профил мултимедија, воведување на втор странски јазик германски, како и реконструкција на училишниот двор со спортски терени за поквалитетно реализирање на наставата, како и ново паркинг место за вработените во училиштето.<br><br>Во план е изработка на целосно озвучување во училиштето односно во ходниците, наставничката канцеларија и спортската сала, за читање соопштенија, поквалитетно одржување на наставнички совети, како и пуштање музика за време на големите одмори во ходниците, што се планира да се направи до крајот на 2024 година.<br><br>Се планира и зголемување на капацитетот на фотоволтаичната централа која е инсталирана во училиштето со цел заштеда на енергија и подигање на еколошката свест кај учениците за намалување на загадувањето преку искористување на обновливи извори на енергија, како и за реализирање на наставни цели по стручните предмети.<br><br>Во однос на човечките ресурси, се планира зголемување на наставниот кадар, од областа на електро струката, а се планира и обезбедување на обуки и семинари за нивно стручно усовршување за подигање на квалитетот на настава, до крајот на оваа година. Во изминатите две години, голем дел од колегите посетуваа обуки и семинари од сите области.<br><br>Што се однесува до новите вработувања поради недостаток на кадар, особено од електро струката, се бираат кандидати пријавени на оглас за ново вработување, преку Завод за вработување и се врши селекција согласно Законот за средно образование. Направени се интервјуа со сите нововработени, за начинот на кој ја реализираат наставата, како и евентуалните проблеми со кои се соочуваат. Од водените разговори, констатирано е дека нововрaботените ги задоволуваат сите потреби на училиштето, истите се професионални, исполнителни, работат тимски и се одлични во комуникацијата.<br><br>Финансовото работење се планира, односно се изработува годишен финансиски план, според приоритетите на потребите во училиштето за реализирање на квалитетна настава. Финансискиот план го предлага Директорот и го усвојува Училишниот Одбор.<br><br>Училиштето добива средства од „Град Скопје“ од кои дел се за покривање на месечните сметки за комуналии (струја, вода), а средствата кои остануваат се вложуваат за опремување на кабинетите и набавка на нагледни средства, што е приоритет при изработката на финасискиот план.<br><br>Училиштето остварува сопствени приходи од вонредни ученици и изработка на дупликат дипломи и свидетелства. |

| | | |
|---|---|---|
| **Интервју со помошник директор Наташа Божиновска** | **Ангела Магдеска** | Потребите за наставни средства и помагала се утврдуваат со договорни процедури. На почетокот од секоја учебна година на ниво на активи, се утврдуваат потребите од наставни средства, материјали за настава и други потреби.<br><br>Утврдените потреби се доставуваат до раководството на училиштето, кое одредува приоритети, а набавките се вршат според потребите и финансиските можности.Обезбедувањето на потребните материјални ресурси за настава се врши на преку јавни набавки.<br><br>Во однос на нови вработувања во училиштето, формирана е комисија за прием на документи на кандидатите кои се јавуваат на јавен оглас. |
| **Интервју со претседатели на активи** | **Ангела Магдеска** | **Интервју со Анѓелка Андрески – претседател на актив Компјутерска техника и автоматика и Електроника и теллекомуникации**<br><br>Материјално-техничките услови во училиштето во голема мера ги задоволуваат потребите на наставниците. Со воведување на модуларно дизајнирани програми во наставата, се јави и потреба од набавка на нови нагледни средства. Во учебна 2022/2023 година е извршена набавка на потребните нагледни средства, со што во голема мера се задоволени потребите за реализирање на наставата по новите наставни програми.<br>Практичната настава и вежби по предметите од областа на електрониката се одвива во кабинет бр. 8 и кабинет бр. 9, кои сега се опремени со нови извори за напојување, функциски генератори, дигитални осцилоскопи, мерни инструменти и друг потребен прибор за изведување на наставата. Во последните две учебни години се набавени дополнителни електронски компоненти, бакарни плочки и друг потрошен материјал, за потребите на наставата.<br>Вежбите од предметите од областа компјутерска техника и автоматика, кои покриваат програмирање, бази на податоци, објектно ориентирано програмирање, мултимедија, WEB програмирање, уредување WEB страни се реализираат во кабинетите бр.1, 2, 4, 5, 20 и 31, кои се опремени со соодветна компјутерска опрема, меѓутоа постојано има потреба за дополнување и обновување на истата, меѓудругото и поради паралелките со максимален број од 34 ученици. За време на вежбите, кога во кабинетите се присутни половина ученици од класот, потребно е секој ученик да седи на посебно компјутерско работно место за да се реализираат истите и од тука е потребен минимумот од 17 компјутерски системи во кабинети.<br>За предметите од областа на програмирање се потребни различни софтверски пакети за кои се потребни лиценци.<br>Проблемите со недостиг на наставен кадар се делумно надминати, со нови вработувања на наставен кадар од по стручните предмети, со што се создадени подобри услови за квалитетно реализирање на наставата. |

| | | |
|---|---|---|
| | | **Интервју со Лидија Буровска - претседател на актив Енергетика**<br><br>**Расположиви и потребни ресурси**<br><br>**Човечки ресурси**<br><br>Расположивиот наставен кадар од активот енергетика, во однос на бројот на потребни наставници, во моментов, е доволен за реализација на наставата.<br><br>Во однос на реализацијата на квалитетна настава, после пензионирање на нашите колеги кои предаваа практична настава, активот веќе се соочува со недостиг на обучен и искусен наставен кадар за реализација на истата. Со воведување на модуларно дизајнираните наставни програми, практичната настава е застапена во сите стручни предмети. Од овие причини, стратегијата на училиштето треба да се насочи кон обука на помладиот наставен кадар за стекнување на компетенции за изведба на практична настава, односно младиот наставен кадар да биде вклучен во реализација на наставни предмети во кои доминира практична, а не теоретска настава.<br><br>За подигање на квалитетот на наставата потребно е да се организираат и практични обуки за збогатување на вештините за реализација на активна настава, особено за наставниот кадар со помало работно искуство (во претпртијатијата со кои сме партнери, но и од страна на колеги кои се во училиштето и се пред пензионирање).<br><br>Наставата треба да биде организирана на начин кој ќе овозможи градење на квалитетни наставници кои ќе бидат подготвени да одговорат на потребите на училиштето, односно да бидат подготвени за реализација на квалитетна настава по повеќе стручни предмети. Од претходни искуства, наставниците -инженери кои не беа вклучени да предаваат повеќе наставни предмети во текот на работниот век, останаа ограничени со можноста да понудат квалитетна настава во моменти кога требаше да прифатат и некој друг наставен предмет, поради недостатокот на паралелки во училиштето.<br><br>Од овие причини, за превенирање на проблеми од оваа природа, треба да се води сметка при распределбата на часови, секој наставник, покрај наставата по предметите кои ги реализирал квалитетно во изминатите години, да се вклучи во реализација на настава и по некој нов наставен предмет, од друга област од струката.<br><br>Од исклучителна важност за реализирање на квалитетна настава е наставниот кадар да биде рамномерно оптеретен според бројот на предмети што ги предава, неделниот фонд на часови и работните задачи во текот на наставната година.<br><br>**Материјални ресурси**<br><br>Во однос на расположивите материјални ресурси во училиштето, солидно се опремени неколку кабинети  за реализирање на современа настава: кабинетот за изведување на вежби од електротехника( со помош на виртуелни иструменти); кабинет за практична |

| | | |
|---|---|---|
| | | настава опремен од ЕВН ; полигонот во кругот на училиштето , која служи како тренинг центар за учениците од ЕВН паралелките ; кабинетот опремен со модел на паметна куќа , изработена од плексиглас и опремена со интелигентна инсталација –KNX системи (со можност да се регулира далечински осветлувањето и дигањето/спуштањето на ролетните во куќата); кабинетот за енерегетска ефикасност. Исто така сметам дека добро е опремен кабинетот за изведба на практична настава за образовниот профил електротехничар енергетичар, за обука од областа на електричните инсталации. Кабинетот е солидно опремен со стански табли, табли за инсталациони прекинувачи, за скалишно осветлување и за управување со контактори.<br><br>Голем недостаток во делот на изведувањето на практичниот дел од наставата по стручните предмети е недостаток на кабинет за изведување на вежби од предметот електрични машини и трансформатори од трета година. Расположивите машини во училиштето се премногу стари, истрошени и недоволни за реализација на наставните содржини.Нема услови за практично изведување на голем дел од вежбите во училиштето.Повеќе пати е дискутирано на оваа тема и активот по енергетика е во исчекување да се обезбедат средства и донации за кабинет по електрични машини и трансформатори.Освен за овој наставен предмет истата опрема ќе може да се искористи и за наставниот предмет електромоторни погони , кој се изучува за прв пат по модуларната настава кај електротехничар-енергетичар во учебната 2022/23 година и има практични лабараториски вежби.<br><br>За квалитетна реализација на наставата, потребно е опремување на кабинетот со нови мотори; генератори; регулациони ТР; отпорници за пуштање во работа на моторите; тахометри и друга потребна опрема, со која ќе се овозможи комплетно остварување на наставните цели по предметот.<br><br>Кабинетот по електрични машини ќе им овозможи на учениците да стекнуваат применливи знаења за да одговорат на работните задачи на работни места во Митал, во цементарница и другите компании, кои обезбедуваат вработувања за наши ученици по завршување на школувањето.<br><br>Недостасуваат нагледни средства за изведба на практичниот дел од наставата од областа на електричи апарати и уреди (термички апарати и разладни уреди, состави делови на различни апарати и уреди што ќе се користат како нагледни средства).<br><br>Потребно е и да се доопреми и модернизира кабинетот за изведба на вежби од областа на електричните мерења.<br><br>За успешно реализирање на практичната настава и/или лабораториските вежби кои се застапени во рамки на сите стручни предмети потребно е дополнително опремување на голем дел од кабинетите со наставни средства. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Училиштето се потруди да обезбеди квалитетен интернет, кое е особено важно во училниците во кои се изведува настава со класовите од ЕВН паралелки, за користење на едукативната платформа „CANVAS“ за време на настава.<br><br>За користење на проекторите поставени се ролетни во кабинетите и има поставено соодветен приклучок за компјутерите со инсталацијата на проекторот, така да повеќе немаме таков проблем како во минатото. Во секој кабинет може да се користат проекторите.<br><br>**Интервју со Илија Ристовски - претседател на актив за општообразовни предмети**<br><br>Расположивиот наставен кадар од активот за општообразовни предмети, во однос на бројот на потребни наставници е доволен за реализација на наставата. Од исклучителна важност за реализирање на квалитетна настава е наставниот кадар да биде рамномерно оптеретен според бројот на предмети што ги предава, неделниот фонд на часови и работните задачи во текот на наставната година.<br><br>Материјално-техничките услови во училиштето ги задоволуваат потребите на наставниците за квалитетно реализирање на наставата. Секоја училница во која се реализираат општообразовните предмети е опремена со табли, ролетни, проектор и има поставено соодветен приклучок за компјутерите со инсталацијата на проекторот. Спотската сала е комплетно реновирана и е обезбедена дополнителна опрема и реквизити за спортска теретана и за извршување на наставата.<br><br>Минатата учебна година активно беше вклучен хорот за време на настаните како што се Денови на електротехника, Отворен ден на училиштето, Патрониот празник, Забава по повод Нова Година итн, под менторство на професорката по музичко Јосипа С. Наумовска. Во хорот и училишниот бенд беа вклучени талентирани ученици од прва, втора, трета и четврта година. Професорките по англиски јазик активно учествуваа на регионални и државни натпревари, каде што освоија бројни награди.<br><br>**Интервју со Александар Бујуковски - претседател на актив за природни науки**<br><br>Во однос на расположивите материјални ресурси во училиштето, солидно се опремени училниците за реализирање на современа настава: училница бр.28 по физика е опремена со повеќе од 100 уреди и инструменти за вршење на експерименти (леќи, магнети, минијатурни батерии, напојувач за еднонасочна струја, демонстратор на модел на електричен мотор, модел на електричен генератор, стаклено ѕвоно, пумпа, сет за демонстрација на густина итн.). Минатата учебна година, во периодот кога имаше можност согласно временските услови дозволуваа, се реализираше настава и во летната училница. Наставата по предметот информатика се реализира во училница |

| | | |
|---|---|---|
| | | бр.19, која е опремена со нова компјутерска опрема, што ги задоволува потребите за реализирање на вежбите по информатика |
| **Интервју со наставници по практична настава/лабораториски вежби** | **Тамара Боровска** | **Интервју со Слободанка Димковска (практична настава во образовен профил Електричар електромонтер на електроенергетски мрежи и Електротехничар енергетичар)**<br><br>За реализација на практичната настава во образовниите профили од енергетика, опремен е кабинетот бр.12, односно поставени се шест нови испитни маси со вградени мерни инструменти, за изведба на вежби по практична настава. Поставен е и нов, современ разводен ормар. Во склоп на ова реновирање се изработи и постави нов разводен орман со вклучени автоматски осигурувачии и ФИД склопки за потреби на училницата.<br><br>Обновени се и надополнети постоечките ресурси на наставните средства, со алармна централа и видео надзор, со што се обезбедени наледни средства за квалитетна реализција на наставните содржини од современи системи за аларм и видео-надзор.<br><br>Потрошен материјал за изведба на практична настава и во двете учебни години се обезбеден и тоа - кабли за електрична инсталација, осигурувачи, прекинувачи, елементи за автоматика (контактори, биметални релиња), временски и скалични релиња, елементи на сигнализација, елементи за управување (тастери), елементи за звучна сигнализација, монофазни и трофазни приклучници, стански разводни табли, монофазни и трифазни броила, галантерија (штрафчиња, дозни, ДИН шеми, стеги, клеми и сл). Во склоп на оваа опрема се обезбеди и алат за работа - сите видови електричарски клешти, клешти за одстранување на изолација (бланкерки), струјно-мерни клешти, универзални инструменти (унимери), сите видови и големини на одвртувачи и сл. Ова е особено важно за реализирање на наставата во образовниот профил електричар-електромонтер на електроенергетски мрежи, како и за практичната редовна и изборна настава во четврта година<br><br>Надминати се и проблемите поврзани со недостатокот на наставен кадар по практична настава.<br><br>**Интервју со Ангела Магдеска (Практична настава во образовен профил Електротехничар енергетичар**<br><br>Практична настава во прва година во образовен профил електричар-електромонтер на електроенергетски мрежи, се реализира во кабинет бр.10.<br>Нагледните средства и оремата во кабинетот, се доволи за изведба на квалитетна практична настава. За потребите на наставата редовно се обезбедува потрошен материјал, набавени се различни типови на заземјувачи за изведба на вежби од наставни содржини поврзани со мерење на отпор на заземјување, дополнителен |

| | | |
|---|---|---|
| | | електроизолационен материјал, биметални релеи, струји клешти и друг потребен прибор за работа.<br><br>**Интервју со Ања Манчевска (Лабораториски вежби по Електротехника)**<br><br>Кабинетот 18 е модерна лабораторија за изведување на практични вежби по предметот Електротехника. Опремен е со големи клупи со две работни места по клупа, кои имаат вградени извори на еднонасочен напон за потребите на наставата. Секое работно место има дигитален мултиметар, кои учениците ги користат при изведување на вежбите. Од Факултетот за електротеника и информациски технологии изработени се табли за поврзување и докажување на Омов Закон, сериско, паралелно и комбинирано поврзување на отпорници, вежби за Прв и Втор Кирхофов Закон итн, на кои учениците самите поврзуваат, приклучуваат напон и мерат со помош на наставникот. Освен тоа, на секое работно место има и компјутер за реализирање на симулации во склоп на лабораториските вежби, како и компјутер и проектор на кои наставникот покажува и објаснува. Кабинетот ги задоволува потребите на лабораториските вежби по Електротехника и по потреба се дополнува со кабли конектори за разни поврзувања во вежбите и со сигурност е еден од омилените кабинети на учениците.<br><br>**Интервју со Миланчо Иванов (професор по Физика)**<br><br>Расположивите материјално- техничките ресурси за реализација на практичната настава, во моментов се доволни и овозможуваат успешна реализација на наставните цели по предметот, но секогаш останува потребата за нивно континуирано обновување заради одржување на квалитетот на реализацијата.<br>Во изминатите години, реализирани се две фази на обнова и опремување на кабинетот по Физика .<br>Во учебна 2020/2022 година кабинетот е опремен со над 100 елементи и уреди за експериментирање во сите области од физиката, со исклучок на областите од нуклеарна и атомска физика.<br>Во 2021/2022 година поставени се нови работни маси со електрични приклучоци и шкаф за чување на нагледните средства и прибор за работа,набавеи се 4 постери и испечатени се слики на научници за оплеменување на просторот во кабинетот..<br>Со обновата на кабинетот и новите нагледни средства (прва и втора фаза), овозможено е да се реализираат 43 лабораториски вежби согласно наставните програми по Физика, во сите четири години на образование. Уредите и инструментите овозможуваат квалитетно реализирање на наставата во областите\ кинематика, механика молекуларна физика, топлински појави термодинамика, механички осцилации, механички бранови и звук, оптика, електричество и магнетизам.<br>Во план е и трета фаза на обновување на кабинетот, со дополнителни постери за просторот пред кабинетот и како и набавка на 3D модели. |

| | | |
|---|---|---|
| | | За успешна реализација на наставата во сите области од физиката, потребни се и дополнителни наставни средства (за астрономија-телескоп, за механика на флуиди-аквариум, за зрачење и елем. честички - инструменти, загревни ламби и слично)<br><br>**Интервју со Анита К. Мијовска** (професор по група електро предмети)<br><br>Наставата по предметот Енергетска ефикасност на објекти -изборен предмет во четврта година во образовен профил електротехничар за КТА, се реализира во лабораторија по енергетска ефикасност на објекти.<br>Кабинетот е опремен со три фотоволтаични системи со различни технички решенија за користење на сончевата енергија за производство на електрична енергија и примероци од термоизолациони материјалии и застаклени површини кои се користат како нагледни средства за реализирање на наставните содржини од делот енергетска ефикасност во градежништвото.<br>Нагледните средства во голема мера ги задоволуваат потребите за реализација на наставните содржини, но сепак за да бидеме во чекор со техничко-технолошкиот напредок, потребно е и нивно надополнување.<br>Во последните 2 години системот за мониторинг на производството на централата, не е во функција поради технички проблем. Очекувам проблемот наскоро да биде надминат.<br>За реализирање на наставата по предметот **Електрични мерења**, училиштето има лабораторија по Електрични мерења (кабинет бр.6). Лабораторијата располага со доволен број на мерни инструменти и нагледни средства, но има потреба од нејзино осовременување и реновирање.<br><br>**Интервју со Сенад Сејфиќ (професор по група електро предмети-КТА)**<br><br>Наставата по предметот 3Д моделирање се реализира во кабинет бр.31, кој е опремен со 12 современи компјутери на кои може да се работи 3Д моделирање, смарт табла, ЛЦД проектор, како и два 3Д-принтери, од кои едниот е донација од МЗДС, а другиот е добиен како Европска награда за најдобар проект за примена на тродимензионален принтер во настава.<br><br>**Интервју со Дијана Трајкоска (професор по Компјутерски системи; Компјутерски системи и мрежи и техничка поддршка во училиштето)**<br><br>Во кабинет 2 има 10 компјутера од кои 2 се сменети во изминатите 2 години. Во сите училници во училиштето има поставено компјутер лаптоп за работа на наставникот. Дополнително неколку кабинети се опремени со компјутери за потребите на наставата, односно за работа на учениците. |

| | | |
|---|---|---|
| | | **Интервју со Поликсена Милкова (професор по Уредување на Веб страни; Објектно ориентирано програмирање; Бази на податоци и техничка поддршка во училиштето)**<br><br>Училиштето располага со 10 кабинети опремени со компјутери наменети за редовната настава и еден за воннаставни активности (просторијата за МЕТА). Во последните две години во дел од кабинетите обезбедени се нови компјутери, како и преносни компјутери за секој наставник.<br><br>Наставата по предметите Објектно ориентирано програмирање, Уредување на Веб страни и Бази на податоци, се одржува во кабинет бр. 20, кој во моментов располага со 17 компјутери со солидна техничка конфигурација што ги исполнува условите за квалитетно реализирање на наставните содржини предвидени со наставната програма.<br><br>**Утврдување на опременост на кабинетите со компјутерска опрема за учениците, преку интервјуа со наставници кои ги користат кабинетите и увид на лице место (Анита К. Мијовска)**<br>Моментална состојба со компјутери во кабинетите наменети за настава користење на компјуутери од страна на учениците:<br>Кабинет бр.1 - 15 компјутери( стари HR- донација од проект на Влада на РСМ „ Компјутер за секој ученик“<br>Кабинет бр.2- 10 компјутери<br>Кабинет бр.4 - 20 компјутери со солидна техничка конфигурација<br>Кабинет бр.5 -17 нови компјутери<br>Кабинет бр.18 - 8 компјутери<br>Кабинет бр.19 -15 нови компјутери<br>Кабинет бр.20 -17 компјутери<br>Кабинет 30- 6 персонални компјутери HR и 3 преносни (нови) компјутери<br>Кабинет бр.31 -10 компјутери<br>Кабинет бр.42 – 10 нови компјутери<br>Каб. МЕТА-10 нови компјутери<br>**вкупно 138 компјутери +3 преносни (нови) компјутери**<br><br>Дополнително,во секој кабинет има и компјутер за наставникот. |
| **Интервју со Претседател на Училишен Одбор**<br><br>**Елица Лазаревска** | **Анита Кокочева Мијовска** | Реализирани активности ма Училишниот одбор ,кои се во рамки на управување со ресурси:<br><br>- Донесува одлука по предлог годишен финансиски план<br>- Одлуки при вработување на кандидати<br>- Донесува одлука по предлози за распишување на тендери за јавни набавки поврзани со потребите на училиштето |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Донесува одлука по предлози од Совет на родители за реализирање на еднодневни или повеќедневни екскурзии на учениците<br>- Разгледување и усвојување на Извештајот за работата на училиштето<br>- Разгледување и усвојување на Годишната програма за работата на училиштето |
| **Прашалник за наставници (Прилог 6.1)** | **Анита Кокочева Мијовска**<br><br>**Тамара Боровска**<br><br>**Ангела Магдеска**<br><br>**Ања Манчевска Илиеска** | **Резултати од Прашалник за наставници (Прилог 6.1)**<br><br>(спроведен на 30 наставници)<br><br>На исказот "Задоволен/а сум од просторните капацитети со кои располага училиштето (училници, работилници, наставничка просторија, канцеларии, санитарни простории...)", 60% од наставниците одговориле дека е многу значајно, а во однос на присутноста за истото тврдење 43,33 % одговориле дека тврдењето е **делумно присутно**, 33,33% дека е целосно присутно,а 23,33 % одговориле дека не е присутно.<br><br>2. На исказот "Задоволен/а сум од постоечките услови (материјални и хигиенски) во просториите наведени во исказ 1" , 83,33 % одговориле дека е многу е значајно, но во однос на присутноста на тврдењето најголем дел 46,67 % сметаат дека е **делумно присутно**, 36,67% % присутно во целост и 16,67 % дека не е присутно.<br><br>3.На исказот "Училиштето располага со доволно наставни средства и помагала", 86,67 % од анкетираните сметаат дека е многу значајно.Во однос на присутноста мислењето е поделено, односно 46,67% одговориле дека е **целосно присутно** и исто толку (46,67%) **делумно** се задоволни од наставните средства и помагала.<br><br>4. На исказот "Задоволен/а сум од постоечката стручна литература во училиштето" најголем дел од наставниците (80 %) одговориле дека е многу е значајно, но истото е делумно присутно за најголемиот дел (40%) од нив, додека 33,33 % се целосно задоволни од постоечката стручна литература во училиштето.<br><br>5. На исказот „ Потрошниот материјал во училиштето ги задоволува моите потреби", најголем дел од наставниците 80 % одговориле дека е многу е значајно и истото е **присутно во целост** за 50% од наставниците, за 46,67 % е присутно делумно, а за 3,33% не е присутно.<br><br>6. На исказот "Училиштето редовно ги набавува потребните наставни средства и помагала", за најголем дел од наставниците 83,33% е многу значајно, а во однос на присутноста за 60% е **целосно присутно** и за 40% делумно присутно.<br><br>7. На исказот "Човечките ресурси/кадровски потенцијал во училиштето овозможуваат квалитетна настава", 80% одговориле дека е многу значајно, а во однос на присутноста за 50% се **целосно,** за 43,33 % делумно се задоволни.<br><br>8. На исказот "Дел од училишните ресурси се користат за професионално усовршување на наставниците (за семинари, обуки, симпозиуми, конференции)", 80% одговориле дека е многу е значајно и истото е **присутно во целост** за 53,33%, а за 40% е делумно присутно. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 9. Во однос на тврдењето “Финансиското работење во училиштето е транспарентно”, 40 % одговориле дека е многу значајно и истото за 40% е целосно присутно, а 46,67% одговориле дека е **делумно присутно**.<br><br>10. На исказот “Училиштето има правилно наградување на вработените”, најголемиот дел од анкетираните (83,33%) сметаат дека е многу значајно, а во однос на присутноста 40% одговориле дека е **делумно присутно**, за 30% е целосно присутно и за исто толку (30%) не е присутно.<br><br>11. На исказот **„**Училиштето на учениците им обезбедува услови за реализирање на настава во компании за предметите во кои тоа е предвидено според наставната програма “,83,33% сметаат дека е многу значајно и истото е **присутно во целост** за 63,33 %, а делумно е присутно за 36,67%.<br><br>12. Во однос на сугестии за подобрување на условите и ресурсите за работа „Наведете кои просторни/ материјални/човечки (кадровски) ресурси или услови треба да се подобрат“ , мислење дале 60% од анкетираните. Согласно процентуалната застапеност наведени се следните сугестии:<br><br>*- реконструкција на тоалети и подобрување на условите и хигиената во истите(31%)*<br><br>*- збогатување на фондот на стручна литература/учебници по стручни предмети (27%)*<br><br>*- обуки за новодојдените наставници и обуки во рамки на електротехничка струка (27%)*<br><br>*- прилагодување на посебен тоалет за ученички (12%)*<br><br>*- навремено набавување на материјали за работа, потрошен материјал и елементи за енергетика(12%)*<br><br>*- набавка на наставни помагала за физика(аквариуми за механика на флуидиласери, грејно тело и сл) (3,33%)*<br><br>*- рамномерна распределба на обврските на вработените(3,33%)*<br><br>*- промена на подови и плакари во дел од училниците(3,33%)*<br><br>*- обезбедување на далечински управувач за проектор(3,33%).*<br><br>Од анализа на дадените сугестии од страна на анкетираните, може да се заклучи дека за унапредување на работата на училиштето треба да се подобрат материјално техничките услови, пред сè условите во тоалетите, да се подигне свеста за хигиена кај сите субјекти вклучени во училиштето, да се збогати фондот на учебници и наставни помагала за стручните предмети. |

**Прашалник за наставници**
**Прилог 6.2**

**Анита Кокочева Мијовска**

**Тамара Боровска**

**Ангела Магдеска**

**Ања Манчевска Илиеска**

***Професионален развој на наставниците (Прилог 6.2)***

| ЗНАЧАЈНО | | | Не одг. | ТВРДЕЊЕ/ИСКАЗ | т ТОЧНО | | | Не одг |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | | | 1 | 2 | 3 | |
| 1 | 4 | 22 | 2 | Наставниците приправници постапно се воведуваат во работата и наидуваат на поддршка од субјектите одговорни за реализација на наставниот процес. . | 1 | 16 | 12 | 0 |
| 1 | 4 | 22 | 2 | На наставниците им е овозможено редовно стручно усовршување. | 2 | 17 | 10 | 0 |
| 1 | 4 | 22 | 2 | Запознаен/а сум со програмата за стручно усовршување на наставниците во училиштето. | 7 | 12 | 9 | 1 |
| 1 | 4 | 22 | 2 | Изборот за теми и форми за стручно усовршување понудени од училиштето се во согласност со моите потреби. | 5 | 15 | 8 | 1 |
| 1 | 4 | 21 | 3 | Наставниците имаат можност да влијаат на изборот за теми и форми за стручно усовршување во училиштето. | 7 | 12 | 8 | 1 |

Според резултатите од анкетата за професионален развој на наставниците во однос на работното воведување и поддршка на наставниците приправници од училиштето, но според најголем процент од анкетираните(76%) се изјасниле дека истото е многу значајно, но истото во училиштето е делумно присутно за 56% , целосно е присутно за 41% и не е присутно за 4%.

Најголем дел од анкетираите(76%) сметаат дека редовното стручно усовршување е многу значајно, но според најголем дел (59%) е **делумно присутно**, присутно во целост за 34% и не е присутно за 7%.

Со програмата за стручно усовршување информирани во целост се 31 % од наставниците, **делумно** 41 %, а на 24% од анкетираните програмата не им е позната.

Наставниците(76%) сметаат дека изборот на теми на понудените обуки од училиштето треба да се во склад со потребите на наставниот кадар. Понудените обуки за најголемиот дел од наставниците (52%) се само **делумно** во склад со нивните потреби, за 28%

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td>
соодветствуваат целосно, а според 17% од анкетираните, обуките не се во склад со потребите.<br><br>
За наставниците(72%) е многу значајо да имаат можност да влијаат при изборот на теми и форми за стручно усовршување, но најголем дел (43%) од нив сметаат дека истото е делумно присутно, за 29 % присутно е во целост, а за 25% не е присутно.<br><br>
Наведете на кои семинари за стручно усовршување на наставници сте учествувале во текот на последната учебна година<br><br>
Во анкетните прашалници, 14(48% ) од анкетираните не навеле обуки/семинари на кои присуствувале. Во останатите(52%) анкети, наведени се следните обуки/семинари:<br><br>
- Современи педагошки пристапи за подобро стручно образование и образование на возрасни -6 од анкетираните<br>
- KNX –табла, интерна обука - 4 од анкетираните<br>
- Еразмус+ Проект "Target ZERO Creating Responsible Enterprise", организатор Copernicus, Berlin - 3 од анкетираните<br>
- вебинар Визуелни дезинформации и фотофорензика, организатор ЕДУИНО- 1 анкетиран<br>
- Учество на работилница Validation workshop of TNA results about identified training needs of VET teachers, организатор Национална агенција за европски образовни програми и мобилност-1 анкетиран<br>
- ЕДУЛАБ вебинар Тренинг за сајбер безбедност за едукатори (прв дел), организатор SmartUp - 1 анкетиран<br>
- Учество на еднодневен настан Технологија за тебе – Развојни микропроцесорски системи во организација на Логинг Електроникс и ФЕИТ-ФАБЛАБ- 4 од анкетираните<br>
- Обука за деловна етика и професионализам во училиштето-6 анкетирани<br>
- Едуино-Визуелни дезинформации и фотофорензика-1 анкетиран<br>
- Обука за провајдери на СОО-1 анкетиран<br>
- Обука во рамки на инклузија-1 анкетиран<br>
- Обука за среднонапонски мрежи-1 анкетиран<br>
- Компактни трансформаторски стници-1 анкетиран<br>
- Обука за 5G технологија-2 анкетирани<br>
- Обука за сајбер безбедност -2 анкетирани<br>
- Планирање и програмирање на учење преку работа кај работодавач-1 анкетиран<br>
- Обука за безбедност и здравје-1 анкетиран<br>
На прашањето „Дали сте вклучени во некои форми на стручно усовршување надвор од училишето“, 69% од анкетираните одговориле дека стручно се усовршуваат надвор од училиштето. Некои наставници се вклучени во стручно усовршување надвор од училиштето. Наведени се следните називи, форми и организатори:<br>
Форми на стручно усовршување надвор од училиштето:<br><br>
- „Визуелни дезинформации и форензика“-1анкетиран<br>
- „Родителите и децата од дигиталната генерација“-1 анкетиран
</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | - *„Говор на омраза во онлајн медиуми“-ЕДУИНО вебинари-1 анкетиран*<br>- *„Нови медиуми и социјални мрежи“-1 анкетиран*<br>- Обука за дидактички материјали (вклучен самоиницијативно) „M. FOR SQL EXSPERTS“-1 *анкетиран*<br>- „Социјално претприемништво и нови методи и практики во наставата“-1 *анкетиран*<br>- „Од идеја до успешен бизнис“-1 *анкетиран*<br>- „Раководење со проектен циклус“-1 *анкетиран*<br>- „AQUA PROJECT *STUDY VISIT“, organizator PLANIT BEIT-1 анкетиран*<br>- *ERAZMUS проекти-1 анкетиран*<br>- *„КОРИСТЕЊЕ на CHAT GPT во настава“, LEAD-1 анкетиран*<br>- *„TARGET ZERO“, работилници Copernicus Berlin-1 анкетиран*<br>На прашањето „Дали учествувате во работата на стручниот актив “, со „ДА“ одговориле 59%, со „НЕ“ 24% и 17 % не одговориле.<br>Според нив, учеството во работата на стручните активи опфаќа :<br>*-правење прашања за интерни испити*<br>*-учество во избор на претседател на актив*<br>*-доставување листа со потребни материјали за настава*<br>На прашањето „Проценете ја употребливоста на содржините од семинарите и останатите форми на стручно усовршување во кои сте учествувале за Вашата понатамошна работа:” Со **Н**е одговориле 48% од анкетираните. Анкетираните кои одговориле на прашањето се 52% од вкупно анкетираните, и истите ги навеле следните обуки (*име на обуката и број на анкетирани):*<br>*Доста употребливи:*<br>- *Работа во СН мрежи-1*<br>- Едуино-Визуелни дезинформации и фотофорензика-1 учесник<br>- *Родителите и децата од дигиталната генерација-1*<br>- *Говор на омраза во онлајн медиуми-ЕДУИНО вебинари-1*<br>- *Нови медиуми и социјални мрежи-1*<br>- Обука за дидактички материјали (самоиницијативно) „M. FOR SQL EXSPERTS“-1<br>- *KNX табла-1*<br>- *ERAZMUS-1*<br>- *Екологија, методи и техники, кологија, методи и техники, ЕРАЗМУС-1*<br>- *Сите-1*<br>- *Раководење со проектен циклус-1*<br>*Употребливи:*<br>- *Градење на капацитети на воспитно образовниот кадар и учениците за зелени иновации и одржлив развој*<br>- *Работа со деца со посебни образовни потреби-1*<br>- Обука за провајдери на СОО-1<br>- СН трансформаторски станици-1 |

| | | |
|---|---|---|
| | | - *Современи педагошки пристапи за подобро стручно образование-1*<br>- *Деловна етика -2*<br>- *TARGET ZERO I AQUA проект-1*<br>*Неупотребливи (одговориле само 7% од анкетираните):*<br>- *Сите семинари , содржината е иста и позната, само е различен предавачот*<br>- *Обуките/семинири на тема „Методи и техники во наставата" треба да бидат задолжители за новоработените наставници. Истите се неупотребливи, односно добро познати за наставниците со долгогодишно работно искуство во настава.*<br>Сугестии и предлози за подобрување на квалитетот на стручно усовршување на наставниците,дале 66% од анкеираните, а како сугестии се наведени:<br>- *Да се организираат обуки од стручен карактер во согласност со програмите на наставните предмети од електротехничка струка, обучувачи од компании сродни по струка - 6 анкетирани*<br>- *Да се избираат и организираат обуки според потребите на вработените, вклучување на наставниците при избор на обуки за стручно усовршување-2*<br>- *Да се организираат семинари на кои ќе се презентираат најнови научно – технолошки достигнувања и од методолошки пристап за поуспешна имплентација на иститете во наставата-3*<br>- *Повеќе обуки-2*<br>- *Семинарите треба да се содржајни и во форма на предавања. На тој начин нема да има потреба професорите приватно да се професионално усовршуваат професионално-1*<br>- *Да се направи анализа од придобивките од реализираните обуки, бидејќи голем дел од нив се неупотребливи или слични на претходно реализирани под друго име-2*<br>- *Поголема соработка помеѓу наставниците-1*<br>- *Подобрување на материјално-технички услови за работа и настава-1*<br>На прашањето „Дали добивате поддршка од стручните соработници во училиштето при Вашето работење и во што се состои?", 55% од наставниците одовориле потврдно.<br>*Наведени п*одрачја во кои добиваат поддршка се*:*<br>- *Работа со ученици со посебни образовни потреби со ППС-3*<br>- *Работа со ученици со слаб успех и голем број на изостаноци-2*<br>- *Работа со проблематични ученици -4*<br>- *Административна работа-2*<br>- *Работа со родители-2*<br>- *Во секое поле од образовниот процес- 4*<br>- *Организација на наставата-1*<br>- *Соработка со ППС-1*<br>- *Разрешување на конфликти помеѓу учениците-1*<br>- *Соработка при  класно раководство-1*<br>- *Не сум имал соработка со стручните соработници-1* |

| | | |
|---|---|---|
| **Чек листа** | **Анита Кокочева Мијовска**<br><br>**Тамара Боровска**<br><br>**Ангела Магдеска**<br><br>**Ања Манчевска Илиеска** | Врз основа на спроведената и анализирана Чек листа за опис на нивото на оствареност, преку систематизација на собраните податоци, може да се дојде до следниве заклучоци:<br>• Бројот и структурата на наставниот и ненаставниот кадар овозможува квалитетна реализација на училишната програма.<br>• Спроведените обукиите за стручно усовршување на наставниците делумно ги задоволуваат потребите на наставниот кадар за квалитетна реализација на наставата.<br>• Училиштето овозможува соработка со стручни лица надвор од училиштето за работа со учениците.<br>• Училиштето учествува во проекти на различни институции кои се занимаваат со унапредување на наставата.<br>• Во училиштето постои програма за воведување на приправници во работата.<br>• Просторот во училиштето е доволен за реализација на наставни и воннаставни активности<br>• Сите простории во училиштето адекватно се опремени и се одржуваат.<br>• Просториите во училиштето се добро осветлени, со лед светилки и опремени со клима уреди<br>• Наставниците се вклучени во уредувањето на просторот во училиштето.<br>• Инвентарот и наставните средства во поголемиот дел од училиштето се функционални, со исключок на кабинетите за реализирање на лабораториси вежби и практична настава во енергетика, каде е потребно реновирање, опремување и осовременување.<br>• Повеќето кабинетите се солидно и соодветно опремени за реализација на настава<br>• Во училиштето постојат простории за собирање и дружење на учениците<br>• Во училиштето има посебна просторија за прием на родители<br>• Училишната библиотека располага со литература и солиден фонд на книги кој редовно се дополнува со нови изданија. Посиромашен е фондот на литератураи од електротехничка струка и учениците немаат учебници по повеќето предмети.<br>• Наставниците имаат можност да ја користат училишната медијатека и имаат пристап на интернет<br>• Континуирано се обезбедува материјал за потребите на наставата.<br>• Спортските сали и терени се реновирани согласно пропишаните норми и истите се солидно опремени<br>• Училиштето остварува сопствени приходи само од вонредни ученици и од издавање на дупликат документи.<br>• Училиштето има прецизен финансиски план во кој правилно се утврдени приоритетите за распределба на финансиските средства.<br>• Распределбата на финансиските средства се врши во склад со реалните потреби на училиштето. |

**Резултати:** ***Овде треба накратко да ги образложите клучните јаки страни и слабости***

**Клучни јаки страни**

1. Просторните услови во училиштето овозможуваат реализирање на наставниот процес според стандардите и нормативот.
2. Училниците се реновирани, климатизирани и оптимално опремени со потребните материјално технички ресурси за реализирање на теоретската настава и практичната настава по поголемиот дел од наставните предмети.;

   Солидно се опремени голем број на кабинети и лаборатории: за практича настава и вежби на ЕВН паралелката, за практича настава/вежби од енергетика (каб.бр.12), за Физика (каб.28), за предмети од модулите Програмирање, Автоматско управување и уредување на процеси и Веб страни: кабинети бр.1,2,4 и 5, за предметите 3Д моделирање и Роботика (каб.бр 31 и бр.30),за Компјутерски системи и мрежи, Уредување ВЕБ страни и Бази на податоци (каб.бр.20); предмети од модул Применета електротехника: кабинет за Електротехника (каб. Бр 18) и Техничка комуникација (каб. бр. 19);предмети од модул Електрични инсталации и осветлување (каб.7) Енергетска ефикасност на објекти (каб.бр.32), за предмети од модул Електроника (бр.8 и 9);
3. Обезбедена е дополнителна опрема за наставата од образовен профил КТА (40 персонални компјутери и компјутерска опрема), 25 персонални компјутери во кабинетите, како и 60 преносни компјутери за наставниците.
4. Опремена спортска сала со современа опрема и реквизити, согласно потребните стандарди и опремена теретана;
5. Училиштето располага и со опремени простории кои се наменети за воннаставни активности, како и со летна училница и видиковец поставени во училишниот двор. Видиковецот е со имплементирани енергетско –ефикасни елементи (осветлување и приклучоци за полнење на мобилни телефони со електрична енергија произведена од сонце)
6. Се врши континуирано обновновување на постоечките материјално - технички ресурси, според можностите на училиштето;
7. Училиштето обезбедува можности за изведување на настава во компании за предметите во кои тоа е предвидено според наставната програма, односно има склучено меморандуми за соработка со 188 компании;
8. Остварено е високо ниво на соработка помеѓу наставниот кадар и стручната служба, особено со ПП службата.
9. Училиштето е енергетско ефикасно со воспоставен систем за заштеда на енергија - Фотоволтаична централа;
10. Училиштето учествува во активности поврзани со екологија и енергетска ефикасност преку повеќе проектни иновативни апликации.
11. Новите вработувања се во склад со законската регулатива.
12. Работата на училиштето и финансискиот план се во склад со поставените развојни цели на училиштето;

**Слабости**

1. Обуките и други форми на стручно усовршување  со кои се опфатени сите наставници,, само делумно ги задоволуваат индивидуалните интереси и потреби на наставниците. Слабо се застапени обуки на наставниците за изведба на  практичната настава по стручните предмети. Обуките што ги обезбедува училиштето и се задолжителни за сите наставници, не се со потребниот квалитет или во чекор со новите научно-технолошки достигања.Поголемиот дел од овие обуки, се со познати содржини кои наставниците со поголемо работно искуство веќе ги практикуваат.

2. Постоечката стручна литература и учебници делумно ги задоволуваат потребите на наставниците;

3. Соработката на ниво на активи и учеството на вработените во работата на активот е делумно застапена.

4. Постапното  работно воведување и поддршката на нововработените е делумно присутна;

5. Постои недостиг од наставни средства и помагала за реализација на практичната настава и лабораториски вежби во енергетика и делумно по Физика;

6. Училиштето нема опремени кабинети за Електрични машини, Електрични апарати и уреди и Автоматика, за реализирање на настава по стручни предмети за образовен профил електротехничар енергетичар;

7. Наградување на вработените според нивните вложувања и придонеси е делумно присутно;

8. Условите во тоалетите не се на потребното ниво и нема посебен тоалет за ученички;

9. Хигиената во дел од просториите делумно задоволува;

10. Училиштето остварува сопствени приходи само од вонредни ученици и изработка на дупликат дипломи и свидетелства

**Анализа на резултатите:** ***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје***

**Сместување, просторни капацитети, наставни средства и материјали**

Воспитно-образовната работа во училиштето се одвива во училници, кабинети, лаборатории и работилници наменети за изведба на практични вежби, спортски сали и терени.

Училниците имаат обновени подови и врати, и истите се оптимално опремени со потребните материјално технички ресурси. Сите училници располагаат со компјутер за наставникот, камера, LCD проектор, ролетни на прозорците, бела и / или паметна табла, ормарчиња за прва помош и клима уред воучилниците на катовите со јужна ориентација.

Училиштето има седум лаборатории: лабораторија за автоматика и роботика (опремена со PLC –микроконтролери, роботи, макети на автоматизирани процеси), лабораторија за електротехника (опремена со компјутери и мерен прибор за изведба на лабораториски вежби), лабораторија за енергетска ефикасност (со три различни технички изведби на фотоволтаични системи и мерна инструментација), лабораторија за електрично осветление и инсталации (Smart house лабораторија) и две лаборатории по електроника (опремени со функциски генератори, дигитални осцилоскопи, мерни инструменти,и друг потребен прибор).

Училиштето располага со 8 кабинети: кабинет за програмирање, кабинет за информатика и компјутерска техника, кабинет по физика, кабинет за техничко комуницирање, кабинет за енергетски постројки, кабинет за интерактивна настава, кабинет за настава на далечина со можност за видео-конференциска врска и кабинет за настава по 3Д моделирање. За изведба на практичната настава и лабораториските вежби по стручни предмети се користат дополнителни 8 кабинети/работилници.

**Во последните две години за реализирање на наставните цели се обезбедени 40 современи персонални компјутери, кои се распределени или за опремување или за надополнување на опремата во кабинетите во кои е предвидено реализирање на теоретско/практична настава за предмети од КТА со користење на компјутери од страна на учениците На овој начин, опремени се вкупно 10 кабинети/лаборатории и 1 просторија за вонаставни активности ( кабинет МЕТА).**

За реализација на наставата, наменети се 138 персонални компјутери и 3 преносни компјутери за учениците, како и дополнителна компјутерска опрема, поставени се 25 преносни компјутери на катедрите во кабинетите, како и дополнителни 60 преносни компјутери за потребите на наставниот кадар, 3 скенери, шест интерактивни/ паметни табли, 40 ЛЦД проектори, два - 3Д печатачи, дигитални камери, 120 таблети, 11 печатари, како и голем број на мерни инструменти и уреди, опрема за експериментирање од областа на физиката, фотоволтаични системи наменети за реализирање на наставни цели од енергетска ефикасност, модел na паметна куќа (smart house), современ алат и прибор за практична настава и лабораториски вежби, како и други нагледни средства и помагала.

Практичната настава и вежби по предметите од областа на електрониката се одвива во опремени лаборатории, кои се надополнети со потребните наставни средства и материјали електронски компоненти, бакари плочки и друг потрошен материјал. Обезбедена е и KNX табла за наставни цели.

За практична настава и вежби од енергетика, наменета е работилницата (каб.бр.12) , која е опремена со солидни испитни маси, а обновени се и надополнети постоечките ресурси на наставните средства, со аларамна централа и видео надзор, за реализција на наставните содржини од современи системи за аларм и видео-надзор.

Училиштето не располага со потребните материјално технички ресурси за потребите на наставата според новите модуларно- дизајнирани наставни програми, за предметите Електрични машини, Електрични апарати и уреди и Автоматика, од образовен профил електротехничар енергетичар. Лабораторија по Електрични мерења располага со доволен број на мерни инструменти,уреди и нагледни средства, но има потреба од нејзино осовременување и реновирање.

Практичната настава за учениците од образовен профил Електричар-електромонтер на електроенергетски мрежи се реализира во целосно опремен кабинет (ЕВН) и во кабинет/работилница бр.10.

Училиштето има две спортски сали, од кои едната е комплетно реконструирана по највисоки стандарди, соблекувални како и дополнителна опрема, опремена спортска теретана и дополнителни спортски реквизити за извршување на наставата.

За остварување на општествена и педагошка дејност наменети се простории односно 7 канцеларии за наставници, директор,,секретар, помошници директори, педагошко-психолошка служба, просторij за вонредни и за архива. Училиштето има просторија за состаноци, библиотека, читална,, заедничка просторија за технички персонал, како и други помошни простории. Во училиштето има простории за воннаставни активности, собирање и дружење на учениците, како и просторија за прием на родители.

**За потребите на Училишната заедница и други училишни активности (обуки, презентации, натпревари и сл.), опремена е и просторија со клупи, столици, табла, проектор, ТВ-апарат, платно и други потребни ресурси за непречено одвивање на активностите. Покрај Училишната заедница просторијата ја користат членовите на Клубот на Црвениот Крст, Еко-Тимовите, и други.**

Библиотеката е солидно опремена и располага со богат и разновиден книжевен фонд, посебен софтвер за електронска евиденција како и мултимедијална опрема, но нема доволно литератра за предметите од струката.

Обезбедени се услови за пристап, движење и престој на лица со инвалидитет: паркинг простор , пристапна рампа, лифт и два санитарни јазли

Училишниот двор е уреден со пространи зелени површини, игралишта за кошарка, за мал фудбал, за одбојка две игралишта за ракомет,полигон за реализација на практична настава за учениците од профилот со тригодишно траење,летна училница и видиковец со имплементирани фотоволтаици за напојување на осветлувањето и полнење на мобилните телефони.

Според извештите од спроведените инспекциски надзори од Санитрен и здравствен инспекторат, нема забелешки во однос на хигиената на училиштето. Меѓутоа, според мислењето на вработените постои потреба од подобрување на постоечките услови во тоалетите, односно реконструкција на наставничкиот тоалет со што ќе се подобрат и хигиенските услови.Нема посебен тоалет за ученичките.

Во училиштето е инсталиран видео надзор кој се користи со соодветно на пропишаната законска регулатива (Закон за заштита на лични податоци). Училиштето е енергетско ефикасно со воспоставен систем за заштеда на енергија, со поставена фотоволтаична централа со инсталирана моќност 12 kW.

**Обезбедување на потребниот наставен кадар** Во учебна 2023/2024 година, во училиштето има 73 вработени лица, со потребните квалификации согласно законската регулатива, Наставниот кадар го сочинуваат 57 наставници, од кои 50 вработени во училиштето и уште 7 наставници кои се вработени преку други училишта. Структурата на наставниот и ненаставниот кадар овозможува квалитетна реализација на наставниот процес во скалд со училишната програма и поставените цели на училиштето За приправниците кои ги исполнуваат условите за менторирање, училиштето назначува ментори од наставниот кадар. Документацијата за менторирање е уредна. Според мислењата на наставниците (од анкетните

прашалници), потребно е подобрување на процесот на работно воведување на нововработените .Во однос на здравствено-хигиенските прегледи на вработените, реализирани се задолжителните санитарни и систематски прегледи.

**Следење на развојните цели** Училиштето ги следи развојните цели и е насочено кон креирање на квалитетен наставен процес преку континуирано обновновување на постоечките материјално - технички ресурси и обезбедување на современи услови за реализација на наставата. Истите активно се користат при реализација на наставата.

Континуитетот на обезбедување на наставни средства и помагала се одвива според можностите на училиштето.

Од аспект на **професионалниот развој на наставниците**, во последните две учебни години, дел од наставниците и стручните соработници присуствувале на голем број на обуки, презентации и работилници. Учесници во поголемиот дел од обуките се поединци или неколку наставници и стручни соработници. Реализираните обуките и други форми за професионално усовршување, само делумно се во согласност со индивидуалните интереси и потреби на наставниците за квалитетно реализирање на наставните содржини. Потребни се обуки за изведба на практичната настава по стручните предмети,со кои ќе бидат опфатени поголемиот дел од наставниците. Обуките кои се задолжителни за сите наставници, делумно ги задоволуваат нивните потреби и најчесто се со познати содржини од методско-дидактички карактер. Потребни се квалитетни обуки кои ќе ги опфатат повеќето вработени и кои се во чекор со новите научни достигнувања.

За унапредување на наставата, училиштето има остварено успешна соработка со стопански субјекти, формирани се и тимови од наставници и вработени во стопанските субјекти.

Во наставата и воннаставните активости се имплементираат ЕКО содржини и активности .

**Финансово работење** Постапките во врска со финансовото работење на училиштето се спроведуваат добро и се во согласност со законската регулатива.

На веб страната на училиштето се достапни информации за финансиското раководење, односно овозможен е увид во јавните набавки на училиштето.

Училиштето остварува сопствени приходи само од вонредни ученици и изработка на дупликат дипломи и свидетелства.

**Идни активности:** ***Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето***

1. Опремување на кабинети за реализација на наставата по стручни предмети во образовниот профил електротехничар- енергетичар, со наставни средства за изведба на практична вежби од областа на електрични машини, електрични апарати и уреди и автоматика;
2. Континуирано надополнување и обновување на техничката и останатата опрема што е во функција на наставата, потрошниот материјал и други наставни средства и помагала;
3. Осовременување на инвентарот во лабораторијата за Електрични мерења;

4. Воспоставување на „систем“ што ќе овозможи избор на квалитетни обуки за стручно усовршување, според интересите и потребите на наставниците во согласност со нивните лични планови за професионален развој, доставени во стручна служба. Содржината на обуките да биде во чекор со новите научно-технолошки достигања. За наставниците по стручните предмети да се организираат обуки за изведба на практични вежби по стручните предмети, во соработка со компании.
5. Подобрување на воспоставениот систем за работно воведување и поддршка на нововработените Нововработените (приправници во дејноста), да се воведат во наставниот процес преку интерно обучување за начинот на водење на педагошката евиденција, организирање и реализирање на час (содржини од методско-дидактички карактер и користење на наставните средства). Ова е особено значајно за нововработените на кои не може веднаш да им се назначи ментор.
6. Реновирање и подобрување на хигиенските услови во тоалетите;
7. Обезбедување на посебен тоалет за ученички;
8. Ставање во функција на системот за следење на производството на фотоволтаичната централа во училиштето;
9. Да се изнајдат начини за зголемување на сопствените приходи на училиштето;
10. Проширување на системот за производство на зелена енергија (фотоволтаичната централа) и идентификување и имплементирање на други мерки со кои би подобрила енергетската ефикасност во училиштето.

| |
|---|
| **Самоевалуација на СЕТУ на Град Скопје „Михајло Пупин“ Скопје**<br><br>**Подрачје 7. УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА** |
| **Индикатори за квалитет:**<br><br>**7.1 Управување и раководење со училиштето**<br>**7.2. Цели и креирање на училишната политика**<br>**7.3. Развојно планирање** |

<table>
<tr><td colspan="2">Собирање на податоци Кои податоци се собрани: Кои методи се користени.(и) Обработка на документи</td></tr>
<tr><td>Наведете ги сите документи кои се прегледани.</td><td>Кои информации се собрани?</td></tr>
<tr><td>Програма за развој на училиштето од 2022-2026 година</td><td>Развојниот тим на училиштето подготвува програма за развој на училиштето која потоа се усвојува од страна на Училиштен одбор. Програмата за развој на училиштето за период 2022-2026 година во голема мера ја отсликува мисијата на училиштето.Со оваа програма утврдени се следните стратешки цели:<br>1. Осовременување на реализацијата на наставата;<br>2. Следење на пазарот на трудот со воведување на нови образовни профили;<br>3. Зголемување на енергетската ефикасност.<br>Од овие стратешки цели, како и од приоритетите на самоевалуацијата произлегуваат и развојните цели, конкретни задачи и активности во рамки на истите. СЕТУГС "Михајло Пупин" во периодот 2022-2024год.на одлично ниво и во целост ги реализираше следните развојни цели:<br>– Организирање на обуки за осовременување на реализацијата на наставата.<br>– Осовременување на лабораториите во училиштето.<br>– Замена на електричната инсталација во енергетски ефикасно осветлување<br>– Замена на стари прозорци со енергетско ефикасни ПВЦ прозорци<br>– Изработка на проект ЕКО летниковец<br>– Изработка на летна ЕКО училница<br>Во континуитет продолжува да се работи на Отворање на образовен профил Електротехничар за мултимедија (медиски техничар); Развивање на свеста на учениците за енергетска ефикасност; Проширување на капацитетот на фотоволтаичната централа, како и Вградување на сончеви колектори за греење на санитарна вода.</td></tr>
<tr><td>Годишна програма за работа на СЕТУГС „Михајло Пупин“ за учебната 2022/2023 и учебната 2023/2024 година</td><td>Во рамки на стратешките цели од програмата за развој на училиштето 2022/2024 година, годишната програма за работа ги содржи развојните цели кои ги донесува Развојниот тим на училиштето а соодветно на нив и определените задачи. Како позначајни за ова подрачје од Самоевалуацијата на училиштето од Годишната програма за 2022/23 година се издвојуваат:<br>1. Започнување на постапка за отворање на нов профил Мултимедија<br>2. Обезбедување на заштеда на електрична енергија.<br>3. Осовременување и дигитализација на ученички портфолија.<br>4. Екологија<br>Од подрачјата на клучни приоритети и промени од Годишната програма за 2023/24 година, развојниот тим на училиштето ги утврди следните развојни цели:<br>1. Отворање на нов профил Мултимедија<br>2. Осовременување на инвентарот и опремата во лабораториите<br>3. Подобрување на редовноста на учениците на додатна и дополнителна настава.<br>4. Екологија</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| **Записнициодработатан аУчилишниот одбор** | Училишниот одбор е орган на управување на училиштето предвиден со закон. Тоа значи дека училишниот одбор управува со училиштето во сите негови сегменти и своите активности ги врши во рамките на законски пропишаните надлежности. По својата структура, училишниот одбор е колегијален орган, што значи дека е составен од повеќе членови. Бројот на членови на училишниот одбор и неговата структура се пропишани со закон. Училишниот одбор како клучен орган во раководењето со училиштето, воспоставува и реализира цели и приоритети за подобрување на училиштето. Дава практични совети за подготовка на состаноци, за ефективно комуницирање со локалната заедница, за подготвување правилници и деловници. Тој ја обезбедува потребната поддршка за училиштето за да се подобрат неговите перформанси како образовна институција, како и постигнувањата на учениците. Значајни одлуки донесени во последните две учебни години:<br>• Донесување одлука и усвојување на завршната сметка за 2021 година.<br>• Донесување одлука за овластено лице за прием на пријави за заштитено внатрешно и надворешно пријавување од страна на укажувачи, а во врска со корупција во јавните набавки<br>• Донесување одлука за измена и дополнување на планот за јавни набавки за 2022 година.<br>• Донесување Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во СЕТУ на Град Скопје "Михајло Пупин" Скопје.<br>• Донесување одлука за усвојување на самоевалуација на училиштето.<br>• Донесување одлука за усвојување на програма за развој на училиштето за 2022/2026 година.<br>• Донесување одлука за усвојување на извештајот за работа на училиштето за учебната 2021/2022 година.<br>• Донесување одлука за усвојување на годишната програма на училиштето за учебната 2022/2023 година.<br>• Донесување одлука за усвојување на Извештајот за постигнатите резултати од воспитно-образовната работа на училиштето за учебната 2021/2022 година.<br>• Донесување Одлука за формирање комисија за отуѓување на железен отпад.<br>• Донесување Одлука за отуѓување на железен отпад.<br>• Донесување одлука за одржување на обуки-семинар во Будва, Црна Гора на вработени и членови на училишниот одбор.<br>• Избор на претседател и заменик претседател на училишен одбор.<br>• Потврда за избор на најдобар наставник за учебна 2021/2022 година.<br>• Барање за номинирање членови од МОН и Стопанска комора поради истекување на мандатите на тековните членови.<br>• Донесување одлука за отпочнување постапка за избор на Директор на училиштето.<br>• Донесување Одлука за попис на средства и нивните извори и формирање комисии.<br>• Донесување план за јавни набавки за 2023 година.<br>• Донесување одлука за усвојување на полугодишниот извештај за реализирани активности од Годишната програма на училиштето во првото полугодие од учебната 2022/2023 година<br>• Донесување одлука за усвојување на извештајот за постигнатите резултати од воспитно-образовната работа на училиштето за првото полугодие од учебната 2022/2023 година<br>• Донесување Одлука за донација на расходувани материјали од училиштето.<br>• Донесување одлука за формирање на стручен тим и комисија за ученички екскурзии за спроведување на завршна екскурзија за учениците од трета година.<br>• Донесување одлука за формирање на стручен тим и комисија за ученички екскурзии за спроведување на еднодневна екскурзија за учениците од I,II и IV година. |

| | |
|---|---|
| | • Донесување одлука за формирање на комисија за прибирање на понуди за завршна и еднодневна екскурзија.<br>• Извештај за извршениот попис на целокупниот имот на училиштето за 2022 година и донесување одлука за негово усвојување.<br>• Донесување одлука и усвојување на завршната сметка за 2022 година.<br>• Донесување на одлука за усвојување на Програмите за изведување на училишни екскурзии за учениците од училиштето.<br>• Донесување на одлука за доставување на Барање на стручно мислење за Програмите за изведување на училишни екскурзии за учениците од училиштето.<br>• Одлука за усвојување на записникот, извештајот и листата на кандидати од комисија на разгледување на пристигнатите документи по објавениот јавен оглас за избор на директор на СЕТУ на Град Скопје„ Михајло Пупин " – Скопје објавен во весниците „ Нова Македонија", Слободен Печат" и Коха на ден 02.03.2023 година<br>• Одлука за организирање на обука за вработени во Солун -Грција во периодот од 21.10.2023 година - 23.10.2023 година.<br>• Одлука за размена на ученици и наставници во Зеница од 25-29.10.2023 година<br>• Донесување одлука за усвојување на годишен финансиски план на расходи од дотации за 2024 година.<br>• Донесување одлука за усвојување на планот за јавни набавки за 2024 година.<br>• Донесување одлука за измена на Правилникот за начинот на стекнување и распределба на средствата добиени по одреден основ Бр. 02-611/6 од 24.08.2020 год.<br>• Донесување одлука и усвојување на завршната сметка за 2023 година.<br>• Донесување одлука за избор на најповолна понуда на Туристичка агенција која ќе ја реализира училишната еднодневна екскурзија за учениците од прва и втора година на СЕТУ на Град Скопје "Михајло Пупин" од Скопје<br>• Донесување одлука за избор на најповолна понуда на Туристичка агенција која ќе ја реализира училишната завршна -повеќедневна екскурзија за учениците од трета година на СЕТУ на Град Скопје "Михајло Пупин" од Скопје |

| | |
|---|---|
| **Записници од Совет народители** | Еден од најзначајните сегменти за успешното работење на училиштето е активната вклученост и максимална поддршка од Советот на родители. Со своето залагање Советот на родители активно учествува во состаноците и работи како коректор и како активен креатор на целокупната училишна атмосфера. За остварување на своите потреби и за реализирање на правата и должностите на учениците, во училиштето се организирани Совети на родители на ниво на години (од секој паралелка по еден претставник) и на ниво на училиште. Изборот и конституирањето на Советите на родители се врши на почетокот на секоја учебна година. Редовните состаноци се одржуваат на почетокот на учебната година и по секое тримесечие. На состаноците на дневен ред покрај успехот и поведението на учениците особено внимание се посочува и на квалитетот на воспитно-образовниот процес, најголем акцент оваа учебна година беше ставен на проблеми со кои се соочуваат учениците при реализирање на наставата под специфични услови, како и потешкотии при постигање на знаења.<br>Позитивната енергија која преовладува на состаноците се пресликува и во работата на училиштето. Нивните ставови понекогаш влијаат и врз конечните одлуки, како на пример донесувањето на одлука за изведување на училишните екскурзии.<br>Советите се свикуваат на иницијатива на директорот на училиштето, но и по потреба, на барање на паралелката со цел следење, мотивирање и насочување на учениците во текот на учебната година. Состаноците на Советот на родители се одржуваат редовно во присуство на директорот и психологот на училиштето, а како позначајни точки на дневниот ред може да се издвојат:<br>• Запознавање на родителите со наставните планови и програми за сите образовни профили кои се изучуваат<br>• Извештај за работа на училиштето „Михајло Пупин“ Скопје<br>• Запознавање на родителите со Годишната програма за работа на училиштето за тековната учебна година<br>• Запознавање на родителите со начинот на реализирање на наставата<br>• Разгледување на постигнатиот успех, редовноста и поведението на учениците во текот на учебната година<br>• Предлагање и преземање конкретни предлог мерки за подобрување на успехот и поведението на учениците во услови на пандемија<br>• Организирање и реализација на вонннаставни активности и екскурзии |
| **Записници од Наставнички Совет** | Наставничкиот совет, како највисок стручен орган во училиштето во доменот на својата работа ги има следните тековни активности:<br>• Предлог план за запишување ученици за прва година во учебната 2023/2024 година<br>• Итни насоки од МОН<br>• Информација за презентација на проектните задачи во рамки на државна матура и завршен испит<br>• Разгледување барања од родители<br>• Усвојување на извештаите од работата на советите на паралелка<br>• Изрекување педагошки мерки<br>• Одлука за формирање комисии за упис<br>• Мислење од ментор за наставник приправник<br>• Назначување ментори за наставници приправници<br>• Утврдување на успехот на учениците од завршните години на крајот на наставната година за учебната 2022/2023 година<br>• Утврдување на успехот на учениците за прва,втора и трета година за учебната 2022/2023 година<br>• Усвојување на извештајот од еднодневна екскурзија-Крушево<br>• Усвојување на известајот за повеќедневната екскурзија-Скопје-Прага-Дрезден-Скопје<br>• Донесување одлука за намалување на поени за упис на ученици во прва година во првиот уписен рок второ |

| | |
|---|---|
| | пријавување за учебната 2023/2024 година.<br>• Донесување одлука за оглас за првиот уписен рок второ пријавување<br>• Одлука за назначување лица за правење распоред 2023/2024 година<br>• Потврдување на резултатите по поправните испити и испити на година во јунскиот испитен рок во учебната 2022/2023 година<br>• Утврдување на конечната ранг листа по првиот уписен рок во второто пријавување за учебната 2023/2024 година<br>• Донесување одлука за објавување оглас за после јунскиот уписен рок за ден 21.08.2023 година<br>• Разгледување на конечна ранг листа на запишани ученици во прва година, во првиот уписен рок по второто пријавување во август за учебната 2023/2024 година<br>• Информација за вонредна јануарска сесија<br>• Информации за почетокот на второто полугодие за учебната 2023/24<br>• Предлог план за упис на ученици во учебната 2024/25 година<br>• Информација за завршен приправнички стаж за наставник- приправник |
| **Годишен извештај за работа на училиштето за учебната 2022/2023 година** | Целта на овој документ е да се проследат хронологијата на настани во текот на учебната година, организацијата на воспитно-образовната дејност во училиштето, материјално-техничките услови за работа, соработката со локалната самоуправа и МОН, грижата за здравјето и безбедноста на учениците, унапредувањето на воспитно-образовната работа и др. Меѓу повеќето постигнувања наведени во Годишниот извештај се:<br>1. Изведување бројни вонннаставни активности кои придонесуваат кон развивањето на претприемачкиот дух на учениците.<br>• Натпревар во роботика, вештачка интелигенција и електроника ROBOMAC Junior, категорија 2 за ПАМЕТНА ЕЛЕКТРОНИКА ЗА АВТОНОМНИ ВОЗИЛА освоено прво место<br>• Натпревар во организација на ФЕИТ - ФАБЛАБ и Логинг Електроникс - „Развојни Микропроцесорски Системи“ во рамки на нивниот партнерски проект „Технологија за Тебе“. Презентиран проект „Синхронизирана работа на роботски раце“ - ПРВА НАГРАДА за презентација.<br>• Национален натпревар на најдобри ученички компании – Џуниор Ачивмент Македонија во Струга од 10ти до 12ти мај 2023 година - освоено прво место<br>2. Организација на манифестацијата „Денови на електротехниката“ (2023 година) чија цел е промовирање на условите за работа и можностите што ги нуди училиштето на учениците кои го завршуваат основното образование како и активно вклучување на претпријатија од бизнис секторот во поддршка на стручнотообразование.<br>3. Реализација на дел од наставната програма по практична настава и стручнипредмети во компании со кои училиштето има склучено меморандум за соработка. |

| | |
|---|---|
| **Програма за работа на помошник директорот за општата група на предмети и помошник директорот за практична настава** | Потребата за функционирање на училиштето како организациски систем и остварувањето на поставените цели наметнува и планирање на активностите. Програмата за работа на помошник директорот за општата група на предмети опфаќа активности предвидени во определени временски рамки а некои од целите се:<br>• проверка на педагошкатадокументација;<br>• раководење со совети напаралелки;<br>• посета начасови;<br>• промена нараспоред;<br>• учество во изработка на документација и инструменти за следење, реализација на програмата за работа на училиштето;<br>• учество во реализација на интерни и екстерни проекти;<br>• работа со ученици и соработка со ученички организации, спортски клубови хуманитарни асоцијации и невладини организации и слично;<br>• работа со родители, ученици, индивидуален контакт, Совет на родители и родителско наставнички средби;<br>• испитување на карактеристични феномени на воспитно – образовната работа (неоправдано отсуство од часови, голем број негативни оценки и друго;<br>• теренска настава, посета на фабрики, музеи, театарски и кино престави и други<br>• соработка со МОН,БРО и други стручни организации и институции;<br><br>Во годишната програма на помошник директорот за практична настава, се реализираат следните содржини и активнисти:<br>• актуелни воспитно-образовни проблеми,<br>• истражувања и експерименти,<br>• учество во изработка на документација и инструменти за следење,<br>• реализација на програмата за работа на Училиштето,<br>• подготовка и изработка на Полугодишен и Годишен извештај за работа на училиштето,<br>• учество во изработката на планови и програми за работа на стручните и раководните органи,<br>• следење на семинари,<br>• организирање на интерни семинари за развој и усовршување на наставниот кадар,<br>• учество во реализација на интерни и екстерни проекти,<br>• теренска настава,<br>• посета на фабрики, музеи, театарски и кино престави и други,<br>• соработка со МОН,БРО и други стручни организации и институции,<br>• организационо–техничко средување на училиштето,<br>• функционалност на кабинетите,<br>• фискултурната сала со спортски терени,<br>• библиотека и други функционални простории во училиштето. |

| | |
|---|---|
| **Самоевалуација на СЕТУ на ГС „Михајло Пупин“ Скопје 2020-2022 година** | Анализираните податоци за функционирањето на училиштето и квалитетот на работењето кои се однесуваат на ова подрачје го покажуваатследново:<br>• Училишниот одбор има воспоставено добра комуникација со раководниот орган на училиштето и другите менаџерски училишни структури. Тој има доволен број на податоци кои се потребни за донесување на стратешки одлуки и ефективен надзор.<br>• Раководниот тим е посветен на работата и напредокот на училиштето и вложува големи напори за промовирање на електротехничката струка во училиштето, но и за подобрување на условите за работа во училиштето<br>• Раководниот орган го заснова своето работење врз тимската работа и поддржува и воспоставува продуктивни партнерства во непосредната, локална и поширока заедница. Во креирањето на училишната политика вклучени се сите релевантни субјекти (директорот, училишниот одбор, наставниот кадар, учениците, советот на родители, локалната заедница) да работат на остварување на целите.<br>• Училиштето планира и обезбедува материјално-технички средства во функција на подобрување на наставата, кои се одневуаат на подобрување и осовременување на инфраструктурата и опремата на училиштето.<br>• Меѓународното соработка се интензивира и учеството на наставниците се зголемува<br>• Бројот на ученици кои се на практична настава во компаниите драстично се зголеми<br>• Училиштето одлично се снајде во услови на пандемија каде приоритет наеднаш стана спроведување на настава на далечина. Долгогодишната инвестиција во адекватна опрема и обука на кадарот овозможи ова училиште многу малку даги почувствува недостатоците од спроведување на ваков тип на настава. Во наредниот период се очекува повторно зголемува на напорите за спроведување на кабинетската настава, но со оглед на релативно долгото отсаство на одгвоорните наставнии од „нивните“ кабинети се чини дека ова нема да биде толку едноставно<br><br>Како идни активности во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето се вклучени:<br>• Да се организира адекватна обука за наставниот кадар<br>• Да се обезбедат услови училиштето да се „врати“ кон спроведува на наставата по кабинети<br>• Да се продолжи и продлабочи соработката со социјалните партнери и професионалната ориентација<br>• Продолжување на инвестициите за подобрување на условите за наставата и учењето |

| Собирање на податоци<br>Кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...) | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| **Интервју со Директорот на училиштето** | **Интервјуира: Дијана Трајкоска**<br><br>**Интервјуиран: Директор Димитар Ѓорѓиев** | **П.** Како ги спроведувате планираните активности од годишната програма?<br>**О.** Планираните активности од годишната програма се спроведуваат според планот.<br>**П.** Како се распределуваат обврските и задолженијата на вработените? Како ова влијае на ефективноста на работата на училиштето?<br>**О.** Обврските и задолженијата се даваат така да сите колеги бидат опфатени подеднакво. Секој според своите знаења, искуства во дадените области. Тоа помага ефикасноста да биде на високо ниво.<br>**П.** Како ја оценувате координација на работата на стручните и другите органи во училиштето?<br>**О.** Се координираат меѓусебно со што работата нема застој. Сите обврски се извршуваат во дадените термини.<br>**П.** Какво е вашето мислење за соработката со учениците и родителите?<br>**О.** Одлична, секогаш им се излегува во пресрет и секогаш е во интерес на учениците за подобро и поквалитетно образование. |
| **Интервју со помошник директорот за практична настава** | **Интервјуира: Дијана Трајкоска**<br><br>**Интервјуирана: Наташа Божиновска** | **П.** Ваше мислење за успешноста на воспоставување контакти со компании од бизнис секторот и негување на постоечките.<br>**О.** Учењето преку работа (УПР) е процес на учење што се случува кога учениците вршат реална работа во реална работна средина. УПР претставува образовна стратегија која им нуди на учениците стекнување работно искуство од реалниот живот. Тоа им овозможува стекнатото знаење во училиштето да го поврзат со светот на трудот и со идните кариерни можности. Успешноста на учењето преку работа во голема мера зависи од развивањето и од негувањето на колаборативниот пристап на сите чинители: бизнис-секторот, локалната самоуправа, образовните институции, наставниците, учениците и родителите. Градењето образовен систем кој одговара на барањата и на потребите на работодавците неминовно ја наметнува потребата од соработка меѓу училиштата и компаниите, која треба да овозможи градење кадар кој во текот на образовниот процес се здобива со соодветни |

| | | |
|---|---|---|
| | | компетенции што се барани на пазарот на трудот. Нашето училиште има успешна соработка со компаниите на полето учење преку работа кое ја опфаќа практичната настава, учење преку работа кај работодавач и феријална практика. Бројот на склучени меморандуми за соработка со компании постојано се зголемува и денес тој изнесува 180 меморандуми.<br>**П.** Кои се вашите приоритети во однос на развојниот план/програма?<br>**О.** Со последните реформи на четиригодишното образование, учењето преку работа станува задолжителна компонента во трета година, со по четири часа неделно, а во четврта година со шест часа неделно, додека во паралелките со зголемен број на часови по практично образование наставниот предмет УПР е застапен од втора година. Нашите приоритети е да се обезбедат компании во кои учениците би ја реализирале наставната програма по УПР и феријалната практика за време на летниот распуст.<br>**П.** Кои се вашите видувања во однос на одговорноста и работната дисциплина од сите вработени во училиштето?<br>**О.** Со наставните предмети практична настава и УПР теоретското знаење ќе биде поткрепено со практична обука на работно место, што дополнително придонесува за унапредување на квалитетот на стручното образование. Практичната работа кај работодавач им помага на учениците полесно и побрзо да се вклучат во работниот процес и постепено да ги преземат и одговорните работи, кои произлегуваат од работниот процес. За реализацијата на практичната обука, покрај менторите во компаниите, во рамките на наставниот фонд на часови, назначени се одговорни наставници кои го следат процесот на реализација на практичната обука. |
| **Интервју со помошник директорот за општата група на предмети** | **Интервјуира: Дијана Трајкоска**<br><br>**Интервјуиран: Сенад Сејфиќ** | **П.** Ваше мислење за успешноста при навременото проследување на сите информации до вработените.<br>**О.** Проследувањето на информациите до вработените, се одвива преку повеќе канали паралелно, кадешто вработените во реално време ги добиваат информациите, и се навремено информирани. Така да има највисок степен на навремено проследување на информациите до вработените.<br>**П.** Кои се вашите приоритети во однос на развојниот план/програма?<br>**О.** Приоритетите на развојниот план се: отварање на нова насока Мултимедија, опремување на лаборатории, подигање на уште повисоко ниво на наставата, еколошка освестеност.<br>**П.** Кои се вашите видувања во однос на одговорноста и работната дисциплина од сите вработени во училиштето?<br>**О.** Одговорноста на вработените во училиштето е на завидно ниво, но секогаш може и повеќе, додека работната дисциплина е на високо ниво, со можност да биде на повисоко ниво. |

| | | |
|---|---|---|
| **Интервју со наставен кадар** | **Интервјуира: Поликсена Митева**<br><br>**Интервјуиран: Илија Ристовски – проф. по спорт и спортски активности** | **П.** Дали раководниот тим доволно се грижи и ја подобрува постоечката инфраструктура за да ги задоволи потребите на учениците и вработените во училиштето?<br>**О.** Да. Нашето училиште е едно од ретките училишта кои имаат две сали на располагање. Едната (големата) спортска сала беше реновирана пред помалку од две години и располага со се што треба една модерна спортска сала да има. Во другата (помалата) спортска сала беше направена теретана со најнова опрема која учениците ќе може да ја користат уште многу години.<br>**П.** Дали раководниот тим обезбедува соодветни матријално-технички средства за успешно реализирање на наставата?<br>**О.** Во врска со опремата, почнувајќи од топките па се до скали за моторока, медицински топки, јажиња за скокање, хулахопи, сталки за прескокање и развивање на моторока беше обновено последниве неколку години и дозволува професионално и најсовремено одржување на наставата.<br>**П.** Дали раководниот тим доволно го поттикнува и поддржува стручното усовршување на наставниците?<br>**О.** За раководниот тим имам да кажам само позитивни зборови. Од професионален однос, залагање за потребите на наставниците, фер-плеј со сите вработени. Исто така враќање на екскурзиите во нашето училиште, кои не се практикувале повеќе од 15 г. Секоја година пред почетокот на учебната редовно се организираат обуки за целиот колектив. Како и обуки во текот на годината од кои некои се за целиот колектив, а некои за стручните наставници бидејќи нели ние сме сепак стручно училиште. |
| **Интервју со наставен кадар** | **Интервјуира: Поликсена Митева**<br><br>**Интервјуиран: Горан Младеновски – проф. по стручни предмети** | **П.** Дали раководниот тим доволно се грижи и ја подобрува постоечката инфраструктура за да ги задоволи потребите на учениците и вработените во училиштето?<br>**О.** Ги задоволува, но секогаш има простор за подобрување.<br>**П.** Дали раководниот тим обезбедува соодветни матријално-технички средства за успешно реализирање на наставата?<br>**О.** Да, но мислам повеќе средства треба да се обезбедат од стопанските субјекти со кои соработуваме во форма на донации (потребен алат за работа, потрошен материјал и нагледни средства) за изведување поквалитетна настава во училиштето<br>**П.** Дали раководниот тим доволно го поттикнува и поддржува стручното усовршување на наставниците?<br>**О.** Да, редовно се организираат обуки за стручно усовршување на наставниците |
| **Интервју со наставен кадар** | **Интервјуира: Поликсена Митева**<br><br>**Интервјуирана:** | **П.** Дали раководниот тим доволно се грижи и ја подобрува постоечката инфраструктура за да ги задоволи потребите на учениците и вработените во училиштето?<br>**О.** По неколкугодишно континуирано работење од страна на раководниот тим, инфраструктурата на училиштето е забележително подобрена од повеќе аспекти: енергетска ефикасност, употребливот и соодветност за одржување теоретска и практична настава. Со ова секако |

| | | |
|---|---|---|
| | **Дијана Трајкоска проф. по стручни предмети** | се задоволуваат потребите на учениците и вработените.<br>**П.** Дали раководниот тим обезбедува соодветни матријално-технички средства за успешно реализирање на наставата?<br>**О.** Според мене, во моментов училиштето ги има сите потребни материјално-технички средства што се потребни за реализација на наставата. Ова се должи на постојаната комуникација со наставниот кадар за нивните потреби од средства за работа. Сите средства за работа се обновуваат и набавуваат неколку пати во текот на годината.<br>**П.** Дали раководниот тим доволно го поттикнува и поддржува стручното усовршување на наставниците?<br>**О.** Раководниот тим покажа голема подготвеност во однос на поттикнувањето и поддржувањето на стручното усовршување на наставниците. Соодветни обуки се организираат најмалку два пати во годината. До наставниот кадар се проследуваат информации за сите обуки што се организираат од страна на БРО или други лиценцирани обучувачи. |
| **Интервју со педагог** | **Интервјуира: Дијана Трајкоска**<br><br>**Интервјуирана: Педагог ФросинаСпас евска-Микулќиќ** | Својата работа и активности Училишната заедница ја остварува преку спроведување на претходно изготвена Програма за работа во која се опфатени неколку цели и задачи што ја сочинуваат и од кои зависи успешноста на реализирањето на воспитнообразовната дејност во училиштето. На пример:<br>• поголемо ангажирање на учениците во училиштето<br>• подобрување на успехот и редовност<br>• развивање подобра работна клима<br>• одржување ред и дисциплина<br>• меѓусебна почит<br>• организација на материјална помош на ученици<br>Училишната заедница работи по претходно одредена програма, но и по потреба, на барање на паралелката со цел да ги мобилизира, мотивира и насочува учениците во текот на учебната година. На состаноците на училишната заедница се дискутира за повеќе сегменти од училишниот живот, учениците ги искажуваат своите идеи, потреби и размисли за подобра организација и атмосфера во училиштето.<br>Искуството од работата на Училичната заедница е позитивно и продуктивно. На состаноците произлегуваат свежи идеи за коишто вреди да се размислува и кои можат многу да придонесат во насока на подобрување на училишната клима. |

| | | |
|---|---|---|
| **Интервју со психолог** | **Интервјуира: Поликсена Митева**<br><br>**Интервјуирана: Психолог Ана Бимбиловска Коколанска** | **Прашања:**<br>Дали раководниот тим:<br>1. Обезбедува услови за постојана соработка со родителите?<br>2. Успешно се снаоѓа во решавањето на конфликтните ситуации?<br>3. Развива доверба, ги уважува различните мислења и обезбедува добра комуникација помеѓу вработените, родителите и учениците?<br><br>**Одговори:**<br>1. Соработката со родителите е важен дел од успешното функционирање на било која организација или институција која работи со деца. Нашата институција има слух за индивидуалните потреби на родителите и децата и тие се активно вклучени во процесот на донесување на одлуки со цел постојано унапредување на условите за соработка. Раководниот тим обезбедува услови за постојана соработка со родителите, преку отворен канал за комуникација со родителите, каде што тие можат да ги споделат своите идеи, предлози и прашања. Притоа целосно се  овозможува чувство на слобода во изразувањето на своите мислења и забелешки. Во училиштето се организираат редовни состаноци каде што родителите (родителски средби, Совет на родители, Состанок на Одборот на родители, групни советувања, индивидуални советувања) каде родителите можат да добијат информации за тековните активности, проекти и промени. Исто така, има предвидено време за индивидуални средби на родителите со секој предметен наставник во однапред дадени термини за консултации, кога може да се разговара за поединечни прашања, проблеми, предизвици и потреби на учениците.<br>2. Раководниот тим успешно се справува со разрешување на конфликти, а тоа веројатно е резултат од нивната ефективна комуникација, вештини за тимска работа и способност да го решат конфликтот на конструктивен начин, преку: отворена комуникација, тимска соработка, емпатија и разбирање. Стручната служба активно се вклучува во мирното разрешување на настанатите конфликти, при што имаме континуирана соработка со Одделението за превенција при СВР Скопје,кои во соработка и координација со полициски службеници од Полициската станица од општа надлежност Гази Баба, а согласно превентивниот проект на Град Скопје „Безбедност во училиштата“, на тема „Улога на полицијата во демократското општество“  организира и реализира едукативни работилници со ученици преку целата наставна година. Во конструктиното разрешување на конфликтите, поддршка имаме и од родителите, кои се веднаш достапни и соработливи во секоја ситуација во која учествуваат нивните деца.<br>3. Раководиниот тим со цел да инвестира во изградба на доверба меѓу вработените, треба да иницира поредовни, континуирани средби, индивидуални разговори и тимски активности, односно да овозможи безбедна средина за слободно изразување на мислења и предлози, без |

<table>
<tr><td></td><td></td><td colspan="7">страв од осудување или притисоци. Ракоговодниот тим го голема мера ги уважува различните мислења, но мислам дека потребно е поголемо стимулирање во учество на сите субјекти вклучени во животот и работата на училиштето, независно од нивната улога или статус. Со тоа, различните перспективи се гледаат како можност за учење и развој, а не како проблем.</td></tr>
<tr><td rowspan="10">Прашалник за вработените во училиштето за развојно планирање</td><td rowspan="10">Анкетите ги изработила, реализирала и обработила: Дијана Трајкоска</td><td colspan="7">За анализа извршена е анкета со 19 вработени и добиени се следнитерезултати (во %):</td></tr>
<tr><td>Прашање</td><td>Незначајно</td><td>Значајно</td><td>Многу значајно</td><td>Неточно</td><td>Делумно е точно</td><td>Точно</td></tr>
<tr><td>1. Училиштето има прецизни и јасни цели кои ја отсликуваат неговата мисија и визија.</td><td>0</td><td>16</td><td>84</td><td>0</td><td>5</td><td>95</td></tr>
<tr><td>2. Училиштето доследно ги спроведува планираните активности од годишната програма и врши нивна евалуација преку индикатори за успешност.</td><td>0</td><td>21</td><td>79</td><td>0</td><td>21</td><td>79</td></tr>
<tr><td>3. Обврските и задолженијата на вработените им се распределуваат врз основа на нивната стручност, знаење и способност.</td><td>0</td><td>21</td><td>79</td><td>0</td><td>16</td><td>84</td></tr>
<tr><td>4. Обврските и задолженијата се јасни, прецизни, навремени и придонесуваат за ефективноста на работата на училиштето.</td><td>0</td><td>26</td><td>74</td><td>0</td><td>21</td><td>79</td></tr>
<tr><td>5. Тимовите се формираат врз основа на стручност, знаење и способности.</td><td>0</td><td>32</td><td>68</td><td>5</td><td>32</td><td>63</td></tr>
<tr><td>6. Со правилна распределба на работата се обезбедува ефикасност на работата во училиштето.</td><td>0</td><td>16</td><td>84</td><td>0</td><td>26</td><td>74</td></tr>
<tr><td>7. Во училиштето постои добра координација на работата на стручните и другите органи.</td><td>0</td><td>21</td><td>79</td><td>0</td><td>32</td><td>68</td></tr>
<tr><td>8. Во училиштето има соодветни матријално-технички средства за успешно реализирање</td><td>0</td><td>16</td><td>84</td><td>5</td><td>26</td><td>69</td></tr>
</table>

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | на наставата. | | | | | | |
| | | 9. Училиштето континуирано ги утврдува потребите за стручно усовршување на наставниот кадар. | 0 | 16 | 84 | 5 | 32 | 63 |
| | | 10. Постоечката инфраструктура ги задоволува потребите на учениците и вработените. | 0 | 26 | 74 | 5 | 10 | 85 |
| **Прашалник за вработените во училиштето** | **Анкетите ги изработила, реализирала и обработила: Дијана Трајкоска** | **За анализа извршена е анкета со 20 вработени и добиени се следните резултати (во %):** | | | | | | |
| | | **Прашање** | **Незначајно** | **Значајно** | **Многу значајно** | **Неточно** | **Делумно е точно** | **Точно** |
| | | 1. Раководниот орган со својата работа и однесување им служи за пример на вработените во училиштето. | 0 | 15 | 85 | 5 | 30 | 65 |
| | | 2. Развива доверба, ги уважува различните мислења и обезбедува добра комуникација. | 0 | 20 | 80 | 5 | 30 | 65 |
| | | 3. Успешно се снаоѓа во решавањето на конфликтните ситуации. | 0 | 0 | 100 | 5 | 25 | 75 |
| | | 4. Го поттикнува и поддржува стручното усовршување на наставниците. | 0 | 15 | 85 | 0 | 25 | 75 |
| | | 5. Развива добра соработка со родителите. | 5 | 20 | 75 | 0 | 10 | 90 |
| | | 6. Бара одговорност и работна дисциплина. | 0 | 10 | 90 | 5 | 10 | 85 |
| | | 7. Воспоставува контакти со компании од бизнис секторот и ги негува постоечките. | 0 | 15 | 85 | 0 | 15 | 85 |
| | | 8. Подготвен е да преземе одговорност во донесувањето на одлуките. | 0 | 5 | 95 | 5 | 25 | 70 |
| | | 9. Се залага за унапредување и обезбедување квалитетна воспитно-образовна работа. | 0 | 10 | 90 | 5 | 10 | 85 |

| | | Прашање | Незначајно | Значајно | Многу значајно | Неточно | Делумно е точно | Точно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 10. Навремено ги проследува сите информации до вработените. | 0 | 10 | 90 | 0 | 10 | 90 |
| | | 11. Поставува јасни, прецизни барања кои придонесуваат за ефективноста на работата на училиштето. | 0 | 5 | 95 | 0 | 15 | 85 |
| | | 12. Промовира, потикнува и организира тимска работа. | 0 | 5 | 95 | 0 | 15 | 85 |
| **Прашалник за Членови на Училишен одбор** | **Анкетите ги изработила и реализирала: Анѓелка Андрески<br><br>Анкетите ги обработила: Дијана Трајкоска** | **За анализа извршена е анкета со 7члена на Училишен одбор и добиени се следните резултати (во %):** | | | | | | |
| | | **Прашање** | **Незначајно** | **Значајно** | **Многу значајно** | **Неточно** | **Делумно е точно** | **Точно** |
| | | 1. Директорот со својата работа и однесување им служи за пример на вработените во училиштето. | 0 | 14 | 86 | 0 | 14 | 86 |
| | | 2. Подготвен е да преземе одговорност во донесувањето на одлуките. | 0 | 14 | 86 | 0 | 0 | 100 |
| | | 3. Бара одговорност и работна дисциплина од сите вработени во училиштето. | 0 | 14 | 86 | 0 | 14 | 86 |
| | | 4. Обезбедува услови за постојана соработка со родителите. | 0 | 43 | 57 | 0 | 0 | 100 |
| | | 5. Развива добра соработка со Град Скопје, МОН и други надлежни институции. | 0 | 14 | 86 | 0 | 0 | 100 |
| | | 6. Соработува со други училишта, организации и приватни компании. | 0 | 29 | 71 | 0 | 0 | 100 |
| | | 7. Воспоставува контакти со компании од бизнис секторот и ги негува постоечките. | 0 | 29 | 71 | 0 | 0 | 100 |
| | | 8. Редовно доставува извештаи за својата работа на Училишниот одбор. | 0 | 29 | 71 | 0 | 0 | 100 |
| | | 9. Се залага за обезбедување на квалитет и унапредување на воспитно-образовната работа. | 0 | 14 | 86 | 0 | 14 | 86 |
| | | 10. Се фокусира на приоритетите определени со развојниот план/програма. | 0 | 29 | 71 | 0 | 0 | 100 |

**Резултати: Овде треба накратко да ги образложите клучните јаки страни и слабости**

**Клучни јаки страни**

1. Раководниот тим на училиштето има јасна визија и вложува напори за унапредување на училиштет зголемување на бројот на ученици во училиштето преку промовирање и зголемување на интересот струка. Резултатот на оваа заложба е зголемениот број запишани ученици во изминатите две учебн
2. Училиштето поседува современи лаборатории и работилници како и ресурси за реализац воннаставните активности и на практичната настава.Раководниот тим на училиштето постојано по подобрување наистите преку обезбедување на сите потребни мерниинструменти, уреди и нагледни
3. Училиштето обезбеди услови за повторно спроведување на наставата по кабинети
4. Училиштето реализира соработка со бизнис секторот преку реализација на практична настава во ко струката научилиштето.За потребата од реализација на практична обука во реални услови училишт меморандуми за соработка со голем број компании.
5. Училиштето поттикнува и поддржува изведување бројни вонаставни активности кои придонесуваа претприемачкиот дух на учениците.
6. Училиштето обезбедува средства за континуирано подобрување на инфраструктурата научилиште одржување.
7. Училиштето обезбедува услови за лица со посебни потреби (пристапна рампа, лифт, тоалет).
8. Училиштето води добра политика и презема активности за ненасилство во училиштето за која цел е со надлежни институции и се труди да обезбеди физичко обезбедување.
9. Зголемување на енергетската ефикасност.
10. Завршено е осовременувањето и дигитализацијата на ученичките портфолија.

**Слабости**

1. Стручната служба и наставниците не се доволно обучени за работа со учениците со посебни обра
2. Физичко обезбедување во училиштето не е обезбедено.
3. Постапката за отворање нов образовен профил Мултимедија е започната, но сè уште не е завршен
4. И покрај заложбите подобрувањето на редовноста на учениците на додатна и дополнителна на доволно високо ниво.





**Анализа на резултатите: Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје**

Сите анализирани индикатори за квалитетот на работењето кои се однесуваат на ова подрачје го покажув Училишниот одбор чија работа е јасно дефинирана со деловникот за работа на УО има воспоставено партнерск орган на училиштето и другите училишни структури. Директорот на училиштето обезбедува информации и по одборкои се потребни за донесување стратешки одлуки и со тоа му овозможува на одборот ефективен над насочена кон креирање идеи и подобрување на условите за работа на училиштето. Сите одлуки на УО се во училиштето.

Раководниот тим има јасна визија за развој и напредок на училиштето и вложува огромни напор електротехничката струка. Ги детектира и се фокусира на јасни приоритети определени со развојниот план/пр

Раководниот орган го заснова своето работење врз тимската работа и поддржува и воспоставува проду непосредната, локална и поширока заедница.

Целта на училишната политика е јасно дефинирана со мисијата на училиштето, а тоа е максимална посве ефикасност и доближување на истата до учениците. Во креирањето на училишната политика вклучени се сит директорот, училишниот одбор, наставниот кадар, учениците, советот на родители, локалната заедница. Уч креира преку долгорочно планирање од страна на раководната структура, а сите засегнати субјекти навремен

Училиштето планира финансиски средства во согласност со потребите за стручно усовршување н унапредување на воспитно-образовниот процес. Раководниот тим навремено планира и обезбедува материја потребни за подобрување на наставата.Исто така, континуирано работина одржување, подобрување инфраструктурата на училиштето.

На 24.03.2023 училиштето беше домаќин и успешно го реализира регионалниот натпревар по Електро, М струка.

Училиштето успешно реализира меѓународна соработка:

- Прва мобилност во рамки на Еразмус+ проект Our Green Heritage Awareness.
- Реализирана посета и размена на ученици и професори во две средни училишта во Босна и Херцеговин
- Учество на проектот AQUA координиран од SI Canarias и хостиран од GAMA KPS, и многу други.

**Идни активности:** Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклуче на училиштето:

1. Да продолжи организирањето обуки за наставниот кадар
2. Да продолжи и да се продлабочи соработката со надлежните институции, со локалната заедница и како и да се обезбеди континуирана поврзаност на наставата со пазарот натрудот.
3. Да продолжи и да се унапреди соработката со сродни училишта одрегионот.
4. Да продолжи постапката за отворање нов образовен профил Електротехничар за мултимедија.



# ПРИЛОЗИ

## 1. Подрачје – Наставни планови и програми

**Прашалник за наставници**

Ве молиме да одговорите на следните прашања проценувајќи ја точноста на тврдењето, односно степенот на присутноста, како и значајноста на дадениот исказ, по следната скала:

| | |
|---|---|
| ЗНАЧАЈНО | ТОЧНО/ПРИСУТНО |
| 1-незначајно | 1-неточно/не е присутно |
| 2-значајно | 2-делумно е точно/присутно |

3-многу значајно

3 -точно/присутно во целост

| ✓ ЗН | | | ТВРДЕЊЕ/ИСКАЗ | Т ТОЧНО | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | | 1 | 2 | 3 |
| | | | 1.Наставата ја реализирам согласно наставните програми одредени од МОН (БРО) на РСМ | | | |
| | | | 2.Наставните содржини ги прилагодувам на нивото на знаење на учениците | | | |
| | | | 3.Наставните програми и содржини овозможуваат да се исполнат очекувањата и интересите на ученикот | | | |
| | | | 4.Применувам ИКТ во наставниот процес | | | |
| | | | 5.Користам разновидни методи и техники за реализација на наставата | | | |
| | | | 3.Ги земам во предвид разликите на учениците во напредокот, знаењето и можностите за совладување | | | |
| | | | 7.Располагам со наставни средства и помагала кои им овозможуваат на учениците полесно совладување на наставната содржина | | | |
| | | | 8.Наставните содржини ги поврзувам со практична примена и потребите на пазарот на трудот | | | |
| | | | 9.Редовно и успешно реализирам дополнителна настава | | | |
| | | | 10.Редовно и успешно реализирам додатна настава | | | |
| | | | 11.Применувам изготвени критериуми за оценување на учениците | | | |

1. Дали во одреден образовен профил и година програмата ја реализирате во помал обем и зошто?

___________________________________________________________________________

___________________________________________________________________________

2. Наведете по кој наставен предмет е потребно измена на наставната програма, нејзино проширување/скратување, прилагодување кон возраста и сл.

___________________________________________________________________________

___________________________________________________________________________

3. Дали некогаш сте дале писмен предлог за измена на наставна програма?

___________________________________________________________________________

___________________________________________________________________________

4. Дали е нарушена родовата и етничката рамноправност во наставните планови програми?

А) ДА Б) НЕ В) НЕ ЗНАМ

5.) Дали практикувате да реализирате интеграција во наставните програми (во рамките на еден наставен предмет или меѓупредметна интеграција)

А) ДА Б) НЕ В) НЕ ЗНАМ

6.)

7. На кој начин би можеле да се интегрираат особеностите на локалната средина со наставните програми:

___________________________________________________________________________

___________________________________________________________________________

___________________________________________________________________________

8. На кој начин им е овозможено на учениците да учествуваат во планирањето и изборот на содржини кои се реализираат на воннаставните активности:



___________________________________________________________________________

___________________________________________________________________________

9. Наведете какви активности за мултикултуризам планирате и реализирате?

___________________________________________________________________________

___________________________________________________________________________

10. Дали реализирате еко содржини во наставните предмети и кои се тие?

___________________________________________________________________________

___________________________________________________________________________

## 1. Подрачје – Наставни планови и програми

**Прашалник за родители**

Ве молиме да одговорите на следните прашања проценувајќи ја точноста на тврдењето, односно степенот на присутноста, како и значајноста на дадениот исказ, по следната скала:

| ЗНАЧАЈНО | ТОЧНО/ПРИСУТНО |
|---|---|
| 1-незначајно | 1-неточно/не е присутно |
| 2-значајно | 2-делумно е точно/присутно |
| 3-многу значајно | 3 -точно/присутно во целост |

| ✓ ЗНАЧАЈНО | | | ТВРДЕЊЕ/ИСКАЗ | Т ТОЧНО | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | | 1 | 2 | 3 |
| | | | 1.Запознаен/а сум со наставните планови и програми од образовниот профил на ученикот | | | |
| | | | 2.Ученикот успешно ги совладува наставните содржини | | | |
| | | | 3.Наставните програми и содржини се во согласност со очекувањата и интересите на ученикот | | | |
| | | | 4.Задоволен/а сум од начинот и квалитетот на реализација на наставните планови и програми | | | |
| | | | 5.Особеностите на наставните содржини се интегрираат во наставните програми | | | |
| | | | 6.Информиран/а сум за реализирањето на дополнителна/додатна настава по сите наставни предмети во училиштето | | | |
| | | | 7.Ученикот редовно посетува дополнителна/додатна настава | | | |
| | | | 8.Информиран/а сум за секциите во рамките на училиштето во кои може да членува ученикот | | | |
| | | | 9.Воннаставните активности ги задоволуваат интересите и потребите на учениците | | | |
| | | | 10.Ученикот учествува во воннаставни активности | | | |
| | | | 11.Запознаен сум со постигањата на учениците во воннаставните активности | | | |
| | | | 12.Во училиштето се почитува правото на избор на изборните наставни предмети | | | |
| | | | 13. Наставните програми за практична настава овозможуваат успешно вклучување на ученикот во работните производствени процеси | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 14. Информиран сум за проектите што се реализираат со ученици во и надвор од училиштето | | | |

1.Наведете ги главните недостатоци кои сметате дека се присатни во на наставните програми.

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________.

2. Наведете на кој начин би можеле да се интегрираат особеностите на локалната средина со наставните програми.

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________.

3. Дали е нарушена родовата и етничката рамноправност во наставните планови програми?

А) ДА Б) НЕ В) НЕ ЗНАМ

4. Наведете по кои наставни предмети сметате дека е потребно измена на наставната програма, нејзино проширување, прилагодување кон возраста, потребите на пазарот на трудот и сл.

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________.

5. Каков вид на секција недостасува во училиштето?



______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________.

6. На кој начин би биле најсоодветно информирани за содржината на наставните планови и програми?

А) Од класниот раководител

Б) Од WEB страната на училиштето

В) Од WEB страната на ЦСОО (центар за стручно образование и обука).

# 1. Подрачје – Наставни планови и програми

## Прашалник за ученици

Ве молиме да одговорите на следните прашања проценувајќи ја точноста на тврдењето, односно степенот на присутноста, како и значајноста на дадениот исказ, по следната скала:

ЗНАЧАЈНО
1-незначајно
2-значајно
3-многу значајно

ТОЧНО/ПРИСУТНО
1-неточно/не е присутно
2-делумно е точно/присутно
3 -точно/присутно во целост

| ✓ ЗНАЧАЈНО | | | ТВРДЕЊЕ/ИСКАЗ | Т ТОЧНО | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | | 1 | 2 | 3 |
| | | | 1.Наставните програми и содржини се во согласност со моите очекувања и интереси | | | |
| | | | 2.Наставните содржини можам да ги совладам во текот на часот | | | |
| | | | 3.Редовно посетувам дополнителна настава | | | |
| | | | 4.Часовите по дополнителна настава ми овозможуваат да ги совладам наставните содржини | | | |
| | | | 5.Редовно посетувам додатна настава | | | |
| | | | 6.Часовите по додатна настава се интересни и ми овозможуваат проширување на моите знаења | | | |
| | | | 7.Запознаен/а сум со воннаставните активности кои ги организира училиштето | | | |
| | | | 8.Воннаставните активности одговараат на моите интереси | | | |
| | | | 9.Активно учествувам во секција во училиштето | | | |
| | | | 10.Активно учествувам во изборот и планирањето на работата на воннаставните активности | | | |
| | | | 11.Наставниците го развиваат мојот натпреварувачки дух и ме охрабруваат да учествувам на натпревари | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 12. Запознаен/а сум со содржината на наставните програми за изборните предмети | | | |
| | | | 13. Запознаен/а сум со проектите кои се реализираат со ученици во и надвор од училиштето | | | |

1. Наведи по кои наставни предмети содржините се неразбирливи и тешко совладливи:

2. Кој наставен предмет треба да има повеќе часови за вежби, со цел полесно совладување на наставните содржини ?

3. Наброј ги наставните предмети на кои предавањата и содржините се најинтересни?



4. Каков вид на секција недостасува во училиштето во која би сакал/а да членуваш?

5. На кој начин се определуваш/би се определил за одреден изборен предмет (според наставната програма, според предметен наставник, според назив на предметот, според искуство на постари ученици, ...)

# ПРИЛОЗИ

Подрачје бр. **2**<br>Постигања на учениците

## Анкета за ученици

Спроведувањето на ова анкета е во рамки на предвидени активности за реализација на процесот на Самоевалуација на училиштето, кој го опфаќа периодот од последните две учебни години.

Тврдењата содржани во анкетата се однесуваат на подрачје број 2 - Постигања на учениците, а со нивно спроведување треба да се добијат податоци кои ќе се однесуваат на следните индикатори за квалитет во рамки на ова подрачје:

2.1. Постигања на учениците

2.2.Задржување/намалување на бројот (осипување) на ученици и

2.3.Повторување на учениците

Со цел сите заедно да придонесеме за што пообјективно и пореално согледување на состојбите во нашето училиште, Ве молиме да одговорите на следните тврдења проценувајќи ја значајноста на тврдењето (од левата страна на дадениот исказ), како и точноста, односно степенот на присутност на дадениот исказ (од десната страна на дадениот исказ), по следната скала:

| ЗНАЧАЈНО | ТОЧНО/ПРИСУТНО |
|---|---|
| 1-незначајно | 1-неточно/не е присутно |
| 2-значајно | 2-делумно е точно/присутно |
| 3-многу значајно | 3 -точно/присутно во целост |

| ЗНАЧАЈНО | | | ТВРДЕЊЕ/ИСКАЗ | ТОЧНО | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | | 1 | 2 | 3 |
| | | | 1. Знаењата стекнати во училиштето ми овозможуваат подобро да се снаоѓам во сегашниот и идниот | | | |
| | | | 2. Знаењата стекнати во училиштето ми помагаат да се снаоѓам во нови и непознати ситуации | | | |
| | | | 3. Способен/на сум да ги поврзувам знаењата кои сум ги стекнал/а по еден предмет со знаењата кои сум ги стекнал/а | | | |
| | | | 4. Знаењата стекнати во училиштето ми овозможуваат да можам (без додатни часови) да одговорам на барањата на писмените работи, контролните задачи и усмените проверувања | | | |
| | | | 5. Успехот што го постигнувам(оценките)се резултат од големиот поттик и помош што ги | | | |
| | | | 6. Запознат сум со воннаставните активности кои ги организира училиштето | | | |
| | | | 7. Воннаставните активности одговараат на моите интереси | | | |
| | | | 8. Воннаставните активности се одржуваат во точно одредено време кое не се поклопува со часовите од редовната | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 9. Информиран сум за воннаставните активности кои се организираат надвор од | | | |
| | | | 10. Свесен/на сум за тоа колку се корисни секциите во училиштето | | | |
| | | | 11. Доброволно(без притисок на наставниците ) се одлучувам за учество во некоја секција | | | |
| | | | 12. Часовите по додатна настава ми се интересни и привлечни | | | |
| | | | 13. Часовите по додатна настава ми помагаат да ги збогатам и усовршам своите знаења | | | |
| | | | 14. Наставниците ме охрабруваат да учествувам на натпревари | | | |
| | | | 15. Наставниците ми помагаат да се подготвам за натпревари | | | |
| | | | 16. Го почитувам Кодексот на однесување во училиштето | | | |
| | | | 17. Ги почитувам мислењата на другите | | | |
| | | | 18. Ги задоволувам своите потреби без да ги загрозам потребите на другите | | | |
| | | | 19. Ги анализирам сопствените и туѓите идеи, предлози и решенија кога работам во пар или во група | | | |
| | | | 20. Ја почитувам и негувам културата и традицијата на својот народ и на другите народи и држави | | | |
| | | | 21. Со своите постапки допринесувам за зачувување на природата и животната средина | | | |



Подрачје бр. **2**
Постигања на учениците

## Анкета за наставници

Спроведувањето на ова анкета е во рамки на предвидени активности за реализација на процесот на Самоевалуација на училиштето, кој го опфаќа периодот од последните две учебни години.

Тврдењата содржани во анкетата се однесуваат на подрачје број 2 - Постигања на учениците, а со нивно спроведување треба да се добијат податоци кои ќе се однесуваат на следните индикатори за квалитет во рамки на ова подрачје:

2.1. Постигања на учениците
2.2.Задржување/намалување на бројот (осипување) на ученици и
2.3.Повторување на учениците

Со цел сите заедно да придонесеме за што пообјективно и пореално согледување на состојбите во нашето училиште, Ве молиме да одговорите на следните тврдења проценувајќи ја значајноста на тврдењето (од левата страна на дадениот исказ), како и точноста, односно степенот на присутност на дадениот исказ (од десната страна на дадениот исказ), по следната скала:

| ЗНАЧАЈНО | ТОЧНО/ПРИСУТНО |
|---|---|
| 1-незначајно | 1-неточно/не е присутно |
| 2-значајно | 2-делумно е точно/присутно |
| 3-многу значајно | 3 -точно/присутно во целост |

| ЗНАЧАЈНО | | | ТВРДЕЊЕ/ИСКАЗ | Т ТОЧНО | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | | 1 | 2 | 3 |
| | | | 1.Знаењата стекнати на моите часови им овозможуваат на учениците подобро да се снаоѓаат во сегашниот и идниот приватен и | | | |
| | | | 2.Знаењата стекнати во училиштето им помагаат на учениците да се снаоѓаат во нови и непознати ситуации | | | |
| | | | 3.Знаењата стекнати во училиштето им помагаат на учениците во нивното осамостојување и иницијативност | | | |
| | | | 4.Моите ученици се оспособени да ги поврзуваат знаењата кои ги стекнале по еден предмет со знаењата кои ги стекнале по другите наставни | | | |
| | | | 5.Знаењата стекнати во училиштето им овозможуваат на учениците да можат (без додатни часови) да одговорат на барањата на писмените работи, контролните задачи и усмените проверувања | | | |
| | | | 6.Успехот на учениците(оценките) се резултат на мојата работа и залагање | | | |
| | | | 7.Ги советувам учениците да се приклучат во некоја од вонннаставните активности кои ги организира училиштето | | | |
| | | | 8.Употребувам разни методи и форми на работа | | 197 | |
| | | | 9.Континуирано го набљудувам и вреднувам напредувањето на моите ученици | | | |
| | | | 10.Користам бројни наставни средства со чија помош би го привлекол вниманието на учениците и би ја зголемил мотивираноста | | | |
| | | | 11.Одбирам примери и задачи кои се поинтересни за учениците | | | |
| | | | 12.Ги охрабрувам учениците да поставуваат прашања | | | |
| | | | 13.Давам додатни објаснувања на барање на учениците | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 14.Ги поттикнувам учениците на самостојно стекнување на додатни знаења и вештини | | | |
| | | | 15. Ги упатувам учениците да користат додатна литература неопходна за самостојно стекнување на дополнителни знаења и вештини | | | |
| | | | 16.Ги пофалувам и наградувам учениците кои самостојно стекнуваат дополнителни знаења и вештини | | | |
| | | | 17.Ги поттикнувам учениците на мисловна активност | | | |
| | | | 18.Учениците ги учам да го почитуваат туѓото мислење | | | |
| | | | 19.Ги поттикнувам учениците да ги задоволуваат своите потреби без да ги загрозуваат потребите на другите | | | |
| | | | 20. Ги поттикнувам учениците да го развиваат своето критичко мислење | | | |
| | | | 21.Учениците ги упатувам на правилата за правилно однесување во група или пар | | | |
| | | | 22. Ги учам учениците да ја почитуваат и негуваат традицијата и културата на својот народ и на другите народи и држави | | | |
| | | | 23.Ги упатувам учениците како да ги запознаат сопствените способности и способностите на | | | |
| | | | 24.Ги поттикнувам учениците на солидарност и грижа едни за други а посебно во случаеви кога се работи за етнички, расни и верски предрасуди | | | |
| | | | 25.На учениците им укажувам коку е значајно да се чува и заштитува природата и животната средина | | | |
| | | | 26. На учениците им укажувам коку е значајно да се одржува личната хигиена и сопственото здравје | | | |
| | | | 27. Ги поттикнувам учениците на активно учество во случувањата во училиштето и локалната заедница | | | |



Подрачје бр. **2**

Постигања на учениците

## Анкета за родители

Спроведувањето на ова анкета е во рамки на предвидени активности за реализација на процесот на Самоевалуација на училиштето, кој го опфаќа периодот од последните две учебни години.

Тврдењата содржани во анкетата се однесуваат на подрачје број 2 - Постигања на учениците, а со нивно спроведување треба да се добијат податоци кои ќе се однесуваат на следните индикатори за квалитет во рамки на ова подрачје:

2.1. Постигања на учениците

2.2.Задржување/намалување на бројот (осипување) на ученици и

2.3.Повторување на учениците

Со цел сите заедно да придонесеме за што пообјективно и пореално согледување на состојбите во нашето училиште, Ве молиме да одговорите на следните тврдења проценувајќи ја значајноста на тврдењето (од

левата страна на дадениот исказ), како и точноста, односно степенот на присутност на дадениот исказ (од десната страна на дадениот исказ), по следната скала:

| ЗНАЧАЈНО | ТОЧНО/ПРИСУТНО |
|---|---|
| 1-незначајно | 1-неточно/не е присутно |
| 2-значајно | 2-делумно е точно/присутно |
| 3-многу значајно | 3 -точно/присутно во целост |

| **ЗНАЧАЈНО** | | | **ТВРДЕЊЕ/ИСКАЗ** | **Т ТОЧНО** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | | 1 | 2 | 3 |
| | | | 1. Знаењата стекнати во училиштето му овозможуваат на моето дете подобро да се снаоѓа во сегашниот и идниот приватен и професионален живот | | | |
| | | | 2. Знаењата стекнати во училиштето на моето дете му помагаат да се снаоѓа во нови и непознати ситуации | | | |
| | | | 3. Учениците имаат способност да ги поврзат знаењата кои ги стекнале по еден наставен предмет со знаењата кои ги стекнале по другите наставни | | | |
| | | | 4. Знаењата стекнати во училиштето му овозможуваат на моето дете да може (без додатни часови) да одговори на барањата на писмените работи, контролните задачи и усмените | | | |
| | | | 5. Успехот што го постигнува моето дете е резултат на големиот поттик и помош што ги добива од наставниците | | | |
| | | | 6. Запознат/а сум со воннаставните активности кои ги организира училиштето | | | |
| | | | 7. Воннаставните активности одговараат на интересите на моето дете | | | |
| | | | 8. Информиран сум за воннаставните активности кои се организираат надвор од училиштето (проекти од областа на струката, спортски натпревари, културни, | | | |
| | | | 9. Учениците доброволно (без притисок од наставниците) се одлучуваат за учество во некоја секција | | | |
| | | | 10. Часовите по додатна настава му помагаат на моето дете да ги збогати и усоврши своите знаења | | | |
| | | | 11. Советите кои ги упатувам до моето дете се да ја почитува и негува културата и традицијата на својот народ и | | | |
| | | | 12. Учениците со своите постапки допринесуваат за зачувување на природата и животната средина | | | |

**Подрачје 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА**

| За анализа извршена е анкета со 20 ученици и добиени се следните резултати изразени во %: | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Тврдење/Исказ** | **Незначајно** | **Значајно** | **Многу значајно** | **Неточно** | **Делумно е точно** | **Точно** |
| 1) На часовите наставниците го остваруваат она што го планирале за обработка. | | | | | | |
| 2) Го користат расположливиот простор, опрема и услови за работа во училиштето согласно поставените цели и задачи при реализација на наставата. | | | | | | |
| 3) Применуваат различни форми и методи на работа во зависност од содржините и целите на часот, поттикнувајќи љубопитност и интересирање. | | | | | | |
| 4) Динамиката на работа на часот ја прилагодуваат со можностите на учениците. | | | | | | |
| 5) На крајот на часот го резимираат обработеното градиво. | | | | | | |
| 6) Наставниците јасно и правилно се изразуваат за време на часовите. | | | | | | |
| 7) Наставникот проверува дали учениците ги разбрале дадените прашања и упатства. | | | | | | |
| 8) Ги охрабрува учениците да ги изнесуваат своите мислења. | | | | | 200 | |
| 9) Имаме доволно време за размислување после поставено прашање. | | | | | | |
| 10) Наставниците на секој ученик му се обраќаат со уважување. | | | | | | |
| 11) Поттикнуваат солидарност и одговорност во групната работа. | | | | | | |
| 12) Наставниците ги поттикнуваат учениците заеднички да доаѓаат до решенија на поставените задачи. | | | | | | |
| 13) Ги поттикнуваат учениците самостојно да ги решаваат задачите. | | | | | | |
| 14) Ги упатуваат учениците на истражувачка работа. | | | | | | |
| 15) Ги поттикнуваат учениците да поставуваат прашања и да дискутираат. | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 16) Им посветуваат поголемо внимание на учениците кои поспоро напредуваат. | | | | | | |
| 17) При учење на нови содржини ги поттикнуваат учениците да ги користат знаењата и вештините кои ги стекнале во други области. | | | | | | |
| 18) Ги поттикнуваат учениците, она што го научиле да го користат во секојдневниот живот. | | | | | | |
| 19) Им препорачуваат на учениците да користат дополнителни информации (весници, стручни книги, интернет). | | | | | | |
| 20) Ги запознаваат учениците со начинот на користење на опремата во училиштето. | | | | | | |
| 21)Наставниците не учат како да го разликуваме важното од неважното | | | | | | |
| 22) Не поттикнуваат да учиме по пат на откривање и решавање на проблеми. | | | | | | |
| 23) Применуваат различни форми, методи на работа на час, бидејќи не сите ученици имаат исти стилови на учење, способности и интересирања. | | | | | | |
| 24) Проверуваат дали знаеме и умееме да го примениме она што сме го научиле. | | | | | | |
| 25) Кај учениците развиваат одговорност за сопствено напредување и постигнување резултати. | | | | | | |
| 26) Ги поттикнуваат учениците да си поставуваат долгорочни и краткорочни цели. | | | | | | |
| 27) При вреднување на знаењето не прашуваат и важно им е нашето мислење. | | | | | | |
| 28) Ги поттикнуваат учениците објективно да го проценуваат своето знаење. | | | | | | |
| 29) Навремено не информираат за постигнатиот успех. | | | | | | |



## Подрачје 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

| |
|---|
| **Кои информации се собрани?** |
| **За анализа извршена е анкета со 20 наставници и добиени се следните резултати изразени во %:** |

| Тврдење/исказ | Незначајно | Значајно | Многу значајно | Неточно | Делумно точно | Точно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1) Со моите планови предвидувам различни форми на работа, кои се во функција на поефикасно стекнување на знаења и развој на способности и вештини кај учениците. | | | | | | |
| 2) Со моите планови предвидувам различни методи на работа, кои се во функција на поефикасно стекнување на знаења и развој на способности и вештини кај улениците | | | | | | |
| 3) Во моите планови на работа опфаќам различни места на изведување на наставата кои се во функција на остварување на целите и задачите. | | | | | | |
| 4) Писмените проверки временски се усогласени со проверките по другите предмети. | | | | | | |
| 5) Правам краткорочни корекции на моите планови, кога некои од планираните задачи од оправдани причини не се оствариле. | | | | | | |
| 6) Остварувам соработка со колегите при планирање на наставата. | | | | | | |
| 7) Со моите планови на работа ги постигнувам пропишаните цели и задачи. | | | | | | |
| 8) Моите подготовки за реализација на часот имаат јасна структура. | | | | | | |
| 9) За подготовка на час користам интернет и други извори. | | | | | | |
| 10) Кога се подготвувам за час ги имам во предвид разликите помеѓу учениците во напредувањето, знаењето и искуството. | | | | | 202 | |
| 11) Подготвувам задачи за работа на час од различна тежина. | | | | | | |
| 12) Пред обработка на ново градиво проверувам колку учениците го совладале претходното. | | | | | | |
| 13) Ги почитувам дидактичко – методските упатства кои се предвидени во наставната програма. | | | | | | |
| 14) Го користам расположливиот простор, опрема и услова за работа во училиштето согласно поставените цели и задачи при реализација на наставата. | | | | | | |
| 15) Изработувам наставни средства кои ги користам на час. | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 16) Со учениците кои поспоро напредуваат реализирам дополнителна настава. | | | | | | |
| 17) Со учениците кои побрзо напредуваат реализирам додатна настава. | | | | | | |
| 18) Оценувањето го извршувам според пропишаните правила за оценување на учениците. | | | | | | |
| 19) Со помош на оценување го проверувам степенот на усвоени знаења и ниво на разбирање. | | | | | | |
| 20) Со помош на оценување ја проверувам способноста на примена на стекнатите знаења и способности. | | | | | | |
| 21) При оценување ја имам во предвид активноста на ученикот. | | | | | | |
| 22) Им помагам на учениците кои имаат тешкотии во совладувањето на програмата. | | | | | | |
| 23) Проверката на постигнувањето на учениците ја остварувам во сите фази на наставниот процес. | | | | | | |
| 24) Родителите навремено ги информирам за работата, успехот и однесувањето на учениците. | | | | | | |
| 25) Редовно комуницирам со родителите на учениците. | | | | | | |
| 26) Ја почитувам и остварувам утврдената процедура за известување за напредувањата на учениците во училиштето. | | | | | | |

**Подрачје 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ**



| **За анализа извршена е анкета со 80 ученици и добиени се следните резултати изразени во %:** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Прашање** | **Незначајно** | **Значајно** | **Многу значајно** | **Неточно** | **Делумно е точно** | **Точно** |
| 1. Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно | | | | | | |
| 2. Знам каде да се обратам во случај да е загрозена мојата безбедност во училиштето. | | | | | | |
| 3. Училиштето брзо и ефикасно реагира на сите ситуации кои ја загрозуваат нашата сигурност и безбедност во училиштето. | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. Знам каде да се обратам во случај да имам емоционални здравствени или социјални проблеми/потреби. | | | | | | |
| 5. Наставникот е секогаш подготвен да ги сослуша моите проблеми кои немаат директна врска со училиштето. | | | | | | |
| 6. Наставникот е секогаш подготвен за разговор со моите родители. | | | | | | |
| 7. Во училиштето не учат како да учиме (не упатуваат на разни техники на учење). | | | | | | |
| 8. Поуспешните и помалку успешните ученици добиваат различни задачи. | | | | | | |
| 9. Наставниците не организираат така што поуспешните ученици им помагаат на оние кои поспоро напредуваат. | | | | | | |
| 10. Наставниците им помагаат на учениците кои поспоро напредуваат на часовите на дополнителната настава. | | | | | | |
| 11. На талентираните ученици им се овозможени посебни форми на работа надвор од редовната настава(на часовите по додатна настава, секции, истражувачка работа и сл.) | | | | | | |
| 12. Училиштето остварува соработка со училишта од странство каде се реализираат различни проекти за стручно усовршување на учениците. | | | | | | |
| 13. Учениците не се досадуваат на час. | | | | | | |
| 14. На часовите работам онолку брзо колку што сакам. | | | | | | |
| 15. Не учам само од учебникот, користам и други извори на информации(книги, весници, интернет). | | | | | | |
| 16. Знам да го следам и проценам сопственото напредување и остварените резултати. | | | | | | |
| 17. Во училиштето не учат да имаме доверба во сопственото знаење и способности. | | | | | | |
| 18. Во училиштето не учат да бидеме одговорни за сопствените постапки. | | | | | | |
| 19. Во училиштето не поттикнуваат да се грижиме за другите луѓе. | | | | | | |
| 20. Во училиштето не учат да се грижиме и да ја чуваме природата. | | | | | | |
| 21. Во училиштето се негува тимска работа. | | | | | | |
| 22.Во училиштето редовно се пофалуваат позитивните постапки и успехот на учениците. | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 23. Вклучен/на сум во работата барем на една воннаставна активност во училиштето. | | | | | | |
| 24. Со учество во некоја воннаставна активност ги задоволувам своите интересирања и ги развивам своите таленти. | | | | | | |
| 25. Низ разговорите во училиштето се информираме како да го продолжиме образованието или да се вработиме. | | | | | | |
| 26. Наставниците не поттикнуваат да бараме дополнителни информации во врска со понатамошното образование. | | | | | | |
| 27. Во училиштето можам да добијам совет во врска со изборот на понатамошно школување. | | | | | | |
| 28. Наставниците ја истакнуваат потребата од перманентно(доживотно) учење. | | | | | | |
| 29. Наставниците ни помагаат да ги проценам своите способности, знаења и умеења кои ќе ми служат за понатамошно учење и вработување. | | | | | | |
| 30. Задоволен/на сум со квалитетот на информации и совети што ги добиваме во училиштето во врска со нашето понатамошно образование и вработување. | | | | | | |

**За анализа извршена е анкета со 30 наставници и добиени се следните резултати изразени во %**

| **Прашање** | **Незначајно** | **Значајно** | **Многу значајно** | **Неточно** | **Делумно е точно** | **Точно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Се чувствувам одговорен/а за сигурноста и безбедноста на учениците во училиштето. | | | | | | |
| 2. Обврските кои ги имам во врска со сигурноста и безбедноста на учениците во училиштето се јасни и прецизни | | | | | | |
| 3. Запознат/а сум со процедурите за заштита и безбедност на учениците. | | | | | | |
| 4. Училиштето брзо и ефикасно реагира на сите пропусти во врска со сигурноста и безбедноста на учениците во училиштето . | | | | | | |
| 5. Активно се вклучувам во превенција и детектирање на појава на пушење во училиштето. | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 6. Постојат добро осмислени процедури за регулирање во случај на насилно однесување, злоупотреба на дрога и алкохол.. | | | | | | |
| 7. Ги поттикнувам учениците да се грижат за своето здравје | | | | | | |
| 8 Ако забележам дека некој ученик има емоционални, здравствени и социјални проблеми, знам каде да се обратам. | | | | | | |
| 9. Секогаш сум подготвен/а да ги сослушам учениците или родителите. | | | | | | |
| 10.  Сум компетентен/на и подготвен/на да реагирам на едноставни емоцинални, здравствени и социјални проблеми/потреби на учениците. | | | | | | |
| 11. Свесен/на сум дека моето однесување е пример за учениците, родителите и колегите. | | | | | | |
| 12.Свесен/на сум дека училиштето е место каде мора да се негува позитивна социјална клима | | | | | | |
| 13. Сите во училиштето се поттикнуваат на толеранција, взаемно почитување, соработка, грижа за другите. | | | | | | |
| 14. Учениците ги поттикнувам да се грижат за другите луѓе | | | | | | |
| 15.Кај учениците ја развивам способноста за тимска работа. | | | | | | |
| 16. Кај учениците ја развивам одговорноста за нивните постапки | | | | | | |
| 17. Кај учениците ја развивам одговорноста за учење. | | | | | | |
| 18. Редовно ги пофалувам и признавам позитивните постапки и успех на учениците. | | | | | | |
| 19. Ги поттикнувам учениците да ги откриваат и развиваат нивните таленти учествувајќи во понудените вонннаставни активности. | | | | | | |
| 20. На учениците им ја истакнувам потребата од перманентно(доживотно) учење. | | | | | | |
| 21. Им помагам на учениците да ги проценат своите способности, знаења и умеења кои ќе им послужат за понатамошно учење и вработување. | | | | | | |
| **Прашање** | **Незначајно** | **Значајно** | **Многу значајно** | **Неточно** | **Делумно е точно** | **Точно** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.Запознат/а сум со процедурите за заштита и безбедност на учениците во училиштето. | | | | | | |
| 2. Училиштето брзо и ефикасно реагира во случај на нарушување на сигурноста и безбедноста на учениците во училиштето. | | | | | | |
| 3. Во училиштето се поттикнува и негува чувство на толеранција, взаемно почитување, соработка, грижа за другите. | | | | | | |
| 4. Свесен/на сум дека училиштето е место каде мора да се негува позитивна социјална клима. | | | | | | |
| 5. Информиран/а сум за воннаставните активности кои се реализираат во училиштето. | | | | | | |
| 6. Информиран/а сум за меѓународните училишни проекти кои се реализираат со други училишта, а со цел стручно усовршување на учениците. | | | | | | |
| 7. Училиштето ми помага да го насочам професионалниот развој на моето дете. | | | | | | |
| 8. Во училиштето можат да се добијат јасни информации, корисни за продолжување на образованието на моето дете. | | | | | | |
| 9. Училиштето им помага на учениците во одлуките за понатамошното образование и вработување. | | | | | | |
| 10. Како родител задоволен/на сум од информациите што ги нуди училиштето за понатамошната професионална ориентација на моето дете. | | | | | | |
| | | | | | | |

**Подрачје 5. УЧИЛИШНА КЛИМА**



| **Спроведена е анкета со 20 ученици и добиени се следните резултати изразени во %:** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Прашање** | **Незначајно** | **Значајно** | **Многу значајно** | **Не е присутно** | **Делумно е присутно** | **Присутно во целост** |
| 1. Во училиштето не учат да бидеме одговорни за сопствените постапки. | | | | | | |
| 2. Во училиштето не поттикнуваат да се грижиме за другите луѓе. | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. Во училиштето се негуваат соработничките односи. | | | | | | |
| 4. Сакам да одам на училиште бидејќи таму добро се чувствувам. | | | | | | |
| 5. Запознат сум со правилата на однесување и куќниот ред во училиштето. | | | | | | |
| 6. Во училиштето не поттикнуваат на меѓусебна толеранција. | | | | | | |
| 7. Во училиштето не поттикнуваат слободно да ги изразуваме своите ставови и мисли. | | | | | | |
| 8. Во училиштето редовно се пофалуваат позитивните постапки и успехот на учениците. | | | | | | |
| 9. Во училиштето се чувствувам безбедно. | | | | | | |
| 10. Во училиштето не поттикнуваат да се грижиме за инвентарот и да го одржуваме училишниот простор. | | | | | | |
| | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Прашање** | **Незначајно** | **Значајно** | **Многу значајно** | **Не е присутно** | **Делумно е присутно** | **Присутно во целост** |
| 1. Сите во училиштето се грижат за уредувањето и одржувањето на училишниот простор. | | | | | | |
| 2. Сите во училиштето се поттикнуваат на толеранција, взаемно почитување, соработка, грижа за другите ... | | | | | | |
| 3. Во училиштето се негува позитивна социјална клима, меѓусебна соработка, уважување. | | | | | | |
| 4. Меѓусебните односи се без предрасуди во поглед на социјалниот статус, вероисповед и национална припадност. | | | | | | |
| 5. Свесен сум дека моето однесување е пример за другите во училиштето. | | | | | | |
| 6. Кај учениците ја развивам одговорност за нивните постапки. | | | | | | |
| 7. Редовно ги пофалувам и признавам позитивните постапки и успех на учениците. | | | | | | |
| 8. Ги поттикнувам учениците да ги откриваат и развиваат нивните таленти учествувајќи во понудените воннаставни активности. | | | | | | |
| 9. Секоја година сум задолжен барем за една воннаставна активност. | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 10. Со родителте остварувам непречена комуникација и соработка. | 0 | 0 | 20 | 0 | 0 | 20 |
| | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| **Прашање** | **Незначајн о** | **Значајно** | **Многу значајно** | **Не е присутно** | **Делумно е присутно** | **Присутно во целост** |
| 1. Во училиштето се негува меѓусебна соработка и взаемно почитување. | | | | | | |
| 2. Запознат/а сум со куќниот ред на училиштето. | | | | | | |
| 3. Училиштето е отворено за соработка со родителите. | | | | | | |
| 4. Знам каде да се обратам во училиштето за различни информации. | | | | | | |
| 5. Училиштето бара мислење и подршка од родителите кога се во прашање воннаставните активности. | | | | | | |
| 6. Училиштето ги поттикнува учениците да ги откриваат и развиваат нивните таленти учествувајќи во понудени воннаставни активности. | | | | | | |
| 7. Информациите за работата и активностите во училиштето се правовремени и достапни. | | | | | | |
| 8. Информациите за работата и активностите во училиштето се јасни и прецизни. | | | | | | |
| 9. Во училиштето се негува позитивна социјална клима, меѓусебна соработка, уважување. | | | | | | |
| 10. Меѓусебните односи во училиштето се без предрасуди во поглед на социјалниот статус, вероисповед и национална припадност. | | | | 209 | | |

| | Не е присутно | Присутн о | Присутн о во |
|---|---|---|---|
| Просторот во училницата е оптимален, а училишниот инвентар е финкционален. | | | |
| Распоредот за седење обезбедува комуникација помеѓу учениците и активно вкучување на сите. | | | |
| Има нагледни средства кои се изложени и се користат во секојдневната работа. | | | |
| Наставникот им се обраќа на учениците со уважување. | | | |
| Наставникот остварува непречена комуникација и рамноправно ги вклучива учениците во наставата. | | | |
| Реакциите на наставникот се добронамерни. | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Наставникот ги охрабрува учениците внимателно да се слушаат едни со други. | | | |
| Наставникот интервенира при конфликти помеѓу учениците. | | | |
| Наставникот ги има во предвид разликите на учениците и инсистира на толеранција. | | | |
| Наставникот посетува внимание на секој ученик. | | | |
| Наставникот ги поттикнува учениците да поставуваат прашања и критички да размислуваат. | | | |
| Наставникот им дава повратна информација за наученото и ги пофалува учениците. | | | |
| Наставникот внимателно ги слуша учениците кога зборуваат. | | | |
| Наставникот ги поттикнува учениците слободно да се изразуваат. | | | |
| Наставникот поттикнува негување на литературно изразување. | | | |
| Наставникот употребува интерактивни методи и техники на наставна работа. | | | |
| Наставникот користи ИКТ или други нагледни средства во наставата. | | | |
| Наставникот создава услови за примена на различни форми на наставна работа. | | | |
| Наставникот ги поттикнува учениците да работат самостојно. | | | |
| Наставникот ги охрабрува учениците сами да одлучат во изборот на задачите. | | | |
| Наставникот ги охрабрува учениците да го искажуваат своето мислење. | | | |
| Наставникот нуди задачи во кои е можна соработка помеѓу учениците. | | | |
| На учениците им дава упатства за меѓусебна соработка. | | | |
| Наставникот ги охрабрува учениците да ја постигнат заедничката цел. | | | |
| Наставникот обезбедува секој ученик да учествува во групната работа. | | | |
| Наставникот обезбедува секој ученик да учествува на часот. | | | |
| Наставникот го поттикнува секој ученик да го искаже своето мислење. | | | |

## Подрачје 6. РЕСУРСИ



***Професионален развој на наставниците (Прилог 6.2)***

| ЗНАЧАЈНО | | | Не одг. | ТВРДЕЊЕ/ИСКАЗ | т ТОЧНО | | | Не одг |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | | | 1 | 2 | 3 | |
| | | | | Наставниците приправници постапно се воведуваат во работата и наидуваат на поддршка од субјектите одговорни за реализација на наставниот процес.<br><br>. | | | | |
| | | | | На наставниците им е овозможено редовно стручно усовршување. | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Запознаен/а сум со програмата за стручно усовршување на наставниците во училиштето. | | | | |
| | | | | Изборот за теми и форми за стручно усовршување понудени од училиштето се во согласност со моите потреби. | | | | |
| | | | | Наставниците имаат можност да влијаат на изборот за теми и форми за стручно усовршување во училиштето. | | | | |

## Подрачје 7 – Управување, раководење и креирање политика

### Прашалник за наставници

Ве молиме да одговорите на следните прашања проценувајќи ја точноста на тврдењето, како и значајноста на дадениот исказ поврзан со **Раководниот орган на училиштето**

| Незначајно | Значајно | Мн. значајно | Тврдење / Исказ<br>Прашања | Неточно | Делумно точ. | Точно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1. Раководниот орган со својата работа и однесување им служи за пример на вработените во училиштето. | | | |
| | | | 2. Развива доверба, ги уважува различните мислења и обезбедува добра комуникација. | | | |
| | | | 3. Успешно се снаоѓа во решавањето на конфликтните ситуации. | | | |
| | | | 4. Го поттикнува и поддржува стручното усовршување на наставниците. | | | |
| | | | 5. Развива добра соработка со родителите. | | | |
| | | | 6. Бара одговорност и работна дисциплина. | | | |
| | | | 7. Воспоставува контакти со компании од бизнис секторот и ги негува постоечките. | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 8. Подготвен е да преземе одговорност во донесувањето на одлуките. | | | |
| | | | 9. Се залага за унапредување и обезбедување квалитетна воспитно-образовна работа. | | | |
| | | | 10. Навремено ги проследува сите информации до вработените. | | | |
| | | | 11. Поставува јасни, прецизни барања кои придонесуваат за ефективноста на работата на училиштето. | | | |
| | | | 12. Промовира, потикнува и организира тимска работа. | | | |

## 7. Подрачје – Управување, раководење и креирање политика

### Прашалник за наставници

Ве молиме да одговорите на следните прашања проценувајќи ја точноста на тврдењето, како и значајноста на дадениот исказ поврзан со **Годишната програма за работа на училиштето**

| Незначајно | Значајно | Мн. Значајно | **Тврдење / Исказ**<br>**Прашања** | Неточно | Делумно точ. | Точно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1. Училиштето има прецизни и јасни цели кои ја отсликуваат неговата мисија и визија. | | | |
| | | | 2. Училиштето доследно ги спроведува планираните активности од годишната програма и врши нивна евалуација преку индикатори за успешност. | | | |
| | | | 3. Обврските и задолженијата на вработените им се распределуваат врз основа на нивната стручност, знаење и способност. | | | |
| | | | 4. Обврските и задолженијата се јасни, прецизни, навремени и придонесуваат за ефективноста на работата на училиштето. | | | |
| | | | 5. Тимовите се формираат врз основа на стручност, знаење и способности. | | | |
| | | | 6. Со правилна распределба на работата се обезбедува ефикасност на работата во училиштето. | | | |
| | | | 7. Во училиштето постои добра координација на работата на стручните и другите органи. | | | |
| | | | 8. Во училиштето има соодветни матријално-технички средства за успешно реализирање на наставата. | | | |
| | | | 9. Училиштето континуирано ги утврдува потребите за стручно усовршување на наставниот кадар. | | | |
| | | | 10. Постоечката инфраструктура ги задоволува потребите на учениците и вработените. | | | |

## 7. Подрачје – Управување, раководење и креирање политика

**Прашалник за членови на училишен одбор**

Ве молиме да одговорите на следните прашања проценувајќи ја точноста на тврдењето, како и значајноста на дадениот исказ поврзан со **Раководниот орган на училиштето**

| Незначајно | Значајно | Мн. Значајно | Тврдење / Исказ<br>Прашања | Неточно | Делумно точ. | Точно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1. Директорот со својата работа и однесување им служи за пример на вработените во училиштето. | | | |
| | | | 2. Подготвен е да преземе одговорност во донесувањето на одлуките. | | | |
| | | | 3. Бара одговорност и работна дисциплина од сите вработени во училиштето. | | | |
| | | | 4. Обезбедува услови за постојана соработка со родителите. | | | |
| | | | 5. Развива добра соработка со Град Скопје, МОН и други надлежни институции. | | | |
| | | | 6. Соработува со други училишта, организации и приватни компании. | | | |
| | | | 7. Воспоставува контакти со компании од бизнис секторот и ги негува постоечките. 214 | | | |
| | | | 8. Редовно доставува извештаи за својата работа на Училишниот одбор. | | | |
| | | | 9. Се залага за обезбедување на квалитет и унапредување на воспитно-образовната работа. | | | |
| | | | 10. Се фокусира на приоритетите определени со развојниот план/програма. | | | |